# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Адреса на Редакцијата:
Министерство за одбрана
Списание „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
ул. „Орце Николов“ бб 1000 Скопје
Телефони: 442-302 и 447-547
Списанието излегува два пати годишно.
Цената на еден примерок е 70 денари.
Претплата за 2002 година изнесува 140 денари (плус поштенски трошоци).
Претплата за странство е двојно поголема (плус поштенски трошоци).

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

ТЕОРЕТСКО СПИСАНИЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РМ

***ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ***
*Борис* ЗМЕЈКОВСКИ, ***претседател***
*м-р Петар* АТАНАСОВ
*проф. д-р Трајан* ГОЦЕВСКИ
*проф. д-р Стојче* ДЕСКОВСКИ
*Васил* ДИЧЕВСКИ
*доц. д-р Марина* МИТРЕВСКА
*Панде* ПЕТРОВСКИ, *генерал*

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
доц. д-р *Сокле* КОЧОСКИ, полковник
проф. д-р *Митко* КОТОВЧЕВСКИ
проф. д-р *Зоран* НАЦЕВ
вон. проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ, полковник
ас. *Оливер* БАКРЕСКИ
*Добре* ТРАЈАНОВСКИ, потполковник

Главен и одговорен уредник: проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
Заменик главен уредник: доц. д-р *Сокле* КОЧОСКИ, полковник
Технички уредник: *Билјана* ИВАНОВА
Ликовно решение на корица: *Кочо* ФИДАНОВСКИ
Лектор: *Ксенија* МИТЕВА

Печат: „НАМ“ Скопје

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

Според Мислењето на Министерството за култура бр. 07-7144/2 од 27. 12. 1999 година, за списанието „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“ се плаќа повластена даночна стапка.

# СОДРЖИНА

## 1 *Општо теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната*


Владо БУЧКОВСКИ
**МАКЕДОНИЈА НА ЧЕКОР ПРЕД ИЗЛЕЗ ОД КРИЗАТА** ..... 7
Зоран НАЦЕВ и Радко НАЧЕВСКИ
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГОЛЕМОДРЖАВНИТЕ БАЛКАНСКИ СТРАТЕГИИ** ..... 11
Трајан ГОЦЕВСКИ и Марина МИТРЕВСКА
**МАКЕДОНСКИ КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ** ..... 29
Љупчо ВРАНГЕЛОСКИ
**КРИЗНИ ЖАРИШТА ВО ЕВРОПА** ..... 39
Менде СОЛУНЧЕВСКИ
**ЦИВИЛНО-ВОЕНО ПЛАНИРАЊЕ НА ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** ..... 47


## 2 *Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната*


Панче ВАСИЛЕВ и Ванчо КЕНКОВ
**ПАРТНЕРСТВОТО ВО НАСОКА НА РЕФОРМАТА НА ОДБРАНАТА ВО ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ НА ПзМ** ..... 55
Габријела ТУРИМАНЦОВА
**ПРОШИРУВАЊЕТО НА НАТО: КОЈ И ЗОШТО?** ..... 71
Јордан ЈОРДАНОВ
**СТРУКТУРА НА ПОЈАВАТА - ГРАЃАНСКА ВОЈНА** ..... 89

## 3 *Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема*

Сокле КОЧОСКИ
**НЕКОИ АКТУЕЛНИ ПРАШАЊА ЗА ИСХРАНАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ВОЕНИ УСЛОВИ** ..... 107

Панче ЛЕВКОВ
**ТЕХНИЧКОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО СИСТЕМ** ..... 125

Зоран ИВАНОВСКИ
**ЛОГИСТИЧКИ МОСТОВИ** ..... 141

## 4 *Други рубрики од областа на безбедноста, одбраната и заштитата*

Јове ТАЛЕВСКИ и Тони МИЛЕСКИ
**ПОЗНАЧАЈНИ ВОЕНОГЕОГРАФСКИ ОБЕЛЕЖЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ДЕЛ ОД ОПШТИНИТЕ ВО ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ..... 153

Оливер БАКРЕСКИ
**СОВРЕМЕНА ВОЈНА** ..... 173

## 5 *Прикази на книги, стручни трудови и др . од областа на одбраната*

д-р Трпе СТОЈАНОВСКИ
**ПРИКАЗ** кон книгата "**Безбедност, одбрана, мир**" од д-р Јордан СПАСЕСКИ и д-р Пере АСЛИМОВСКИ ..... 187

# МАКЕДОНИЈА НА ЧЕКОР ПРЕД ИЗЛЕЗ ОД КРИЗАТА

**Владо БУЧКОВСКИ**
министер за одбрана на Република Македонија

Анализата на причините кои доведоа до криза во Република Македонија може да биде направена за одредена состојба или сегмент во општеството, потоа кога процесот е сѐ уште активен и кога го карактеризираат многубројни латентни појави и кога субјектите што ја вршат анализата се активни во донесувањето на одлуките. Таквата анализа може да има извесни предности поради фактот што авторот непосредно учествува во донесувањето клучни одлуки во периодот што е проследен со големи неизвесности за Република Македонија.

Објективната анализа подразбира утврдување на факторите кои влијаеа врз дестабилизирањето на Република Македонија, потоа какво е влијанието на меѓународниот фактор од една страна, и домашните околности од друга страна. Се наметнува прашањето дали постоеше можност да се избегне кризата, а со тоа и штетите од неа. Ако се анализираат изјавите од тој период ќе се забележат конфузни оценки за тоа од кого е нападната Република Македонија. Во почетокот на кризата нападите и повредата на македонскиот суверенитет и интегритет од албанските терористи беа оценети дека се дело на криминални групи кои вршат пресметки меѓу себе. Надлежните институции задолжени за безбедноста на државата, во почетокот на кризата кога албанските терористички групи за прв пат јавно ја манифестираа својата присутност на теренот не дејствуваа соодветно и ефикасно. Во тој период постоеја индикации и укажувања од многубројните граѓани дека во северозападниот дел се забележани лица кои вршат подготовка за подолго присуство на теренот, па и за воени дејства.

Овие информации со ништо не беа потврдени и демантирани. Таквата "нова" психологија во пристапот на решавањето на проблемите, кои реално постоеја во државата, резултираше албанските терористи да ја сфатат како сигнал дека е дојдено нивното време да стапат на сцена и да ја преземат

контролата на дел од територијата на Република Македонија. По интервенцијата на македонските безбедносни сили во Танушевци, албанските терористи се префрлија во други региони и започнаа со отворено насилство врз цивилното население и припадниците на безбедносните сили. Нивната замисла беше да биде извршено етничко чистење на македонското население од нивните вековни огништа во делот каде што доминантно население е албанското.

За време на кризата, одделни академици излегоа со идејата за доброволна размена на територија и на население со Албанија, која беше негативно прифатена и наиеде на отпор кај поголемиот дел од населението во Република Македонија. Ваквата идеја се "вклопуваше" во сценариото за целосно разбивање на суверенитетот и интегритетот на македонската држава. Евентуалната реализацијата на оваа идеја предизвикуваше и друг вид проблеми на Балканот меѓу соседните држави, со што постоеше реална опасност од целосна дестабилизација на регионот. Со промената на границите меѓу државите се повредува основниот принцип на неменливост на границите донесен на конференцијата на КЕБС во Хелсинки.

Во Република Македонија постоеше опасност од избувнување граѓанска војна која би можела да се прошири и на соседните земји и која би била реална закана за регионот на што укажуваа многубројни домашни и меѓународни експерти и претставници на меѓународните институции.

Таканаречените борци за човекови права прогласувани од некои политички лидери всушност беа теористи кои имаа учествувано во извршувањето на повеќе злосторства на просторите на поранешна Југославија. Борбата за територија, албанските терористи се обидоа во домашната и во меѓународната јавност да ја претставaт како борба за човекови права, но не беше доволно убедлива за меѓународната јавност, а создаваше сомнеж и кај локалното албанско население.

Ако се погледне ретроспективно на развојот на настаните што уследија во почетокот на годинава до денес, може да се забележи дека генерално кризата во Македонија дојде како резултат на нападите од терористичките групи од Косово. Во почетокот овие групи вршеа притисоци, малтретирања и понижувања, пред сè на локалното албанско населние од планинските села кое не можеше да побегне и практично беше во заложништво. При вршењето на воените операции безбедносните сили на Република Македонија максимално го заштитија ова цивилно население кое пак, беше користено како жив штит од албанските терористи при нападите врз позициите на македонските безбедносни сили. Нападите врз македонските безбедносни сили станаа "редовна практика" на албанските терористи, за потоа да продолжат да вршат насилство и врз македонското население од кризниот регион, а сè со цел да го поттикнат процесот на етничко чистење. Најголемата закана по суверенитетот и територијалниот интегритетот на Република Македонија доаѓаше од Косово, кое е меѓународен

протекторат на ООН. И покрај тоа што границата со Македонија ја обезбедуваше КФОР, таа сепак беше посочена како територија од каде што доаѓаат заканите за стабилноста и безбедноста на Република Македонија. Инволвираноста на Косовскиот заштитен корпус во Република Македонија беше повеќе од очигледна, но оттаму не доаѓаше единствената закана за земјата.

Според пишувањето на одредени западни медиуми, Република Албанија беше посочена како држава која ја дава логистичката поддршка на терористите. На нејзината територија постоеја индикации дека се обучуваат терористи кои потоа се префрлуваат во Косово, а подоцна во Република Македонија. Паралелно со тоа, албанските терористи во овие региони не престанаа со шверцот на оружје и дрога, а парите од продажбата беа користени за финансирање на нивните активности во нашава држава.

Дел од одговорноста за настанатата криза ја преземаа на себе и претставниците од надлежните институции, кои беа повикани да се справат со настаната криза. Инертноста на власта во почетниот период од кризата доведе до бавно активирање на механизмите за успешно справување со кризата. Како резултат на тоа, одбранбено-заштитниот и безбедносниот систем не беа ефикасни во борбата со албанските екстремисти што доведе до продлабочување на кризата. Република Македонија од почетокот на кризата одбра несоодветен пристап во примената на борбените средства и орудија за решавање на кризната ситуација. Се добива впечаток дека Република Македонија не беше подготвена за ваков вид закана. Овој вид закана бараше поинаков третман, како на пример, формирање посебни единици за борба против тероризмот кои се вообичаена практика за поголемиот број држави во светот. Ваквиот недостаток подоцна беше отстранет со формирањето на единицата за специјални намени составена од здружени армиски и полициски сили.

Десетгодишната криза на просторите на поранешна Југославија проследена со воени дејства, етнички чистења, преселувања, бегалци и разурнати домови, како да не беше доволен показател за она што би можело да ѝ се случи на Република Македонија. Од постигнувањето на независноста до почетокот на кризата, Република Македонија макотрпно работеше на унапредувањето на општествените односи со почитување на меѓународните стандарди во интерес на сите нејзини граѓани. Како резултат на нејзините напори, Европската унија реши Република Македонија да биде прва држава од Југоисточна Европа на која ќе ѝ ги отвори вратите за влез во европското семејство на народи. Подоцна тоа доведе до потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ.

Со почетокот на кризата целокупниот процес беше запрен и доведен во состојба на „статус кво", а земјата беше ставена под мониторинг на меѓународната заедница во делот на заштитата на човековите права со акцент на правата на припадниците на етничките малцинства. Република Македонија, која од земјите

во регионот има највисоки стандарди во почитување на правата на припадниците на националните малцинства беше доведена во состојба да ја докажува својата демократската определба со конкретни потези во повеќе области.

Република Македонија во својата политика јасно прокламира дека зачувувањето на мирот на балканските простори и стабилноста на регионот е основна придобивка за која треба секојдневно и макотрпно да се работи. Во време кога чувствуваме дека можеме да бидеме турнати во граѓанска војна, всушност сфативме колку е значаен мирот. Република Македонија постојано за време на кризата настојуваше кризата да ја решава со примена на дипломатски средства во замена  на воените. Притоа беше употребена воената сила како легитимно право на секоја држава во зачувувањето на суверенитетот и интегритетот.

За да се изнајде излез од кризата беше формирана Влада на политичко единство со поддршка на меѓународната заедница на која како примарна задача ѝ беше решавање на кризата по мирен пат и создавање услови за функционирање на државата. За таа цел беше формирано Координативно тело за справување со кризи. Во контекст на ова беше утврден основниот план на претседателот Трајковски за излегување од кризата во чии рамки беа изработени неколку планови според кои се очекува доколку бидат реализирани да биде решена кризата. Паралелно со тоа се одвиваше и политичкиот дијалог меѓу претставниците на најголемите политички партии кој резултираше со потпишување на Рамковниот договор во Охрид со кој се создаде можност за надминување на спорните прашања и побрзо враќање на мирот во сите делови на Република Македонија.

Во овој период, приоритетна задача беше враќањето на раселените лица и започнување на процесот на градење мерки на доверба и заедничко живеење меѓу довчерашните соседи и пријатели. Понудените реформи претставуваат компромис на политичките партии за надминување на новонастанатата состојба и излез од кризата.

Република Македонија по сите овие потреси, потребно е да направи прилагодување на одбранбено-заштитиниот систем пред новите предизвици. Претстои период кој е исполнет со големи неизвесности, како што е тероризмот, кој претставува закана за сите држави во светот. Современиот тероризам се покажа дека е опасност за сите досегашни човекови вредности и единствено со примена на сила и оружје сака да оствари политички цели. За прв пат во досегашната човекова историја, големите држави постигнаа согласност во борбата против ова најголемо зло на човештвото. Како и во изминатиот период, македонскиот народ и денес се наоѓа на страната на државите кои се борат против ваквиот вид на закана. Нашите напори, потребно е да бидат насочени кон заштитата на нашата држава од опасноста која има за цел да го дезинтегрира општеството.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# И ГОЛЕМОДРЖАВНИТЕ БАЛКАНСКИ СТРАТЕГИИ

**Зоран НАЦЕВ**
**Радко НАЧЕВСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбрана - Скопје

**Апстракт**: *Република Македонија иако по конституирањето како суверена и демократска држава се определи својата иднина да ја гради како рамноправен партиципиент во супранационалниот стратегиски контекст „глобализација„ , сепак, десетгодишниот период покажува дека таа перманентно е предмет на агресија од земјите кои ја окружуваат. Агресивните сили и средства се со димензија од оружено насилство до најсуптилните од арсеналот на „специјалното војување„.*
*Целта на агресиите е во функција на реализирање на големодржавните стратегии.*

**Клучни зборови:** стратегија, агресија, тероризам, војна.

**Abstract:** *After it had been constituted as a sovereign and democratic state, the Republic of Macedonia decided to build its future as an equal participant in the supranational strategic context "globalization" . But the previous period showed that the Republic of Macedonia is permanently under aggression of the neighboring countries. The aggressive forces and means are in a dimension from armed violence to the most subtle of the arsenal for "special war". The aim of these aggressions are in function of realization of great-power strategies.*

**Key words**: strategy, aggression, terrorism, war.

## Вовед

Македонското поднебје со просторна лоцираност на централниот балкански воено-политички и геостратегиски контекс и со респективни природни ресурси и потенцијали, низ целиот период на историскиот развој било предмет на стратегиски интереси и цели на различни по моќ државнополитички субјекти, коалиции и сојузи, од првичните просто организирани (антички, па сé до современите).

Изборот на средствата и методите на стратегиската практика бил соодветен на степенот на цивилизацискиот развој, со димензија од непосредна примена на *воените* средства до примена на *суптилните* средства на стратегиите на посредното настапување.

Таквата практика кон македонскиот простор продолжува и во актуелниот момент, без оглед на тоа што Р.Македонија е конституирана како независна и меѓународно призната држава на македонскиот народ. Коинцидентно или не, факт е дека таквата практика започнува веднаш по испишувањето на двата најсветли датуми кои го обнародија современиот македонски државотворен ентитет , 8 Септември 1991 година, кога беше прогласена независноста и сувереноста на државата и 18 ноември 1991 година, кога беше донесен Уставот на Република Македонија, со кој, македонската држава конечно, по едномилениумски вакуум од пропаста на Самуиловото Царство, е конституирана како суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Покрај овие два светли датуми кои го детерминираат почетокот на развојот на современиот македонски државотворен ентитет во светот на суверените држави, антимакедонската невралгија добива на интензитет особено по постигнатиот политичко-партиски консензус во државата по однос на градењето на македонскиот глобален стратегиски контекст за новото време (политички, економски и воен). Имено, државата, согледувајки ги предизвиците на новите глобални и регионални стратегиски пулсирања во меѓународната заедница и во нејзиното окружување се определи својот опстанок, развој и благосостојба да ги гради како рамноправен партиципиент во глобалниот супранационален стратегиски контекст (политички, економски и воен) на западната цивилизација(капитал-системот), познат како „*глобализација*„.[1]

Имајќи ги во вид актуелните политички, економски и воени турболенции во Македонија, не исклучувајќи ги таквите реални или иреални состојби кои се јавуваат како последица на објективните и субјективните транзициони внатрешни состојби и процеси произлезени од демократското "учење" во македонското општество, сепак, тие, пред с´е, според научната опсервација на авторите, се последица на синдромот на антимакедонската невралгија (интерна и екстерна), која не може да се помири со фактот, дека, *целосното* имплементирање на македонскиот стратегиски констекст во "*глобализацијата*"претставува дефинитивно, за навек, затворање на "македонското прашање" а со тоа и ставање крај на сите големодржавни аспирации, поделби и слични на нив состојби и процеси, глобални и регионални, кон македонскиот народ и неговиот животен простор. Така, македонскиот народ, ако 1903 година беше ставен пред историски испит да создаде свој државен идентитет, кој крваво го плати не успевајќи да создаде држава, денес се соочува со уште поголем историски предизвик, независноста и сувереноста на сопствената држава да ја брани со сите расположиви политички, дипломатски, а за жал и со воени сили и средства. Анахроно или не, на државата ѝ се заканува уште еден мошне опасен и ризичен вулкан, кој, некако истовремено ескалира со претходниот, а тоа е социјалниот вулкан. Имено, "армијата" од 400 000 невработени, чиј број сукцесивно се зголемува, енормната задолженост на земјата и економското назадување кој никој не може да го предвиди, почетокот на развојот, може да предизвика социјална ерупција со големи последици врз безбедноста на државата.

Од тој аспект, од една страна, работниот наслов има за цел да направи глобална експликација а истовремено и дигресија на најсуштествените глобални детерминанти,

[1] Поопширно види во Нацев З., Начевски Р., „Безбедност и национална одбрана„ , Македонска ризница, Куманово, 2001, стр. 183-205.

фактори и извори на моќта на македонската современа стратегија, која за крајна цел има на македонскиот народ и на сите други свои граѓани и на државата да им обезбеди просперитет и благосостојба во новиот век, а од друга страна, истовремено да се прикажат силите и средствата кои се експонираат како антитеза на современата македонска стратегија. Оттука, покрај актуелните глобални екстерни и соодветните интерни стратегиски пулсирања, кои вршат силна рефлексија врз детерминантите на современата македонска стратегија, суштината на експликацијата е фокусирана на актуелната стратегиска мисла и практика на земјите од македонското окружување, бидејки, тие иако во новото време се декларираат како земји со наднационална стратегиска опција, истовремено е евидентна и нивната историски наследена национална и големодржавна заробеност и зачмаеност по однос на "македонското прашање". Тоа особено се манифестира во димензијата на нивните активности, оружени или суптилни, со една единствена цел, рушење на сувереноста на македонската држава.

## 1. Детерминантите и изворите на моќ на македонскиот стратегиски контекст - антитеза на стратегиите на антимакедонското делување

Детерминантите на современата македонската стратегиска мисла и практика **(1) македонските државни и национални интереси и (2) целите за поддршка на македонските интереси, а од тие содржини произлезената моќ** на македонската држава, кои за опстојувањето на новосоздадената македонска држава се од круцијално значење, истовремено се манифестират како основни мотиви за антимакедонско стратегиско делување на глобално и на регионално ниво. ***Таквата антимакедонска практика сметаме дека на разни нивоа на активност, во соодветно време и на соодветен простор, ќе се манифестира сé до целосното имплементирање на Република Македонија во наднационалниот глобален стратегиски контекст на западната цивилизација.***

### 1.1 Македонските државни и национални интереси - основен мотив на антимакедонското делување

Македонската стратегија ги обезбедува државните и националните интереси на Р.Македонија кои претставуваат широка основа за остварување на државните и на националните цели. Виталните државни и национални интереси, кои за крајна цел имаат целосна имплементација на македонската држава во рамките на европскиот односно трансатланскиот интегриран стратегиски контекст се во колизија со антимакедонските интереси и цели и претставуваат основен мотив на антимакедонско делување. Тоа доаѓа оттаму што, македонските национални и државни интереси на Република Македонија се во функција на:

1. *Опстојување на Република Македонија како слободна и независна земја, што впрочем произлегува од основните уставни определби, и од тој аспект, нејзините темелни вредности (уставни) да останат негибнати, а институциите на системот и граѓаните безбедни*
2. *Здрава и конкурентна македонска економија како основа на благосостојбата и просперитетот на државата и индивидуата*
3. *Јакнење на човековите слободи и демократските институции*
4. *Мир и здрави односи со сојузниците и со другите земји.*

**1. 2 Целите за поддршка на државните и на националните интереси на Република Македонија - антитеза на целите на антимакедонското делување**

Целите произлегуваат од државните и од националните интереси и претставуваат општи насоки за реализирање на македонскиот стратегиски контекст во дадени состојби кои бараат координирано користење на националната моќ, стекната во интегрираниот наднационален стратегиски амбиент. Тие, истовремено се антитеза на целите на антимакедонското делување, бидејќи целите за поддршка на државните и националните интереси на Република Македонија ѝ обезбедуваат:

1. *Зачувување на безбедноста на Р. Македонија во европскиот и во трансатланскиот амбиент.*

Република Македонија, целосно интегрирана во евро-трансатланските структури, и со таму стекнатата моќ, национална и интегрирана, секогаш ќе биде подготвена да осуети или да одврати секаков вид агресија. Оттука, реализирањето на целта подразбира:

а) Да се одврати оружениот напад на земјата

б) Да се обезбеди ефикасно спротивставување на заканите врз безбедноста на државата и нејзините граѓани без оружен судир, со средства и методи кои произлегуваат од стекнатата кооптивна моќ во рамките на Евро-трансатланскиот интегриран безбедносен корпус

в) Користење на кооптивната моќ за спречување на трнсфер на воени технологии и ресурси кои можат да бидат од исклучително значење за непријателски расположените земји и за можните идни коалиции надвор од Европската и трансатланската интегрираност

г) Користење на стекнатата моќ за спречување можностите и амбициите за стекнување статус на регионална сила од страна на било која држава од македонското окружување

д) Јакнење на цивилната одбранбена компонента и

ѓ) Јакнење на силите на безбедноста на Републиката за успешно спротивставување на методите, силите и средствата на стратегиите на посредно

настапување на интерните и екстерните сили насочени кон институциите на системот и безбедноста воопшто, посебно за спротивставување на **тероризмот**, за кој се смета дека ќе биде во перманентно експонирање без оглед на обоеноста или на неговата интерна или екстерна припадност.

2. *Создавање конкурентна економија која ќе биде во состојба да одговори на предизвиците на глобалното стопанство. Тоа е важно бидејќи функционирањето на интегралната безбедност и економската моќ на државата се корелативни и фактички неделиви.*

Бидејќи македонската зависност од екстерни економски извори е голема, целосната интегрираност во евро-трансатланскиот контекст создава реални можности за реализирање на оваа цел. Оттука, оваа цел е во дисфункција со целите на антимакедонското делување, бидејки таа на македонската држава ѝ обезбедува:

а) Градење конкурентно стопанство врз основа на пазарната логика

б) Обезбедување пристап на странските пазари и непречен прилив на капитал, технологии, енергија и други потребни извори

в) Унапредување и обезбедување на патиштата кои водат кон целосна интеграција со европскиот интегриран економски систем и светскиот финансиски и трговски систем.

3. Прифаќање и градење на идеалот на демократијата, слободата и човековите права. Во целосно интегрираниот евро-трансатлански простор, на македонската држава ќе ѝ се овозможи целосно реализирање на демократскиот кодекс, кој во македонскиот повеќе национален, мултикултурен и повеќеконфесионален амбиент претставува појдовна основа за зачувување на македонската државност.

Оваа цел е во фокусот на антимакедонското делување, бидејки, реализирањето на целта подразбира:

- нормативно-правно санкционирање на севкупниот демократски корпус и институционализирање на сите нивоа кои произлегуваат од истиот;

- инкорпорирање на правата на малцинствата како што е санкционирано со меѓународните акти;

- јакнење на интерните демократски институции и организации и унапредување на интерактивноста со соодветните меѓународни институции и организации со цел целосно инкорпорирање во истите.

4. Четвртата глобална цел која треба да овозможи поддршка во реализирањето на македонските државни и национални интереси, во рамките на интегрираниот стратегиски контекст е мирот, и од тој аспект здраворазумското и мирољубиво решавање на противречностите во државата, како

и на противречностите и воените конфликти во регионалното и поширокото македонско окружување кои го нарушуваат или можат да го нарушат реализирањето на македонските државни и национални интереси.

Реализирање на ова значајна цел, која исто така е во фокусот на антимакедонскотот делување, до времето на целосното интегрирање во евро-трансатланскиот стратегиски колективитет, подразбира реализирање на две конкретно дефинирани активности:

а) Истражување и проучување на корените на внатрешните противречности, и врз основа на сознанијата да се осмислат методите, средствата и силите кои ќе овозможат трајно решавање на истите.

б) Во соработка со меѓународниот инструментариум за проучување на мирот и решавање на конфликтите да се проучат корените на нестабилноста во македонското окружување и пошироко и нивните импликации врз стабилноста и мирот во Републиката. Стабилноста и мирот во македонското окружување и во поширокиот регион се без алтернација на цивилизацискиот развој, а оттука и на македонскиот.

## 2. Фактори кои влијаат на определбите на македонскиот стратегиски контекст како причини за антимакедонско делување

На определбите на современата македонска стратегиска мисла и практика влијаат повеќе фактори (субјективни и објективни) кои глобално можат да се дефинираат како *надворешни и внатрешни.*

***Надворешни фактори*** *се:* влијанието на европскиот - трансатлански стратегиски контекст; влијанието на актуелната руска стратегија; влијанието на стратегиите на балканските држави.

***Внатрешни фактори*** се: македонскиот политички плурален амбиент; економските и технолошките можности на Републиката; македонскиот просторен контекст и македонските демографски специфичности.

### 2.1 Влијанието на европскиот - трансатлански стратегиски контекст врз стратегиските определби на македонската држава

Европскиот-трансатлански стратегиски контекст со своите интегрирани политички[2], економски[3] и воени специфичности[4] и моќ, изврши силно влијание врз стратегиските определби на македонската држава за новото време. За безалтернативната стратегиска определба, Република Македонија целосно да се имплементира во овој моќен наднационален глобален

[2] Исто, стр.160-173.
[3] Исто, стр. 173-188.
[4] Исто, стр. 189-202

стратегиски амбиент на капитал-системот, во државата е постигнат политички меѓупартиски консензус.

Определувајки се за таквата глобална стратегиска опција, всушност државата се определува, судбината на сопствениот опстанок, развој и благосостојба да ја ***сподели*** во рамките на ***меѓузависниот однос*** со ***државнополитичките субјекти во наднационалниот глобален стратегиски амбиент, како рамноправен партиципиент, во кој националниот идентитет на државата целосно се идентификува со супранационалниот***. На тој начин, таа станува ***конститутивен сегмент во семејството на севкупната супранационална интегрирана моќ (политичка, економска и воена).***

Тоа што македонската стратегија, политичката, економската и воената моќ ги зема како фундаменти на сопствената мисла и практика, и дека тројството на моќта исклучиво може да се реализира само во целосно интегративен однос во евро-трансатланските структури, произлегува од фактот што не постои државнополитички субјект, кој во рамките на стратегијата се откажал од поединечната или од вкупната моќ на трите фундаменти. Напротив, трагањето по нови форми, методи и средства, за да не заостане во моќта е секојдневен и континуиран процес.

Поради така дефинираната стратегиска определба, македонската држава, до целосното нејзино имплементирање во евро-транснационалниот стратегиски амбиент, ќе биде објект на перманентно делување на силите и средствата на антимундијалната стратегија, на глобално и на регионално ниво, како и на силите и средствата на националната исклучивост во државата кои секогаш се во спрега со силите и средствата од иста провиниенција од македонското окружување, па и од поширокиот простор.

### 2.2 Влијанието на актуелната руска стратегија[5] - антитеза на "*глобализацијата*"

Современите аспекти на руската стратегија и нејзиното влијание на глобалниот светски простор, а оттука и на балканскиот се рефлектираат и врз актуелните состојби и процеси на македонскиот простор.

Имено, победата на капитал-системот во меѓустратегиската борба Исток-Запад[6] пред новата Руска држава, ја постави големата стратегиска

[5] Поопширно види во горенаведениот труд, во поднасловот "МУЛТИПОЛАРИЗАЦИЈА", стр.202-215.

[6] Види: Начевски Р., "Регановата стратегија-клучен фактор на победата во меѓустратегиската борба Запад-Исток и фрагментацијата на реал-социјализмот како систем", Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1998, стр.369-387.

дилема: да го прифати новиот глобален стратегиски предизвик "***глобализацијата***", предводена од капитал-системот и проминентноста на САД, и да стане дел од истиот, или со оглед на огромното наследство кое ѝ припадна по фрагментацијата на Советскиот Сојуз (најголемиот дел од стратегиската нуклеарна уништувачка моќ, огромната просторна распространетост со солидни индустриски воени и цивилни потенцијали и други природни ресурси), да гради сопствен национален стратегиски контекст, кој во новите глобални стратегиски поместувања ќе и обезбеди место на нов центар на светската моќ. Руските стратези се определиле за втората варијанта. Таквата стратегиска опција претставувала нужно прераснување на Русија во нов центар на *светската моќ* кој успешно би парирал на силите и средствата на просторното ширење на "*глобализацијата*". Како антитеза на "*глобализацијата*", новата руска стратегиска опција "***мултиполаризација***" или "***стратегиско партнерство***" подразбира градење свет со повеќе поларитети на светската моќ. Интерполарната соработка заснована на рамноправни односи би била гаранција на просперитетот и на меѓународната соработка во светот.

Рефлексиите на руското стратегиско пулсирање кон Балканскиот простор, а оттука и кон македонскиот просторкако крајна просторна дестинација на влијанијата , пред сé како антитеза на *глобализацијата*, се примени во политичкиот, во економскиот и во воениот обид за ширење на руските интереси на овие простори. Тоа, впрочем претпоставува обид за натамошен историски континуитет на рускиот идентитет на балканскиот простор, кој со распадот на советската империја де факто е малку препознатлив. Во услови на интензивирање на балканската невралгија, во која сé повеќе се актуелизира воената опција за разврска на кризите на овие простори, руското влијание и присуство на македонскиот простор е сé поевидентно.[7]

### 2.3 Македонската стратегија - антитеза на стратегиите на балканските држави

Соседите на Република Македонија, Југославија, Албанија и Бугарија, исто како и Грција која е рамноправен партиципиент, зацртале својата иднина да ја градат, впрочем како што тоа доликува на цивилизациското живеење на прагот на 21-от век, во интегрираниот евро-трансатлански цивилизациски простор. "Работите", повеќето декларативно отколку де факто, на општо задоволство се движат кон новите стратегиски цели. Меѓутоа, како по некој

[7] Види: Нацев З., Начевски Р., "Безбедност и ...", во поднасловот НАДВОРЕШНИ ПРИОРИТЕТИ НА РУСКАТА СТРАТЕГИЈА, стр. 242-244.

меѓусебен договор, истовремено и веднаш по фрагментацијата на реалсоцијализмот, во нивните стратегиски умови воскреснаа "наследените" од историјата "романтичарски апетити" адаптирани на новите времиња. Адаптацијата на старото во новото се повеќе надвиснува на работ на балканска катаклизма каква што Балканот во неговата историја не ја познавал. Непредвидливоста на катаклизмата, со сите последици кои таа со себе може да ги понесе, произлегува од фактот, ***дека сите балкански држави од македонското окружување***, освен Грција, ***на светската рејтинг-листа на најризични земји се наоѓаат на самиот врв***. Стравот произлегува од фактот, како што тоа го потврдува логиката на досегашните искуства, внатрешните кризи во високоризичните земји кои го загрозуваат опстанокот на владеењето на актуелната политика, "виновниците" на сопствениот колапс да ги бара во соседството или во поширокиот регион. Таквата практика најчесто се случува во текот на мандатниот период на владеење, кога кризите ескалирираат до степен на насилна промена на власта, кога предвремените избори стануваат реалност или предизбори, кога политиката на дотогашната позиција или на опозицијата смета дека по пат на фер избори не ќе може да ја добие власта.

Меѓусебната стратегиска борба е во функција на реализирање на старо-новите цели, овој пат со нови политички, економски и воени сили и средства, во чиј фокус, глобално се големодржавните аспирации.

Најевидентни и најтрагични се последиците од примената на силите и средствата на актуелните стратегии на земјите од македонското окружување, кои како крајна цел имаат разнебитување на младата македонска држава. Арсеналната димензијата на силите и средствата, кои перманентно се употребуваат против Република Македонија од нејзиното осамостојување до денес, се состои од употреба на оружени сили и средства со цел насилна оружена окупација на историски"наследениот" простор, до примена на најсуптилните и најперфидните сили и средства на стратегијата на "посредно настапување", кои се во иста функција како и оружените.

Квантитетот, квалитетот, интензитетот, уништувачката моќ, начинот на примената, објектите кои се цел на нападот и уништувањето и последиците од нивната примена, во секој поглед, ги надминуват истите кои своевремено ги употребувале ***некултивираните дивјаци, античките императори, варварите, феудалните деспоти, освојувачите од Наполеоновото време, фашистите, модерните империјалисти, комунистите и др.***

Како последици од примената на конвенционалните и на неконвенционалните сили и средства, врз најмалку бројниот македонскиот народ и на неговата најмала по простор земја на Балканот,[8] му се случува истото што им

[8] Поопширно види: Талевски Д. д-р Јове, "Границите на Република Македонија", Алекс, Битола, 1997.

се случувало од Самуиловото време до денес: ***убивања, егзодусирања, разурнувања, опожарувања, силувања, трауматизирања, крадење на простор...***

Таквата практика, која е во функција на перманентно заложништво и разнебитување на Република Македонија, ја потврдуваат следните состојби, процеси и активности на стратегиите на соседните земји, чија примена се манифестира во текот на целиот периодот од конституирањето на македонскиот државен ентитет до денес, без ниту еден ден на агресивен вакуум.

**АЛБАНИЈА**

***Корени***

Корените на албанските апетити кон македонскиот простор ***де јуре се фундирани*** со основањето на *Призренската лига*[9]. Лигата ја омеѓила просторната димензија на етноалбанството, која во текот на историјата, па се денес, ќе биде основната водилка на нивната борба (на сите рамништа) за реализирање на целта-сите Албанци под еден етнички кров. Во тој контекст, албанските големодржавни активности (политички, економски и воени) спроведува практиката кон македонскиот простор и на другите балкански простори на кои живет Албанци, која има за цел создавање етничка или Голема Албанија, којашто започна веднаш покреирањето на Албанската држава 1912 година.[10]

***Двоен морал кон кризата***

Како што е познато, Албанија ја призна Република Македонија со уставното име и нејзиниот суверенитет и интегритет. Но, признавањето на македонската државност не значеше ставање крај и на нејзините големодржавни претензии кон македонскиот простор. Напротив, без оглед на фактот, што Албанија пред меѓународната јавност званично се дистанцира од вмешаност во кризата во Македонија, постојат индикатори кои оставаат сомнеж во искреноста на званичното, односно, дека таа има двоен пристап кон кризата. Индикативното е во следното:

- не се спротивстави со потпишување на званични акти, туку вербално ги осуди или ги премолчи: иницијативата за создавање на "Илирида"; распишувањето на референдумот на македонските Албанци; терористичките активности во Македонија;

[9] Призренската лига е основана на 10.06.1878 год. Основната цел на Лигата (на барање на 300 претставници) била воспоставување на автономија на етничките простори на кои живеат Албанци и обединување во еден вилает.

[10] Албанија е прогласена за независна држава на конгресот во Валона на 28.11.1912 год. Независноста ја поддржале Австро-Унгарија и Италија за да го обезбедат својот интерес во Албанија.

- не ја осуди и не ја отфрли тезата дека Македонците ја предизвикале герилско-терористичката активност;

- како демократска држава и деклариран пријател на Р. Македонија, во разговорите и договарањата со водачите на тероризмот и оружената агресија во Македонија не ги "укори" и званично со нив не потпиша никаков акт за прекин на терористичките активности;

- го премолчува прогласувањето на окупираните простори во Македонија за создавање на "слободна територија";

- не го осудува ниту реагира на интензивирањето на етничкото чистење на македонското население. Таквата индолентност и молк на албанската демократска држава е најголемиот срам за демократијата, бидејки применува двоен аршин кон етничкото чистење (ставот за бегалската криза на Косово и тогаш изразената благодарност кон Владата на РМ за згрижувањето на албанските бегалци). Овој чин се толкува како директно учество и поддршка на агресијата врз македонскиот простор;

- не ги затвора "тренинг центрите" на терористите на нејзина територија и не ги затвара илегалните канали на нивната дистрибуција во Македонија преку Косово;

- не ја сопре илегалната дистрибуција на оружје и опрема во Македонија по големата "кражба" од воените магацини и касарните на нејзината армија (неспособност или намерно) во времето на "пирамидалната криза", а особено денес, со одрени исклучоци кои ги прикажува како голем успех, кога преку нејзина територија илегално се пренесуваат големи арсенали на современи оружени системи во Македонија, донирани од албанската дијаспора;

- перманентно го интензивира лобирањето во меѓународните институции и во јавноста за барањата на Албанците во врска со човековите права, не негирајќи ја и тезата за конституирање на Македонија како бинационална држава. Ова лоби, сметаме дека е најиндикативно по однос на агресивната големоалбанска стратегиска цел кон македонскиот простор, бидејќи, бинационалноста како максимална опција е еквивалентна на конституирањето на албанскиот ентитет во нацијата. Создавањето на албансаката нација во Македонија, би започнал незапирлив процес по пат на референдум да се сепарира просторот и истиот да се приклучи кон веќе постоечката албанска нација и држава како реализацијата на барањата за човековите права;

- безрезервната поддршка на човековите права, кои истовремено од Албанците во Македонија се бараат и низ нишанот на оружен терор и окупација на просторот, во стратегиската читанка се детерминира како поддршка на истиот;

- не го осудува ниту го отфрла големоалбанското научно тврдењето на Албанската академија на науките за албанското правото на јурисдикција на

просторот на Р.Македонија на кого претежно живее албанско население [11] итн.

***Корелација на силите и средствата***

Според ***видот***, силите и средствата кои се ставени во функција на реализирање на големоалбанските стратегиски цели се неконвенционални и конвенционални ***со висок степен на корелација на даден простор и во дадено време.*** Тие се селектиран репрезентативен избор од широкиот спектар на перфидните активности на стратегијата на "посредно настапување". Најрепрезентативни применети **неконвенционални дејства** се: (*прво)* ***индоктринацијата на Албанците во сопствената кауза и во меѓународната јавност за наводната загрозеност на албанскиот ентитет во албанското окружување (Македонија, С.Р.Југославија и Грција) и*** (*второ*) ***перфидно прикривање пред меѓународната јавност на замешаноста на Албанија во кризата.***[12]

Временската димензија на ***интензивирањето*** на примената на силите и средствата за реализирање на гоемодржавната цел (оружената агресија започнува во средината на февруари 2001 год. а ставена е во ***мирување*** на 5 јули 2001 год., (по извршениот притисок од меѓународниот фактор) не случајно коинцидира со две значајни случувања. Прво, интензитетот е ***пропорционален на достигнатиот степен на интегрираност на Р. Македонија во евро-трансатланските структури***. ***Кулминацијата*** е достигната по ***потпишувањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација помеѓу Р.Македонија и Европската унија.***[13]

Спогодбата е од историско значење за Македонија. Со потпишувањето "де јуре" започнува интегративниот процес на државата со ЕУ. Истовремено, гледано од стратегиски аспект, започнува почетокот на крајот на големодржавните аспирации кон македонскиот простор. Стравот од започнатиот процес на асоцирање, големоалбанската стратегија, се обидува

---

[11] Види: "Платформа за решавање на албанското национално прашање", Шкенца", Тирана, 1998.

[12] Залажувањето за вмешаноста во кризата се толкува со просторот на кој се водат герилско-терористичките активности: дека тие не се водат на просторот на државното разграничување помеѓу Македонија и Албанија; соодветната граница е"херметички" затворена и контролирана; оружјето не се дистрибуира од Албанија и од наведениот простор на разграничување и дека во Албанија нема "трнинг центари".

[13] Спогодбата за асоцијација и стабилизација помеѓу Р.Македонија и Европската унија е потпишана на 9.04.2001 во Луксембург. Покрај тоа што нашата земја ќе ја внесе во слободната трговска зона на ЕУ, Спогодбата ќе и ги отвори вратите за користење на фондовите од програмата КАРДС, со кои ќе се помага нејзиното забрзано усвојување на европските стандарди во областа на имиграцијата, азилот, судството, движењето на работна сила, визниот режим, човековите и малцинските права, пазарната економија и други стандарди. За да се оствари тоа, државата треба да пристапи кон соодветни политички и економски реформи.

да го релаксира преку обидите за меѓународна политичко-правна дискредитација и со истовремено започнување на оружена агресија за воена разврска на кризата. Двете активности се во функција на интернационализација на наметнатата криза. Прво, на "зелена маса" или со меѓународно воено разграничување на агресираниот простор да се реализира стратегиската цел пред подлабоко да навлезе Р.Македонија во асоцијативниот евро процес. Второ, коинцидентност со ***парламентарните избори во Албанија од 1 јули 2001 год.*** [14] и "прелевање" на кризата од домашната на надворешната сцена.[15]

Обидот за разрешување на наметната криза во врска со човековите права на Албанците во Македонија по пат на оружена агресија, иницирана и водена однадвор,[16] од аспектот на борбата за човекови права, во меѓународната практика претставува акт без преседан. Според тоа, ***оружената агресија***, која за прв пат е вклучена во десетгодишната практика на големодржавната стратегиска акција на земјите од македонското окружување, претставува најтежок и најагресивен избор и примена за реализирање на целта.

Со оглед на фактот, како што е констатирано погоре, дека постои висок степен на корелација помеѓу неконвенционалните и конвенционалните сили и средства[17], не се исклучува можноста таквата практика за реализирање на човековите права на албанската кауза да се реализира и во друга земја од албанското окружување, како што се наговестува тоа да се случи во Грција.[18]

[14] Додека се пишува текстот не се познати резултатите од изборите. Меѓутоа, борбата за власт, односно обвинувањата за успехот или за неуспрехот на позицијата или опозицијата за состојбите во најкризната евродржава и кој повеќе ќе ја"усреќи" државата по изборите, а од тој аспект вклучувајќи го и решавањето на албанското прашање, не избирајќи ги силите и средствата да се дојде до изборната победа, се смета дека интензивирањето на кризата во Македонија е дел од таквата активност.

[15] Според Меѓународниот мониторинг за состојбата на корупцијата во светот , кој на 28.05.2001 год. во Хаг ја објавил листата на најкорумпираните држави во светот, Албанија е на 84 место, односно таа е една од најкорумпираните држави на европросторот.

[16] "Се надевам дека терористите ќе се вратат во Косово од каде што и дојдоа, а дека оние Албанци од Македонија кои им се придружија ќе го остават оружјето" - од интервјуто на Борис Трајковски за "Меѓународна панорама" на Вториот канал на Руската ТВ од 27.05.2001.

[17] Оваа констатација ја потврдува изјавата на потпретседателот на ДПА Мендух Тачи, дека целта на патувањето на претставниците на ПДПА-НДП во Луксембург, е да се сочува државотворната енергија на Албанците во Македонија. Според него, вооружените групи ќе се реактивираат доколку не се најде решение за излез од кризата. "Македонија се враќа во истите ситуации во кои беше до пред две недели, но во потешки варијанти"., Утрински весник, 9.04.2001.; од "Платформата за заедничка акција", потпишана во Приштина на 23.05.2001 помеѓу челниците на водечките албански партии(политички дел) и претставникот на ОНА (воен дел);

[18] Во интервуто за едно австралиско радио, политичкиот лидер на ОНА изјавил, дека веќе е формирана "Ослободителна војска на Чамерија", чија цел е да се остварат и да се одбранат националните права на Албанците во Чамерија (северозападен дел во Грција) во која живеат 1.000.000 Албанци. Тој рекол дека, "само прифаќањето на барањата на ОНА ќе ја прекине војната во Македонија" и дека правата на Албанците во Грција ќе бидат бранети исто како и "загрозените права на Албанците во Македонија". Цитирајќи разузнувачки сознанија, неделникот "Зум" тврди дека за почеток треба да се очекува формирање на невладини организации на Албанците во Грција, за подоцна да се пријде кон борбени дејства за остварување на вистинската цел на ОВЧ - присоединување на дел од грчката територија кон "Голема Албанија". Преземено од "Дневник", 31.05.2001.

**Оттука, одговорноста за спрчување на стратегиската практика која има за цел окупација на просторот по пат на етничко чистење, ја има меѓународниот фактор. Изборот на силите и средствата со кои единствено може да ја сопре таквата стратегиска активност на албанскиот политички и воен естаблишмент е меѓународниот фактор да ги примени истите сили и средства како во случајот со политиката на етничкото чистење на С.Р.Југославија.**

**БУГАРИЈА**

***Корени***

Во бугарската Национална доктрина[19], се прецизирани корените на бугарските големодржавни аспирации и активности кои како стратегиска цел имаат зацртано: обединување на етнобугарството кое живее на просторите во бугарското окружување во една држава.

Таквата стратегиска активност започнала по Берлинскиот конгрес 1878 година, на кој биле ревидирани одлуките на Санстефанскиот договор. Имено, "Берлинскиот конгрес ги потврдил претходно усогласените ставови на Русија со Англија и со Австро-Уунгарија за разнебитување на бугарската етничка територија на пет дела. Компактното бугарско население, кое живеело во Македонија, во Тракија, во Поморавјето и во Северна Добруџа, останало надвор од пределите на Бугарија".[20]

***Сили и средства***

Реализирањето на големодржавната стратегиска цел, од дефинираниот почеток до денес е во ***перманентен континуитет***. Најчесто биле употребувани силите и средствата од ***широкиот спектар на стратегијата на "посредно настапување", а не ретко и силите и средствата на оруженото насилство*** (војните за време на османската империја и учеството во Втората балканска војна, во Првата и во Втората светска војна).

***Изборот*** на силите и средствата, зависел од даденото време и од дадениот простор.

Демократска Бугарија, која од 1989 година по победата на демократијата се декларира како демократска држава со јасна дефинирана стратегиска цел-иднината на државата да ја гради во наднационалниот стратегиски контекст "***глобализација***", сепак не се откажува од стратегијата за обединување на сите Бугари во една држава.

---

[19] Експликацијата на современата стратегиска бугарска стратегија по однос на големодржавните аспирации кон македонскиот простор, како најрелевантни, се преземени од НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЧЕСКА ПРОГРАМА Н⁰ 1, Научен центар за Блгарска Национална Стратегија, Софија 1998.

[20] Исто, стр.11.

Во однос на ***македонскиот простор,*** Бугарија, иако прва ја призна Република Македонија, агресивниот настап го фокусира кон целиот македонски државен простор.

***Агресивноста*** се манифестира преку тврдењата и непризнавањето, како што се наведува во стратегијата во поднасловот ***Политички реалности*** и ***Политички права:***[21]

- тврдењето дека до 1944 година населението на Р. Македонија секогаш се декларирало како припадници на бугарската нација;
- непризнавањето на македонската нација и на македонскиот јазик, за кои се тврди дека тие биле втемелени од страна на КПЈ, врз основа на решението на Коминтерната од 1934. Антитеза на ова тврдење е дека, ако македонската нација била создадена од Коминтерната, тогаш со фрагментацијата на СФРЈ требаше да исчезне и македонската нација. Напротив , таа не само што опстои и постои, туку создаде и сопствена држава, Република Македонија;
- барањето на Р. Македонија да се признае македонската нација и македонскиот јазик, се толкува како "претпоставка за територијални претензии кон Р. Бугарија и кон Р. Грција";[22]
- тврдењето дека "денес во Македонија живеат околу 1. 400. 000. граѓани со бугарски етнички корени, лишени од правото на самоопределување. Антитеза, ако е тоа така, тогаш Р. Бугарија не призна држава на македонска нација туку, призна држава- географски простор на кој живее бугарски народ. Оттука, произлегува и девизата "Еден народ во две држави", која во бугарската стратегија се негира.

Агресивноста кон македонскиот простор е евидентна и во поднасловот ***Стратегијата на Бугарија***: [23]

- бугарската држава да настапува јасно и цврсто пред светската јавност и дипломатските кругови за неоснованоста и неможноста да се признае суштествувањето на македонскиот јазик и македонската нација;
- бугарската држава да спроведува политика со која ќе се обезбеди и ќе се заштити правото на македонските Бугари на самоопределување;
- Бугарија да го постави прашањето за целосно прилагодување на европските норми во врска со националните права на Бугарите во Македонија.

Имајќи ги предвид претходните три става, кои по однос на големодржавните аспирации кон македонскиот простор со ништо не се разликуват од големоалбанските, најголема помош за Р. Македонија од страна на првата

[21] Исто, стр.23 - 25.
[22] Исто, стр. 23.
[23] Исто, стр. 23 - 27.

држава која ја призна нејзината независност, би била, наместо "татковската" грижа за судбината на Македонија како последица на албанската герилско-терористичка агресија, верификацијата на македонската нација и на македонскиот јазик во бугарскиот парламент.

Победата на парламентарните избори на Националното движење "Симеон Втори", наговестува нов стратегиски курс во однос на македонската држава со конотација за напуштање на агресивната и заложничка политика на Бугарија кон "македонското прашање". Тоа го наговестуваат зборовите на Соломон Паси, раководител на екипата за надворешна политика и национална безбедност на движењето на царот: "Во моментов нема потреба Бугарија да импровизира и да прифаќа лидерска улога на голема сила и да се однесува татковски спрема Македонија".[24]

Агресивноста на современата бугарска стратегија се манифестира и преку ***непризнавањето на македонскиот национален ентитет на бугарскиот простор, како и непризнавањето на автокефалноста на Македонската православна црква.***

**ЈУГОСЛАВИЈА**

Агресивниот настап на современата југословенска стратегија го бележиме со самиот почеток на фрагментарниот процес на СФРЈ, кога српските гоемодржавни амбиции преку идејата за живот на "сите Срби во една држава" ја започнаа крвавата разврска на југословенската криза. Кон македонскиот простор, ***агресивниот настап е во континуитет.***

Тој е препознатлив преку следните активности кои имаат стратегиска конотација:

- на 12-13.03.1991 на вонредната вечерна седница, Претседателството на СФРЈ се обидело да воведе ***вонредна состојба за која не добива поддршка.*** Против биле членките кои во истата го насетиле обидот за насилно воспоставување на српската големодржавна јурисдикција, БиХ, Хрватска, Македонија и Словенија.

- повлекувањето на ЈНА од македонскиот простор, која **со себе го однесе севкупното оружје и воена опрема,** оставајќи ја државата без оружени способности за одбрана со стратегиско значење "кога ќе затреба ќе се вратиме". Таков чин на агресирање во досегашната меѓународна практика не е познат. Овој чин е еден од факторите, Р.Македонија да биде одбранбено "затекната" во одвраќањето на албанската оружена агресија [25];

---

[24] Прземено од "Дневник", 3 јули 2001.

[25] Поопширно во: Гоцевски д-р Трајан, „Одбранбеното осамостојување на Македонија„ ,Македонска ризница, Куманово, 2001, стр.41-96.

- чинот на етничкото чистење на Косово кое резултира со "**бегалската криза" од која 350 000 бегалци засолниште побараа на просторот на Р.Македонија.** Агресивниот чин се толкува како егзодусирање на туѓа територија на свои државјани, бидејќи егзодусираното албанско и друго население се граѓани на СР Југославија. Според меѓународните стандарди на бегалските кризи, голем дел од тие лица со помош на меѓународниот фактор се вратија и ќе се враќаат, а дел од нив врз основа на склучување бракови, изнаоѓање на најразновидни нелегални начини на престој и број кој воопшто не може да се евидентира, **трајно ќе останат на македонскиот простор** што се толкува како етничка окупација на просторот.

Овој чин е функција на двојна агресија, бидејќи албанскиот фактор етничката агресија се обидува да ја легализира, со цел да ја стави во функција на сопствени агресивни цели како:

- **зголемување на процентот на албанскиот ентитет во државата**;
- ***зголемување на електоратот во изборниот процес и***
- ***за логистичка поддршка на оружението агресирање од косовска страна;***
- ***неутврдувањето на меѓудржавното разграничување***. Но, со надвладувањето на демоктаскиот процес во С.Р.Југославија, овој агресивен настап е релаксиран со потпишувањето на актот за разграничување;
- со чинот на ***непризнавањето на автокефалноста на МПЦ.***

**ГРЦИЈА**

За разлика од стратегиската практиката на Албанија, на Бугарија и на Југославија, во чиј фокус е големодржавниот интерес, анализите на грчката стратегиската практика укажуваат на фактот дека стратегиската пресија врз Р.Македонија нема такви амбиции.

Активностите на грчката стратегиска практика се фокусирани ***против македонската државотворност*** која според целите што сака да ги реализира попримаат карактер на ***агресивен настап***.

***Силите и средствата*** кои се во функција на реализирање на стратегиската цел се од богатиот арсенал на ***перфидните неконвенционални средства на стратегијата на „посредно настапување„.***

Стратегискиот агресивен настап се манифестира преку следните активности:

- ***економска блокада*** на македонската држава. Целта е еквивалентна на целта на "жешката војна", но во овој случај со економските средства од арсеналот, неконвенционалното војување да предизвика економски колапс на земјата, а со тоа и пропаст на кревката македонска државотворност. По симнувањето на економската блокада од страна на Грција, таквата стратегиска пресија е релаксирана. Во актуелниот момент, на задоволство на двете држави,

со „освојувањето„ на македонскиот економски простор од грчка страна се очекува постепено да се релаксира стратегиската пресија и во рамките на политичкиата агресивност;

- ***политичка блокада*** на македонската држава. Агресивноста на овој вид средства применети против младата македонска држава веднаш вродија со плод. Тоа произлегува оттаму, што Грција во вистинско време ја ефектуира својата ***коопшивна моќ*** која ја стекна од статусот на рамноправен партиципиент во наднационалниот евро-трансатлански стратегиски контекст. Таквата моќ резултира со присилно менување на тогашниот симбол на ***македонското знаме*** и на ***уставното име*** на државата.Грчкиот аргумент беше „доволен аргумент„ во ООН да бидеме примени под името БЈРМ.

Грчката агресивност се манифестира и по однос на:

- **статусот на македонските бегалци од Грција;**
- **статусот на македонскиот ентитет на грчкиот простор и**
- **непризнавањето на МПЦ.**

**2.4 Влијанието на внатрешните фактори (субјективност и објективност) на агресивниот пристап на стратегиите од македонското окружување**

Внатрешните фактори кои го детерминраат македонскиот стратегиски контекст за 21-век, според нивниот субјективен и објективен карактер, истовремено се во функција и на стратегиска пресија врз македонскиот простор од страна на земјите од македонското окружување.

Во таква функција се следните фактори:

- **македонскиот плурален политички амбиент -** како фактор се манифестира со сé уште неизградени и целосно неприфатени критериуми и определби кај некои политики партии во врска со македонските државни и национални интереси коишто се детерминирани во Уставот на Р. Македонија;
- **недоволната економска развиеност и технолошката стагнација на државата;**
- **македонскиот просторен контекст -** како осетлив геостратегиски и воено-политички простор, неговата просторна големина и потенцијалите на природните ресурси и
- **македонските демографски специфичности** пред сé од аспект на разновидната конгломерација на етничка, на конфесионална и на културна припадност.

## Наместо заклучок

Република Македонија ќе биде агресирана и истовремено ќе биде заложник на стратегиите на државите од нејзиното окружување се до нејзиното целосно имплементирање во наднационалниот евро-трансатлански стратегиски контекст. Степенот на агресивноста ќе биде пропорционален на достигнатиот степен на интегираност.

# МАКЕДОНСКИ КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ

**Трајан ГОЦЕВСКИ**
**Марина МИТРЕВСКА**
Институт за одбрана,Филозофски факултет

**Абстракт**: *Кризата, менаџментот и управувањето со кризи ги сочинуваат аспектите на анализата презентирана во овој текст.Текстот поставува појдовна цел на своето истражување, а тоа е проектирање на функционален организациски пристап во доизградбата на системот за управување со кризи во Република Македонија. Проектираниот модел на системот за управување со кризи произлегува од интенцијата на авторите да ги корелира модалитетите на меѓународната комуникација во сферата на управување со кризи, насочена кон воспоставување општ, фундаментален дисастер менаџмент. Во ваквиот корелативно-аналитички пристап соодветен простор им е посветен на можностите и на потребите на Република Македонија.*

**Клучни зборови:** *криза, менаџмент, управување.*

**Abstract:** *Crisis, management and managing crises are the notions which constitute the aspects of analysis presented in this study. The study itself lays down a prime aim of its research, and that is a projection of a functional organisational approach in the building of the crisis management system in the Republic of Macedonia. The projected model of the crisis management system emerges from the intention of the authors to corelate modalities of the internal communication in the sphere of crisis management directed towards establishment of common functional disaster management. In such corelative-analytical approach a respective space is dedicated to the possibilities and needs of the Republic of Macedonia.*

**Key words***:* *crisis, management, managing crises*

## Вовед

Предизвиците и опасностите со коишто се соочува Република Македонија, во основа имаат голема специфична тежина во однос на катаклизмичните сценарија за нејзиниот територијален интегритет. Предочени и во ваков обем, тие претставуваат доволна алтернатива за несигурност. Радикалниот национализам на етничките Албанци предизвика конфликт, изрежирано сценарио на просторот на Република Македонија, предизвикано од новите односи и од старите придушени содржини. Имено, новите предизвици и искушенија само го потврдија фактот дека односите и условите суштински

се менуваат и дека Република Македонија мора да смета на тие промени, затоа што комплексните кризи не признаваат национални граници и доколку со нив не се управува правилно тие можат да влијаат врз безбедноста и стабилноста на Република Македонија, но истовремено можат да ескалираат и да се прошират во регионот. Во таа насока е фокусирано и прашањето, како во тие услови да функционира македонскиот кризен менаџмент. Дали можеби треба да се преструктуира и да се засновува врз современи принципи, кои треба да придонесат да се создадат услови кризата да биде спречена и да се оневозможи нејзина ескалација или пак да се реши по мирен пат.Или пак, треба да ни се случи криза, па потоа да бараме решение за ефикасно управување со кризата.

## 1.Систем за управување со кризи во Република Македонија

И покрај цивилизациските определби на Република Македонија за започнување процес на воспоставување граѓанско општество кое ќе почива врз демократијата, слободниот пазар, врз мирот и врз почитувањето на човековите права, работите тргнаа во обратна насока. Државата е следена со мултиплицирање на силата( од страна на етничките Албанци), се користи силата како краен арбитер во решавањето на нивните неостварени права (желби). Со еден збор, кризата станува наша судбина и ние нивни современици. Исто така, Македонија не е имуна на огромниот број извори на загрозување (експанзија на милитантен национализам; идеите за создавање на големи етнички чисти држави; транснационален тероризам; шверц со оружје; шверц со дрога; "перење" пари; еколошка деградација и сл.) кои можат да бидат причина за појавата на кризи, или пак да допринесат сегашната криза да ескалира.

Имено, изворите на загрозување можат да се поведат под единствен заеднички именител, а тоа е прераспеделбата на политичката, на економската и на воената моќ , што доведува до нова констелација на силите и на односите во Европа и пошироко од неа. Ваквата редистрибуција на односите и на силите, неминовно ја изострува стратегиската позиција на земјите, која резултира во кризи. Во таа насока , наведените извори на загрозување го детерминираат периодот во кој живееме како непредвидлив, нестабилен и ризичен за државите кои пред сè, се наоѓаат во периодот на т.н. транзиција( во кои спаѓа и Република Македонија ) и кои можат да предизвикаат кризи од пошироки размери.

Искуствата во регионот покажуваат дека кризите добиваат карактер на трајност и долгорочност. Оттаму, искуствата од нив треба да бидат патоказ за нивно надминување или елиминирање како крајна цел.

За реализација на ова приоритетна задача несомнено се бараат низа претпоставки помеѓу кои се најзначајни:

- развој на ефикасна организација на системот-кризен менаџмент, односно систем за управување со кризи во сите министерства;
- што е можно поитно преземање плански мерки и други подготовки за работа во услови на кризи од сите нивоа;

- обезбедување на законски и други услови од страна на државата за да се воспостави и систем кризен менаџмент компатибилен со светските стандарди;

- перманентна и задолжителна обука на персоналот кој ќе работи во овој систем.

Еден поглед од нашите искуства ќе покаже дека е потребно:

- бидејќи развојот на кризите е тешко предвидлив, потребни се опсежни подготовки, опремување, оспособување и планирање на сите институции на системот за прифаќање на предизвиците кои ги носи кризата и конфликтот;

- треба да се изгради систем на целосна транспарентност помеѓу сите институции кои учествуваат во решавањето на кризите, ставање во функција на расположивата инфраструктура, на националните ресурси и на современиот кризен менаџмент;

- уште во мирно време, треба целосно да се регулира статусот на граѓаните кои како последица на кризата од политички, од економски, од социјални, од демографски, од етнички или од верски мотиви ќе станат предмет на присилни миграции;

- улога на институциите на меѓународната заедница мора да биде поефикасна, навремена и целосна, доколку се сака последиците од кризите да бидат во подносливи граници;

- улогата во решавањето на кризите и последиците врз земјите кои учествуваат во тој процес, мора однапред да биде разбран, поддржан и материјално компензиран од меѓународната заедница.

- прашањето за националната безбедност на сите земји-учесници во решавањето на кризите мора да биде приоритетно и поддржано од меѓународната заедница.

- искуствата покажуваат дека регионалниот пристап во надминувањето на кризите, регионалните контингенти и регионалната координација се клучни за излез од кризните зони.

- координација на активностите и планирање на мисиите на НАТО, на ЗЕУ, на ОБСЕ и на Советот на Европа се покажа како неопходност за излез од зоната на кризата.

Оттука, Република Македонија заради навремено подготвување на одговор за секоја " евентуална криза " со којашто би се загрозиле виталните вредности на државата, ќе мора да организира кризен менаџмент, односно систем за управување со кризи. Имено, моделирањето треба да е соодветно на претпоставената компатибилност како појдовна основа на очекуваната експлицитна функционалност, како од интра карактер, така и од интер карактер.

Со цел да се развие концептуална рамка за кризен менаџмент на Република Македонија, најцелисходно е да се прифатат повеќето од елементите на системот за управување со кризи, помеѓу кои не постои воспоставена организација,процедури и процес на одлучување за контрола на криза или кризна

состојба и нејзино насочување.Оттаму, за да може да се даде целосна анализа и да се определи во која насока е потребно да се изврши реорганизација најнапред ќе бидат изнесени елементите кои го чинат системот за управување со кризи:

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Собранието на Република Македонија како претставнички орган на граѓаните и како носител на законодавната власт, има бројни надлежности кои претставуваат збир на уставни овластувања како и средства врз основа на кои, тоа ја остварува законодавната власт. Помеѓу најважните надлежности на Собранието на Република Македонија може да се издвојат следните:

- уставотворната надлежност;
- законодавната функција;
- буџетската функција;
- планската функција;
- функцијата за одлучување на меѓународните односи;
- одлучување за војната и за мирот;
- одлучува за промена на границите на Републиката;
- донесува одлуки за стапување во сојузи или други асоцијации;
- изборната функција;
- има политичка - контролна и надзорна функција;
- Собранието врши и други работи кои се предвидени со Уставот на државата, а особено значајно е донесувањето на разни резолуции по разни прашања, декларации, препораки, заклучоци и др.

На Собранието му припаѓаат бројни надлежности во областа на одбраната и заштитата. Негови надлежности се:

1. Да врши надзор врз остварувањето на надлежностите на Владата на Република Македонија во одбраната и да ја следи подготвеноста на Републиката за одбрана и заштита.
2. Да утврдува постоење на непосредна воена опасност од напад врз Републиката.
3. Да прогласува почеток и престанување на воена состојба.
4. Да одлучува за висината на средствата за потребите на одбраната.
5. Да го донесува Републичкиот буџет за воена состојба.
6. Да донесува одлука за стапување во членство и за истапување на Републиката од членство од колективните системи за безбедност и одбрана.
7. Да ратификува меѓународни договори кои се однесуваат на влегување, поминување или на престојување на странски вооружени сили на територијата на Републиката, заради вежбовни активности, обука и учество во мировни или во хуманитарни операции, како и за учество во тие активности и операции на единиците на Армијата на Републиката во странство.

8. Да донесува национална концепција за безбедност и за одбрана на Републиката.

9. Да донесува заклучоци и резолуции во врска со остварувањето на системот на одбраната, плановите за развој на одбраната, опременоста и борбената готовност на Армијата .

Во рамките на Собранието на Република Македонија функционира и Комисија за одбрана и безбедност, која има слични одговорности со Собранието

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во остварувањето на одбраната, претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата:

1. Ја донесува стратегијата за одбрана на Републиката.
2. Го донесува Планот за одбрана на Републиката.
3. Ги пропишува мерките за приправности и наредува нивно спроведување.
4. Ја пропишува организацијата и формацијата на Армијата.
5. Донесува документи за употреба на Армијата и наредува нејзина употреба.
6. Дава согласност на документите за развој на Армијата.
7. Ги определува мерките за зголемување на борбената готовност на Армијата и наредува нивно спроведување.
8. Наредува за мобилизација на Армијата.
9. Го пропишува командувањето во Армијата.
10. Донесува прописи што се однесуваат на борбената готовност, вооружената борба, мобилизацијата на Армијата и др.

**СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во остварувањето на системот на одбраната на Република Македонија значајно место му припаѓа и на Советот за безбедност на Републиката.Со Советот за безбедност претседава претседателот на Републиката. Него го сочинуваат: претседателот на Републиката, кој е и претседател на Советот, претседателот на Собранието, претседателот на Владата, министрите за надворешни работи, за внатрешни работи и за одбрана и тројца членови кои ги избира претседателот на Републиката.

Во надлежност на овој совет се прашањата сврзани со безбедноста и одбраната на земјата, за кои Советот гради мислења, ставови и предлози кои ги доставува до претседателот на Републиката, до Собранието на Република Македонија и до Владата, кои понатаму треба да ги усвојат, да ги прифатат или да ги имаат предвид при вршењето на нивните функции, особено оние сврзани со одбраната, безбедноста и заштитата на земјата.

Иако навидум Советот се појавува во улога на советодавен орган, со оглед на неговиот состав и прашањата по кои расправа и гради ставови, мислења и

заклучоци, несомнено е дека се работи за исклучително значаен орган од кој зависи креирањето на политиката за одбраната и безбедноста на земјата, изградбата и функционирањето на системот за одбрана и заштита, врз основа на кој ќе се развива и ќе делува системот за управување со кризи.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Владата на Република Македонија во остварувањето на одбраната има бројни надлежности меѓу кои најважни се:

1. Ја предлага одлуката за висина на средствата за потребите за одбраната.
2. Го предлага Републичкиот буџет за воена состојба.
3. Дава мислење за стратегијата за одбрана на Републиката.
4. Одлучува за ангажирање на силите на цивилната заштита што ги формира Републиката.
5. Наредува употреба на полицијата во воена состојба како поддршка на Армијата.
6. Го утврдува предлогот на Планот за одбрана на Републиката.
7. Ги донесува уредбите за:
- спроведување мерки на приправност;
- обезбедува резерви за потребите на одбраната во случај на воена состојба;
- планирање на одбраната;
- критериумите за распоредување и приоритет при распоредувањето на граѓаните во одбраната;
- критериумите за евакуација на населението;
- противелектронско обезбедување ;
- начинот на користење на податоците и информациите што се обработуваат со автоматизираниот информациски систем во областа на одбраната;
- утврдува критериуми за опремување на органите на државна власт за работа во воени услови;
- уредување на територијата за потребите на одбраната.
8. Владата на Република Македонија донесува и одлуки за:
- методологијата за справување на подготовките за одбрана на Републиката;
- формирање на единици и штабови на Цивилна заштита;
- формирање на центар за обука за одбраната;
- определувањето на објектите и зоните од посебно значење за одбраната на Републиката.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во остварувањето на одбраната, Министерството за одбрана ги врши следните работи:

• Ја подготвува стратегијата за одбрана на Република Македонија.

• Врши процена на можните воени и други опасности со кои се загрозува суверенитетот, самостојноста и територијалниот интегритет и загрозеноста и повредливоста на територијата од природни непогоди и други несреќи.

• Го следи организирањето и подготвувањето на системот на одбраната и предлага мерки за негов развој и усовршување.

• Подготвува план за одбрана на Републиката.

• Го организира донесувањето мерки на приправност.

• Го организира и го спроведува планирањето на одбраната.

• Ги согледува потребите за развој и ги реализира средствата наменети за одбрана.

• Се грижи за обезбедување на резерви за потребите на одбраната во случај на воена состојба.

• Го планира развојот на Армијата.

• Ја организира и ја спроведува мобилизацијата на Армијата.

• Ги организира и ги спроведува мерките за безбедност на Армијата.

• Врши контрола и оценување на борбената готовност на Армијата.

• Во надлежност на Министерството за одбрана спаѓа и обезбедувањето на производството за потребите на Армијата.

• Го организира и го спроведува материјалното и финансиското работење на Армијата.

• Министерството врши стручни и управни работи во врска со изградбата на воени и на други објекти од посебно значење за одбраната и изградбата на инвестициони објекти за потребите на Армијата.

• Министерството за одбрана организира и изведува вежбовни и други активности.

• Го планира и го организира уредувањето на територијата за потребите на одбраната на земјата.

• Врши опремување на органите на државната власт за работа во воена состојба.

• Ја организира и ја подготвува Цивилната заштита.

• Врши пополнување на единиците и штабовите на Цивилната заштита што ги формира Републиката.

• Организира откривање и уништување на неексплодирани убиствени средства.

• Министерството организира и подготвува врски за раководење за потребите на државната власт и за нивните органи.

• Го обезбедува и го организира функционирањето на автоматизираниот информативен систем во областа на одбраната.

• Го организира и го подготвува набљудувањето и известувањето за потребите на одбраната.

• Го организира невооружениот отпор на граѓаните.
• Организира и спроведува обука за одбраната.
• Организира функционирање на Центарот за обука за одбрана.
• Ги изработува наставните планови и програми за обука.
• Го следи остварувањето за заштита на тајноста на податоците кои се од значење за одбраната на земјата.
• Врши планирање, организирање и спроведување на криптозаштитата на тајните податоци од областа на одбраната.
• Организира научно-истражувачка работа за потребите на одбраната на Републиката.
• Врши надзор над спроведувањето на Законот за одбрана и на други прописи од областа на одбраната.
• Ги врши управните и стручните работи во остварувањето на правата и должностите на граѓаните во областа на одбраната на земјата.
• Организира научно-техничка соработка од областа на одбраната со институциите надвор од Републиката.
• Организира и остварува меѓународна соработка во областа на одбраната.
• Изработува стручни упатства од областа на одбраната.
• Во услови на воена состојба врши штабни и други работи за претседателот на Републиката во врска со остварувањето на неговите надлежности од областа на одбраната утврдени со Уставот на Република Македонија и законите кои ја регулираат оваа материја.

**Генералштабот** како организациска единица на Министерството за одбрана е активно вклучен во изработката на проценките за можните ризици и закани. Во својот состав има "оперативен центар", кој покрај другото има задача да ги следи, да ги анализира и секојдневно да ги дистрибуира сите податоци кои се од интерес за безбедноста на Република Македонија и борбената готовност на Вооружените сили.

При Министерството за одбрана функционира **Сектор** за **Цивилна заштита.** Цивилната заштита претставува форма на организирање, подготвување и учество на граѓаните, органите на државната власт, претпријатијата, јавните установи и служби и органите на локалната самоуправа во заштитата и спасувањето на населението и материјалните вредности од последиците од воени дејства, елементарни непогоди и други несреќи во војна. Цивилната заштита се организира и се подготвува во сите средини каде што живеат и работат граѓаните врз основа на следните принципи;

- цивилната заштита е дел од одбраната на Република Македонија и претставува нејзин конститутивен елемент;
- цивилната заштита се организира во духот на Женевските конвенции;
- извршување на хуманитарни активности и задачи за заштита и спасување на населението и материјалните добра на сопствената територија;

- подготовките се планираат врз основа на проценката на загрозеноста и повредливоста од воените дејства и проценката на последиците кои можат да бидат предизвикани од одделната територија.

Вака воспоставениот систем на Цивилна заштита, се подготвува и се оспособува во мир, а хуманитарните активности и задачи ќе ги извршува во евентуална војна, како дел од системот на одбраната.

Заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и техничко- технолошки катастрофи во мир е предвидено да се остварува во согласност со законите и другите прописи што ја регулираат дејноста на надлежните органи. Со ваквиот начин на поставеност се обезбедуваат редовните служби и дејности, чие работење е во функција на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра во мир.

## Препорака наместо заклучок

Значи, сите значајни аспекти на вака поставениот систем за кризен менаџмент во Република Македонија ни овозможуваат да извлечеме неколку констатации во однос на " подобриот или пофлексибилниот" систем во организациска и функционална смисла.

1. Очигледно е дека постојат повеќето од елементите на системот за управување со кризи во Република Македонија.

2. Не постои законска регулатива, односно системот за кризен менаџмент во Република Македонија не е во потполност заокружен со законска регулатива;

3. Не постои "организација и процедури" и воспоставен "процес на одлучување" за контрола на криза и нејзино насочување.

Оттука, сите важни аспекти на вака определените основи на кризен менаџмент и потребата за надминување на сите негативности, ни даваат можност да заклучиме дека максимално развиен систем на кризен менаџмент на Република Македонија, во себе мора да инкорпорира национален кризен оперативен центар, кој би се состоел од следното: Агенција за кризен менаџмент при Владата на Република Македонија и во Министерството за одбрана-Сектор за кризен менаџмент . Овој национален кризен оперативен центар би ги координирал сите елементи на системот за управување со кризи, помеѓу кои ќе се воспостави организација, процедури и процеси на одлучување за контрола на кризата и нејзино насочување.

А) Агенцијата за кризен менаџмент да биде под ингеренции на Владата на Република Македонија.

Владата како целина, преку Агенцијата за кризен менаџмент ќе треба да ги координира сите министерства. За таа цел, таа мора да ги постави целите во процесот на управувањето, да ги испланира основните активности, да ги определени општите принципи и да определи структурна рамка од која се очекува да влијае врз кризата. За таа цел, во рамките на Агенцијата за кризен менаџмент ќе треба да се формираат:

1.Комитет за кризно раководење. Со него ќе раководи премиерот на Владата. Членови на Комитетот треба да бидат : министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, за надворешни работи и министерот за труд и социјална политика.

2.Кризен координативен комитет, претставен од релевантни национални институции, во чии рамки може да се формира и Координативно одделение, со основна функција за координација и поддршка.

3.Посебен комитет за консултации.

4.Помошни секторски комитети, кои можат да содржат:

- Комитет за надворешни работи, со одговорност да ги координира дипломатските и конзуларните активности ( на пр. програми за економска и хуманитарна помош);
- Комитет за одбрана;
- Комитет за безбедност;
- Комитет за врски;
- Законодавен комитет;
- Комитет за подготовки и координација со други соодветни секторски комитети ( за финансии, за економија и др.).

Б) При Министерството за одбрана да се формира Сектор за кризен менаџмент, во чии рамки ќе треба да функционираат Одделение за кризен менаџмент, составено од Отсек за проценка на кризата и Отсек за планирање на елиминирање на кризите. Секторот ќе треба да соработува со Агенцијата за кризен менаџмент.

Секторот за кризен менаџмент ќе треба да изработи:

- Закон за кризен менаџмент
- План за подготовки ( во случај на политичка криза: надворешна и внатрешна, воена криза, криза предизвикана од природни катастрофи, хаварии и сл.). Исто така, во овој план ќе треба да се опфати и како да се донесе одлука, кој да донесе одлука , кои се активностите и сл.

Респектирајќи ги овие сознанија и препораки, кои се во духот на градење на современ систем за кризен менаџмент, мора да се напомене дека во максимална можна мерка ги зедовме решенијата што се употребливи и кои даваат основа за нова организациско-функционална поставеност на Национален кризен оперативен центар во Република Македонија, компатибилен со кризен менаџмент во земјите со подолга традиција во градење на истиот.

Оттука,понудениот концепт за формирање на Кризен оперативен центар изразува висока апликативна вредност за доизградба на системот за кризен менаџмент, односно системот за управување со кризи на Република Македонија. Моделирањето е соодветно на претпоставената компатибилност како појдовна основа на очекуваната експлицитна функционалност, како од интра, така и од интер карактер.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Adizes I., Kako resiti krizu upravljanja, Globus, Zagreb,1989.
2. Buars L.,Strategic Management, Harper Row Publishers, New York,1987.
3. Carlisle H.M., Management: Concepts, Methods and Applications, Science research associates, Inc., Chicago, 1982.
4. Dwan R., Armed Conflict Prevention, management and Resolution, SIPRI, Sweden, 2000.
5. Grocki R., Generic Crisis Management, Handbook, Brussels,1999.
6. Generic Crisis Management, Handbook, Brussels,2000.
7. Terry G., Principles of Management, Rishard D.Irvin, Inc., Homewood, Iilinois.
8. Vukadinovic R., Medunarodni odnosi, Fakultet politickih znanosti, Zagreb,1995.

# КРИЗНИ ЖАРИШТА ВО ЕВРОПА

**Љупчо ВРАНГЕЛОСКИ**
Воена Академија, Генерал Михаило Апостолски - Скопје

**Апстракт**: *Кризните жаришта во Европа преставуваат константа во современата европска историја. Секоја анализа и обид за согледување на безбедносните аспекти на европскиот континент треба да се темели и на анализата на постоечките и потенцијалните кризни жаришта.*
*Трудот прави напор да ги согледа европските кризни жаришта во целина. Притоа, се прави обид за согледување на спецификите на т.н. стари и нови кризни жаришта. Во контекстот на анализата, на новите кризни жаришта, се анализира позицијата на Македонија од аспект на градење нова европска безбедносна архитектура.*

**Клучни зборови**: *кризни жаришта, европска безбедносна архитектура*

**Abstract**: *Crisis areas in Europe are constancy in current Europian History. Each analysis and attempt to see the secuurity aspects of the European continent should be based on the analysis of the hoisting and possible crisis areas.*
*This work tries to see European crises areas as a whole. There is an attempt to see the specifics of the so collled old and new crises areas. In the contecst of the analyses of the new crises areas the position of Macedonia from the aspect of building a new Europian security architecture.*

**Key words**: *crissis spots, European security architecture*

## Вовед

Со паѓањето на Берлинскиот ѕид и започнувањето на процесите на демократизација во бившите источноевропски земји на т.н. реален социјализам, Европа се најде во исклучително важен период од својата историја.

Новата безбедносна позиција на европскиот континент ја карактеризираат два главни и во основа противречни процеса. Од една страна е присутен процесот на интеграција и поврзување. Составен дел на овој процес е ослободување на демократските потенцијали на земјите од бившиот т.н. источноевропски блок. Логична последица на овој процес е развој на пазарната економија, безбедносна, политичка, економска и воена интеграција на целокупниот европски простор. Како директна

последица на овој процес е историскиот настан на проширување на НАТО-алијансата со три нови европски членки кои доаѓаат од овој регион и тоа: Чешка, Полска и Унгарија.

Со отварањето на процесот на проширување на НАТО, формирањето и делувањето на Партнерството за мир , како и делувањето на другите механизми на колективна безбедност како што е Евроатланскиот партнерски совет, ОБСЕ и други, се создадоа услови за интензивна меѓусебна безабедносна соработка. Гледејќи го интензитетот на оваа соработка, со сигурност може да се каже дека тоа за прв пат се случува во поновата европска историја.

Гледано во целина, просесот на интеграција и поврзување од аспект на градење на нова европска архитектура, која, не е само безбедносна архитектура, може да се означи како позитивен и посакуван процес.

За разлика од овој процес, во европскиот простор е присутен и ретрограден процес, кој може да се означи како негативен и условува нарушување на европската безбедносна структура. Директна последица на овој процес е отварање на нови кризни жаришта, кои со својот интензитет се закануваат да дестабилизираат цели региони со несогледиви последици врз вкупната, не само европска безбедност.

Новите кризни жаришта кои настанаа како последица од рушењето на биполарната светска структура и рушењето на т. н. источноевропски блок, во многу остра форма го актуализираа прашањето за изнаоѓање на ефикасни механизми за спречување на негативните последици врз вкупната безбедносна европска архитектура. Како посебно актуелно се постави прашањето за ефикасно спречување на ширењето на овие кризни жаришта во поширокиот европски простор, а посебно во Југоисточна Европа.

Постоењето на двата спомнати во основа противречни процеси условува, покрај т. н. стари кризни жаришта, како што е Северна Ирска, кипарскиот проблем, сепаратистичките процеси во многу западноевропски земји да настанат и т.н. нови кризни жаришта. Овие нови кризни жаришта можеме главно да ги лоцираме во Југоисточна Европа, првенствено на бившиот југословенски простор и земјите на бившиот Советски Сојуз.

Во основа, за нашата тема е важно да се нагласи дека, постоечките кризни жаришта во Европа можат да се поделат на кризни жаришта кои не се резултат на рушењето на биполарна Европа и отварање на процесите на демократизација на земјите од бившиот источноевропски блок и кризни жаришта кои настанаа како последица од овие процеси.

Сумирајќи ги нашите согледувања од воведниот дел, може да се каже дека последните десет години, на планот на вкупната европска безбедност се случија настани кои имаат и во иднина ќе имаат пресудно влијание на идната политичка и безбедносна карта во Европа.

Разбирањето на овие процеси, нивното анлизирање и предвидување има големо влијание врз согледувањето на позициите на секоја земја, па во тие рамки и на Македонија. Имајќи го предвид фактот што Македонија е најдиректно засегната од овие негативни процеси, градењето на нашата безбедносна позиција во новата европска безбедносна архитектура ќе има големо влијание врз вкупниот развој и позиција на нашата земја.

Во согласност со претходно наведените констатации, нашата анализа на европските кризни жаришта методолошки е така поставена да води сметка за историските детерминанти и за развојните процеси, поради што започнуваме со анализа на постарите кризни жаришта; за да завршиме со поновите и за нас многу поактуелни кризни жаришта.

## 1. Северноирско кризно жариште

Северноирскиот проблем веќе 83 години ја оптеретува европската безбедност и преставува најдолготрајно кризно жариште во Европа.

Непомирливоста на двете страни и цврстото бранење на сопствениот став, Британците-протенстанти да останат во В. Британија, а католиците Ирци да се спојат со Р. Ирска, е основа во центарот на несогласувањата.

Во текот на 30 - годишната граѓанската војна, се смета дека животите ги загубиле 3600 луѓе, додека околу 40000 луѓе се ранети.

Главни актери во овие судири се Ирската Републиканска Армија, најорганизираната герилска војска во Европа, Армијата на Велика Британија и разните протенстански паравојски.

Да потсетиме дека според пописот од 1991 година, Северна Ирска има 1,6 милион жители, од кои 50,6% се протестанти, а 42% се католици.

Мировниот договор за Северна Ирска, склопен во април 1998 година и поддржан на референдумот во мај истата горина, донесе нови надежи за мир на овој поделен остров. Мировниот договор беше постигнат помеѓу протестантските и католичките партии, а под покровителство на владите во Лондон и во Даблин и со помош на американската дипломатија на Бил Клинтон.

Со одредбите на овој договор, Северна Ирска останува дел на Обединетото Кралство, но се обезбедува значително поголема административна моќ за покраината. Со овој договор се обновува Парламент на Северна Ирска и неговите извршни тела.

Фактот што периодот од постигнувањето на овој договор до денес е еден од најмирните периоди во досегашната историја на овој конфликт, буди надеж за можност од мирно и трајно решавање на овој конфликт. Ваквиот начин на решавање на северноирскиот проблем може да стане пример за решавање на сите други слични кризни жаришта.

## 2. Кипарско кризно жариште

Кипарскиот проблем преставува најкрупен проблем во грчко - турските односи веќе подолго време. Неразрешувањето на овој проблем има сериозни импликации врз вкупната стабилност во регионот и во Европа во целина.

Од добивањето на независност на овој остров од британската колонијална управа во 1960 година, ова кризно жариште не престанува да ги буди националните страсти кои се повод за многу недоразбирања и конфликти.

Испраќањето трупи на Обединетите нации на поделениот остров во 1964 година кои и денес се тамо присутни, не помогна многу овој проблем адекватно да се реши.

Кипарскиот проблем во поново време е актуализиран во 1974 година, кога грчката полковничка диктатура, испраќа воени сили на поделениот остров, со намера поделениот остров да го присоедини кон Грција. На тоа, воено реагира Турција, која интервенира со воена сила и зазема 37% од острвот на кој претежно

живее турско население. Во 1983 година, на турскиот дел на островот се прогласува Република Северен Кипар, која досега е единствено призната само од страна на Анкара.

Кипарскиот проблем во најново време дополнително е актуализиран и со фактот што Кипар, се разбира оној службениот, е на прагот на приемот во Европската унија. Тој се наоѓа во првата група земји, кои можат да се надеваат дека ќе влезат во првиот круг на земји, кои ќе се стекнат со полноправно членство во оваа асоцијациа.

Во исто време, додека Европската унија го става Кипар во земјите најсериозни кандидати за прием, таа и понатаму одбива, воопшто да започне преговори со Турција за нејзино асоцијативно членство. Ова одбивање, се подразбира дека е иницирано од страна на Грција. На ваквата политика на Европската унија, Турција реагира со закани дека ќе изврши анексија на турскиот дел на островот. Оваа закана, доколку би се навистина остварила, дополнително во многу додатно би го усложнила кипарскиот проблем.

Во контекстот на кипарската криза, треба да се спомене и проблемот со купувањето на руските ракетни системи С-300 од страна на кипарската влада. На оваа намера, жестоко реагираше Турција, притоа заканувајќи се дури и со воена агресија.

Целокупниот сплет од бројни испреплетени интереси-политички, економски и воени, го прават кипарскиот проблем за сега нерешлив. Тој и понатаму ќе ја загрозува стабилноста во регионот и ќе преставува сериозна закана за мирот и за стабилноста во Европа. Секако дека секоја анализа на вкупните безбедносни прилики во регионот во кој спаѓа и Македонија, треба да ја земе во предвид и рефлексијата на овие односи врз безбедноста, како во регионот, така и врз безбедносната позиција на Р. Македонија.

## 3. Други западноевропски крини жаришта

Од другите западноевропски кризни жартишта ќе ги споменеме само најкарактеристичните, кои од време на време укажуваат на својата актуелност. Во таа смисла, сведоци сме и на мирни и насилни демонстрации, на подметнување бомби пред полициски станици, на атентати и на други терористички активности. Овие терористички активности честопати знаат сериозно да го загрозат мирот и безбедноста во одделни европски земји.

Едно од попостојаните кризни жаришта е сепаратистичкото движење ЕТА во Баскија, покраина во Шпанија. Терористичките активности на ЕТА, со децении го актуализираат баскискиот проблем. И покрај тоа што шпанското уставно уредување им дава широки овластувања на покраинските влади во поглед на изразувањето на нивните национални, културни и економски интереси, па дури и покраините имаат и свои парламенти, сепак овој проблем не престанува да ја бранува шпанската демократска јавност.

Да потсетиме дека во основата на проблемот е настојувањето на оваа терористичка организација по насилен пат да ја издвои Баскија од составот на

Шпанија и да формира своја независна држава како национална држава на еден од најстарите европски народи-баскискиот народ.

Објавувањето на едностраното примирје кое го објави ЕТА во 1999 година и кое набргу беше исто така еднострано прекинато, не даде скоро никакви резултати и всушност уште повеќе го зацврсти уверувањето за илузорноста на надежите за конечно решавање на оваа кризно жариште.

Во контекстот на баскискиот сепаратизам, треба да се спомене и корзиканскиот, кој исто така има своја долга историја. Островот Корзика со својот специфичен историски, национален и културен развој, преставува основа на овој сепаратизам. Од друга страна, ригидното централистичко управување на француската админситрација чие управување не е многу изменето од Француската буржоаска револуција, придонесува за актуализација на овој проблем.

Процесот на децентрализација и регионализација, како неопходна развојна констатнта во многу западноевропски земји, покрај своите несомнено позитивни страни на подолг временски период, со себе носи и многу опасности врзани со сепаратистички тенденции кои се присутни и се покажуваат во одделни европски земји. Во блиска иднина може да се очекува и актуализација на овие проблеми, кои можат да се претворат во сериозни кризни жаришта.

Во контекст на овие процеси, првенствено се мисли на Белгија и на проблемите помеѓу фламанската и валонската заедница. Сепаратистичките тенденцији условуваат, оваа држава, која формално се декларира како федеративна заедница, да има јаки елементи на конфедерално уредување.

Треба да се спомене и спроведениот референдум во текот на 1998 година во Велс и во Шкотска, при што населението на овие две покраини на В. Британија се изјасни дека сака да има свој сопствен парламент.

Наведените кризни точки, преставуваат во подолг временски период константи во европската безбедносна архитектура и на нив секако треба да се смета процесот на градење на побезбедна и интегрирана Европа.

## 4. Кризните жаришта последица од рушењето на биполарниот свет и на Европа

Кризните жаришта кои последниве десетина години настанаа како резултат на рушењето на биполарна Европа, распаѓањето на земјите од т.н. социјалистички табор, кои беа попознати како земји на реалсоцијализмот, се закануваат да дестабилизираат не само цели региони, туку имаат сериозни импликации врз безбедносната структура на континентот во целина.

Кога се зборува за распаѓањето на земјите од овој дел на Европа првенствено се мисли на бившата југословенска заедница и на бившиот Советски Сојуз.

Поголемиот дел од овие земји се наоѓаат во процесот на транзиција, процес кој со себе носи многу противречни тенденцији во сите области на општествениот живот и тоа како на безбедностен, така и на културен и економски план.

Темпото на спроведување на овие реформи и достигнатиот степен на демократизација и развој на пазарно стопанство, се разликува од земја до земја. Битен факт, кој треба да се има предвид е дека некои земји како што се Чешка, Полска и Унгарија, успешно го завршија процесот на транзиција и тие повеќе не треба да се третираат како земји кои се наоѓаат во процесот на транзиција. Нивното зачленување во НАТО-алијансата и достигнувањето на стандардите кои важат во Европската унија, благодарејќи на што треба да се очекува и нивна брза интеграција во Европската унија, преставуваат конкретен резултат на нивното успешно излегување од процесот на транзиција. Но за поголемиот број земји од истиот регион во кој спаѓа и Р. Македонија, дестабилизирачки фактор претставува недоволно развиената економија, неизградената демократска и правна држава, постоење на слабо и ранливо граѓанско општество како и постоење на бројни нерешени социјални и национални проблеми.

Посебен дестабилизирачки фактор во овој дел на Европа се нерешените малцински проблеми, кои се закануваат од темел да ја нарушат европската безбедносна архитектура. Малцински проблеми постојат на пример на Балканот, на Балтикот, во Русија, во Украјина, во Словачка, во Молдавија, во Романија и во многу други земји, но со помал интензитет.

Новите држави кои се формирани на овој простор, во најголем број се конституирани како национални држави, при што се минимизира граѓанскиот концепт на уставното уредување на овие држави. Во вака конституираните држави, демократијата се изедначува со правото за својот народ да се обезбедат сите права, додека правата на националните малцинства се доживуваат како дестабилизирачки фактор и закана за суверенитетот на државата.

Во контекстот на анализата на овие кризни жаришта, централно место зазема бившиот југословенски простор, каде што формирањето на новите држави беше проследено со огромни човечки и материјални загуби. Се смета дека само во војната во Босна и Херцеговина се убиени повеќе од 200.000 луѓе.

Нерешениот статус на Косово, кризата на просторот на Јужна Србија и во Македонија, сепаратистичките тенденции на актуалното црногорско раководство, преставуваат продолжение на ова кризно жариште со сѐуште многу реална опасност оваа криза да се прошири и на соседните земји.

Секако дека поопсежна анализа на ова кризно жариште бара многу постудиозен пристап, но за нашата анализа ќе наведеме две можни опции за решавање на оваа најнова криза во која е директно засегната и нашата држава.

Првата опција е и најповолна за Македонија, а тоа е политичко и воено поразување на албанскиот национализам и екстремизам во целиот регион, а особено во Р. Македонија. Многу е важно да се истакне дека во контекстот на оваа опција спаѓа и демократското решавање и уредување на статусот на Косово, како составен дел на Југословенската Федерација, како и демократското решавање на меѓусебните односи помеѓу Србија и Црна Гора, како конституенти на Југословенската Федерација. Притоа не треба да биде загрозен територијалниот интегритет и суверенитет на С. Р. Југославија.

Во такви услови статусот на Косово може да биде предмет на демократска разврска во која се можни разни модалитети, но притоа неопходен услов, без кој е невозможно остварување на оваа опција е, самата албанска националност на Косово да прифати демократско решавање на статусот на Косово, што е поврзано со напред наведеното поразување на големоалбанската идеја. Во овој контекст, употребата на демократски средства како што се избори на сите рамништа, придонесува кон реализација на оваа опција, со неопходно учество во изборите на неалбанското население во покраината. Но во случај воените дејства на просторот на северозападниот дел на Македонија да се интензивираат, тогаш во игра нужно се вклучува втората опција. Како последица на обидот, со сила да се наметне остварувањето на големоалбанските аспирации во Македонија и во регионот, сигурно ќе дојде до проширување на војната во целиот регион. Кон неуспехот на првата опција води и какво било недемократско решавање на односите помеѓу Србија и Црна Гора.

Втората опција е најнеповолна, не само за Македонија, туку и за регионот во целина. Во случај на интензивирање на воените дејствија и на упорно настојување решението да се наметне со војна во која албанскиот национализам е нужен губитник, можно е проширување на војната на соседните балкански држави. Оваа опција би имала несогледиви последици за стабилноста на целиот регион.

Секако дека наведените кризни жаришта и нивното интензивирање, во многу поголем обем отколку досега, ќе резултира со застој на демократските процеси, со стопирање и со уназадување на економскиот развој и тоа за подолг временски период.

## Заклучок

Европа, со рушењето на Берлинскиот ѕид и рушењето на биполарноста се најде пред нови предизвици и пред дефинирање на нови стратешки определби.

Од една страна Русија, се најде во една неочекувана позиција да биде наследник на една поразена суперсила, додека бившите источноевропски земји се приклонија кон западниот систем на вредности, воведувајќи повеќепартиски систем, пазарна економија, вклучувајќи се во колективните системи на безбедност.

Европа низ своите заеднички институции, во прв ред преку ОБСЕ, Советот за Европа, Европската унија и други институции, настојува да воведе одредени норми и обврзувачки стандарди, кои во крајна линија би требало да резултираат со смирување на кризните жаришта и со градење на нова безбедносна архитектура на стабилна и единствена Европа.

Кризните жаришта во Европа, денес преставуваат сериозна опасност за стабилноста и за мирот, не само во регионите во кои тие се наоѓаат, туку и за континентот во целина. Да повториме дека појавите на водење граѓански војни, етнички чистења, тероризам, сепаратистичките тенденции, се составен дел на нашата понова европската стварност и за жал уште долго време некои од овие појави ќе бидат составен дел на политичко-општествениот амбиент на голем број европски земји.

Република Македонија, како земја која се наоѓа во регионот кој веќе подолго време преставува најсериозно кризно жариште во Европа, е една од државите која со својата вкупна досегашна политика, придонесуваше за стабилноста и за градењето на мир и беше за решавање на конфликтите по мирен пат.

Денешните стратешки определби на Македонија, како што е зачленување во Европската унија, во НАТО и други европски и светски интеграциони процеси, развојот на пазарната економија, граѓанското општество и правната држава, за што постои широк консензус на скоро сите политички субјекти е секако правилен, но зависи од бескомпромисното поразување на големоалбанскиот национализам и сепаратизам во неговата военотерористичка и политичко-прагматичка форма.

Кога се работи за безбедносните прашања, зачленувањето во НАТО ја изразува нашата решителност да се осигура безбедноста, суверенитетот и територијалниот интегритет. Алијансата, недвосмислено покажува тенденција, безбедноста на Европа, а во склоп на неа и Македонија, да ја темели врз дијалог, врз соработка и врз развивање на колективни одбранбени способности. Во таа смисла, се нагласува тенденцијата за интегрирање на политичките и на воените елементи на безбедностната политика, а се отвара прашањето за соработка на земјите од Балканот и пошироко во Југоисточна Европа, во чијшто регион спаѓа и Македонија.

И покрај сите опасности по мирот и водењето на војни, сепак ќе заклучиме дека дваесет и првиот век е вистинска шанса за создавање на една единствена и безбедна Европа, Европа во која војните ќе бидат минато и во која ќе владее соработка и просперитет. Да не заборавиме дека со отварањето на пандорината кутија не излегоа само лошите работи туку излезе и надежта.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. “Cosequences of the Madrid Summit on Security and Stability in Europe”, NATO Defense College, Rome, 1998
2. “Democratic and Civil Control Over Military Forces – case Studies and Perspectives”, NATO Defense College, Monograph Series, No.3, Rome, 1995
3. “ The First Post-Cold War Tranche of NATO Expansion”, Defence Studies, No 22, Budapest 1998
4. Списание, Современа македонска одбрана, Скопје бр. 1, година 1, 1999 година
5. Списание, Современа македонска одбрана, Скопје бр. 2, година 2, 2000 година
6. “International Security Studies and United Nations Studies at Yale, Annual Report”, Yale University: New Haven, Connecticut, 1996-1997
7. Matthew Auer, “The Historical Roots of Environmental Conflict in Estonia”, Yale University: New Haven, Connecticut, 1994

# ЦИВИЛНО-ВОЕНО ПЛАНИРАЊЕ НА ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Менде СОЛУНЧЕВСКИ**
Министерство за одбрана

**Апстракт:** *Денес со развојот на општеството, настанувањето на несреќи, било од природен карактер или од техничко-технолошки карактер, стана сé позачестено, а последиците од истите сé поголеми. Државите преземаат низа мерки и активности за справување со истите. Најчесто за нивно справување ги користат расположивите цивилни и воени ресурси и сили. Бидејќи несреќите според своите димензии сé почесто ги надминуваат државните граници, за нивно разрешување сé почесто се формираат регионални и меѓународни тела, сили, агенции и сл. Истите настојуваат сé повеќе да ги користат расположивите цивилни и воени ресурси и сили на државите.*
*Едно од тие тела за справување со несреќи е и Советот за цивилно-воено планирање на вонредни состојби во Југоисточна Европа.*
*Анализа на неговата улога, задачи и структура е целта на овој напис.*

**Клучни зборови**: *вонредна состојба, природна несреќа, технолошка несреќа*

**Abstract:** *Today with developing of the society the accidents which were caused by natural sources, or with technical-tehnologikal character, has become more freqfent and the consequences were bigger. The contries are using lots of efforts and activities for dealing them. Theu usually use all civil and military resources and forces. This kind of accidents mostly go trough the state borders for and that's why for their salving are formed regional and international bodies, forces, agencies etc. So theu try to use all civil and military resources and forces of the countries.*
*One of these bodies for dealing accidents is the Civil-Military Emergency Planning Council in South-East Europe.*
*The purpose of this article is the analisis of its role, tasks and structure.*

**Key words:** *Emergency,accident of natural cause, tehnologikal accident*

## Вовед

Заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра е еден од круцијалните проблеми на секоја држава. Заради тоа, државите преземаат низа мерки и активности со цел-минимизирање на штетите настанати од изворите на загрозување.

Со развојот на општеството, изворите на загрозување на населението и материјалните добра стануваат сé посложени, поразновидни и побројни, а негативните ефекти од истите се поголеми и добиваат димензии на катастрофи[1].

Со оглед на природата и местото на настанување, овие катастрофи често ги надминуваат границите на државите и зафаќаат поголеми простори.

Заради тоа, со развојот на општеството, бројот на активностите што ги преземаат државите и меѓународната заедница за заштита и спасување на населението и материјални добра се сé побројни и посложени. Се создаваат низа организации, институции и здруженија од национален и од интернационален карактер со една единствена цел, што поефикасно справување со таквите катастрофи.

Основа за развивање на вакви форми за соработка дава Повелбата на ООН. Во таа насока Генералното собрание на ООН донесе Резолуција за хуманитарни интервенции. Со оваа резолуција се утврдени постапките за помош во случај на големи несреќи кои најчесто ги преминуваат и границите на државите. За координирање на активностите во случај на големи несреќи, генералниот секретар на ООН има ингеренции да формира и одбор при ООН кој ќе работи во услови на големи несреќи.

Исто така со зголемување на димензиите, зачестеноста и комплексноста на несреќите во последната деценија меѓународниот фактор им посветува сé поголемо внимание во изнаоѓањето решенија за што поефикасно справување со истите, во кој се вклучуваат како цивилните така и воените структури. Во рамките на ООН е формирана Единицата за цивилна и воена одбрана (**MCDU),** со цел ублажување на последиците од предизвиканите несреќи, со помош на користење на имотот за воената и цивилната одбрана во случај на големи несреќи (**MCDA)**.

Заради справување со несреќи, Повелбата на ООН не ја исклучува можноста и од развивање на регионална соработка помеѓу државите.

Во овој дух е и создавањето на Советот за цивилно-воено планирање на вонредни состојби во Југоисточна Европа. (Southeastern European Civil-Military Emergency Planning Council).

## Договор за формирање на Совет за цивилно-воено планирање на вонредни состојби во Југоисточна Европа

Самата преамбула на Спогодбата за формирање на овој совет ги кажува мотивите и целите заради кои е формиран Советот.

"Тргнувајќи од сознанието дека цивилно-воената соработка е многу важен елемент за поголема ефикасност, за засилување на заедничката помош против несреќите, државите од Југоисточна Европа се договорија во иднина на тоа поле да остваруваат поблиска соработка"[2].

---

[1] "Катастрофата во јавноста најчесто се подразбира како голема општа несреќа,односно настан кој предизвикува повреди или жртви, материјални штети или уништување на животната средина и заради својата природа не може да биде сопрена од вообичаените служби за секојдневна интервенција" Home Office- Dealing with Disaster-London 1991,page 2

[2] Draft 4-Agreement on the establishment of the Southeastern European -SMEPC, page 1

Акцентот, особено се става на интензивирање на соработката за помош во несреќи. Покрај помош на државите парципиенти во овој совет, исто така помош може да им се понуди и на интернационалните и на невладините организации, како и на државите кои не се членки на овој совет, по нивно барање.

Членките на Советот очекуваат поддршка на ова поле и од ООН, од Северноатланскиот совет како и од Партнерството за мир.

Целта на договорот е да се создаде неопходна законска основа за реализација на решеноста на секоја држава да планира и да соработува со другите држави од реонот, во користење на расположивите ресурси(средства и сили)во случај на несреќа. Државите ќе бидат во можност тоа да го остваруваат преку овој совет.

Во Спогодбата заради олеснување на соработката меѓу државите во Југоисточна Европа се дефинирани некои позначајни поими и тоа:

1. Институциите за цивилна одбрана или цивилна заштита значат одговорни тела за управување во вонредни состојби кои преземаат превентивни мерки и акции во случај на несреќи.

2. Несреќа значи природна или технолошка појава(настан) кој се заканува со својата деструкција или штетност, односно со својата големина да ги доведе во сериозна опасност благосостојбата, безбедноста и животот на населението, како и безбедноста на имотот на населението.

3. Природни или технолошки несреќи вклучуваат: земјотреси, вулкански ерупции, лизгање на земјиште, поплави, суши, загадување на средината, шумски пожари(пожари на отворен простор), рушење на брани, епидемии, нуклеарни, хемиски и индустриски акциденти, воздушни, копнени, водени и други несреќи специфични за овие простори.

4. Помош во несреќи значи: активности преземени за спасување на животот, заштита на имотот и враќање на животот во погодената средина во нормална состојба.[3]

Улогата на Советот е да ја консултира секоја членка за методите, за практицирањето и за можностите за остварување практична соработка во управувањето со несреќата, заради олеснување на големината на штетите од несреќата. Советот ќе ги координира напорите во сите фази се додека трае несреќата: ублажување, превенција, планирање, одговор и реконструкција.[4]

**Задачи на Советот се:**

-развој на процесите од регионално значење за практична соработка за управување во несреќи;

[3] Ibid,artikle 2
[4] Ibid,artikle 3

-координација на методите на работа во сите фази на управување со несреќата;

-развој и препорачување на план за одговор во големи ризици;

-развивање на стандардни оперативни процедури;

-планирање, организирање и држење на вежби и обука;

-консултации помеѓу членките и консултација меѓу членките и другите држави како и со меѓународни и со невладини организации;

-изготвување на информации , заклучоци и др.[5]

## Структура на советот [6]

Советот е составен од раководителите или од други претставници на цивилната заштита, или од други претставници од цивилниот и од воениот персонал во своите земји кои се членки на овој совет. Советот работи во работни групи. Советот има формирано Секретаријат кој постојано ќе работи на подготовка и усогласување на договори помеѓу членките. Советот има претседавач и заменик-претседавач кои се избираат на првиот формален состанок.

Решенијата во Советот се донесуваат со консензус на сите членки во Советот. Сите решенија ќе бидат во духот на подобрување- на соработката и интензивирање на активностите помеѓу членките.

Советот исто така може да понуди помош и на други држави кои не се членки на овој совет, како и на меѓународни и на невладини организации, а таа помош ќе биде регулирана со поединечни договори помеѓу Советот од една страна и државата, односно организацијата-барател на помош од друга страна.

За успешна работа на Советот се формираат во рамките на истиот три работни групи со соодветни задачи и тоа:

-Работна група за информативна технологија,

-Работна група за стандарди и процедури и

-Работна група за информациско управување.

**Работна група за информативна технологија**

- Information Tehnology Working Group (ИТВГ)[7]

Целта на оваа работна гупа е олеснување на дискусиите и сложување на комуникациите и информациите за поддршка на државите на Југоисточна Европа.

Оттука произлегуваат и нејзините надлежности: изградба и одржување на комуникациската инфраструктура за поддршка во планирањето во вонредна

[5] Ibid,artikle 4

[6] Civil-military emergency planning workshop-"Romania 2000"- Bucharest 2000g, page 50

[7] Ibid, за ова пошироко стр. 43-47

состојба (олеснување, одговор и оздравување). Оваа мрежа го олеснува сложениот пристап на стандардите и процедурите, како на национален така и на интернационален план заради зголемување на ефикасноста за време на мир, на вонредна состојба или на кризна ситуација.

Конкретни задачи на оваа работна група се:

-развој на рбетот за комуникација на основните задачи кои ќе се внесат во програмата за цивилно-воено планирање во вонредна состојба;

-идентификација на комуникациската мрежа на сите членки на цивилно-военото планирање на вонредна состојба;

-детерминација на основните и приоритетните задачи;

-идентификување на програмата за одредување на способностите кои ќе бидат потребни во процесот на утврдување на надлежностите за поддршка на архитектурата на транзиција од информациско управувачки системи на Партнерството-Partnership information management system **(**ПИМС) во информациската мрежа за кризи Crisis Information Network **(**КИН**);**

-координација на активностите на оваа работна група поблиску со другите работни групи на Советот на цивилно-воено планирање на вонредна состојба и други национални и интернационални тела како ОЦХА, Euro-Atlantic Disaster Response Coordination Centre **(**ЕАДРКК**).**

-Развој и имплементација на националните финансисики планови и задачите со предност на движење на националните и на интернационалните ресурси (како на НАТО, ЕУ и др) на иницирачки решенија на (ПИМС) и (ЦИП)**.**

-други задачи.

**Работна група за стандарди и процедури**

-Standards and Procedures Working Group (SPWG)[8]

Целта на работната група за стандарди и процедури е олеснување на решенијата за општите (јавни) стандардни процедури во планирањето на државите на Југоисточна Европа за одговор на регионалните несреќи. Оваа работна група заедно со другите работни групи ќе развива специфичен механизам за цивилно воено-планирање на вонредна состојба и регионална соработка и кординација.

Задачата на нејзиното дејствување е да го поддржи националниото планирање на вонредни состојби, олеснувањето на одговорот и оздравувањето од технолошко-техничките и другите природни хазарди или несреќи.

Надлежности:

-да се одреди средина каде се сложуваат стандардите и процедурите, каде би можеле да го олеснат регионалниот и интернационалниот одговор;

[8] Ibid, за ова пошироко стр. 39-43

-да се дефинира редоследот-приоритетите на специфичните цели кои бараат регионален одговор;

-да се одреди подршка на најдобрите практични процедури и политика;

-развој на регионални и национални решенија;

-развој на моделита на обука, вежби и сл;

-координирање на активностите на оваа група со другите работни групи во цивилно-воено планирање на вонредна состојба.

Секоја држава назначува еден регуларен член и еден заменик-член. Членот ќе партиципира на состаноците и ќе се грижи за постигнување на задачите предложени од Работната група. Секој член ќе биде одговорен за координација меѓу Работната група и одговорните лица во соодветната држава за запознавање со предлозите и решенијата на Работната група.

**Работна група за информациско управување**

-Information menagment Working Group (IMWG)[9]

Основна цел на оваа работна група е да ја олесни дискусијата во сложувањето на содржината на стандардите за користење на државите во Југоисточна Европа на просторот за персонално цивилно-воено планирање на вонредна состојба за соседните и меѓународните организации, одговор во вонредна состојба. Групите во иднина ќе развијат специфични механизми за регионална соработка и кординација.

Задачи кои треба да ги извршува оваа работна група се:

-да ги поддржи барањата за етаблирање на бараните податоци;

-да ја дефинира структурата врз база на вклучување стандардни податоци;

-да ги идентификува приоритетните национални извори и податоци за олеснување;

-да изработи програми кои ќе бидат потребни во процесот на олеснување на процедурите за управување поддржани од архитектот за премин од ПИМС на ЦИН.

-да се идентификуваат единствени вежби во операциската база на податоци;

-да се координираат податоците на оваа работна група со другите работни групи на Советот на цивилно-воено планирање на вонредна состојба.

Секој држава назначува еден регуларен член и еден заменик. Членовите партиципираат на состаноците и се грижат за постигнување на задачите предложени од Работната група. Секој член ќе биде одговорен за координација меѓу Работната група и одговорните лица во соодветната држава за запознавање со предлозите и со решенијата на Работната група

---

[9] Ibid, за ова поширoко стр. 35-39.

## Заклучок

Технолошкиот напредок, меѓународната економија и еколошките закани ги надминаа рамките на земјите и континентите. Затоа, опасностите што произлегуваат од овие нови извори на загрозување ги усложнија задачите за заштита и за спасување на населението и материјалните добра.

Како резултат на тоа се зголеми фреквенцијата на настанување несреќи, чија сложеност, димензии и негативни ефекти се се поголеми. Често се случува несреќите да предизвикаат штети истовремено и во повеќе држави.

Таа реалност, меѓународниот фактор го приморува да формира бројни тела, агенции, организации и сл, кои можат да бидат од светски или од регионален карактер.

Советот за цивилно-воено планирање во Југоисточна Европа е тело кое има за цел координација на напорите на земјите од Југоисточна Европа, заради заштита и спасување на населението и на материјалните добра во случај на големи природни и техничко-технолошки несреќи.

Сличната природа на овие земји и во поглед на техничко-технолошките карактеристики, како и во поглед на загрозеноста од природни непогоди ја детерминираат неопходноста од формирање на едно вакво координативно тело на почетокот на новиот милениум.

Улогата задачите и структурата на овој совет дава надеж за поуспешно справување со несреќите кои ќе се појават во земјите на Југоисточна Европа. Исто така, Советот според својата поставеност ќе остварува широка соработка и со останатите меѓународни тела кои се занимаваат со заштита и спасување, како и со други држави кои не се членки на овој Совет, нудејќи им и барајќи од нив помош според потребите.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. Civil-military emergency planning workshop-"Romania 2000"- Bucharest, 2000g
2. Civil protection in Romania -Romanian Guvernment-Civil protection command - Bucharest, 2000
3. Federal response plan-FEMA, Washington ,1999
4. Home Office- Dealing with Disaster-London 1991
5. Draft 4-Agreement on the establishment of the Southeastern European -SMEPC- Varna,Republik of Bulgarija,September 2000
6. Митревска М.,"Цивилна одбрана-меѓународен статус"НИГП"Европа '92" Кочани,1998

# ПАРТНЕРСТВОТО ВО НАСОКА НА РЕФОРМАТА НА ОДБРАНАТА ВО ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ НА ПзМ

**Панче ВАСИЛЕВ**
Министерство за одбрана
**Ванчо КЕНКОВ**
Филозофски факултет, Институт за одбрана - Скопје

**Апстракт:** *Во рамките на трудот дадени се некои аспекти на Партнерството во насока на реформата на одбраната. Партнерството е динамичен процес во којшто сојузниците и партнерите се во специфичен интеракциски однос. Тој се развиваше мошне брзо, и од практичен и од концептуален аспект. Сојузниците го издигнаа Партнерството на највисоко политичко ниво со стратешкиот концепт, додека партнерите потполно ги поддржаа и дадоа значителен придонес во остварувањето на целите на НАТО. Со сигурност може да се заклучи дека Партнерството ќе продолжи да ја следи и да ја поддржува политичката агенда, бидејќи е интегрален дел од Алијансата. Партнерството исто така ќе продолжи и да стимулира дебати и да ја усмерува агендата во областите каде што постоечкиот специфичен интеракциски однос ќе може и понатаму да се развива.*

**Клучни зборови:** *Партнерство за мир (ПзМ), Акционен план за членство, ПАРП, безбедност, одбрана.*

**Abstract:** *A few aspects the Partnership for Peace into direction of the Defence Reform are presented in this paper. The Partnership is a dynamic process in which Allies and Partners are in interaction relationship. This process has been developing very fast, both from practical and coceptual aspect. The Allies heave elevated the Partnership to the highest political level with the New Strategic Concept, while Partners have supported fully and have provided significant contribution to the accomplisment of NATO goals. It can be concluded without doubt that the Partnership will continue to follow and support the political agenda because it is an integral part of the Alliance. Also, the Partnership will continue to stimulate debates and to direct agenda within the areas where the exiting spedific relationship can be developed further.*

**Key words:** *Partnership for Peace (PfP), Membership Action Plan, Planning and review Process, security, defense.*

## Вовед

Со завршувањето на Студената војна, и паѓањето на Берлинскиот ѕид се создадоа услови за изградба на нови меѓународни односи. Овие настани беа двигател на дезинтегративните процеси, како што се распаѓањето на Советскиот сојуз, поранешната СФРЈ итн. Сепак, и покрај овие дезинтеграциони процеси се случи проширувањето на Европската унија и промовирањето на нејзината заедничка надворешна и безбедносна политика, реактивирањето на ЗЕУ, НАТО ги отвори вратите за прием на нови членки и ја објави иницијативата Партнерство за мир.

Кога на Вашингтонскиот самит во јануари 1994, НАТО ја усвои програмата Партнерство за мир (ПзМ) никој не можеше да предвиди колку важна ќе стане таа програма. ПзМ беше понудено на сите земји-членки на ОБСЕ способни и спремни да придонесат кон реалната соработка во воените и во активностите од областите поврзани со одбраната. Во оваа соработка, исто така, беа вовлечени и неутралните земји од Европа.

Земјите-аспиранти (повеќето од нив) за членство во НАТО беа разочарани со ПзМ, бидејќи го сметаа како "политика за одложување". Стремејќи се да им одговори на притисоците на упорните партнери за приклучување кон Алијансата, во септември 1995 НАТО ја издаде СТУДИЈАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА НАТО. Студијата истакнуваше дека Алијансата очекува нови членки. Во неа стоеше: "ПзМ ќе им помогне на партнерите да ги преземат неопходните реформи на полето на раководењето со одбраната кои се однесуваат на транспарентно планирање на националната одбрана, издвојување ресурси и буџетирање, соодветно законодавство и парламентарна и јавна одговорност. Процесот за планирање и преглед на ПзМ (ПАРП) и вежбите ќе ги воведат партнерите во планирањето на колективната одбрана и ќе го поплочат патот кон подетално оперативно планирање".

Стратешкиот концепт на НАТО, презентиран пред две години за време на Вашингтонскиот самит, ја призна вредноста на Партнерството со негово воздигнување до ниво на фундаменталните безбедносни задачи на НАТО. Меѓу петте задачи, три датираат од претходниот Стратешки концепт:

- безбедноста во евроатлантскиот регион;
- консултации помеѓу сојузниците околу прашањата поврзани со мирот и стабилноста;
- детерант и одбрана од каков било вид на закана од агресија на која било земја-членка на НАТО.

Другите две задачи го рефлектираат новиот НАТО:

- менаџмент со кризи, вклучувајќи превенција од конфликти и операции за одговор на кризи;
- партнерство за соработка во поширок контекст и дијалог со другите земји во евроатлантскиот регион.

Согласно Стратешкиот концепт, Партнерството има за цел да ја промовира зголемената транспарентност, взаемната доверба, можноста и капацитетите за заедничка акција помеѓу земјите-сојузнички и другите земји во евроатлантскиот регион. Фактот што Партнерството е една од безбедносните задачи на Алијансата, значи дека сојузниците остануваат на определбата за обезбедување на потребни воени капацитети, за да може да одоговорат на цел спектар одредени околности. Но тоа, исто така значи

дека сојузниците немаат намера тоа да го прават сами. Тие одбраа да се фокусираат повеќе на развивањето соработка со земјите кои не се членки на НАТО, кои ги делат целите на Алијансата и да ги вклучуваат истите, како политички така и воено, во напорите за промовирање на евроатлантската безбедност. Треба да се напомене дека Партнерството постоеше во практиката пред истото да биде дефинирано со Стратешкиот концепт. Својата прва дивиденда Партнерството ја плати(даде) на Балканот. Придонесот на партнерите во СФОР и КФОР е најјасен знак дека Партнерството беше вистинска стратегија. Впрочем, не е претерување ако се каже дека операциите во Босна и на Косово не ќе можеа никогаш да успеат без вклучување на партнерите. Партнерското вклучување и поддршка, со директен придонес со сили или со согласност за транзит, стационирање на сили или прелетување на територија, на "*Аллиед Форце*", (тоа беше името на силите пред тие да се трансформираат во КФОР), се покажа суштествено за успехот на НАТО.

Моќта на ПзМ лежи во можноста да одговори на индивидуалните потреби на партнерите и да ги "крои" програмите на активности за секој и за секого и така да одговара на специфичните барања на нивните вооружени сили. Фер е да се каже дека ПзМ ги надмина сите очекувања. Низ едукација, обука и вежби, ПзМ го извезе(експортира) НАТО начинот на работење во земјите заинтересирани да развијат потесни врски со Алијансата, без разлика на тоа дали тие се стремат кон членство или не. ПзМ не е само за партнерите, тоа е исто така и за НАТО. Од денот на објавување, ПзМ стана централна одлика(карактеристика) на НАТО-вата надворешна политика и движечка сила во прилагодувањето на Алијансата на новото безбедносно окружување.

## 1. Институционални аспекти на ПзМ

Во изминатите години, Партнерството се разви како институционално така и операционално. Со цел да се одговори на потребата од повидлива политичка врска, во мај 1997 година беше створен евроатлантскиот партнерски совет. Со тоа беше создаден форум за политички консултации помеѓу партнерите и сојузниците на највисоко ниво. Неговата агенда со текот на времето се прошири и покрива бројни области на соработка. Во сите овие аспекти на консултации во ЕАПС формат, ПзМ ја дава основата(суштината), претставува потпирач за развој на планови и нови иницијативи.

ПзМ обезбедува конкретни средства за помош на другите политички арени на НАТО во развојот на политичката соработка во воените и во областите поврзани со одбраната. ПзМ, исто така, го инспирираше и дијалогот, кој НАТО го иницира со шест земји од медитеранскиот регион со цел да ја промовира и да ја потпомогне довербата меѓу Алијансата и нејзините соседи на Југот. Медитеранската група за соработка ги искористи практичните активности на ПзМ за развој на своја сопствена програма.

Со развојот на институционалните аспекти на дијалогот и соработката, концептот на НАТО за партнерство се прошири надвор од ПзМ. Развојот на

оваа институционална димензија на Партнерството може да се согледа од три аспекти:

- од географски аспект-ги поврза речиси сите земји во евроатлантската област;
- од политички аспект-ја разви идејата за кооперативна безбедност;
- од психолошки аспект-го порази секое чувство за издвојување.

Би можело да се каже дека на Мадридскиот самит беа развиени споменатите институционални аспекти на ПзМ, честопати нарекувани како “зајакнато ПзМ”, додека на Вашингтонскиот самит вниманието беше насочено на оперативното ПзМ.

## 2. Оперативни аспекти на ПзМ

Голем дел од кооперативните напори во рамките на ПзМ се состои во подготвување и развивање способности на земјите-партнери за распоредување на сили, заедно со земјите-сојузнички во можните операции за менаџмент со кризи, како и во мировни и во хуманитарни операции. Преку ПзМ на корисен начин би требало да се прошири “базенот” на соодветно обучени и опремени сили кои ќе бидат оспособени за блиска соработка на теренот под знамето на НАТО или на некоја друга соодветна организација (ООН, ЕУ). Крајна цел е да се зголеми интероперативноста помеѓу силите на сојузниците и партнерите за операции за одговор на кризи. Оперативното партнерство достигна нов стадиум за време на Вашингтонскиот самит, под името “Зајакнато и пооперативно партнерство”.

Тоа се состои од четири главни елементи:

1. Политичко-воената рамка (ПВР) за ПзМ операции предводени од НАТО;
2. Проширен и адаптиран Процес за планирање и преглед на ПзМ (ПАРП);
3. Концепт за оперативни способности за ПзМ операции предводени од НАТО;
4. Програма за зајакната ПзМ обука и образование.

### ***Политичко-воената рамка (ПВР) за ПзМ операции предводени од НАТО***

Здружениот одговор во менаџментот со кризи бара повеќе од интероперативни сили. Партнерите коишто активно придонесуваат во некоја ПзМ операција предводени од НАТО, исто така сакаат да имаат свој збор и во контролата. ПВР треба да ја зајакне улогата на партнерите во политичките насоки, надзорот, оперативното планирање и аранжманите за командување при овие операции. Оваа рамка практично го дефинира начинот на којшто

Алијансата и партнерите ќе работат заедно преку разни фази на некоја криза-која што би можела да резултира со ПзМ операција предводена од НАТО.

***Процес за планирање и преглед на ПзМ***

Овој процес е насочен кон зајакнување на интероперативноста на силите на партнерите коишто се декларирани за учество во ПзМ активностите, притоа одразувајќи ја сопствената одбрана на НАТО и Планот за планирање на силите. Министерските ПАРП насоки коишто на секои две години ги усвојуваат министрите за одбрана на земјите сојузнички и партнерите, ја даваат стратешката насока за идниот развој на способностите на земјите за менаџмент со кризи. Партнерските цели, коишто министрите за одбрана на секои две години исто така, ѝ овозможуваат на секоја земја да ги идентификува силите и способностите што се ставени на располагање за ПзМ операции предводени од НАТО и ги поставуваат целите за планирање на нивниот развој.

Процес за планирање и преглед (ПАРП), претставува процес кој постојано еволуира. Во моментот актуелен е третиот циклус на ПАРП. Во суштина овој процес е инструментариум за мерење на степенот на интероперативност помеѓу земјите-партнери и НАТО, односно земјите-членки на НАТО. ПАРП исполнува четири важни улоги:

1. Им помага на партнерите да ги развијат способностите и интеропертивноста на своите декларирани сили со оние на Алијансата за НАТО-предводени ПзМ операции и другите можни надвор од членот 5 операции за одговор на кризи, во кои би биле вклучени и сојузниците и партнерите;

2. Се користи за унапредување на работата во рамките на Акциониот план за членство (МАП) со цел да им помогне на оние нации аспиранти за членство во Алијансата, да се подготват за идните обврски поврзани со членството;

3. Игра значајна улога во идентификувањето на силите и способностите, што можат да бидат достапни за ЗЕУ-предводените операции, а во иднина исто така можат да играат таква улога во врска со ЕУ-предводените операции, предмет на договорените НАТО-ЕУ аранжмани;

4. Придонесува во транспарентноста на одбранбеното планирање.

Степенот на интероперативност се мери согласно степенот на исполнување на критериумите дефинирани во партнерските цели (ПЦ). Република Македонија од понудениот пакет на 54 ПЦ, по детални консултации со НАТО, прифати 45, од кои 24 се оцените како приоритет од прв ред. Исполнувањето на критериумите дефинирани со ПЦ директно е условено со усвојувањето на одредени стандарди на НАТО.

***Концепт за оперативни способности за ПзМ операции предводени од НАТО***

Зајакнатото и пооперативно Партнерство го воведе Концептот за оперативни способности за ПзМ операции предводени од НАТО. Овој концепт се развива со цел да се зајакнат оперативните способности на ПзМ, со тоа што на Алијансата ќе ѝ  се овозможи да ги спои "скроените" пакет сили за започнување и одржување на операции предводени од НАТО, како што се СФОР и КФОР. Концептот се фокусира на силите и на способностите коишто би биле ставени на располагање за такви операции и да обезбедува можности за подлабока воена соработка помеѓу сојузничките и партнерските сили.

***Програма за зајакната ПзМ обука и образование***

Зајакнатото и пооперативно Партнерство, вклучи и Програма за зајакната ПзМ обука и образование, која ја потврдува улогата на три нови ПзМ алатки: ПзМ Конзорциум на воени академии и институти за одбранбено-безбедносни студии, ПзМ Мрежа за вежби со симулација и ПзМ Центри за обука. Овие алатки ќе се користат за зголемување на човечките ресурси коишто се ставени на располагање за соработка меѓу НАТО и партнерите.

Придонесот на партнерите во развојот на "Зајакнатото и пооперативно партнерство" е огромен. Сето ова претставува еден вид консултативен процес кој постојано се развива и се имплементира со директно секојдневно активно учество на партнерите. За сојузниците и партнерите, оперативното ПзМ овозможува практични алатки и механизми коишто заеднички можат да се применуваат во постоечките и  во идните операции за одговор на криза.

## 3. Партнерството и тековните иницијативи на НАТО

Покрај својата фундаментална безбедносна задача, Партнерството стана константна димензија на работата на Алијансата. Не постои комитет на НАТО кој не се занимава со прашањата во врска со Партнерството во еден или во друг аспект. Како мерка за успехот на ПзМ, интересно е да се напомене дека повеќето иницијативи од Вашингтонскиот самит беа од агол на ПзМ.

***Иницијатива за одбранбени способности***

НАТО не е само клуб на нации истомисленички, тој исто така е одбранбена организација со операционален фокус. Кредибилитетот на НАТО и неговата способност да ја гради безбедноста и стабилноста, зависи од воената компетенција на Алијансата, можноста да одржува и да воведува во дејство модерни, борбеноспособни сили, структуирани, обучени и опремени за операции во 21 век. Колективната одбрана останува централна мисија на Алијансата и на НАТО силите им требаат големи способности за таа задача. Денес, покрај

променливите барања од колективната одбрана, се соочуваме со нови предизвици и нови мисии: мали регионални или граѓански војни, хуманитарни вонредни состојби и операции за зачувување на мирот. Армиите на денешнината мораат да бидат помали и помобилни, способни за брзо распоредување во кризни подрачја со логистичка поддршка и соодветно обучен персонал за извршување на задачи за подолг временски период.

Ако тоа не е доволно, војските на денешнината, исто така, мораат да имаат и уште една друга витална карактеристика: мораат да имаат способност за оперирање во мултинационационална командна структура. Ова става зголемена вредност на интероперативноста. Во операциите на денешнината, клучот е интероперативноста.

Земјите, и сојузничките и партнерите, моментно се во фаза на фундаментални реформи на одбраната и на војската, а сè со цел да се соочат со предизвиците и да ги исполнат изменетите потреби. ПзМ става зголемен нагласок на новите мисии и на мултинационалните операции во кои се вклучени силите на сојузниците и на партнерите.

Еден од клучните механизми за подобрување на способностите на земјите е системот на НАТО за планирање на одбраната. Тој ги дефинира целите на силите коишто пак, од своја страна, обезбедуваат детали за тоа какви способности ѝ се потребни на секоја земја во областите како што се борбена ефикасност, самостојност, мобилност, способноста за распоредивување и за преживување. Преку системот на НАТО за Планирање на одбраната за партнерите (ПАРП), истите способности се бараат за секој партнер. Пакетот Партнерски цели (ПЦ) за 2000г. се однесува на подобрување на способноста на силите на партнерите за распоредување и мобилност, за одржување и логистика, за преживување и ефикасно ангажирање, како и за командување и контрола и информациски системи.

Со исполнување на своите планирани цели, партнерите ќе се приближат до стандардите коишто земјите-членки на НАТО ги имаат поставено за себе. Иницијативата за одбранбена способност бара единиците, за коишто постои веројатност дека ќе бидат ангажирани во операциите за одговор на кризите на денешнината, согласно нивните задачи да бидат соодветно обучени, извежбани и опремени; брзо и ефикасно да можат да бидат транспортирани во областа на операции; и својата работа да можат да ја извршат ефективно како дел од една поголема мултинационална единица. Концептот за оперативни способности за операции предводени од НАТО, кој, како што веќе е објаснето, беше иницирган во Вашингтон, исто така е насочен кон зајакнување на способностите на земјите-партнери во оваа насока. Неговата потполна имплементација ќе ги надополни сојузничките напори за зголемување на способностите во областите од иницијативата за одбранбена способност.

### *Иницијативата на НАТО за Југоисточна Европа*

Во иницијативата на НАТО за Југоисточна Европа се содржани регионалната соработка, раководењето со кризи и превенцијата на конфликти. Меѓународната заедница кон овој проект пристапи на сеопфатен начин. НАТО не беше сам. Европската унија, ОН и ОБСЕ исто така ги играа своите раководни улоги. Заедничката цел е иднина во која Југоисточна Европа ќе престане да биде извор на нестабилност и на конфликти, иднина во која овој регион ќе биде стабилен и ќе просперира во мир во свои рамки и со останатиот дел од Европа. Придонесот на партнерите не може да се мери само од аспект на операциите предводени од НАТО. Исто така, станува збор и за придонес во ангажирањето на меѓународната заедница во операции за раководење со кризи во поширока смисла - вклучувајќи и градење мир. Придонесот на партнерите се прошири во поголемо партнерство - партнерството на институциите. Сите тие тела работат заедно, секој ден, со цел да обезбедат мир и стабилност и да ги поддржат меѓународните стандарди за стабилност, демократија, човечки права и владеење на правото. Оваа практична соработка меѓу организациите е голема промена во однос на минатото и сè повеќе се развива. Координацијата секогаш е предизвик за развојот на јасна визија, предизвикот на заедничка стратегија е очигледен. Партнерството помогна во развојот на практичните аспекти на оваа соработка на институциите, но практичната рамка сè уште е во својот ран стадиум. ПзМ има практичен карактер и работи по принципот на постојано унапредување. Но сепак, постои простор за понатамошна работа во смисла на поширока дефиниција на раководењето со кризи.

Исто така, сојузниците и партнерите работат и во насока на самоодржување на мирот преку поттикнување и поддржување на регионалната соработка со цел да се спречи повторно појавување на конфликтите. "Имаме намера да го одржуваме консултирањето на НАТО со земјите во регионот на ЈИЕ. Согласно на тоа, ќе им предложиме еден консултативен форум за безбедносни прашања кои ги обединуваат сите НАТО-членки и земјите од регионот", се вели во коминикето од Вашингтонскиот самит во врска со инцијативата на НАТО за Југоисточна Европа. НАТО мора да продолжи да ја промовира интеграцијата, бидејќи историјата од втората половина на 20-тиот век не подучува дека интеграцијата мора да негува доверба, стабилност и просперитет. Следејќи го овој курс, на сите земји од Југоисточна Европа мора да им биде дадена можност да им се приклучат на евроатлантските структури и да станат дел од европската матица. Со други зборови, на интеграцијата треба да гледаме како на краен начин за спречување на конфликти и за изградба на стабилност. НАТО мора да работи во насока на изнаоѓање сеопфатни решенија за проблемите од Југоисточна Европа, но заедно со земјите од регионот.

Иницијативата на НАТО за Југоисточна Европа (ЈИЕ) се потпира на четири столбови:

- промовирање на регионалната соработка во ЈИЕ преку активностите под покровителство на ЕАПС;
- активно користење на ПзМ механизмите
- форум за консултации во областа на безбедноста и одбраната во ЈИЕ;
- програми за соработка во областа на безбедноста и одбраната помеѓу НАТО и секоја од земјите во регионот.

Оваа иницијатива создаде поширока политичка рамка за Процес за министрите за одбрана во ЈИЕ *(South-Eastern Defence Ministerial (СЕДМ))*.

Процесот за соработка на министрите за одбрана на земјите од Југоисточна Европа (СЕДМ) ги вклучува министрите за одбрана од пет земји-партнери (Албанија, Бугарија, Македонија, Романија, Словенија) и четири земји-сојузнички (САД, Грција, Турција, Италија). Неодамна Хрватска побара членство во СЕДМ. Основните цели на овој процес се:

- поттикнување на регионалните лидери на одбраната да соработуваат по многу прашања од областа на безбедноста; и
- олеснување на подобрената интероперативност со силите на НАТО..

Од 1996 година министерските состаноци на СЕДМ се одржуваат еднаш годишно (Тирана, Софија, Скопје, Букурешт, Атина итн.). Процесот СЕДМ вклучува периодични состаноци на замениците-министри за одбрана, замениците, началниците на генералштабовите или на штабовите за одбрана и експерти. СЕДМ нема постојани структури, т.е. нема финансиски договор или повелба, нема постојан меѓународен секретаријат.

Така, додека се спроведуваат разни консултации и активности (од работни состаноци до вежби) на доброволна основа под покровителство на СЕДМ, самиот СЕДМ не е имплементирачка организација.

Единствен исклучок до денес се Мултинационалните мировни сили за ЈИЕ (ММСЈИЕ), формирани со формален договор во септември 1998 на министерскиот состанок кој се одржа во Скопје. Сите СЕДМ земји се приклучија на ММСЈИЕ, освен САД и Словенија кои имаат статус на набљудувачи. ММСЈИЕ создава мултилатерална бригада "на повик" (Бригада на Југоисточна Европа или СЕЕБРИГ), која ќе биде ставена на располагање за можно распоредување со мандат на ОН или ОБСЕ, или во операции за превенција на конфликти или други мировни операции за поддршка на мирот предводени од НАТО или ЗЕУ.

Некои специфични примери за активностите на СЕДМ се следниве:

- Инженерски сили за посебна намена (*ЕТФ*). Во Букурешт во ноември 1999 СЕДМ министрите се договорија да формираат Мултилатерална градежна инжинерска единица, која би можела да биде распоредена за давање одговор на

хуманитарна криза, природни катастрофи и други вонредни состојби. Долгорочна цел е да се формира мултинационална способност за давање помош при вонредни состојби “на повик” за ограничени операции како на пример: поправка на патишта, мостови или железнички пруги, и ограничено отстранување и расчистување на мини и неексплодирани средства. Регионалните учесници ги идентификуваа потенцијалните национални придонеси за ЕТФ по наредба за по една инженерска чета од секоја земја. СЕДМ се согласи дека во блиска иднина, ЕТФ треба да стекне практично искуство преку заедничка работа на скромни, мултилатерални проекти.

- Мрежа за информации во кризни ситуации. Во Букурешт, министрите исто така се договорија и за формирање на Мрежа за информации во кризни ситуации (*ЦИН*), која ќе се изгради врз постоечкиот ПзМ систем за управување со информации (*ПИМС*). *ЦИН* ќе им овозможи на земјите од СЕДМ да разменуваат податоци и да го координираат мултилатералниот одговор на хуманитарните кризи, природните катастрофи и други операции за вонредни состојби. Веќе постои иницијална способност за *ЦИН* и таа е подготвена да ги прими првичните податоци (на пр. податоците за националните способности за одговор на вонредни сосотојби). Ќе продолжи работата на експертско ниво со цел да обезбеди ефективна имплементација и да се подобри мултилатералната соработка.

***Акционен план за членство***

Целта на Акциониот план за членство (АПЧ), иницирани на Вашингтонскиот самит во април 1999, беше да се убедат останатите девет аспиранти дека членот 10 и политиката за "Отворена врата" не се празни и, исто така, да им помогне во развојот на нивните сили и способности кои би можеле да функционираат во НАТО во рамките на неговиот нов Концепт за оперативни способности. Акциониот план за членство е поспецифичен од "Студијата за проширување на НАТО" во 1995 во дефинирањето на она што аспирантите треба да го реализираат на нивниот “пат” кон стекнување членство. Тој е дизајниран на начин кој ги инкорпорира научените лекции за време на разговорите за пристапување со Полска, Унгарија и Република Чешка и не обезбедува список за проверка кој треба да го пополнат земјите-партнери.

АПЧ претставува основа за натамошен прогрес на интензивиран и на индивидуален дијалог во однос на прашањата за членство и истиот е дизајниран така, да ја зајакне цврстата определба за понатамошно проширување на Алијансата. Со други зборови, АПЧ претставува моделирана програма за аспирантите, дизајнирана да помогне во изградбата на картата за идното членство, нудејќи активен совет, помош и практична поддршка за зајакнување на кандидатурите. Но, програмата не може да се смета како список на критериуми потребни за членство.

АПЧ кој претставува практична манифестација на “Отворена порта”, е поделен во пет поглавја. Тие се:

1. Политички и економски прашања.
2. Прашања во однос на одбраната/воени прашања.
3. Прашања во однос на ресурсите.
4. Прашања во однос на безбедноста.
5. Правни прашања.

Во рамките на секое од овие прашања, АПЧ ги идентификува прашањата кои би можеле да се дискутираат генерално и да ги истакнат механизмите со чија помош најдобро ќе се изведат подготовките за можно крајно членство. Списокот на прашања кои се определени за дискусија не го содржи критериумите за членство и неговата цел е да ги опфати оние прашања кои самите земји аспиранти ги идентификувале како содржини за кои сакаат да зборуваат.

Од секоја земја-аспирант се бара да изготви национална програма за подготовки за можно идно членство. Во таа програма се утврдуваат задачите и целите за нејзините подготовки и се содржат специфични информации за преземените чекори, за претставниците кои се одговорни и, онаму каде што е потребно, се изготвува распоред на активности за специфичните аспекти на тие подготовки. По своја желба, земјите аспиранти имаат можност да ја ажурираат националната програма. Програмата би создала основа за Алијансата да го следи прогресот што го прават аспирантите, како и можност за добивање повратни информации.

Процесот АПЧ го содржи истиот потенцијал како и ПзМ, кое созреа во фундаментална програма која во почетокот не беше замислена од нејзините архитекти. Во текот на 2000 година, беше извршена проценка на искуството стекнато во текот на првата година од одбранбеното планирање на новите НАТО членки и на деветте АПЧ партнери. Меѓутоа, и понатаму треба да има предлози за понатамошно унапредување со цел оваа програма да претставува успех.

Покрај тоа што го содржи истиот потенцијал, АПЧ во голема мера и се потпира на ПзМ. Партнерството ги обезбедува главните алатки и механизми, суштествената основа за обука според која заинтересираните земји-партнери можат да се подготват за своите одговорности и обврски коишто се однесуваат на заедничката безбедност и на колективната одбрана за којашто тие се подготвуваат. Овие обврски се многу реални. Тие не значат само подготвеност за дискутирање за безбедносни прашања со сојузниците и давање финансиски придонеси за разни буџети на НАТО. Што е уште поважно, обврските исто така вклучуваат и подготвеност за борба заедно со најдобрите сили, во одбрана на другите сојузници и, се разбира, давање придонес за сопствената одбрана. Ова би била основата, Вашингтон, Париз, Лондон и други во иднина да ги испратат своите сопствени трупи во одбрана на некоја нова земја-членка.

Парламентите на земјите-сојузнички ќе ги разгледуваат земјите-аспиранти преку политичка и воена лупа, земајќи ги предвид притоа нивните демократски официјални документи и нивната воена подготвеност. И во двата случаи, ПзМ ќе ја одигра својата улога. Од самиот почеток, ПзМ понуди неколку семинари и специфични активности за демократската контрола на вооружените сили и цивилно-воените односи воопшто, а и понатаму продолжува да служи како инструмент за канализирање на оваа порака и за ревизија на статусот на некоја земја во оваа смисла. Оперативното ПзМ исто така се фокусира и на оперативните способности на секоја земја-партнер.

ПзМ е каментемелник за подготовката на аспирантите во областа на одбраната. Меѓутоа, аспирантите мораа да отидат еден чекор понатаму, а ПзМ механизмите, а особено Процесот за планирање и преглед - се адаптираат на построгите барања од АПЧ. Кратко речено, додека партнерите декларираат само еден дел од своите вооружени сили за ПзМ, аспирантите мора да ги подложат своите целокупни сили на ПзМ механизмите за обука, увежбување и преглед. Значи, делокругот на напорите мора да ги надмине декларираните сили за ПзМ.

Понатаму, се проширува и фокусот. Партнерите се фокусираат на интероперативноста, со цел да ги зголемат своите способности во операциите за одговор на кризи. Во контекст на АПЧ, аспирантите исто така мора да одговорат и на две други цели покрај интероперативноста и нивниот потенцијален придонес во операциите предводени од НАТО. Тие мора да се фокусираат на нивната способност за придонес во нивната сопствена одбрана и во одбраната на другите земји-сојузнички. Во таа смисла, процесот АПЧ ги користи ПзМ инструментите и механизмите за надминување на оригиналните ПзМ цели.

Дел од силата на партнерите лежи во нивната флексибилност за адаптирање кон новите потреби и за одговор на новите иницијативи и политичките насоки. Друг дел од силата лежи во практичниот пристап кон давањето одговор на разновидниот спектар на одбранбени/воени прашања кои мора да бидат предмет на разгледување, како дел од процесот за интеграција на нови членки. Овој практичен пристап ни овозможува да ја деполитизираме дебатата до одреден степен и да се фокусираме, на полето на одбраната/војската, не толку многу на прашањето дали некоја земја ќе се приклучи на Алијансата, туку кога таа земја би можела да го стори тоа.

Во изминатите две години, АПЧ во голема мера претставуваше процес на учење, како за сојузниците така и за партнерите. Но, оваа работа беше од голема корист за Партнерството во целина. Процесот АПЧ постави многу барања. Тој ги принуди земјите својата работа да ја структуираат по пат на приоритетизирање на прашањата коишто се релевантни за членството во

НАТО, како и да извршат ревизија на постигнатиот прогрес во овие области, воедно зголемувајќи ја и неопходната координација во државната машинерија. Земјите-сојузнички, а и НАТО исто така, мора подобро да го фокусираат својот пристап кон проценката на прогресот, а АПЧ процесот наметна модифицирање на ПзМ процедурите што на некој начин се покажа корисно за сите партнери.

АПЧ процесот ја нагласи важноста, а воедно и ургентноста во случај на аспирантите, за продолжување со реформата на одбраната. Реформата на одбраната стана суштествен приоритет за секоја земја што сака да се приклучи на Алијансата. Ова особено ќе биде важно при подготовките за самитот што ќе се одржи следната година.

## Заклучок

"*Соодветни структури на одбраната, засновани врз процес на планирање на одбраната со реални и кредибилни ресурси, се приоритет од суштествено значење за аспирантите*." - Лорд Робертсон, генерален секретар на НАТО.

Но, пораката оди и понатаму. Предизвикот е јасен и за сојузниците и за партнерите, бидејќи соодветноста на структурата и способноста на одбраната е суштествена за модерни, демократски држави и придонесува кон зајакнување на меѓународната стабилност. Реформата на одбраната претставува критичен фактор за имплементација на Иницијативата за одбранбени способности. Таа е клуч за успехот на АПЧ, а воедно и сé повеќе станува суштествен дел од опсежните ПзМ напори и поширокото партнерство.

Реформата на одбраната ќе стане централна цел во Партнерството. Станува збор за значајна и легитимна област на фокусирање, бидејќи на уникатен начин НАТО е добро поставен да ја промовира најдобрата практика на ова поле. Денес, реформата на одбраната стана заеднички напор за сојузниците и за партнерите кои се поврзани со исто барање: остварување на ефикасна одбрана во услови на лимитирани буџетски средства.

Реформата на одбраната пред сé се однесува на исполнувањето на националните одбранбено-безбедносни потреби. Земјите одлучуваат да започнат со реформа, бидејќи таа е во нивен национален интерес. Исто така, реформата воедно претставува и средство за посилно партнерство со НАТО и за идно членство. Но, таа мора да започне со национална одлука за ангажирање во овој процес.

Реформата на одбраната е долготраен процес. Треба да бидеме реални; потребниот вид на реформа не може и нема да се случи преку ноќ. Тоа нема да биде лесно или без план. Станува збор за сериозни, структурални промени во голема и скапа организација. Понатаму, реформата на одбраната со себе носи и политички и социјални импликации. Потребата за згрижување на вишокот персонал е особено важен аспект на реформата на одбраната.

Иако е долготраен процес, таа е и ургентна потреба. Преструктуирањето на одбраната мора да се изврши, и колку повеќе се одолговлекува, толку станува поскапа. Ресурсите, потрошени или не, се инвестираат таму, каде што за тоа постои потреба. Во

основа, лимитираните ресурси се ограничени во неефикасни структури или пак не се инвестирани воопшто. Така, колку и да е долг процесот, тој мора да започне веднаш. Ова е неопдходно како за земјите коишто мораат да ги намалат своите сили, така и за земјите коишто треба да ги изградат.

Политичката и јавната поддршка, како и ресурсите се од суштествено значење за реализација на овој процес. Владата мора да даде поддршка, вклучувајќи го и министерот за финансии, а напорите мораат соодветно да бидат координирани. Парламентите мораат да бидат вклучени, бидејќи нивните избирачи мораат да бидат убедени дека напорите коишто се вложени во одбраната се во најдобар интерес за земјата. Вклучувањето на парламентите е исто така важно, заради усвојување на релевантните суштествени закони.

Прво, на една земја ѝ се потребни рамковни документи за поддршка на нејзините национални планови и меѓународни цели. Стратегиите за одбрана и воената доктрина треба да бидат предмет на јавна дебата и одобрение од страна на националните парламенти. Второ, постои потреба за адекватна правна основа за распоредување и примање сили и средства во и од странски земји: аранжмани за поддршка во улога на земја-домаќин, СОФА-договори и слично. Трето, потребно е соодветно законодавство од областа на безбедносните аранжмани за заштита и обезбедување пристап до доверливи информации. Најпосле, во некои земји овие законски аранжмани можат да предизвикаат и уставни промени. Овие аспекти особено се релевантни за земјите-аспиранти.

Системот за планирање на одбраната исто така е мошне важен. Тоа е механизам, кој обезбедува земјите да развиваат реални и соодветно контролирани планови за одбраната, во светлината на политичките амбиции и доделените постоечки ресурси. Многу обиди за реформа на одбраната пропаѓаат заради нереалното планирање, недостатокот од јасна и добро разбрана рамка и непостоење на волја за приоритетизирање врз основа на анализи што се темелат на кредибилни ресурси. Ова е областа каде што НАТО може да помогне. Планирањето на одбраната на НАТО - и ПАРП за партнерите, игра значајна улога во оваа смисла. Без соодветно функционален систем за планирање на одбраната, земјите можат да стекнат способности коишто не мора со сигурност да бидат најдобри во светлината на нивните политички цели и нивните финансиски и човечки ресурси.

На кратко, целта на реформите во одбраната е здраво раководење со одбранбените напори коешто не се фокусира само на она што се инвестира, туку и на она што се добива од инвестицијата. Меѓутоа, постои потреба за поставување на основни критериуми коишто би овозможиле прогрес на мониторингот и поспецифично разгледување на потешкотиите што се појавуваат. Тогаш, ПзМ би можело да се осврне на овие области и да обезбеди специфична помош, а ќе треба да се развијат практични модалитети коишто ќе им помогнат на земјите во прогресот на реформите во нивната одбрана. Речиси сите земји-сојузнички извршија, а некои сè уште се во процес на извршување ревизии на нивните сили и структури при што ги земаат предвид Стратешкиот концепт на НАТО и Иницијативата за одбранбени способности. Во рамките на Партнерството, прогресот е поваријабилен. Некои партнери минаа низ ист процес како и сојузниците, додека пак други се соочија со повеќе потешкотии при преструк-

туирањето. Давањето помош на овие земји во нивните напори ќе биде една од целите на Партнерството во годините што доаѓаат. Делчето што недостасува се практичните модалитети за ангажирање во реформа на одбраната.

На крајот, Партнерството е динамична средина во која сојузниците и партнерите развиваат еден независен однос. Тој се развиваше мошне брзо, и од практичен и од концептуален аспект. Сојузниците го издигнаа Партнерството на највисоко политичко ниво со стратешкиот концепт, додека партнерите потполно ги поддржаа и дадоа значителен придонес во намената и целите на НАТО. Со сигурност може да се заклучи дека Партнерството ќе продолжи да ја следи и да ја поддржува политичката агенда, бидејќи е интегрален дел од Алијансата. Партнерството исто така ќе продолжи и да стимулира дебати и да ја усмерува агендата во областите каде што независниот однос, што постои меѓу сојузниците и партнерите, ќе може и понатаму да се развива.

Република Македонија е свесна за неопходноста од реформи во одбраната и веќе е во фаза на имплементација. Сратешки документ, со кој се димензионира реформамата е "Годишната национална програма за подготовки на Република Македонија за членство во НАТО" (ГНПЧ). ГНПЧ претставува база за еволвирање на Програмата за приод и транзиција на Република Македонија во НАТО структурата и содржи краткорочни и долгорочни стратешки планови. Таа, исто така претставува програма за унапредување на одбранбената готовност, а воедно и средство за идентификување на оние задачи кои претставуваат најголем предизвик за нас. Преку Програмата се остварува синхронизација на реструктуирањето на Вооружените сили (ВС) и постигнување на интероперативност, со балансирање на можностите и ресурсите. Накратко, ГНПЧ претставува фундамент за формирање на вооружени сили, способни да ја одбранат државата и воедно, да им одговорат на безбедносните предизвици во регионот.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. STUDY ON NATO ENLARGEMENT, SEPTEMBER 1995
2. WASHINGTON SUMMIT COMMUNIQUE, APRIL 1999
3. THE ALLIANCE'S STRATEGIC CONCEPT, APRIL 1999
4. COMPENDIUM OF VIEWS AND EXPERIENCES ON THE HUMANITARIAN ASPECTS OF PEACEKEEPING, APRIL 1999
5. NATO IN 2010, APRIL 1999
6. MEMBERSHIP ACTION PLAN, APRIL 1999
7. VILNUS DECLARATION, MAY 1999
8. NATO INITIATIVE FOR SOUTH EAST EUROPE, APRIL1999
9. NATO'S MEMBERSHIP ACTION PLAN AND DEFENCE PLANNING A PRELIMINARY ASSESSMENT, by Jeffry Simon, National Defence University, JUNE 1999
10. THE ROLE OF NATO AND ITS PARTNER COUNTRIES, NATO Office of Information and Press, 1998
11. NATO REVIEW, SUMMER-AUTUMN 2000
12. NATO IN SOUTH EAST EUROPE: ENALRGEMENT BY STEALTH?, by Martin A. Smith and Ken Aldred, MAY 2000

THE READER’S GUIDE TO THE NATO SUMMIT IN WASHINGTON, NATO Office of Information and Press, MAY 2000

13. Предавање на д-р Isabelle Francois - "Партнерство: Негови придонеси и проспекти", КОФЕРЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНА И ВОЕНА АДМИНИСТРАЦИЈА ПОД ЗАКРИЛА НА МЕЃУНАРОДНИОТ МАНДАТ, Маршал Центар - Гармиш Партенкирхен, 15. 03. 2001 година.

# ПРОШИРУВАЊЕТО НА НАТО: КОЈ И ЗОШТО?

**Габријела ТУРИМАНЏОВА**
Министерство за одбрана

**Апстракт:** *Овој труд е производ на 3-месечно постдипломско истражување на Оксфордскиот универзитет, во периодот од мај-јули 2000 година под менторската палка на проф. д-р Алекс Правда, професор на Колеџот "Ст. Антхонѕ'с". Во фокусот на трудот се вградени основните постулати за проширувањето на НАТО како еден систем за колективна одбрана. Се поставува прашањето за улогата на НАТО во новонастанатите услови, паѓањето на Берлинскиот ѕид, распаѓањето на Чехословачка, Советскиот Сојуз и Југославија и градењето на новата безбедносна архитектура во Европа. За земјите од Централна и Источна Европа зачленувањето во НАТО е водечки принцип на нивната надворешна и безбедносна политика. Знаејќи дека НАТО како институција денес има нова улога во светската политика и знаејќи дека потребите на НАТО растат заедно со одржувањето на мирот и стабилноста во Евроатлантскиот регион, главно прашање кое се поставува за дискусија е неговото проширување. За земјите од Источна Европа зачленувањето во НАТО претставува очајнички безбедносен штит за нивна заштита од руската доминација, и можна идна германска доминација. Најсоодветниот начин да се неутрализира оваа закана е да се биде вклучен во политичките органи на НАТО и да се работи за да се загарантира дека Алијансата е трансформирана во ПанЕвропски безбедносен форум.*

**Клучни зборови:** *проширувањето на НАТО, функционирање, Унгарија, Чешка Република, Полска, Студена војна, Варшавски пакт, стабилност, колективен безбедносен систем*

**Abstract:** *This paper is result of the 3-month postgraduate research at the Oxford University at the period May-July 2000 under supervision of Prof. PhD Alex Pravda, Professor at the St. Anthony's College. At the focus of this paper are built the basics of NATO Enlargement process as a system of collective security. The question that should be answered is about the role of NATO regarding the major changes in Europe, the fall of the Berlin Wall, collapse of Czechoslovak Republic, Soviet Union and Yugoslavia and building of the new security architecture in Europe. For the East Central European states, joining NATO is now the guiding principle of their foreign and security policies. Knowing that NATO as an institution today has a new role in the world politics, and also knowing that the needs of NATO are growing up together with the maintaining the peace and stability in the Euro-Atlantic region, the main question for*

*discussion is its enlargement. To the East Europeans, NATO represents a desperately needed security shield to protect them from Russian domination – and possibly future German domination as well. The most feasible way to neutralize that threat is to be included in NATO's policy organs and work to guarantee that the Alliance is transformed into pan-European security forum.*

**Key words:** *NATO Enlargement, functioning, Hungary, Czech Republic, Poland, Cold War, Warsaw Pact, stability, collective security system*

## Прашањето за проширувањето на НАТО

По Втората светска војна па сé до 1949 година, западноевропските земји се соочија со неоходната потреба за економска реконструкција и со стравот од методите и политиката на експанзија на Советскиот Сојуз. На нивните влади им стана јасно дека советското водство има намера да ја одржи и да ја зајакне својата воена сила со полна јачина.

Помеѓу 1947 и 1949 година, се случија драматични политички настани во Европа: директен напад на суверенитетот на Норвешка, Грција, Турција, во јуни 1948 напад на Чехословачка и исто така блокадата на Берлин во април истата година.

Потписот на Бриселскиот договор[1] во 1948 ја означи детерминацијата на западноевропските земји - Белгија, Франција, Луксембург, Холандија и Велика Британија за да развијат сроден одбранбен систем и да ги зацврстат врските помеѓу самите нив. По започнувањето на преговорите со Соединетите Американски Држави и Канада, Данска Исланд, Италија, Норвешка и Португалија беа поканети да учествуваат во процесот на Бриселскиот договор. Овие преговори кулминираа со потпишувањето на Вашингтонскиот договор во април 1949 година кој доведе до зачнување на заедничка безбедност врз основа на партнерството помеѓу овие 12 земји. Подоцна, во 1952 година, Грција и Турција се придружија кон Вашингтонскиот договор, Сојузна Република Германија[2] ѝ се придружи на Алијансата во 1955 година, во 1982, Шпанија исто така стана член на НАТО, и во 1999 година Чешката Република, Полска и Унгарија го потпишаа Вашингтонскиот договор со што станаа членки на НАТО. Во текот на овие поствоени години, биполарноста владееше со Европа. На едната страна

[1] Бриселскиот договор од 1948 година го претставува првиот чекор во поствоената реконструкција на Западна Европа и го зачна постоењето на Западноевропската унија. Исто така овој Договор претставува прв чекор во процесот кој води до потпишувањето на Северно-атлантскиот договор. Бриселскиот договор е основачки документ на денешната Западно-европска унија.

[2] Во 1990 година со унификацијата на Германија, поранешната Демократска Република Германија влезе под безбедносна заштита на Алијансата како интегрален дел на обединетата земја.

беше НАТО како заштитничка на скоро сите западноевропски нации, и Варшавскиот Пакт[3] на другата страна.

Со колапсот на Источниот блок и колапсот на комунистичките земји како Советскиот Сојуз, Југославија и Чехословачка, НАТО доби нова улога во новата Европа. Дали НАТО ќе се трансформира себеси од колективна одбранбена организација во повеќе политичко општество на соработка? Едно е многу очигледно - НАТО се стекнува со комплетно нова улога во Источна Европа. Од самиот почеток, основната улога на НАТО беше да го унифицира и да го зацврсти воениот одговор на западноевропските членки на НАТО во случај Советскиот Сојуз и членките на Варшавскиот пакт да извршат инвазија на Западна Европа за да го прошират влијанието на комунизмот и во тие земји. Во 1989 година, Советскиот Сојуз тактично се согласи со колапсот на комунистичките влади низ цела Источна Европа и ги прифати нивните замени со слободно избрани администрации. Обединувањето на Западна и Источна Европа во 1990 година доведе до креирање на нова обединета нација која креира нови можности за НАТО, како и предлози за трансформирање на Алијансата од воена во политичка организација која за задача има одржување на меѓународната стабилност во Европа.

До средината на 90-тите години, НАТО се соочи со нестабилна иднина и разијдување на нејзината традиционална стратегија по завршувањето на Студената војна. Можеби поради деинтеграцијата на Советскиот Сојуз стратегијата на НАТО ја надживеала својата корисност. Но, како што се појавуваат нови опасности од етнички и религиозни тенденции на периферијата на стариот Советски Сојуз, Југославија и Чехословачка, причините за одржување на НАТО Алијансата се зацврстуваат.

НАТО беше најимпресивниот институционален успех на Западниот блок во текот на Студената војна. Но дали денес се соочува со неопходните потреби?

Лондонскиот самит во јули 1990 година го доведе при крај прашањето за конфронтацијата помеѓу Истокот и Западот. Тие ги проширија понудите на владите на Советскиот Сојуз и централноисточните европски земји да воспостават редовни дипломатски врски со НАТО и да се стремат кон нов однос базиран на соработка.

На Самитот во Рим во ноември 1991 година, Алијансата го издаде новиот стратегиски концепт како резултат на различен пристап на Алијансата кон воената конфронтација која изчезнува со текот на времето. Безбедноста во

---

[3] Варшавскиот пакт е формиран 1955 година за обезбедување на системот на колективна безбедност за Сојузот за Советските Социјалистички Републики, Албанија, Чехословачка, Унгарија, Бугарија, Романија и Полска, но Пактот доживува колапс на почетокот на 90-тите со колапсот на скоро половина Европа.

евроатлантската област ја замени претходната конфронтација. Концептот е заснован врз безбедносна политика во која воените можности имаат водечка улога. Исто така концептот овозможува рамка на институции со заемно зајакнување.

Знаејќи дека НАТО како институција денес има нова улога во светската политика и исто така знаејќи дека потребите на НАТО растат заедно со одржувањето на мирот и стабилноста во евроатлантскиот регион, главно прашање кое се поставува за дискусија е неговото проширување. Проширувањето на НАТО денес е фокусирано на земјите на Централна и Источна Европа кои сакаат да и се придружат на Алијансата. Кои нации ќе станат дел од Алијансата и кога?

Членот 10 од Вашингтонскиот договор вели:

"*Страните може, со јавен договор да повикаат која било друга европска држава која е во можност да ги следи принципите на Договорот и да придонесува за безбедноста на северноатлантската област да ѝ се придружи на овој Договор.*"

Проширувањето на НАТО не е нов, ниту пак единствен феномен. Ова се случило претходно во три наврати. Првиот случај беше кога Грција и Турција ѝ се придружија на Алијансата во 1952 година, и двете поради тензиите помеѓу нив самите за да не ескалираат. Вториот случај е кога Западна Германија ѝ се придружи во 1955 година по неуспешниот дебакл на европската Одбранбена заедница. Намерата тогаш беше да се држи Русија на страна, Германија да се потчини а да се внесе влијанието на Америка во Европа. Третиот случај беше кога Шпанија ѝ се придружи во 1980-тата. Ова претставуваше пакет-договор за нејзиното зачленување во Европската унија како начин да се стабилизира западномедитеранскиот регион и економски и политички.

Помеѓу јуни 1993 и почетокот на 1994 година, почна да оживува тезата за проширувањето на НАТО. По Самитот во јануари 1994, американскиот претседател Бил Клинтон почна јавно да изјавува дека " не се поставува повеќе прашањето дали НАТО ќе прима нови членки, туку кога ќе го направи тоа.[4] Различни фактори, кои влијаат на константните барања на источноевропските земји да ѝ се придружат на Алијансата како што се нестабилната ситуација во Русија, пропаста на Југославија, допринесуваат за финалната одлука за проширувањето на НАТО. Почнувајќи од ова, на Бриселскиот самит во јануари 1994 година, Алијансата го лансира Партнерството за мир (ПзМ)[5] . Програмата ја зголемува интероперабилноста на вооружените сили на земјите членки на

---

[4] International Herald Tribune, 13 Јануари, 1994 година

[5] Програма Партнерство за мир помеѓу НАТО и земјите од поранешниот Варшавски пакт и други неутрални европски земји за воена соработка

ПзМ со вооружените сили на членките на НАТО. Од својот зачеток во 1994 година, ПзМ има многу важна улога во подготвувањето на земјите аспиранти за членство во НАТО.

Во Студијата за проширувањето на НАТО издадена 1995 година, Алијансата многу ретко ја спомнува колективната одбрана како цел на НАТО. Наместо тоа, таа се повукува на градење консензус, одржување на мирот и поттикнување соработка како средства за обезбедување на стабилноста во евроатлантскиот регион. Од 1991 година НАТО усвои политиката на ПзМ, вградена во забраната за употреба на оружје за масовна деструкција, ЦЈТФ[6], ЕСДИ - европска безбедност и одбранбен идентитет, Оснивачкиот акт[7] од мај 1997 година, Евроатлантскиот партнерски совет од мај 1997 година, Повелбата за соработка помеѓу Украина и НАТО од јули 1997 и процесот на проширување на НАТО.

НАТО сé уште се декларира како инструмент на колективна безбедност, но значајно се трансформира во организација на колективна безбедност во Источна Европа и на Балканот.

Унгарија, Чешката Република и Полска како и потенцијалните земји (балтичките земји на пример) се заинтересирани за членство во НАТО пред сé од потенцијалната закана од страна на Русија. Меѓутоа НАТО сé помалку поминува на колективна безбедност, а сé повеќе се врти кон шемите на соработка со Русија.

Нејасната посветеност на НАТО кон членките на ПзМ може да доведе до конфронтација помеѓу НАТО и Русија каде НАТО може да се најде во безизлезна ситуација. Во можна идна конфронтација помеѓу Русија и Украина или помеѓу Русија и балтичките земји околу, на пример, правата на руското малцинство во поранешните советски републики, можна руска инвазија на делови од Украина или на балтичките земји, можат да го принудат НАТО да реагира, но овој пат против поголема сила. Ако Русија користи невоени средства за да ги заплаши балтичките земји или Украина да го направат она што Русија го посакува, Алијансата ќе има лимитирани средства на располагање за да одговори.

За Источноевропјаните, НАТО претставува очајнички безбедносен штит за нивна заштита од руската доминација, и можна идна германска доминација. Најсоодветниот начин да се неутрализира оваа закана е да се биде вклучен во политичките органи на НАТО и да се работи за да се загарантира дека Алијансата е трансформирана во Паневропски безбедносен форум наместо да

---

[6] CJTF - Combined Joint Task Forces - Здружени сили за заеднички задачи (поопширно види NATO Handbook)

[7] May 1997 Founding Act - Основачки акт за воспоставување на односите помеѓу Русија и НАТО

стане механизам за креирање на нов санитарен кордон на руската западна граница.

Целите на Источноевропјаните се неамбициозни. Тие сакаат членство во НАТО што е можно поскоро и бараат целосна заштита и безбедносни гаранции од страна на Алијансата. Во повеќето нивни јавни изјави, лидерите на источноевропските земји избегнуваат да ги потенцираат директно своите потенцијални непријатели и преферираат да ги истакнуваат грижите на генерално ниво. Некои од лидерите сé уште ги истакнуваат стравовите од долгорочните амбиции на Германија, такашто дури и најпараноидните типови лидери ја признаваат идејата за Четвртиот рајх како далечна мисла за остварување во моментов.[8]

За централноисточните европски земји, зачленувањето на НАТО сега е водечки принцип на нивната надворешна и безбедносна политика. Лидерите на овие земји стравуваат од проширување на етничките конфликти на своите територии како и од воскресување на старите постулати на геополитичкото натпреварување. Тие исто така стравуваат да не бидат третирани од страна на Русија како меѓу-зона или како област на руските безбедносни интереси. Нивните стравови растат поради можноста силата во Русија да биде преземена од страна на пропагаторите на неоимперијалистичката, милитаристичката или националистичката политика на долгорочно ниво, со што Русија би се вратила на сцена со заканувачки воен став.

Збигњев Бжежински[9] на Вашингтонската конференција за проширувањето на НАТО рече:

"*Ако експанзијата на НАТО беше особено водена од желбата за проширување на европската геополитичка безбедност во однос на Русија, тогаш не е потребно понатамошно проширување на НАТО, бидејќи Алијансата ја достигнала својата геополитичка цел. Таа ја прошири својата безбедност со додавање низа земји кои понатаму го зголемуваат дометот на западноевропската безбедност. Но ако желбата на Европа била водечки елемент за експанзијата на НАТО да биде зона на мир и демократија, со самото тоа, креирањето на поширок евроатлантски систем, тогаш следи дека понатамошна експанзија е принудна. Историски принудна, геополитички посакувана*".

Источноевропските нации веруваат дека членството во НАТО ќе им даде безбедносни гаранции кои се содржани во членот 5 од Северно-атлантскиот договор. Членот 5 истакнува дека напад врз една од членките на НАТО-

[8] Види поопширно Ted Carpenter - "The future of NATO", 1995, Frank Cass & co. ltd
[9] Советник за национална безбедност на поранешниот американски претседател Џими Картер

Алијансата ќе биде сметан како напад врз сите членки и ги обврзува сите потписнички да ѝ помогнат на нападнатата земја-членка.

Некои бранители на идејата за проширување на НАТО се обидуваат да го заобиколат проблемот со предлагање на проширување кое би било лишено од обврските на членот 5. Тие го промовираат концептот на "асоцијативни членки" како попатна станица за новите членки на НАТО. Земјите од Централна и Источна Европа тогаш би имале право на консултации по членот 4, но нема да имаат никакви гаранции кои го дава членот 5. Ваквите шеми имаат високи оцени за креативност, но не ги импресионираат Источноевропјаните. Политички, многу е поразлично да се замисли како Алијансата би функционирала со две класи на членови: првата класа одредена за воена помош од страна на нејзините земји-членки по членот 5 и втората класа која ќе добие само мал дел од консултациите по членот 5 во случај на неволји.[10]

Но, земјите кои учествуваат во ПзМ програмата и Евро-атлантскиот партнерски совет[11] и во многу други тела на Алијансата за соработка, веќе ја имаат привилегијата да добиваат консултации по членот 4 од Северно-атлантскиот договор. Зошто тогаш се наметнува асоцијативното членство? Можеби светот се подготвува за уште еден Берлински ѕид? Можеби НАТО се обидува да ги стави под закрила сите источноевропски земји кои порано беа членки на Варшавскиот пакт и да ја остави Русија без ништо, со што би можела повторно да направи Алијанса.

На Мадридскиот самит во јули 1997 година, Алијансата укажа на фактот дека НАТО останува отворена за нови членки по членот 10 од Северно-атлантскиот договор. Тогаш, Чешката Република, Полска и Унгарија беа поканети да започнат преговори за целосно членство во Алијансата. Зошто овие три земји? Парадоксот на ова прашање е тоа што со цел да се заштити стабилноста, НАТО мора да продолжи да се менува и да се адаптира во склад со промената на геополитичките услови.

Две години подоцна на Вашингтонскиот самит во април 1999 година, славејќи ја 50-годишнината на Алијансата, Чешката Република, Полска и Унгарија станаа членки на Алијансата.

Приемот на нови членки води кон процес на полтитичко и воено редефинирање бидејќи неодамнешната историја на овие држави, според одредени мислители, ќе ја загрозат спремноста на НАТО да излезе во пресрет на секојдневните задачи. Новите членки ќе донесат со себе нови проблеми, како

---

[10] Jeffrey Simon – National Defence University, USA

[11] Основан во 1997 година, Евро-Атлантскиот Партнерски Совет е тело кој во себе го вградува развојот на дијалогот, соработката и консултациите помеѓу НАТО и неговите земји-партнери за соработка

што се историските проблеми со експанзионистичкиот сосед, Русија. Тие исто така имаат и заеднички проблем-несредена внатрешна ситуација, вклучувајќи социјално-економска нестабилност. Но, пропонентите на проширувањето често даваат аргументи дека приемот на овие прозападни земји во рамката на евроатлантската колективна безбедност ќе им помогне за стабилизацијата на своите демократски институции. Демократизацијата на Источна Европа може да продолжи и без експанзијата на НАТО кон Исток. Од друга страна, етничките конфликти се најголемата закана за стабилноста

Конзервативното крило на предводено од поранешниот државен секретар Хенри Кисинџер и советникот за национална безбедност на поранешниот претседател Џими Картер, Збигњев Бжежински, го гледаат проширувањето на НАТО како стратегија за слабеење на Русија и задржување како таква. Оваа група не гледа дека доприносот на полските, чешките и унгарските трупи нема многу да допринесе за слабеење на руската воена сила, ниту пак за поместувањето на фронталната линија на НАТО преку Германија и Полска кон руската граница.

Сите новопоканети земји имаат вооружени сили, дезајнирани и организирани генерално според истата шема, додека биле членки на Варшавскиот пакт. Тие имаат недостаток во сродноста со улогата на вооружените сили во демократското општество и за демократско владеење. Нивната опрема е некомпатибилна со системот на НАТО, и оперативно и логистички, тие не можат да комуницираат со НАТО силите. Нивниот оперативен концепт и доктрина се различни и функционирањето на нивниот персонал и штабните агенции не ги поврзува со ентитетите на НАТО. Ова ќе биде голема промена за НАТО која ќе бара пари и време.[12]

Но од друга страна, во каква ситуација се наоѓаше Шпанија пред 20 години кога конечно раскина со диктаторскиот систем и и се придружи на Алијансата? Дали Шпанија беше во подобра ситуација од овие 3 земји? Шпанија се опоравуваше од режимот на Франко, но единствената работа која Шпанија не беше, е комунистичка земја.

Какви се ставовите на западноевропските земји за проширувањето на НАТО?

Британците отсекогаш биле ентузијастички настроени кон НАТО. Британија го гледа НАТО како институција која ќе ја врзе Америка со континентот и ќе спречи доминација во Европа од страна на Германија или Русија. Основниот начин на кој се согледува проширувањето на НАТО не се изменил воопшто и со самото тоа се објаснува поддршката на Британија што ѝ

[12] Види поопширно Blank, Stephen: NATO after enlargement: new challenges, new missions, new forces, 1998

ја дава на проширувањето на НАТО во Централна Европа. Ако Централна Европа не најде дом во НАТО Алијансата, целиот регион може да се придвижи или кон Германија или кон Русија, а ова е нешто што Британија не го сака воопшто.

Постојат четири британски политички групирања во однос на прашањето за проширување на НАТО Алијансата. Конзервативците кои се против проширувањето, се загрижени дека процесот ќе ја прекине кохезијата на НАТО. Левото крило кое исто така е против проширувањето се плаши дека со самиот процес Русија ќе се чувствува опколена. Другото крило на конзервативците кои се за проширувањето на НАТО укажуваат на несредената ситуација на Русија. Таа ниту е потполно империјалистичка, а нејзината судбина сé уште е детерминирана. Левото крило кое е исто така за проширувањето на НАТО го делат мислењето дека на ова прашање треба да се гледа како на отворен процес.

Британија сака Украина да ја задржи својата независност и да биде третирана како Финска во текот на Студената војна - независна. На Балканот, Британија има симпатии кон Словенија, но не и за Романија. Генерално гледано, Британија го следи мислењето дека северно-европските земји членки на НАТО, повеќе се наклонети Алијансата да се прошири со земји од Центарла Европа отколку со земји од јужниот дел на Европа.

Франција е исто така скептична околу процесот на проширување. Кои се факторите што го одредуваат ваквиот начин на размислување? Франција е разочарана поради неприфаќањето на Романија и Словенија во Алијансата. Голем фактор кој го одредува ставот на Франција е прашањето околу трошоците. Ако проширувањето на НАТО е оценето како добро за стабилноста, тогаш ова треба да води кон скратување на нивните одбранбени трошоци, а не да ги зголемува. Ако Америка ги стимулира европските членки на Алијансата да ги зголемуваат одбранбените трошоци за да ги платат трошоците на проширувањето , ова може да стане вистински проблем.

Во Германија, расположениeто на мнозинството на политичките партии е во корист кон проширувањето, со исклучок на Комунистичката партија на Источна Германија. Најголемиот страв на Германија е ставот како процесот на проширување ќе влијае на Русија. Тие стравуваат дека проширувањето може да доведе до изолација на Русија, но наместо тоа Советот за односи помеѓу Русија и НАТО ги доведе двата ентитета поблиску отколку кога било порано. Напредувањето на демократаските принципи на Русија ја смирија дебатата на Германија во врска со проширувањето на НАТО.

Голем проблем е тоа што Америка го измени ставот за поделеноста на европскиот политички и одбранбен идентитет. Таа сака да постои Европа како таква, но само доколку го прави она што Америка ќе ѝ наложи. Иронијата е

во тоа што Америка не треба да стравува од обединета Европа. Кога се работи за НАТО, проблемот не е во силата на Америка, туку во слабоста на Европа.[13]

Какво е американското мислење на генерално ниво за проширувањето на НАТО?

Во февруари 1998 година, Државниот оддел на САД во својот истражувачки проект насловен како "Зошто со зачленувањето на Полска, Чешка и Унгарија во НАТО се зацврстува американската национална безбедност", ги објаснува 4-те основни причини.

Прво, проширувањето на НАТО ќе ја направи Америка побезбедна со поголемата помош што ќе ја има во спречувањето на идните конфликти во Европа. Зошто? Иако во моментов Европа е релативно мирна, опасноста од нови судири не е исчезната како што тоа го докажаа Босна и Косово. Проширеното НАТО ќе доведе до покооперативен процес на безбедносно планирање меѓу повеќе земји, кој ќе изгради доверба и стабилност помеѓу членките на Алијансата.

Второ, проширувањето на НАТО ќе ја направи Алијансата појака, со што подобро ќе се справува со идните безбедносни предизвици. Со вклучувањето на Полска, Чешка и Унгарија во НАТО ќе се зголеми и бројот на трупите на Алијансата за околу 200,000. Овие три земји веќе даваат допринос со околу 1,000 трупи во составот на операциите водени од НАТО во Босна, а Унгарија дополнително овозможи и користење на воена база на американските трупи на своја територија. Слично, Чесите и Полјаците учествуваа во војната во Заливот.

Трето, проширувањето на НАТО ќе помогне во одржувањето на демократијата и стабилноста во Централна Европа. Земјите кои сакаат да и се придружат на Алијансата ќе треба да ја зацврстат својата пазарна економија и ќе треба да ги решат сите постоечки прашања со нивните соседи. Во последните години, државите како што е Полска ја зацврстија цивилната контрола врз воената компонента, додека земјите како што е Романија ја зголемија заштитата за етничките малцинства. Слично на ова, постојат 10 важни договори помеѓу земјите во регионот во текот на изминатата декада за прашањата од областа на границите и етничките малцинства. Сите овие постапки го засенуваат прашањето на можни идни конфликти кои можат да влијаат врз американските безбедносни и економски интереси.

Четврто, проширувањето на НАТО ќе помогне во исчезнувањето на линијата на поделба од Студената војна. Со завршувањето на Студената војна, не постои оправдана причина за перманентно исклучување од западните институции на земјите кои беа зад "железната завеса" против нивна волја.

[13] Report on NATO Enlargement: Political Issues and Public Opinion, A CSIS Conference, October 7, 1997

Американско мислење е дека земјите од Централна Европа треба да бидат слободни во избирањето на свои влади и безбедносни аранжмани. Сега кога овие земји се стекнаа со слобода и воспоставија пазарни економии, треба да бидат добродојдени за реинтеграција во трансатлантската заедница.

Денес НАТО расправа за тоа дека Алијансата нема непријатели во моментов. Сега се стреми кон проширување. Ако не постојат закани, зошто тогаш се стреми на проширување кон Исток? НАТО цитира дека нестабилноста е најголем предизвик со кој се соочува Алијансата. Ако ова тврдење е точно, едно прашање треба да се одговори: Кој е причинителот на нестабилност, или кој ќе има бенефиции од таа нестабилност?

## Видување за проширувањето на НАТО од страна на новите земји-членки

Пред само една деценија, Чехословачка[14], Унгарија и Полска беа идеолошки водени од марксистичката теорија, стратешки водена од страна на Москва и нивните партнери од Варшавскиот пакт. Со колапсот на Источниот блок во 1989-1990 година, овие независни земји веднаш изјавија дека сакаат "да се вратат во Европа" и дека сакаат да станат дел од Атлантската алијанса и Европската унија.

Смената на системот понуди единствена и неповторлива можност за реинтеграција еднаш засекогаш во заедницата на развиени и демократски земји кои заедно се поврзани врз основа на својата определба на основните вредности за сите нив: демократија, владеењето на правото, почитување на човековите права, вклучувајќи ги правата на малцинствата, и економија базирана врз приватна сопственост и слободна иницијатива.

Десет години по фундаменталните политички промени во Централна и Источна Европа, НАТО конечно одлучи да започне со преговори со Будимпешта, Варшава и Прага, одлучно изјавувајќи дека ги смета Унгарија, Полска и Чешка за дел од Западот и покажувајќи дека е спремна како Алијанса да ги интегрира земјите во политичка и во воена организација. Ова беше зајакнато со одлуката на Европската комисија препорачувајќи му на Советот на министри дека Брисел треба да започне преговори со Унгарија, Полска и Чешка во врска со проширувањето на Унијата.

Зошто Унгарија, Полска и Чешка сакаат толку многу да станат членки на НАТО?

Тие, како и многу други независни земји од Централна и Источна Европа, секогаш биле освојувани, скоро никогаш независни и секогаш под туѓо влијание. Многупати тие претставувале делови од различни империи, кои владееле со Европа во изминатите неколку века. Со примерот на Унгарија јасно може да се

[14] Од 1-ви Јануари 1993 - Чешка Република и Словачка

види зошто тие толку многу  посакуваат да станат дел од еден систем на колективна одбрана (НАТО), од кој лесно можат да влезат во друг (ЕУ) и да ја задржат својата независност после сé.

Примарниот мотив може да се види во лекциите извлечени од минатото. Несигурноста со која се карактеризира унгарскиот начин на размислување е под влијание на нивните лични искуства од неодамнешното минато, како и полското и чешкото размислување, од Унгарската револуција од 1956 година, од Прашката пролет од 1968 година и полскиот Воен закон од 1980-тите години. Историските искуства укажуваат на географската поставеност како судбина.

Унгарското Царство стана меѓу-зона помеѓу Отоманската и Хабсбуршката Империја во 16-тиот век. Повеќето од нејзината територија била окупирана од страна на Турците, остатокот од Хабсбурзите. Отоманското владеење од 150 години заврши и се замени со владеењето на Хабсбурзите во 18-тиот век. Војните за независност на Ракоци[15] и Кошут[16] биле задушени, втората со присуство на руски трупи.  Унгарија влезе во Првата светска војна како дел на Хабсбуршката Монархија. Земјата стана независна кон крајот на војната, по падот и поделбата на монархијата. Всушност, не постоела независна унгарска држава помеѓу 1526-та и 1918-тата година.

По 1918 година, по само краток период на независност, политичкото водство го избра погрешниот пат: им се придружи на силите на Оската што водеше кон учество во Втората светска војна, германска окупација, кон купот на фашистичката партија, кон Холокаустот, кон смрт на голем број унгарски војници и цивили, и кон големо разурнување на градовите и индустријата. Советските трупи ја ослободија земјата кон крајот на војната - и останаа на унгарско тло наредните 45 години. Накратко, од страна на неодамнешната политичка елита, земјата беше окарактеризирана како синдром на "се е можно во кое било време"[17]. Во исто време, политичката елита по Втората светска војна укажа на фактот дека додека Унгарија и остатокот од централно-европските земји беа преокупирани со своите проблеми, напредните индустриски земји на Северна Америка и Западна Европа исто така станаа стабилни во историски рамки. Користејќи термин на Карл Дојч, земјите на евроатлантскиот регион креираа еден вид на "безбедносно општество" во изминатите 4 декади, кои се карактеризираат со висок степен на социјална, политичка и економска

[15] Помеѓу  1703 и 1711.
[16] Помеѓу  1848 и 1849
[17] Види поопширно Laszlo Valki, Chapter 5 - Hungary and the future of European Security in Stephen's Blank book: European Security and NATO enlargement: View from Central Europe, Април 1998

стабилност која била претходно непознатата[18]. Голема улога се одигра во интституционализирањето на соработката од страна на фондација составена од цел систем на меѓународни организации, особено од НАТО и Европската унија.

Ова е причината зошто земјите од Централна Европа сакаат да го избегнат "заглавувањето" на периферијата на овој регион на стабилноста. Од 1989 година, тие станаа политички стабилни и влегоа во фаза на економски пораст по периодот во 1991 година кога беа на дното. Затоа одговорот на прашањето зошто Унгарија, Полска и Чешка сакаат толку многу да бидат членки на НАТО е многу прост: ќе се стави крај на перцепцијата на несигурноста на политичката елита во однос на историската судбина на земјата. Исто така ќе се отвори простор за фокусирање на социјалниот и економскиот прогрес на општеството. Поранешниот унгарски министер за надворешни работи, Ласло Ковач рече:

"*Унгарија сака да ѝ се приклучи на НАТО не од причина дека смета на закана од надворешен карактер ниту пак дека сака заштита во однос на своите соседи, туку затоа што сака да стане дел од Европската заедница на држави, а тоа е членство во НАТО, во Европската унија и западноевропската унија, кое претставува нужен услов за нејзината безбедност, стабилност и економски развој*".

Загриженоста на Чешка во однос на Русија не е поврзана со ниту една идеја за воена закана, како што самите изјавуваат. Нејзината загриженост во однос на Русија е по природа политичка. Последниот повик на Русија за обединување на земјите на ЦИС, земјите во воено-политичка Алијанса, доколку се прошири НАТО, зборува за нова воена агресивна доктрина и инвазијата на Чеченија во 1994 година ја стимулира загриженоста за стабилноста на политиката на Русија. Затоа Прага гледа на НАТО како фактор на стабилноста на статус кво на Европа со проектирањето на демократијата и безбедноста кон Исток.

Стравот од нестабилноста на Русија преовладува во Централна Европа и покажува две конкретни форми на стравување. Првата е дека повторно ќе се роди империјалната руска политика и дека ќе бара обединување на ЦИС земјите во регионот. Ако Прага и нејзините соседи се надвор од каков било европски безбедносен систем, тие стравуваат дека покорно ќе гравитираат кон руската сфера на влијание. Второто стравување е дека Русија ќе се навлегува во постојани кризи и војни чии реперкусии ќе ја загрозат Централна Европа.

Набргу по политичкиот бран во 1989-1990 година, Чешката Република, Полска и Унгарија преземаа драстични чекори за промена на природата на

---

[18] Види поопширно Karl W. Deutsch, Political Community and North Atlantic Area, Princeton: Princeton University Press, 1957.

нивните вооружени сили, започнувајќи со одрекувањето на агресивните стратегии и радикалните редукции на нивоата на сила. Последичните чекори вклучуваа зголемена обврска кон оспособувањето на офицерите за познавање на официјалните јазици на НАТО (англиски и француски) и формулирање на нови мисии за нивните сили. Посебно се нагласува стави достигнувањето компатибилност со НАТО во областа на комуникациите и управувањето со воздушниот простор, помеѓу останатите сфери.

Но, пред започнувањето на процесот на реформа во нивните армии, прво ќе се навратиме на состојбата на развој кој овие земји и нивните армии го имаа по колапсот на марксистичката теорија во Централна и Источна Европа.

Всушност, ова претставуваше основна теорија за земјите од Централна и Источна Европа на почетокот од последната декада на изминатиот век.

Мислата која преовладуваше е дека Чешката Република нема да има голема улога како нов член на Алијансата. Нејзината величина ќе го лимитира нејзиниот придонес и улогата во НАТО. Земјата можеби ќе продонесува со високо квалитетна бригада во силите на НАТО за брза реакција, но како и да е таа веќе демонстрираше сериозност во колективната безбедност од крајот на Студената војна. Ако Полска е слична на Шпанија во многу нешта (големината на територијата и бројот на населението), Чешката Република е слична на Португалија и нејзиниот придонес е многу сличен на придонесот на Поругалија (додека Полска во многу нешта го надминува оној на Шпанија).

Унгарската копнена и воздухопловна Армија се квалитативно назад во однос на своите северни соседи во многу нешта. Дури и за време на комунистичкиот период, кога Советскиот Сојуз доминираше со Варшавскиот пакт, Унгарија примени многу малку труд во однос на своите партнери од Источна Европа. До 1998 година, Унгарија постигна да има најмала постоечка армија во однос на популацијата на која било држава (настрана од мини државите) во Европа. Но, неколку добро обучени баталјони достапни за брза реакција можат да бидат повеќе од добредојдени. Може да се каже дека на полето на воената реформа, унгарското раководство го следи принципот на "редукција пред модернизација" иако ова повеќе зависи од неопходноста отколку од нивниот избор. Вооружувањето на земјата се зголеми во изминатите 3 години со 28 МиГ-29 авиони и оклопни транспортери од типот на БТР-80, добиени од Русија како залог за нејзините долгови на име на Федерацијата, и Ми-24 борбени хеликоптери добиени од резервите на СР Германија, претходно користени од страна на Германската Демократска Република додека се преземале чекори за модернизација на воздушната одбрана на земјата. Но, тука настапува еден голем проблем во обидот на унгарскиот процес на модернизација кој во поглед на брзото трошење и редукцијата на профилите на одбранбената индустрија стана неопходен за

унгарските воени сили да се потпре целосно на увезени добра. Овој фактор ги зголемува трошоците на модернизацијата со прилична вредност.

Цврстите ограничувања на трошоците исто така ја дефинираат реформата на полските вооружени сили. Варшава е неможна да преземе понатамошна редукција, не само поради геостратешката позиција на државата, туку и поради пропишаните обврски на ЦФЕ договорот дека полските вооружени сили се најмалите во Централна Европа, релативно во однос на територијата и популацијата. Бидејќи Варшава во моментов е неможна да си ја дозволи западната технологија, 90% од полското вооружување потекнува од поранешните советски индустриски извори или од полските производувачи чие производство е базирано на лиценци наследени од Варшавскиот пакт.

Чешката Република која наследи 2/3 од вооружувањето на Чехословачката Армија, ги следи филозофиите на реконструкцијата на армијата поинаку од оние на другите две земји. Од една страна се обидува да го одржи вооружувањето на своите вооружени сили на максимумот дозволен од страна на ЦФЕ[19] договорот, а од друга страна прави секаков напор да се ослободи од технологиите наследени од Варшавскиот пакт.

Исто така од голема важност е и капацитетот на воената индустрија. Полска има солиден воен индустриски комплекс со кој може да се снабдува себеси и другите држави во неколку области од кои хеликоптерите се едни од позначајните. Чешката Република исто така има голема репутација во однос на воените продукти, вклучувајќи и авиони за обука, муниција и лесно вооружување. Унгарија е можеби најслаба на ова поле, но не би требало да се игнорираат нејзините потенцијали. Во последните неколку години, една група на дизајнери и инженери иновираа нов одбранбен продукт од типот на лесното вооружување, неколку различни артилериски продукти и дури и возило за брз напад (Сзоцске) - вид на возило кое ги задоволува барањата на специјалните сили на државите-членки на НАТО.[20]

Исто така постои развој во регионалната соработка помеѓу овие три земји. Најдобар пример до денес е заедничкиот чешко-унгарски напор за тестирање на новото воздушно возило без екипаж (УАВ), направа која е комплетно во чекор со модерните трендови на Западна Европа и на Северна Америка.

Унгарија помина еден процес на болна реформа на своите вооружени сили во периодот од 1993-1998. До крајот на 1997 година, Унгарија ја заврши фазата на редукција на вооружените сили од 160,000 на 55,000. Бешер креирана нова командна структура компатибилна со НАТО. Втората фаза, која започна

---

[19] CFE Treaty - Договор за конвенционални сили во Европа

[20] Види поопширно: Gorka Sebestyen, NATO after enlargement: Is the Alliance better off?, NATO Review, Vol. 47-No.4, Winter 1999

при крајот на 1997 година, беше фазата на технолошка модернизација на вооружените сили.[21]

Иако тие како членки на НАТО се подготвуваат напорно да ја средат економската страна на воени реформи, тие имаат многу потешкотии во однос на тоа. Тие се изложени географски кон Исток и технолошки се во расчекор со западните сили. Многу, од видовите на муниција кои ги користат армиите на овие земји, не се по НАТО стандардите, ниту пак каналите за набавка на резервните делови.

Разликите помеѓу 16-те земји-членки на НАТО и новите три станаа попрепознатливи по завршувањето на конфликтот на Косово. Пред некое време, претставниците од Министерството за одбрана во Будимпешта изјавија дека ќе им биде потребно време од 5 до 8 години за да ги исполнат НАТО стандардите. Додека неадекватната опременост на 43,000 моќни вооружени сили секогаш ги вознемирувала, војната против југословенскиот режим ја демонстрираше вистинската неадекватност. Јавното инволвирање на Унгарија во конфликтот беше лимитирана со дозволата дадена на НАТО да користи само 2 аеродроми за авионите за напад.

Непосредните проблеми на Унгарија ротираа во однос на нејзината флота составена од 27 МиГ-29 Фулцрумс борбени авиони. Иако тие претставуваат доста добри летала, тие сé уште користат советски тип на идентификација на пријател или непријател (Фриенд ор Фое), правејќи скоро невозможно, авионите на Алијансата позитивно да се идентификуваат како летала на Алијансата. Системите на леталата се лимитирани во однос на леталата на НАТО, и несомнено како и повеќето летала на Алијансата, овие летала МиГ-29 Фулцрумс неможат да се танкираат со гориво во текот на летот, што понатаму ја отежнува нивната употреба. Резервните делови се исто така дефицитарни. Главниот извор за нивна набавка е потенцијално независен добавувач - Русија.[22]

Главниот проблем не е од техничка природа. Тој е пред сé финансиски и политички. НАТО ги прошири своите граници кон исток, неразмислувајќи за природата на овие граници или на локалните сили.

Зачленувањето по самата природа ќе ја зголеми надворешната безбедност на овие земји од Европа. Организацијата ќе им ја гарантира одбраната во случај која да било трета земја, поради било која причина во иднина да не им ја загрози стабилноста. Многумина укажуваат на фактот дека членот 5 од Вашингтонскиот договор не обезбедува потполна одбрана бидејќи не ги утврдува условите и обврските на автоматска помош од страна на земјите членки на Алијансата.

---

[21] Види поопширно: Simonyi Andras: Getting on board the moving train of NATO, NATO Review, Vol.46-No.3, Autumn 1998

[22] Global Intelligence Update: Hungary Balks at Price of NATO Membership, November 1999

Навистина членот 5 укажува дека во случај на вооружен напад против која било земја-членка на Алијансата, останатите ќе преземат акција за воспоставување и одржување на безбедноста. Со други зборови, Алијансата врз основа на консензус ќе одлучи кои нации ќе учествуваат, и со кои средства ќе ја бранат државата која е нападната. Теориски, можно е да не се постигне консензус за здружени акции но за среќа потребата за тестирање на оваа процедура никогаш не се појавила за време на Студената војна.

"Важноста и обемот на член 5, како што старата геометрија и старите механизми се дел од минатото, ќе треба да бидат концептуализирани уште еднаш и не само под какви било услови туку и треба да се оди во крајност"- изјавил Мајкл Стурмер.[23] Со други зборови, тој укажува овој член врз кој се базира Вашингтонскиот договор треба да се реформулира. Ќе биде многу тешко да се најде верзија која не кажува помалку од стариот, но кореспондира повеќе со неодамнешното стратешко опкружување.

Поодредено, дали Алијансата ќе има добра волја да ја гарантира безбедноста на ново примените членки со сите расположливи средства?

Унгарската политичка елита верува дека приемот во НАТО, дури и индиректно, ќе ја зголеми внатрешната безбедност на своите земји-членки. Внатрешната безбедност исто така ќе се прошири со учество во воена интеграција. Благодарение на нивната блиска интеграција, земјите членки имаат прецизни информации за вооружувањето, улогата и операциите кои ги спроведуваат нивните армии, за нивните развојни програми итн.

Но, со приклучувањето кон НАТО и кон другите европски безбедносни колективни системи, процесот на реформа и понатамошен развој нема да заврши.

Напротив, овие земји ќе продолжат да растат и да се развиваат во рамките на овие одбранбени системи и ќе продолжат да учат сé повеќе и повеќе секој ден за тоа како да станат помоќни.

Членството во НАТО во случајот со сите земји од Источна Европа е и позитивно и негативно мотивиран. Позитивната мотивација се однесува на изборот на цивилизацијата, волјата да се биде дел од одредена заедница на вредности, идеи, политички норми и вештини. Негативната мотивација се однесува на желбата да се избегне заканата од Истокот, можната реинкарнација на руските империјални соништа. Овие два вида на мотивација различно ги насочуваат земјите во различни правци.

Основниот проблем на проширувањето на НАТО е дека вклучува одредени земји, а другите ги исклучува. Исклучените земји остануваат во

[23] Види поопширно: Michael Sturmer, The Transatlantic Security Agenda: Co-opt Eastern Europe But Don't Overstrech the Western Systems and Don't Lose Russia, paper prepared for the Aspen Meeting in Istanbul, Summer 1995

таканаречената "сива зона" без никакви јасни безбедносни гаранции. Од таа причина НАТО воспоставува нова линија на поделба во Европа - помеѓу "членовите на клубот" и останатите. Логичното решение е Соединетите Американски Држави да го направат следниот чекор и да направат пат кон НАТО проширувањето, кој ќе биде обемен и ќе ги опфати сите европски држави, вклучувајќи ја и Русија. Ако ова не се случи, тогаш ние ќе се соочиме со уште еден период на студена војна.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. North Atlantic Treaty, Washington D.C., April 4, 1949
2. Study on NATO Enlargement, 1995
3. The new NATO: Toward a Peaceful, Democratic and Undivided Europe, General George A. Joulwan, Roger Weissinger-Baylon, Centre for Strategic Decision Research, 1997
4. Report: NATO Enlargement,CSIS Conference, October 7, 1997
5. NATO Handbook, 50th Anniversary Edition, Office of Information and Press, Brussels, 1998
6. The Future of NATO, Ted Carpenter, Frank Cass & co. Ltd, 1995
7. NATO looks East, Piotr Dutkiewicz, Robert J. Jackson, Praeger Publishers, USA, 1998
8. The challenge of NATO Enlargement, Anton Bebler, Praeger Publishers, USA, 1999
9. NATO after enlargement: new challenges, new missions, new forces, Stephen Blank, Strategic Studies Institute, USA, 1998
10. European Security and NATO Enlargement - view from Central Europe, Stephen Blank, Strategic Studies Institute, USA, 1998
11. From Madrid to Brussels: Perspectives on NATO Enlargement, Stephen Blank, Strategic Studies Institute, USA, 1997
12. Prague, NATO and European Security, Stephen Blank, Strategic Studies Institute, USA, 1996
13. Mediterranean Security into the coming millennium, Stephen Blank, Strategic Studies Institute, USA, 1999
14. Political community and North Atlantic Area, Karl W. Deutsch, Princeton: Princeton University Press, 1957
15. The transatlantic Security Agenda:Co-opt Eastern Europe but Don't Overstrech the Western Systems and Don't Lose Russia, Michael Sturmer, paper prepared for the Aspen Meeting in Istanbul, Summer 1995
16. On course for a NATO of 19 nations in 1999, Javier Solana, NATO review, Vol.46-No.1, Spring 1998
17. Getting on board the moving train of NATO, Andras Simonyi, NATO Review, Vol.46-No.3, Autumn 1998
18. NATO after enlargement: Is the Alliance better off? Sebestyen Gorka, NATO Review, Vol.47-No.4, Winter 1999
19. Accession of new members to the Alliance: What are the next steps? Gebhardt von Moltke, NATO Review, Vol.45-No.4 , July-August 1997

# СТРУКТУРА НА ПОЈАВАТА - ГРАЃАНСКА ВОЈНА

**Јордан ЈОРДАНОВ**
полковник во пензија

**Апстракт:** *Статијата е дел од пообемниот труд за појавата граѓанска војна - актуелна тема што на Балканот претставува судбина и современост. Направен е обид за "осветлување" на структурата на појавата граѓанска војна.*

**Клучни зборови**: *планови, подготовки, почеток, водење граѓанска војна.*

**Abstract:** *The article is a part of a broader work on the phenomenon of the civil war - a topical issue - fate and contemporaneity on the Balkans. An attempt is made to reveal the structure of the civil war as a phenomenon.*

**Key words:** *plans, preparations, beginning, management of civil war.*

## Вовед

Граѓанската војна била и ќе остане како проблем на насилно - со оружен конфликт - присвојување или прераспределба на власта и моќта за владеење, како од внатрешните политички сили така и од странскиот фактор во актуелниот историски миг во конкретното општество.

Така денес е именуван и во најнестабилниот регион во Европа како Западен Балкан.

Структурата на појавата-граѓанска војна во историјата на општеството била најприлагодлива појава која опстанувала и се размножувала како планска, воена (насилна) опција што бара новоформирана воена сила од групираните граѓани во (ново) организираната политичка сила, заради операционализацијата на нејзините формулирани цели.

## 1. Планирање - планови

*Планот за војна* е основен документ со кој се утврдува целта и основната замисла за водење на војната, за употреба на оружената сила и насоки за ангажирање на другите потенцијали за војна.

Во класичната војна на државата ѝ се познати и на располагање ѝ стојат податоци како што се: граници, сили и средства, војувалишта на веројатните

судири, географски, статистички и други податоци. Врз основа на тие податоци и на воено-политичката проценка за агресорот се составува *планот за одбрана на државата (планот за војна)*, за сите можни настани, комбинации, компликации итн.

За граѓанската војна јасно е дека никој однапред не може да предвиди кога, каде и како ќе пламне бунтот, каков ќе биде односот на силите и средствата на идните непријатели.

Од наведеново произлегува дека *план за одбрана од граѓанска војна* на државниот апарат не може да биде изработен пред уочувањето на опасноста од таквата војна. Сé она што може да се рече за предвидувањето е дека за остварувањето на интересите на можниот непријател му е неопходно потребно создавање на вооружена сила. Таква сила била потребна за остварување или за одбрана на нивните цели и интересите на спротивставените страни. Исто така, оружената сила треба да биде што побројна и поефикасна. Веројатното концентрирање треба да биде, и секогаш било во поголемите политички и економски центри каде што постојат и можности за снабдување на таква вооружена сила, дотолку повеќе што во тие центри и интересите се најизразени.[1]

Импровизациите се производ на брзината на развојот на настаните. Уште една карактеристика е бунтовничката страна на политички план, која настојува веднаш да создава уставотворни собранија за да ја прогласи својата државотворна власт, односно се потврдува дека располага со политичка и со воена сила за исполнување на своите интереси.

Попрецизен план за попречување на граѓанската војна не е можно да се изготви како што се изготвува воениот план за одбрана. Единствено со сигурност може да се констатира и да се претпостави дека ќе има големи и можни сличности со *планот за операција* кога се разгледуваат сите можни комбинации на разни ситуации во предвидувањата за *вонредни состојби*.

Во такви случаи се изготвува:

**а.План за задушување бунт**

*Планот за задушување бунт се изработува од најтесен круг - стручни лица со највисиок степен на тајност и лојалност* од страна на определени и подготвени сили за таква намена (полиција и војска), којшто треба да биде молскавично офанзивен. Основна задача на силите е да се запоседне побунетата област, реон, центар, пред да се создаде противничката оружена сила. Карактерот на операцијата е: побунетите во првите моменти немаат оружена сила оспособена за давање посериозен отпор. Поради тоа со брзото изведување на дејствата треба да се оневозможи посериозен организиран оружен отпор. Во

[1] Тоа особено било карактеристично за револуциите и контрареволуциите.

тој период оперативноста се насочува кон виталниот центар на побунетата област (реон), а не кон живата сила, бидејќи таква сé уште не постои. Ако се изгуби времето и оружената сила на побунетите успее да се организира, тогаш, ќе мора да се смета и на нејзината снажност. Истовремено објект на дејство, на задушувачите на бунтот повеќе нема да биде територијата на противникот, туку живата сила. Тоа и ќе значи почеток на оружен судир - граѓанска војна.

**б. План на бунтот - план за граѓанска војна**

*Планот го подготвува претендентот за освојување на власта во конкретното општесто и во конкретното време. Планот за граѓанска војна, како рак раната метастазира во општественото уредување на сметка на новите замисли на аспирантот за владеење на конкретниот простор.*

*Планот на бунтот* во прво време е одбранбен, а со него се одбегнуваат поголеми судири со противникот. Напоредно со тоа има разработено максимално развиена активност на помали одреди, групи и поединци, кои ќе ја отежнуваат можноста на противникот да се концентрира, да извидува и да настапува. Главнината на силите е распоредувана на приодите кон виталниот центар. Оној момент кога се создава оружена организирана воена сила, која претставува макар и малку реална сила, таа веднаш, преминува во решително настапување. Претендентот знае (или мора да знае) дека најслабиот мора да биде најхрабар. Тие знаат (или мора да знаат) дека загубата на територијата значи и загуба, односно уништување на оружената сила и моќ што треба да ја остварува на таа територија.

Дури и кога ќе почне бунтот, мошне тешко е да се предвиди натамошниот тек на настаните кои се многу менливи. Поточно, ситуацијата за време на граѓанската војна е непостојана. Многу тешко е да се предвиди обемот што ќе го опфати војната. Исто така, тешко е да се пресметаат и средствата неопходни за пополна и снабдување. Сé што може да се рече, е тоа дека мора да се смета на максимално напрегнување на сите сили и средства на својата област, и во таа смисла се подготвува соодветен воено-управен апарат и локална - месна власт на просторот каде има свое влијание.

**в.План за одбрана од граѓанска војна**

Во услови на закани, од замешаност на соседни држави или/и големите сили, како и од политичките следбеници и заговорници на старата политика (останати во доминантните безбедносни и други структури во државата) се со постојана закана со повратен удар ако им се даде прилика.Затоа, право и прва обврска е на секоја актуелна - нова влада да изработи и да има свој *план* за одбрана од заканата наречена граѓанска војна. Од енергичноста на владата ќе зависи делотворноста и успешноста на преземените мерки и постапки за подготовките во општеството за одбрана од појавата граѓанска војна. Тука

како коментар ќе ја приведеме следната констатација од д-р Трајан Гоцевски: „...кога станува збор за политиката во сферата на одбраната, веднаш треба да се напомене дека денес сè повеќе се зборува и за силата како составен дел на политиката на секоја држава. Имено, во воено-политичката теорија силата се третира како моќ и како способност на субјективниот фактор (државата, политичките партии, разни движења), која може да предизвикува или да спречува определени општествено - политички и други промени во определено општество, додека под поимот сила во потесна, специфична смисла се подразбира можност за употреба на сила изразена во вооружено насилство, како и самата употреба некому да му се наметне сопствената волја, за да се одржи некоја состојба во општеството или тоа да се менува“[2] . Подетално во текстот што следи.

## 2. Подготовка за војна

### а. Општи сознанија

За класичната војна, односно за војна меѓу државите, подготовките се долготрајни и се засновани врз изработени и подготвени планови за одбрана. За таква војна сé се пресметува, се подготвува и однапред се определува. Меѓутоа, за граѓанската војна не може да се каже дека има нешто слично, пред сé од овие причини:

- граѓанската војна се дефинира како вооружена борба помеѓу определени општествени слоеви, национални (националистички), етникумски, племенски, верски или други групи, групации и антагонистички политички сили внатре во една држава. Во таква војна именувана и како антирежимска војна секоја страна се обидува да оствари определени економски, политички, национални (националистички), етнички, верски, племенски и други цели. Само силите на власта и државните органи се опседнати со воените и одбранбените задачи за заштита на државата од надворешни и од внатрешни закани;

- развиениот систем на безбедност, разузнавање и контраразузнавање на државата ги следи сите можни иницијатори на антидржавна дејност. Ако се подготвуваат такви планови, постојат и можности тие да се откријат и да се оневозможат;

- во поново време, планови за подготовка на граѓанската војна, се подготвувани надвор од државата. Тие најчесто се поврзани со странски разузнавачки служби и со модерно наречените лоби групи кои ѝ овозможуваат и финансиска поддршка;

- најчесто како планови за граѓанска војна се сметаат само деловите за создавање на оружената сила. Во тие рамки, надвор од државата, се регрутираат

[2] д-р Трајан Гоцевски, Современа македонска одбрана бр.1, стр.25.

доброволци и се врбуваат истомисленици. Исто така, се ангажираат и воени стручњаци за нивното обучување.

Подготовката на граѓанска војна во вистинската смисла на поимот, почнува по нејзиното започнување, само и под услов ако се одвива во полза на побунетите.

Во случаите кога се ангажирани странски разузнавачки служби и *лоби групи* од странски држави, тогаш со сигурност може да се тврди дека однапред се подготвени за граѓанска војна. Тоа значи дека бил изработен и целосен план за граѓанската војна.

Наведениве причини наметнуваат преземање мерки и постапки за одбрана именувани како План за одбрана од граѓанска војна. Подготовките за одбрана од граѓанската војна во услови на закани од замешаност на странскиот фактор, се сложени и карактеристични за случаи кога се извршени магистрални промени во општеството. Извршените подготовки ги попречуваат катастрофалните последици и имаат исклучително значење за развој во мир на општеството. Варијантите се:

*1.Освојување на власта по успешното завршување на граѓанска војна; 2.Народноослободителна војна; 3.Антиколонијална војна; 4.Граѓанска војна за самостојност, сувереност, против експлоатација или странска доминација; 5.Осамостојување, со прогласување сувереност на нова држава; 6. Освојување на власта по демократски пат, на слободни избори од политичка странка со прогресивни и/или со револуционерни политички стремежи - порано, и во поново време - за парламентарна демократија и сл.;*

Во такви случаи често се употребува дефиницијата „подготовки за одбрана од контрареволуција и/или од воена интервенција“.

Подготовките се право и прва обврска на секоја актуелна - нова влада во новонастанатата држава или во држава со наследено и задржано надминато (застарено) поранешно државно устројство. Мерките и постапките во подготовките за одбрана од граѓанска војна ќе се извршуваат во опкружување и со опструкции од државниот апарат кој начелно ќе биде и непријателски расположен или со поблаг степен на некооперативност кон сопствената влада.

Од енергичноста на владата зависела и ќе зависи делотворноста и успешноста на одбраната на општеството во спротивставувањето на контрареволуцијата (противничката страна која ја изгубила власта во граѓанската војна или на избори) и/или странската интервенција. Задржувањето на власта честопати не било можно поради недоволната енергичност на новата влада или заради колаборацијата со несоодветни сили кои имале спротивни интереси од интересите на нивната држава што доведувало до предавство на сопствената татковина.

Случаите паравојска или подготвеноста за судир во гостиварските настани зборуваа за изработени планови по кои се работело. Во таа смисла може да се

експлоатира и изјавата на директорот на Агенцијата за разузнавање и контраразузнавање, дадена на телевизија Канал 5 на 26.2.1999: "дека има македонски граѓани во раководството на ОВК и во единиците кои се борат" и сл.

**б. Аспекти на воинското искуство**

Поимот *воинско искуство* подразбира лично воено и воинствено сознание за делување и за однесување во воени услови. Мајсторството како дел од интуицијата е и сé она што се здобивало со искуството кое се применувало во конкретната состојба на проблемот, за оценувањето на ситуација и за конкретна акција за решавање на таквиот проблем и во друга ситуација во услови на војна.

Граѓанинот, со своето непосредно учество во воените и други судири на просторот каде имало граѓанска војна, најоригинално се збогатувал со воински сознанија, кои на друг начин не е можно постресно, по очевидно и воопшто воено-психолошки да ги осознае. Балканската ситуација, изминативе години, во мултиетнички услови, го збогатила воинското искуство. Посебно на "учениците" за "индустријата на човекови права" според сценариото на архитектите на граѓанските војни по добро проверениот "модел на жртва" за следната таква војна.

Во подготвителниот период - планерите (архитектите) предизвикувачи на појавата граѓанска војна - за сопствената воена сила (јадрото на воено-командниот кадар) на воинското, практичното борбено искуство му посветувале постојано и големо внимание. Засебно и битно прашање, во долгорочното планирање за насилно (оружено) преземање на власта, заземала грижата за навремено стекнување на практичното воинско искуство за јадрото на својата воена сила. За таквото, практичното воинско искуство, сознанијата укажуваат дека воинствените лидери кои имале за цел насилно освојување на власта, на долги патеки одбирале и упатувале свои луѓе (со предност за воени команданти) на просторот каде беснеела граѓанската војна.

Не заостанувало вниманието и на планерите на граѓанските војни од големите сили и на соседните држави на државата каде се "очекувала" таквата појава. Така, и актуелната владејачка структура на конкретното општество постапувала за практичното борбено искусто за осознавањето на полициските и воените старешини од актуелната власт, во случај на граѓанска војна на сопствената територија.

На големите сили и на соседните држави на "моделот на жртвата" за осознавањето на борбеното - *воинското искуство* на воените старешини, било како за определување на страната во судирот, така и за спротивставување на страните во судирот каде се водела или каде е планирана следната граѓанска војна, укажува дека воинското искуство е двострано.

На едната страна се воинствените тенденции на претендентите за освојување (прераспределба) на власта на конкретниот простор или во конкретното општество, додека на другата страна се големите сили и соседните држави на "моделот на жртвата", и актуелната владејачка структура, за конкретното општество каде се "очекувала" граѓанската војна.

Страните упатувале свои луѓе за идниот воен кадар, односно свои полициски и воени старешини, отворено и како доброволци, или по тајни канали (со договорени постапки) на просторот каде имало граѓанска војна.

Воинството на "доброволците" плански било насочувано: првенствено да биде кон организацијата и кон командувањето со граѓаните, како и кон употребата и ракувањето со најновите средства за принудување, разурнување и убивање (во секоја граѓанска војна, скоро без исклучок се испробувале и најновите модели на оружје и орудија).

Воинственоста на тие "свои" граѓани, како за подготовката на појавата граѓанска војна, така и за борба против силите на бунтовнаата страна била "скапо" наплатувана и наградувана со високи функции (ако го преживеат своето огнено крштевање).

Во огнот на граѓанската војна добиените, испробаните лични воински сознанија од конкретната војна им овозможувале на тие "свои" луѓе целосно и сигурно извршување на поставените задачи и ефектно решавање на проблемите во рамките на добиените функционални должности. Таквите личности (со планирано осознавање со воинско искуство), зависно од тоа кој ги упатувал, извршувале специјални задачи за сметка на големите сили, или за сметка на соседните држави, или во своето општество на конкретниот простор, или биле јадро на воената сила на воинствените лидери за остварување на поставените цели за освојување на власта во идната граѓанска војна.

Примерите од неразјаснетата мистерија што во мигови од секунда-две, како метеори, и најодалечените настани ги поместува со брзината (веројатно на светлоста) да се преискажат сликите и зборовите од тие заборавени случаи зборуваат токму за тоа.

Не случајни се покојните: командант "Тетова" од Тетово и командант "Куманова" од Куманово кои загинаа на Косово и си добија забележителни споменици на гробиштата.

## 3. Почеток на граѓанската војна

Граѓанските војни почнувале и биле водени во сосема различни историски, военостратегиски, општествено-политички и други прилики, како и други услови на државата, кои како чинители значително ги определувале не само можностите за почнување и водење, туку и нивните карактеристики.

Граѓанската војна, никогаш не почнувала лесно[3] и со некоја законитост[4], според искуствата од досегашните такви војни. Таа отпочнувала со дејствата на своите оформени оружени сили. Ако бунтот е извршен во војската на државата, веднаш се располага со оружени сили, во зависност од обемот на *воениот бунт*. Онаа страна што се спротивставува - државата, иако има и полиција и војска, сепак не е подготвена за почнување на оружени борбени дејства. Најчесто бунтот за таа страна е неочекувана или дури ненадејна дејност. Тоа укажува на тајноста на подготовките, од една страна, и неверување во таква можност од другата страна, која по силата на сите нешта не смеела да си го дозволи луксузот да биде изненадена.

Да ги разгледаме подетално почетоците на граѓанската војна.

*Центри*: Бунтот обично отпочнува во некој политички центар(населено место-град), или во поголем индустриско-производствен центар, со поголеми демонстрации на незадоволни луѓе во маса, по неколкудневни судири со полицијата или со војската. Но, има и најразлични случаи, како што се државен центар каде се изведуваат државни удари, преврати, воени удари, државни преврати, воени побуни, и во зависност од успешноста или неуспешноста на бунтот, настанува поларизација (ако не е однапред извршена) и судирот се проширува во граѓанска војна. Центарот се поврзува со околината и се создава потесен реон или поширок простор за потпир, за поддршка или за обезбедување.

Во случај на макар и делумно освојување на власта, раководството на граѓанската војна почнува со прогласување на акти за мобилизирање. Нивната цел првенствено е да се обезбеди регуларност на воено оружената сила и да се зголеми нејзината сила како ударна тупаница. Воената сила се подготвува како за проширување, така и за зачувување на освоеното, а пред сé за спротивставување на воената сила на државата. По зацврстувањето на воената сила предност добиваат барањата за добивање помош, односно за признавање на државотворност од пријателите од странство. Истовремено се преземаат и мерки за спречување на интервенција, за помош на спротивната страна во граѓанската војна.

Почетокот на граѓанската војна, иако може да се одвива и да се изведува по добро осмислен план, сепак наидува на големи тешкотии. Поради жестокоста на судирите, многубројноста на жртвите во првите моменти е неминовна

[3] Батистичката полиција на Куба направила бартоломејско крваво бањање, убила од 15 до 20000 луѓе во 1956/57 година (Ѓука Јулиус, Документи данашнице, бр.26, 1962. г.стр.18)

[4] Повторување на исти или слични настани во такви случаи кои овозможуваат да се претпоставува дека така и ќе биде. Појавата на отсуство од законитост за почетокот на граѓанската војна се претвора во законитост на посебноста на секоја поединечна граѓанска војна.

појава.[5] Од таа гледна точка, ангажираноста на водечкиот и раководниот кадар, пред сé и поради авторитетот, се наоѓа во првите редови на неоружениот судир, што значи дека е обележан, забележан, откриен и слично. Кога почнуваат оружените судири, спротивната страна, која располага со специјалци, сигурно има предвидено авторитетни личности, како за ликвидација, така и најблаго речено за изолација.

Доколку со добро осмислениот план (планот за подготовка и водење граѓанска војна) не се запознати поголем број луѓе, може да се случи обезглавување на раководењето или на командувањето (што секогаш било и ќе остане како првенствена задача на спротивната страна). Искуството вели дека ако биле откриени тешкотиите на противникот, се настојувало тие уште повеќе да му се зголемат. Од друга страна, раздвојувањето и расфрлувањето на раководниот и командниот кадар на многубројни и недоволно осмислени задачи доведувало до сериозно нарушување на планот за извршување на стратегиските задачи.

Внатрешниот непријател (уфрлен или создаден поради разни несогласувања во редовите на претендентот) ако не се преземаат мерки за задушување или отстранување, најмногу ќе се спротивставува во моментите кога ќе се одбиваат најодлучните напади на спротивставената страна за спречување на ширењето граѓанска војна.

За почетниот период, на граѓанската војна, треба да фрлиме поглед и врз *реоните* или *центрите*. За особеностите на *просторот, времето и силата* дадовме појаснување. Бунтот почнува во различни центри кои имаат свои просторни елементи. Елементите можат да бидат географски, политички или економски. Географските центри се издвојуваат со својата превласт и не можат, веднаш да се откријат и да се нападнат. Политичките и економските центри се во населените места и релативно брзо се познати. Овој центар експлозивно и ексклузивно многу брзо се карактеризира како *мозок, срце и душа на бунтот*. За него се врзуваат други центри, поединци и симпатизери. Бунтот почнува да се шири и нараснува како лавина. Како примери ќе приведеме:

а) За превратот биле карактеристични реоните на зградите на највисокото политичко и воено раководство;

б) За бунтот, биле објектите кои се во воени или граѓански (цивилни) реони. Воените објекти, карактеристично биле седиштата на високите команди, установи или единици и др. Цивилни објекти биле разните установи на државната власт, зграда на парламент, зграда на владетелот, зграда на влада и владини

[5] Групата на Фидел Кастро, во првото огнено крштевање имала 82 члена, поделени во 4 чети. Од нив останале само 13-мина со Кастро на чело.

институции или политички центар,како и поголеми индустриско-производствени комплекси и сл;

в) Востанијата начелно имале поголеми просторни димензии.

Тие *реони* или *центри* ја означувале животната сила за опстојувањето на побунетата страна во појавата граѓанска војна, во конкретните општества и во конкретното време;

г) ***Антицентар***[6] е простор како географски поим со исти особености како и ***центарот***. Разликата е во тоа што се наоѓа на просторот на одговорноста на спротивната страна или, поточно речено, спротивната страна го формира во *задницата - тилот* на просторот на владеењето на противничките сили. Ако пак антицентарот е формиран надвор од границите на државата во која се води или ќе се води граѓанската војна, тој простор, во зависност од неговата намена, има помали или поголеми димензии. Ако неговата намена е за политичко-дипломатска поддршка, за пропагандно-информативно медиска поддршка и слично, тој има минимални димензии. Ако намената му е за воена поддршка, тогаш ги има два вида:

1. За специјалистичка обука,обука за инструктори и старешини - има помали димензии;

2. За воено-стручно обучување на своите припадници - има поголеми димензии[7].

Веќе изнесовме дека оружениот судир е почнат. За изведување на натамошни оружени дејства неопходни се потреби од нови единици, како и пополна на загубите. Тоа бара регуларност што е поврзано со многу големи тешкотии, и покрај тоа што се изведуваат според подготвен и добро осмислен план. Треба да се задушуваат и внатрешните непријатели кои не му се покоруваат на раководството на побунетата страна, а истовремено и да се одбиваат нападите на одделни единици од воената сила на страната која го задушува превратот, бунтот или востанието. Но, тоа доведува до раздвојување и расфрлување на силите. Тоа се единици кои најчесто тукушто го почнале своето формирање. За побунетата страна ова е типичен феномен. Тој се состои во расфрлување на воената сила, што многу сериозно го подзапира нејзиното формирање и поставува премногу тешки задачи како пред политичкото, така и пред воеността раководство на страната што ја почнала граѓанската војна. Покрај формирањето нови единици за воената тупаница, формираните

[6] Македонски антицентар има во Салцбург на чело, веројатно, со Ото Кронштајнер. Тој е доктор на науки и професор на Унивирзитетот, каде има филијала на "Македонскиот научен институт" од Софија во Австрија за Западна Европа,задолжен за "Маќедонското прашање"и"Македонскиот јазик".- Македонско ВРЕМЕ бр.19, март 1996.г.стр.29.Подетално во Забелешки за РМ.

[7] Во тие рамки, можно е и формирење на единици како што бил случајот на големите воени состави под команда на Бумедиен во алжирската антиколонијална и народноослободителна војна.

единици на границите - периферијата на просторот под контрола на раководството на граѓанската војна, веќе дејствуваат, од една или од друга страна, спонтано настанати групи и единици неповрзани со командувањето, но затоа обединети со заедничката идеја. Тие помали групи или одреди водат постојани воени судири. Таа линија настанува спонтано на теренот на спротивставените страни. Во натамошните разгледувања неа ќе ја именуваме како *линија на единиците на локалниот судир*. Таа линија всушност е *оперециска основица*. Оваа формира жива граница на владеењето на страната што ја води граѓанската војна и служи како појдовна основа за донесување одлуки и пресметки на спротивставените страни.

Првите моменти, условени со елементот *време - како квалитет*, се карактеризираат со тоа што опстојуваат нераскинливи врски помеѓу ударната тупаница во формирање и *центарот (реонот)*. Воената сила се создава во пазувите на тој центар и од него добива пополна и снабдување, се потпира на него и од него се напојува со моќ. Заради тоа блокадата на таквиот центар (реон) во почетниот период на граѓанската војна, била и останува со решавачко значење за натамошно водење на војната. Искуствата од досега водените граѓански војни укажуваат дека блокадата на такви центри или не била навреме остварена или била неуспешна. Од тие моменти и почнуваат да се оживотворуваат успесите или неуспесите во граѓанската војна.

Покрај основните *центри*, кои ги нарековме животни центри, во граѓанската војна постојат и *антицентри*. Нивната основна задача е да го спречуваат спротивставувањето на воената сила во граѓанската војна, а тие најмногу се во пазувите на државната власт, во државните институции или меѓу населението и на поширокиот простор. Можат да бидат и надвор од државата. Основни карактеристики на антицентарот се:

- антицентарот го создаваат спротивставените страни и се користи силата од поддржувачите или симпатизерите;

- пред сé, имале воена, економска или политичка цел за потпора и поддршка;

- имале дипломатски задачи за признавање или непризнавање на легитимитетот на раководството на страната што ја почнала граѓанската војна, односно настојуваат таа да не се здобие со легитимност;

- имаат задачи за афирмација и пропаганда, како во државата, така и надвор, сé со цел за проширување на обемот на поддржувачите или симпатизерите заради добивање помош или поддршка.

Антицентарот веројатно ќе има и други карактеристики за кои засега не постојат можности за доволни сознанија или сé уште не се согледани.

Антицентрите, кога се во државата каде беснее граѓанската војна, зависно од страната која ги формира, бараат не само држење во покорност, туку и воена сила за да бидат ставени под своја контрола.

Антицентарот често имал своја сила и можности за давање отпор во зависност од средината каде бил сместен, како и од поддршката што ја добивал од населението.

Спротивставените страни не само што не можеле да се потпираат на антицентрите, туку биле присилени да ангажираат и оружена сила,како за совладување на спротивставувањето на нивната воена структура од противникот,така и за кршење на отпорот на непријателската средина околу противничкиот антицентар.

## 4. Водење на граѓанската војна

### а. Развој, растење и ширење

Граѓанската војна обично почнува со скромни[8] и мали размери, со карактеристики за брзо растење и ширење во размери на жестокост на војната. Овие околности бараат постојано наметнување на бројната состојба на воените сили и нивните структури на спротивставените страни, а паралелно со тоа и сé она што е неопходно потребно да работи за тие воени сили. Тоа значи дека планот на граѓанската војна се шири и се развива.

Како тенденции во развојот при формирањето на вооружените сили во појавата граѓанска војна, се уочени следните специфичности:

а) Партиска, верска и/или етничка милиција (полиција) за заштита, придружба и обезбедување, лично осигурување, како и за безбедносни задачи и контраразузнавање;

б) Просторни(лесни-брзоподвижни,во помали тактички состави) сили за диверзантски и препадни дејства;

в) Маневарски (поголеми тактички и тактичко-оперативни формациски состави) сили за оперативно-стратегиски дејства.

Силите, под а) и б), биле формирани на просторот претежно под влијание на организаторот на граѓанската војна. Поголемите, маневарски сили, најчесто се формирани надвор од државните граници (карактреистични примери: за Јужен Виетнам во Северен Виетнам; за Алжир во Мароко-Бумедијан; и најновиот актуелен случај во северна Албанија за Косово).

[8] Хошиминово гесло: "Кој има пушка нека се бори со пушка, кој има меч, нека го искористи, а кој нема ниту меч, нека ја употреби мотиката, лопатата или бамбусовата тојага. Секој мора да направи сé за борба против колонизаторите и за спасувањето на оваа земја". Предраг Вуковиќ, Оружане интервенције, НИН-ове свеске 7, мај 1979, стр.155

**б. Зачетоци на тактички и стратегиски развој**

Надворешната граница на определениот простор, дефиниран како *центар* со карактеристиките *мозок, срце и душа на бунтот,* во сознанијата за појавата граѓанска војна, забележена е како *линија* на *локалниот судир*. Таа линија - надворешната е жива граница на центарот, по првите судири на спротивставените страни - сега прераснува во *операциска основица*. Пред таа линија се исцртува нов поим *зона на силата* на државната власт, а зад неа е *зоната на силата* на предизвикувачите на граѓанската војна. Во зависност од големината на центарот на бунтот - зоната има мали димензии со минимална длабочина, но тие имаат тактички квалитети кои добиваат стратегиски карактер. Спротивно на малите димензии на тој дел, делот на државната полициска и воена сила располага со големи димензии за своите активности.

Операциската основица е појдовна основа за пресметки, за донесување на одлуки, за групирање на воена сила за оружениот конфликт на спротивставените страни. Во таа зона на линијата на судирот се судираат *тактиката, стратегијата и воената доктрина* на спротивставените страни во граѓанската војна. Обемот на подготовките на воената сила на бунтовната страна и со ненадејноста за првите судири со ненадејна полициска или воена сила на државата за такви вооружени судири на изнуден простор, наметнувало прецизни задачи и обврски во формулацијата *стратегиски и тактички развој во граѓанската војна.* Оттука произлегува и појдовната дилема за почетните *успеси* или неуспеси во појавата-граѓанска војна.

Во мигот на формирањето, цртањето на *линијата на единиците на локалниот судир* веднаш се појавувала и можноста некаде зад неа да се предвидува и зоната - просторот за стратегиски или тактички развој. Во таа зона или на тој простор под итно се извршувале активности и мерки за осигурување, почнувало префрлувањето,доведувањето,развивањето и распоредувањето на своите единици.

Тука сега доаѓале до израз *внатрешните правци на просторот* - дефиниран како центар и нивните особености. Во начело силите што се префрлувале и се доведувале биле сили на државната власт, а нивните правци се подолги, и стројот на единиците бил издолжен. Ако се употребувале хеликоптери, споменативе слабости значително се намалувале. На другата страна, силите на организаторот на граѓанската војна се развивале, се распоредувале и се подготвувале за офанзивни дејства на премините кон нивниот центар, односно кон зоната на дејствувањето.

Веќе споменатата *операциска основица* сега се проширува и со поимот план, со што настанува нов поим *операција*. Со изведувањето на операциите всушност почнувала и граѓанската војна.

**в. Пополнување и развој на воената сила во граѓанска војна**

Војската на државата се пополнува со мобилизација на граѓаните во рамките на постојниот со закони оформен систем.[9] Пополната на воените единици на побунетата страна е многу разновидна, различна и специфична.

***1) Особености на пополната***

Особеностите на пополната се:

а) Мобилизација на граѓаните во центарот - реонот каде е распоредено и политичкото и воеprofessional раководство;

б)Мобилизација на истомислените граѓани и симпатизерите од поширокиот простор;

в) Прифаќање доброволци;

г) Распоредување и искористување на воени заробеници;

д) Прифаќање на одбегнати, пребегнати и дезертери[10] од државната војска и полиција;

е) Мобилизација меѓу населението во реоните на своето влијание, како и на граѓани меѓу противниците на државната власт од другите реони кои се под контрола на спротивната страна;

ж) Прифаќање на своите граѓани, кои од политички причини биле надвор од земјата, како и симпатизери кои од економски причини се наоѓале во други држави и така натаму.

Заедништвото на интересите на граѓаните збогатено со сојузништвото, давало невообичаено широки можности за пополна и развој на воените единици и воопшто на силите во појавата-граѓанска војна. Оружените сили на граѓанската војна обично се еден од производите на импровизациите. Системот, бројната состојба, бројот на борбените состави и повисоките здружени формации постојано се менуваат, се унапредуваат, се формираат, се преформираат, се преоружуваат, се дооружуваат и сл.

Општо земено, вооружените сили во граѓанските војни се одликувале со голема разновидност и разнородност на составот. Силите на спротиставените страни постојано биле во воена состојба и од тие причини сите формирања и

[9] Мобилизација на граѓани, со политичка заднина од легалните органи на власта, има најмалку три димензии: а) Мобилизација на лица противници на актуелната власт заради држење во изолација и попречување да прејдат во редовите на побунетите (појавата на пребегнати, одбегнати и дезертери е основна карактеристика на така мобилизираните лица); б) Мобилизацијата на граѓаните кои се или можат да бидат симпатизери на побунетата политичка сила со цел намалување на можностите на спротивната страна во нараснувањето на тензиите; и в) Мобилизација на такви граѓани и испраќање во најтешки судири поради ослободување од истите со пресметка дека нема да преживеат. Таквата мобилизација всушност е отворање на рак-рана во својот организам и се дава можност да метастазира граѓанската војна во таквото општество.

[10] Појавата има најмалку две димензии: како присилно мобилизирани, затоа што се противници на режимот и затоа што се определиле да се придружат кон побунетата страна.

преформирања се изведувале во строга воена тајност. Собирањето податоци за спротивставените оружени сили е доста отежнато, како во време на војната така и долги години по нејзиното завршување.

Организаторот на граѓанската војна дава оружје на оние граѓани што знаат што сакаат и што имаат ангажман на широк фронт меѓу народот - населението или својот етникум.

***2) Противречност на силата и моќта***

Како објективна реалност, да ја разгледаме противречноста на силата и моќта, при судирот со целите на спротивставените страни во граѓанската војна. Противречноста на силата и моќта како објективна реалност,се изразувала во најмалку три димензии и тоа:

а) Како широчина, првата димензија е во обемот на судирот меѓу силата и моќта со целите  на спротивставените страни. Се огледа  во морално-психолошката и општата поддршка од масата граѓани;

б) Како длабина, втората димензија се огледа во располагањето со силата и моќта. Нараснувањето како придобивка на квантитетот на воената сила во специфичноста на условите во појавата-граѓанска војна;

в) Како височина, третата димензија се огледа во достигнатиот успех на судрените страни. Изразувајќи се во квалитетот на воената сила  со својата стратегија и тактика при остварувањето на поставените цели.

За потврдување на димензиите, од објективната реалност да ги приведеме следните сознанија :

Силата и моќта и на најголемите сили не била во можност да обезбеди победа во граѓанската војна кога е во судир и со најслабата спротивна страна, што имала  широка  морално-психолошка и општа поддршка од народот кога се во прашање поставените цели(особено нивната природност пример Русите во Чеченија имали 40.000 војници и 40.000 полицајци против 1.500/3.000/Чеченци соодност 27 до 53 : 1) .

Искуството укажува дека зачестеноста на природноста на целта била на страната на силата што ја наметнува граѓанската војна. Целта на граѓанската војна ја предизвикува противречноста на силата и моќта. Во прашање била целта и тоа дали е за задржување на надминатото, неправедното, неиздржливото или неоправданото против целта на претендентот  што има поддршка  од масата граѓани и кога целта имала своја иднина во конкретното време, на конкретниот простор, заради преземање, прераспределба, присвојување или освојување на власта од владетелот во конкретното општество.

Од напред запишаното доаѓа и поимот за *квалитетот и квантитетот* на вооружената сила на спротивставените страни во појавата граѓанска војна. Тоа си бара и други согледувања и посебни изучувања како поради сознанијата, така и за натамошните изучувања на појавата за современа граѓанска војна.

**г. Односот на бројноста и просторот во граѓанската војна**

Досега наведените компоненти на граѓанската војна ќе ги збогатиме и со елементот *заднина - тил* на граѓанската војна. И најситните грешки во пресметките на односот на бројноста и просторот за својата заднина или при освојувањето на противничката заднина биле доведувани до катастрофални последици, односно исходи на граѓанска војна.

Со мали сили[11] не се заземаат, и не е можно да се освојуваат големи простори, како и да се зголемуваат димензиите на својата заднина. Тоа доведува и до потребата за зголемување на бројноста. Штом се зголемува бројноста, се проширува и просторот, и така се раширува коритото на граѓанската војна. Со проширувањето на просторот се отвораат нови задачи со посебен квалитет - во сопствената заднина да се создаваат *воено-управни органи.*Ова било неопходно потребно за обезбедување и зацврстување на својата власт и владеењето. За својата заднина, како и во противничката заднина, антицентрите уште повеќе добиваат во својата важност. Сопствените антицентри го олеснуваат, додека на спротивната страна го отежнуваат, натамошниот тек на граѓанската војна. Антицентрите во сопствената заднина ги усложнуваат состојбите и ситуацијата. Таквите центри бараат збиеност на силите за создавање јаки воени гарнизони за елиминирање на нивното дејствување. Кога се освојува противничкиот простор, покрај единиците за совладување на главните непријателски сили, мора да се предвидуваат и да се издвојуваат сили за совладување на антицентрите во сопствената заднина. Тоа е задача, како на највисокото политичко и воено раководство, така и на воеското раководство и командувањето во операциите, заради пресметка за односот на бројноста и просторот за заднината на граѓанската војна, ако се посакува сигурен успех во неа, односно за нејзино задушување.

Партизанските над противгерилските операции биле и остануваат со особена жилавост на отпорот и со најголема економија на силите, кои не можеле да опстојуваат без поддршката од населението во градовите и селата. Поддршката била доброволна, а во некои случаи била и изнудувана. Изнудувањето било крајна нужност и се одбегнувало, затоа што не му одговарало ниту на народот, ниту на водителите кои командуваат и ги изведуваат операциите, за и околу симболите на патриотското жртвување или поради

[11] "Зошто си формирал цел баталјон, кога наредбата е да се формира само по една чета во Воденско и Леринско? "-прашал огорчено Леонидас Стрингос.

"А која ќе беше штетата ако беа формирани дивизии ? "-одговара со прашање Ренос Михалеас.

"Ти си наивен! Ако Македонците имаа дивизии, ние Грците немаше да се наоѓаме(з.а.) во Македонија"-му објаснува Леонидас. Исто стр.75.

политичката легитимност. Изнудувањето било од одредени раководители на пониско рамниште, кои не воделе доволно сметка за последиците. Затоа, на политички свесните раководители, таквите постапки им пречеле и ги осудувале. Тоа ним им носело уште поголема популарност и епитет на генијалност во военото командување и раководење.

Засега да заклучиме дека елементот *заднина* на граѓанската војна со пресметувањето за *односот на бројноста и просторот* има голема политичка и воена важност во умешноста при донесувањето конечни одлуки. Тоа имало и ќе има далекусежни последици, како во почетокот, така и за текот, а најмногу за завршетокот на граѓанската војна.

**д. Бегалски егзодус**

Иселувањето, прогонот, депортацијата, етничкото чистење на граѓаните од животниот на туѓ простор, како масовна појава, стана актуелна и неодминлива состојба посебно карактеристична за граѓанските војни кои се водат со етноцентрични или националистички доктрини. Иселувањето прераснува во преселување на етнички групи од местото на територијализирањето во други туѓи места или држави.

Поимот *егзодус* од многу одамна е познат како прогонство. Егзодусот во најново време се именува како хуманитарна катастрофа во денешниот дипломатски вокабулар.

Врутоците на меѓуетничката напнатост и конфликтните состојби досега, во изразените мисли за виновникот треба да се бараат во условите, средината, историјата, особено борбениот карактер кој бил задоен со екстремен национализам на граѓаните што живееле во конкретното општество каде е водена граѓанската војна

## Заклучок

Во современите услови на општествата, дури и во меѓународните односи на повеќеслоен начин дејствуваат сложените и разновидните противречности, поради чија острина антагонизираните страни решенијата ги бараат со употреба на оружје, односно со силата на оружјето да се смират антагонизираните страни, како реалност во времето во кое живееме.

Во конкретни историски моменти, искуството укажува дека брзината и ефикасноста во надминувањето на општествено-политичката и економската кризна состојба, ако имале примарно значење, тоа имало и позитивно влијание врз вкупната внатрешна стабилност и безбедност на општеството. Тоа било посебно важно, поради заканите од вмешаност на надворешниот фактор, и поради елиминирањето на опасностите од екстремните внатрешни сили, кои на кој било начин настојувале да предизвикаат оружен конфликт.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. Д-р Трајан Гоцевски, Современи тенденции во политиката на одбраната на РМ, Министерство за одбрана, Современа македонска одбрана, година 1, бр.1, 2000 Скопје.
2. Ѓука Јулиус, Документи данашњице бр.26,1962, Београд.
3. Македонско време бр.19, март 1966,Скопје.
4. Нова Македонија, дневен весник, 19 декември 1995, Скопје.
5. Предраг Вуковиќ, Оружане интервенције, Нинове свеске, 7 мај 1979, Београд.
6. Стево Маодуш, Вијетнамски народ у борби за слободу и независност, 1976, Београд.
7. Клер Мичел, Рат коме нема краја, ВИЗ, Београд 1975.
8. Павле Раковски, КП на Грција и Македонците, Скопје 1990.
9. Никола Пејновиќ, Размислувања за војната и револуцијата, ВИНЦ, 1987, Београд.

# НЕКОИ АКТУЕЛНИ ПРАШАЊА ЗА ИСХРАНАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ВОЕНИ УСЛОВИ

**Сокле КОЧОСКИ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје

**Апстракт:** *Во трудот **"Некои актуелни прашања за исхраната на вооружените сили во воени услови"** станува збор за ИСХРАНАТА и за нејзиниот состав и количина која што треба да ги задоволи биолошките и енергетските вредности на човекот низ: оптималните количини на хранливи материи (белковини, масти, јагленохидрати минерали и витамини), разновидноста, согласноста со навиките, чувството на ситост и вкусноста. Исто така, во трудот станува збор за исхраната како дејност на интендантското обезбедување основна логистичка функција на воената логистика која го опфаќа: планирањето и програмирањето на исхраната; обезбедувањето прехранбени продукти; готвењето, доставувањето и делењето на јадењата; производството на леб, двопек и печива; колењето на животни и преработувањето на месо; контролата и управувањето со квалитетот на исхраната.*
*Во третиот дел од трудот фокусот го имаат некои актуелни прашања за исхраната на вооружените сили во воени услови низ обзработката на земјоделското производство и создавањето на потребните резерви во продукти храна. Посебен акцент се дава на поврзаноста и на соработката на органите на управата на локалната самоуправа и на армијата по рамништа за реализација на снабдувањето и билансирањето на потребите во храна.*

**Клучни зборови:** *исхрана, прехранбени продукти, енергетска вредност, хранливи материи, белковини, масти, јагленохидрати, витамини, интендантско обезбедување, снабдување, билансирање .*

**Abstract:** *The study **Current issues concerning food supplies for the armed forces in a state of war** deals with food supplies, especially with its quality and quantity These supplies must be able to satisfy the human biological and nutritional needs. Food has to contain enough nutritive elements, such as: proteins, minerals, vitamins, and carbohydrates. There must be a variety of food and it should be given in such a way that it would please the needs and habits of the soldiers, and above all to be appetizing.*
*Furthermore, the study explains the process of food supply as a part of quartermaster's duty in the framework of logistics. The latest consigns: planning and programming of food supply and a supply of the basic products. The cooking process, delivery and division of food portions,*

*production of bread, toast and other bakery products, animal slaughtering and rearranging the meat, the control of food quality, are all part of the quartermaster's duty.*
*The third part of this study focuses on current issues on supplying the high quantity of food and agricultural products. It also stresses the importance of mutual cooperation between the Army, local self-management and legal institutions.*

**Key words:** *food supply, food products, nutritional needs, enough nutritive elements, proteins, fat, carbohydrates, vitamins, quartermaster's duty, supply, assessment*

## 1. Вовед

Под **ИСХРАНА** (која често се нарекува и прехрана) може да се подразбере внесување на хранливи материи во организмот, поради создавање неопходна енергија за природно растење и развивање, обновување на потрошените ткива, извршување на основните животни функции и создавање (градење) на материи за заштита од инфекции.

Исхраната со својот состав и количина треба да ги задоволи биолошките и енергетските потреби на човекот. За таа цел, исхраната треба да содржи оптимални количини на хранливи материи (особено есенцијални), да е разновидна, да е во согласност со навиките, да дава чувство на ситост и да е вкусна.

Разновидноста на исхраната го зголемува апетитот и ја поттикнува функцијата на органите за варење, а исто така разновидната исхрана овозможува внесување на сите неопходни хранливи материи во организмот. Со внесување еднолична исхрана може да дојде до дефицит од една или повеќе хранливи материи. Правилната исхрана треба да се засновува на научни принципи.

Исхраната е добра само доколку содржи (и дава) **оптимални** количини на хранливи материи. **Минимални** количини се оние коишто не го доведуваат во прашање здравјето, меѓутоа степенот на заситеност не е доволен (потребите од храна се на самата граница на дефицит), па секое натамошно намалување на количината на поединечните материи може да предизвика одредени болести.

## 2. Енергетска вредност и хранливи материи

**2.1 Енергетска вредност** - Енергетската вредност којашто се создава во организмот преку исхраната е неопходна за одржување на нормалните животни функции на човечкиот организам. Значи, за одржување на нормалните животни функции на организмот (таканаречен базален метаболизам), за варење на храната, за регулирање на телесната температура и за работа е неопходна одредена количина на енергија. Потрошената енергија се изразува во калории, коишто одговараат на големите калории - Кал (една голема калорија претставува количина од топлотна потреба за еден литар вода да се загрее за еден Целзиуосов степен).

Енергетската потрошувачка кај човекот зависи од полот, староста, телесната тежина, климата и работата. На пример, жена на исти години и под исти услови троши приближно 20% помалку енергија од маж. Како основа за

пресметување на енергетските потреби кај мажите се земаат енергетските потреби за стандарден маж, коишто изнесуваат 3200 Кал (старост од 25 години, тежина 65 кгр, физички умерено активен, живее во умерена клима со просечна годишна температура од 10 Целзиусови степени).

Корекциии се вршат врз основа на старост, телесна тежина, клима и тежина на работата.

**2.2. Хранливи материи** - хранливите матери коишто се внесуваат во организмот преку исхраната се: ***белковини, масти, јагленохидрати, минерали и витамини***. Нивното значење во исхраната зависи од улогата којашто ја имаат во организмот и можностите на организмот да ги синтетизира. Јагленохидратите и мастите на пример, претставуваат извор на енергија, белковините и некои минерални материи се корисни и потребни за градење на ткивата, додека витамините и некои минерални материи (како што се катализаторите) играат важна улога во регулирањето на разни процеси во организмот. Точно е и тоа, дека помеѓу поединечните групи не е можно да се повлече остра граница, бидејќи некои од нив имаат повеќекратна улога (како на пример белковините). Од друга страна, човечкиот организам не е во состојба да синтетизира некои материи (некои витамини, аминокиселини, минералини материи), поради што тие се незаменливи, односно есенцијални во исхраната. Добра и рамномерна исхрана треба да содржи доволни количини од сите хранливи материи, особено есенцијалните и во правилни меѓусебни односи.

***2.2.1. Белковини*** - Белковините (протеините) служат за градење на ќелиите, ткивата и течностите во организмот. Учествуваат во регулирање на прометот и другите процеси, а се од големо значење и за создавање отпорност од зарази (претставуваат основна материја за градење на одбранбени тела на организмот). Вишокот на белковини во храната служи како извор на енергија, бидејќи 1 гр белковини даваат 4,2 Кал.

Во недоволно калорична исхрана, дефицитот од калорија се покрива со согорување на белковините од ткивата. Организмот своите белковини ги синтетизира од аминокиселините. Меѓутоа, некои од нив организмот не може да ги синтетизира, затоа таквите белковини мораат секојдневно да се внесуваат преку храната (тоа се незаменливите или есенцијалните аминокиселини). Недостатокот од која било аминокиселина, ја оневозможува синтезата на ткивните белковини.

Биолошката вредност на белковините зависи од содржината на аминокиселините. Најмногу ги има во белковините од животинско потекло (јајца, месо, риба, млеко и млечни производи), потоа со помала вредност белковините ги има во компирот, гравот, грашокот (особено сојата), оризот, печурките и квасецот и на крајот во житариците. Затоа во исхраната (во храната) мораат да бидат застапени белковините и од растително и од животинско потекло.

Во војните (особено во Втората светска војна) квасецот на пример, е употребуван во време на недостаток од месо (особено за исхрана на болните и ранетите). Исто така, и германската армија во храната додавала квасец (во јадењата) за збогатување со белковини, односно за зголемување на нејзината биолошка вредност.

Количината од белковини ниту во нејголемите недостатоци не би смеела да падне под 50 грама, под услов енергетските потреби да се обезбедуваат и со доволни количини на масти и јагленохидрати. Во армиите на САД, на Франција и на Германија минимумот од белковини е 100 грама, додека во руската армија белковините на војникот му се пресметуваат во износ од 1-1.5 грама на 1 кгр телесна тежина, додека за луѓе изложени на поголем физички напор износот од белковини се движи и до 150 грама во дневен оброк.

***2.2.2. Масти (липиди)*** **-** Мастите, поради високата калоричност (1 г дава 9,3 Кал) и ситоста, овозможуваат подготвување на енергетски концентрирани оброци со мала тежина и обем (запремнина). Биолошката вредност на сите видови масти не е иста. Маслата содржат есенцијални масни киселини, а путерот и маргаринот витамин А, додека во останатите масти ги нема овие есенцијални материи. Учеството на масти се зголемува при поголема енергетска потрошувачка, во студени денови и кога треба да се обезбеди чувство на ситост (поголемо растојание меѓу оброците). Меѓутоа, ниту во еден случај мастите во дневниот оброк не треба да даваат повеќе од 50% калории.

***2.2.3. Јагленохидрати (глуциди)*** **-** Јагленохидратите се основен извор на енергија (1 грам дава 4,1 Кал). Главни носители на јагленохидратите се разни видови шеќери (скроб, шеќер од шеќерна репка или трска, гроздов, овошен). Во добра и рамномерна исхрана треба да даваат максимално 2/3 од калориите на дневниот оброк. При поголеми физички напори (марш, физички работи, спортски тренинзи и натпревари) побрзо се трошат, затоа корисно е дополнително да се зема шеќер, ладни напитоци и овошни сокови.

***2.2.4. Минерални материи*** **-** Минералните материи служат за градење на некои поединечни ткива, учествуваат во регулирањето на разни процеси како составни делови на ферментите и хормоните, го регулираат осмотскиот притисок и раздразливоста на нервниот и на мускулаторниот систем. Во војничката исхрана, посебно значење има калциумот (Ca), железото (Fe) и готварската сол (NaCl). На организмот минимално му е потребно 500-600 мг Ca, 12 мг Fe и околу 15 г NaCl. При големо потење (на големи горештини) се препорачува ставање на 1 грам сол во 1 литар вода за пиење.

***2.2.5. Витамини*** **-** Витамините имаат многу важна улога во прометот на материите (во метаболизмот), во одржувањето на нормална состојба и во регенерирањето на ткивата, а и за нормалното функционирање на нервниот

систем, за сетилата, за срцето, и другите органи. Причини за дефицит од витамини можат да бидат: недоволно земање на продукти богати со витамини, уништување на витамините со долго чување и нестручна преработка, нерационален однос помеѓу одделни витамини и други хранливи материи (на пример исхрана богата со јагленохидрати бара поголема количина од витамин Б1 ), зголемени потреби врз основа на поголем физички напор, неповолни климатски услови, разни болести и сл. Затоа, во многу современи армии се води посебна грижа за обезбедување на доволни количини од витамини А, Б1, Б2, Ц, и ПП, а за луѓе кои се лишени од сончева светлина и витамин Д. Дневните потреби од витамини за војниците се следните: витамин А 5000-интернационални единици, Б1 - 1,9, Б2 - 2,2 мг, витамин ПП - 26 нијацин еквиваленти и витамин Ц - 50-100 мг. Витаминот А го има во млекото и во млечните производи, во жолчката и во џигери. Главни извори за витамини Б1 и ПП се производите од житарици, квасецот и месото. Витаминот Ц покрај зеленчукот го има и во компирот и во овошјето.

## 3. Исхраната како дејност на интендантското обезбедување

Исхраната[1] е една од основните дејности на интендантското обезбедување и е една од најважните задачи на командите и управите на единиците и установите, а посебно на органите за интендантско обезбедување кои ја планираат и ја организираат исхраната и единиците - установите кои ја извршуваат.

Исхраната како дејност го опфаќа: планирањето и програмирањето на исхраната; обезбедувањето прехранбени продукти; готвењето; доставувањето и делењето на јадењата; производството на леб, двопек и печива; колењето на животни и преработувањето на месо; контролата и управувањето со квалитетот на исхраната.

Во исхраната на припадниците на армијата се користат: редовни оброци, полуоброци, дополнителна храна и диети.

Основни начини на исхраната се готвењето и делењето на дневните оброци храна, кои можат да бидат течни, суви и мешани.

Со посебни прописи за исхрана во армијата во мир се регулира: учеството на група продукти во структурата на дневните оброци и полуоброци,

[1] ИНТЕНДАНТСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ основна логистичка функција, ”МАГНАТ”- Скопје, 1998 год., стр.56-61., Pravilnik o ishrani u JNA u miru, InU-228/2, SSNO, Beograd, 1986 god.; Правилник за исхрана во АРМ во мир (нацрт); План за исхрана во АРМ во мир (нацрт); Plan ishrane u JNA za obrok broj 1 i 3, SSNO, InSl-75/2, Intendantska uprava Beograd, Stamparija Split, 1987 god.; План за исхрана во АРМ за оброк број 1 и 3 (нацрт); Plan za ishrana vo JNA za obrok broj 1, 2 i 3 za mali sostavi, IU, Beograd, 1987 god.; Рецептура за подготвување на јадења во ЈНА, ССНО, ИнСл-72, 91. г.

дополнувања и диети, нормите за исхрана, бројот на оброци и нивното учество во оброкот, организацијата на исхраната во касарните и теренски услови, исхраната во текот на мобилизацијата, и друго.

Готвење на јадењата, по правило, се организира обединето во рамките на касарни - гарнизони, производство на леб во рамките на еден или на повеќе гарнизони и двопек за целата територија. Одлука за тоа донесува организациона единица на МО, врз основа на комплетен техничко - економски елаборат.

Контролата на зготвените јадења, произведениот леб, колењето на животните, преработувањето на месото и делењето на тие производи мора да биде испланирано, а да се организира и да се спроведува според прописите на интендантската и другите служби (ветеринарна, санитетска и други).

**3.1. Планирање и програмирање на исхраната**

За да биде исхраната целосна, разновидна и рамномерна, се изработуваат планови за исхрана според видот на оброците со кои се одредува количеството на продуктите кои треба да се потрошат за одделни дневни оброци во одреден временски период.

При составувањето на дневните оброци храна, мора да се задоволат следниве барања:

- оброкот да одговара на потребите на организмот во поглед на енергетските и заштитните материи, додека квантитативниот однос на тие продукти треба да е таков, да може да го олеснува нивното искористување, имајќи ги предвид специфичните барања на одделни воени должности, односно специјалности;
- јадењето да има пријатни органолептички особини и да остава чувство на соодветна ситост;
- јадењето да не содржи состојки кои можат да му штетат на организмот;
- исхраната да биде економична.

При планирањето на исхраната треба да се води сметка за географската позиција на подрачјето на кое се разместени единиците и установите, односно за сезоната на пристигнување на одделни видови свеж зеленчук и овошје.

**3.2. Обезбедување со прехранбени продукти**

Обезбедувањето на прехранбени продукти треба да опфаќа: обезбедување магацински продукти, леб, месо и производи од месо, свеж зеленчук и овошје и други видови прехранбени продукти.

Обезбедувањето на продукти се врши со складирање на прехранбените продукти за потребите на единиците и установите, коишто по правило се обезбедуваат со набавување од одредени претпријатија кои произведуваат соодветни продукти и од претпријатија кои се занимаваат со промет на стока во количества кои се потребни за редовна исхрана, а и за економски и воени резерви.

Магацинските продукти можат да се набавуваат и од републички стокови резерви.

Лебот за потребите на единиците и установите може да се обезбеди: со производство во пекарските единици, односно во воените пекарници; со набавка на пазар и со производство во цивилни пекарници од сопствени суровини.

Лебот, печивата и двопекот се произведуваат во согласност со стручните упатства на интендантската служба.

Набавката на леб на пазар, се врши доколку за потребите на армијата не постои организирано сопствено производство и кога таквиот начин на задоволувањето на потребите е оправдан од аспект на организацијата и хигиената во исхраната, економичноста и борбената готовност.

Леб може да се обезбеди (ако е поповолно) и на тој начин што ќе се склучи договор со претпријатие за производство и испорака на леб од суровини кои ги дава армијата. Со договорот треба да се регулира: обезбедувањето на суровините, квалитетот на лебот, квалитативниот и квантитативниот прием, контролата во текот на производството, цената на услугата и други елементи потребни за обезбедување на квалитетен леб и правилно извршување на договорот.

Месото и производите од месо за потребите на единиците и установите на армијата, може да се обезбедуваат: со набавка на пазар; со товење и колење животни на воените економии и другите објекти за земјоделско производство; со колење на животни во полски, во постојани воени кланици и во кланици на соодветни претпријатија.

Набавката на сирово месо и производи од месо (освен месни конзерви) треба се договара обединето според барањата од планот за исхрана (при договарањето треба да се има предвид количество кое може да се добие на воените економии). Сурово месо и производи од месо, по правило се испорачуваат за повеќедневни потреби.

На воените економии и на другите земјоделски објекти, може да се организира товење и колење на животни во согласност со стручните упатства на интендантската служба.

На маневрите и на заедничките тактички вежби, животните се колат во организација на интендантските единици, користејќи ги формациските средства или кланички капацитети на територијата. За наставни потреби во воените училишта и во интендантските единици, животните треба да се колат со користење на формациските комплети, на алат и на прибор.

Свеж зеленчук и овошје за потребите на единиците и установите, се обезбедува по пат на набавка на пазар и производство на воените економии и други земјоделски објекти (градини и сл.).

Набавката на свеж зеленчук се договара според сезоната на производство и според барањата од планот за исхрана. Се испорачува за дневни или

повеќедневни потреби, во зависност од капацитетот на ладилниците и потребите за подготвување зимница. При договарањето за свеж зеленчук, мора да се води сметка за количествата кои се обезбедуваат од воените економии и градините.

Производство на зеленчук и овошје на воени економии и другите земјоделски објекти, може да се организира врз основа на стручни упатства на интендантската служба и научните сознанија од таа област.

Други видови прехранбени продукти, чие обезбедување не е регулирано на друг начин, по правило се обезбедуваат со набавка на пазарот од претпријатија кои го произведуваат.

**3.3. Готвење, доставување и делење храна**

Храната за потребите на единиците и установите се готви во војничките ресторани[2] . Во гарнизонот може да се готви во еден или во повеќе ресторани, во зависност од големината на гарнизонот, разместеноста на единиците и установите и другите специфичности на гарнизоните, и можностите за обезбедување пропишан квалитет на јадењето во издвоените сали за обедување, а во согласност со барањата на борбената готовност, економичноста во производството и транспортот на јадењата и другите услови што влијаат врз исхраната.

Зготвеното јадење се дели во војничкиот ресторан, а по потреба може да се распоредува и да се доставува во издвоени простории за конзумирање (обедување). За транспортирање на јадењата трба да се користат специјални затворени возила и наменска амбалажа (термос садови ).

Храната може да се доставува до издвоена просторија доколку таа е оддалечена повеќе од 2 км од војничкиот ресторан каде се приготвува, а бројната состојба во издвоената просторија може да биде до 600 луѓе.

Во издвоената просторија за обедување во касарната, мора да бидат задоволени одредени услови за прифаќање на јадењето, одржување на неговата температура до делењето, хигиенско миење на садовите, чување на лесно расипливите продукти и подготвување на салати. Кога постојат технолошко - технички услови, во издвоената просторија, може да се регулира и со подготвување топли напитоци.

Со правилното складирање на прехранбените продукти, особено леснорасипливите во посебни уреди и спроведување на пропишан технолошки процес на претходна топлотна обработка на продуктите, мора да се обезбеди загубите на хранливите материи да се сведат на најмала можна мерка и да се осигура хигиенската исправност и добриот квалитет на јадењето.

[2] Uputstvo za pripremanje - kuvanje hrane i izradi suvih inproviziranih obroka u miru, InU-71, SSNO, Beograd, 1970 god.

Интендантскиот орган кој планира и организира исхрана е должен постојано да презема и други мерки за намалување на остатокот од готовите јадења.

Технологијата и организацијата на готвењето, доставувањето и делењето на јадењата и контролата при готвењето на храната се регулираат со стручни упатства од интендантската служба.

На маневрите и вежбите во кои учествуваат интендантските единици, според воената формација и кога се изведува обука на воените подвижни кујни во интендантските наставни единици и воени училишта, храната се приготвува според прописите за исхрана во воена состојба.

### 3.4. Производство на леб, двопек и печива

Производството на леб и печива[3] би требало да се организира обединето за еден или за повеќе гарнизони, а производството на двопек за целата територија.

Леб, печива и двопек, по правило, се произведуваат во постојани воени пекарници, а лебот, по потреба и во подвижни формациски капацитети и полски печки.

Постојаните воени пекарници мора да бидат оспособени за производство на леб по индиректна метода и потраен леб.

Подвижните формациски капацитети, во мир се употребуваат за производство на леб на маневрите, за заедничките тактички вежби, за наставни потреби во воените училишта и интендантските единици и за време на адаптирањето и поправањето на постојаните воени пекарници.

Производство на леб во полски објекти, се организира за наставни потреби во воените училишта и интендантските единици, а по потреба, и на вежбите на други единици.

Технологијата и организацијата на производство на леб и двопек во воените пекарници, се регулира со стручни прописи од интендантската служба.

### 3.5. Колење на животни и преработка на месото

Колење на животни, подготовка и преработка на месото[4] , треба да вршат:

- месарските и другите интендантски единици, коишто за тоа се оспособени (на вежбите, на логорувањата и на друг вид престојување на терен);
- интендантските училишта, курсевите и интендантските наставни единици заради обучување; и
- воените економии и другите земјоделски објекти коишто имаат опремени кланици.

---

[3] Uputstvo za izradi hleba, klanje stoke i preradu mesa, DSNO, InS-4, 1958 god; Упатство за производство на леб и подготвување на пекарски производи, ИнУ, ССНО, Белград, 1974 год.

[4] Uputstvo za klanje stoke i preradu mesa u JNA u ratu, DSNO, InSl-66, Beograd, 1969 god.; Упатство за колење стока во војна (нацрт); Упатство за употреба на комплет опрема за месарски единици (нацрт).

Технологијата и организацијата на колење животни, подготовката и преработката на месото се регулираат со стручни прописи на надлежните служби.

### 4. Некои актуелни прашања за исхраната на вооружените сили во воени услови

Исхраната на вооружените сили и населението воопшто, во сите досегашни војни, без оглед на нивниот обем и пространство (големина) претставувала многу сложена задача. Тоа упатува на потребата, прашањата поврзани со исхраната во воени услови, постојано научно да се истражуваат и да се изнаоѓаат најдобри решенија коишто во исто време ќе обезбедат водење на вооружена борба и егзистенција на населението. Денес, во нашите општествени односи, ова прашање од повеќе причини треба да се постави како приоритетно.

Историјата ни зборува дека и најдобро технички опремени и високо организирани армии, ги губеле битките и војните тогаш, кога доаѓало до недостаток на продуктите за исхрана. На пример: поразот на Наполеон во Француско-руската војна и сл.

Воените разурнувања и недостатокот од човечка работна сила, репроматеријали и орудија за работа, во поголема мерка го намалува земјоделското производство во државите зафатени од војна. Понекогаш тоа намалување оди и до 50%, што неминовно доведува до недостаток од храна. Доколку, на сето ова му се додадат кражбата, военото профитерство и уништувањето од страна на агресорот на привремено запоседнатите територии или делови коишто се под непосреден удар на авијацијата и другите разурнувачки средства, тогаш состојбата во храна се влошува уште повеќе.

Земји, каква што е и Република Македонија, коишто сакаат да бидат самостојни, уште во мирно време треба да создаваат резерви од прехранбени продукти и да го подготвуваат своето земјоделско производство за работа во воени услови, бидејќи продуктите од храна и вода се важна стратегиска компонента во подготовките на општеството (државата) за војна и вооружена борба.

Миграцијата на населението село - град си го направи своето, па оттаму произлегува и големата концентрација во градските населби. Исхраната на градското население, особено во воени услови, е многу потешка, бидејќи е сè поголем бројот на луѓето коишто зависат од пазарните вишоци на индустриско-земјоделското производство. Таквото производство е најосетливо на воени дејства, кое во некои околности може да биде и оневозможено. Тука се и причините што сите држави на овој проблем му приоѓаат комплексно и го решаваат во согласност со своите прилики и можности.

Во нашата земја, проблемот со исхраната на населението на одреден начин е присутен и во мирно време, што значи дека во воена состојба би бил уште поизразен. Во изминатите 50 години нашата земја (особено како република во рамките на СФРЈ) доживеа некаков индустриски развој, со јако изразена миграција на населението село - град, којшто влијаеше (па и сега влијае) на потрошувачката на земјоделските производи. Иако може да се сметаме за земјоделска земја, ние сѐ уште не успеваме да произведеме доволни количина храна, па затоа сме присилени на увоз на некои продукти.

За изнесеното, има и многу субјетивни фактори коишто предизвикуваат недоволно интензивно земјоделско производство како на пример: образованието на село, уситнување на земјишните имоти, претежно лоши услови за производство, дисперитет на цените на некои земјоделски производи во однос на индустриските производи итн.

Ваквата состојба во земјоделството, ја наметнува потребата (за да се обезбеди редовно снабдување на населението во мирно време и во воена состојба) од создадавање на потребни резерви прехранбени продукти во претпријатијата, општините и Републиката. Сега, овие резерви варираат по количини или воопшто ги нема, а се зависни и од домашното производство и од увозот. Оттука треба да се потсетиме на правилото: ***“поголемо домашно производство, помали резерви и обратно, помало производство, поголеми резерви”***. Меѓутоа, секогаш треба да ни е присутно и тоа дека резервите го оптоваруваат финансискиот биланс на земјата, бидејќи за нивно создавање и чување се ангажираат многу респективни финансиски средства. Исто така, доколку тука биде присутна уште и инфлацијата со скокот на цените, резервите не би можеле да се засноваат без дополнителни финансиски средства. Најтешко е што резервите во одредени прехранбени продукти мораат да се создаваат со увоз, којшто уште повеќе го оптоварува и онака дефицитарниот девизен платен биланс.

Познато е дека Републиката и општините (органите на управата и Локалната самоуправа) ги формираат своите резерви во храна за снабдување на населението и за вооружените сили во војна. Овие резерви, во мирно време служат за интервенција во случаи на нарушување на пазарот. Потребната количина од резерви, досега сѐ уште не е формирана во сите општини и на ниво на Република, односно не е формирана во доволен обем по видови и по количини. Помеѓу останатото, една од основните причини за неформирање на потребните резерви е и недостаток од финансиски средства. Меѓутоа, неопходно е Републиката и општините да отпочнат со обезбедување на оние количини од резерви, коишто ќе можат да ги задоволат потребите во мирно време и во воена состојба.

Во военото снабдување, околу резервите се јавуваат одредени проблеми. Имено, кај некои органи за снабдување владее мислењето дека резервите

создадени во мирно време, во воена состојба мора да се трошат според намена, односно според потрошувачите (АРМ - МО - МВР итн.). Се застапува и тезата дека АРМ ќе се снабдува од републичките резерви. Исто така, има и различни гледања за резервите и за надлежностите на општините во воена состојба во однос на тие резерви.

Факт е дека сите граѓани заедно водат вооружена борба за да се зачува независноста и интегритетот на земјата. Според тоа, во воена состојба од посебно значење е нашето општество што поцелосно да функционира во сферата на производството, расоределбата и снабдувањето. Системот на снабдување во целата земја треба да биде што е можно поединствен. Не би требало да се дозволи послаборазвиените општини или региони да трпат, а други да живеат во изобилство. Општините на чијашто територија се изведуваат борбени дејства, мораат да бидат потпомогнати од Републиката и од другите општини. Затоа треба да се создаде таков механизам на воено снабдување, со којшто ќе се користат сите извори и во границата на можностите да си помагаат едни со други водејќи сметка за подеднакво снабдување на населението и на вооружените сили на целата територија на Република Македонија.

Органите на управата и органите на локалната самоуправа за военото снабдување треба да ги разрешат сите прашања поврзани со снабдувањето на вооружените сили на Република Македонија, и на тој начин да ги отстранат сите дилеми коишто произлегуваат од важечките законски регулативи и одлуки. Притоа, треба да се има предвид и фактот дека вооружените сили ја делат истата судбина со населението кога е во прашање военото снабдување со неборбени средства. Исто така, треба да се има предвид и фактот што вооружените сили водат борбени дејства коишто се изложени и на големи губитоци, па затоа и би требало да имаат некаков приоритет во снабдувањето.

Искуствата од војните покажуваат дека војската секогаш ја дели судбината на народот, па и во најтешките услови тие на најдобар начин си помагале. Основната алка во снабдувањето, денес би требало да биде локалната самоуправа со своите месни заедници, додека органите на управата да делуваат плански и координирано, особено околу примарното производство, преработката и дистрибуцијата според вистинските потреби на целата територија. На тој начин би требало да се снабдува и АРМ, а не како што некои мислат дека тоа исклучиво е грижа на Републиката. Исто така, некои сегашни решенија треба да се менуваат, бидејќи за снабдување на АРМ, во зависност од прехранбените продукти можат да се предвидат и различни решенија (Шема 1 и 2). Од овие шеми може да се види дека АРМ, во воена состојба најголемиот дел од прехранбените продукти треба да ги добива од Републиката, а дел од локалната самоуправа (општините, месните заедници и претпријатијата).

**Ш Е М А (бр. 1) на поврзаност - соработка на органите на управата, со локалната самоуправа и со Армијата по рамништа за реализација на логистичкото обезбедување - снабдувањето**




***ЛЕГЕНДА:***

——→ Линија на РиК

- - - - - -→ Линија на соработка и на доставување барања за снабдување.

**Ш Е М А (бр. 2) за снабдување - обезбедување прехранбени продукти за потребите на Армијата на Република Македонија**




***ЛЕГЕНДА:***

------- планирање

-·-·-·-· снабдување

Може да се заклучи дека, во воени услови сите прашања во врска со снабдувањето на прехранбени продукти (во врска со исхраната) за потребите на вооружените сили, треба да се набљудуваат единствено, како единствен систем, а тоа логично бара и постоење на единствен систем за снабдување.

Лоцираните проблеми бараат посовремен и пофункционален систем за снабдување на вооружените сили со храна, во којшто би требало да се билансираат потребите (Шема број 3).

**Ш Е М А (бр. 3) за создавање - билансирање на потребите во храна**



Од Шемата број 3, може да се види дека главен непосреден носител за снабдување би била општината (локалната самоуправа со своите органи, месните заедници и претпријатијата), бидејќи таа во своите планови треба да ги опфати сите потреби за сите воени потрошувачи од населението, бегалците, воените заробеници, па до сите потреби за вооружените сили (безбедносните сили - АРМ и полициските единици).

Повисокото ниво - РЕПУБЛИКАТА треба да билансира и да ги насочува потребите, организирајќи го производството и другите извори за покривање на потребите, што не значи дека Републиката не може непосредно од производството да ги снабдува големите потрошувачи, како што е АРМ како целина. Какви права и обврски треба да им се дадат на општинити и Републиката во однос на производството и користењето на материјалните средства е работа на Републиката, односно договор и планови со коишто таа материја ќе биде регулирана.

Билансирањето на потребите со прехранбени продукти во општините и во Републиката треба да се врши во мирно време. На тој начин би се избегнале или би се ублажиле ситуации од доволно и од премалку храна, односно, во житородните краеви да има доволно резерви од храна, додека во други краеви (општини) да нема доволно храна ниту во трговските претпријатија.

Билансирањето во прехранбени продукти и пофлексибилните решенија околу проблемот со исхраната во воени услови се неопходни. Затоа во шемата, навистина на многу упростен начин, е направен обид (прикажано е) како се замислува билансирањето на потребите на рамништата општина и република, односно билансирањето преку органите на управата и локалната самоуправа.

Снабдувањето на вооружените сили со храна на ПЗТ, може да биде многу тешко и би требало да е во согласност со можностите за користење на основните и на дополнителните извори за снабдување. Во такви околности, искуствата од најновите борби со терористичките групи во северозападниот дел од територијата на Република Македонија, треба да ни послужат за планирање на таква организација на снабдување, која со сигурност ќе гарантира извршување на поставените борбени задачи, бидејќи на тие територии најверојатно тоа сè уште ќе ни се случува и во слични услови. Сознанијата и практиката на снабдувањето се од големо значење и на тие искуства мораме и понатаму да се учиме. Исто така, треба да се соочиме со фактот дека сето ова не може однапред да се испланира, бидејќи зависи и од постапките на агресорот.

## 5. Заклучок

Во заклучокот на овој труд може да се истакне, дека прашањето-обезбедување сопрехранбени продукти во воени услови е непосредно поврзано со организацијата

на земјоделското производство, а оттаму може да се заклучи и дека сите овие прашања сè уште доволно не се истражени. Во овој труд, сигурно не се разгледани сите проблеми поврзани со снабдувањето храна и со земјоделското производство во воени услови, потоа дисперзијата на прехранбените продукти, раселувањето, тајните складови, откупот на прехранбените продукти, реквизицијата, рационализираното снабдување итн.

Со оглед на денешната актуелност со исхраната на вооружените сили на Р. Македонија, ова е обид и можност преку стручна публикација, научни и стручни трудови, расправи и полемики да се побуди интерес, за да се вклучи што поголем број на лица (старешини од Армијата и други лица) коишто се занимаваат со проблематиката снабдување и повеќе да се зборува за овие прашања, а изнесеното да се прифати само како иницијатива и како повик за пошироко проучување на целата проблематика во врска со обезбедувањето - снабдувањето со прехранбени продукти и исхраната на вооружените сили на Р. Македонија воопшто.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Cravioto J. Aplication of Newer knowledge of Nutrition on Physical and Mental Growth and Development, American Journal of Public Health II/1963.
2. План за исхрана во АРМ по оброк број 1, Република Македонија, Министерство за одбрана (НАЦРТ), Скопје,1999 г.
3. Plan ishrane u JNA za obrok broj 1 i 3, SSNO, InSl-75/2, Intendantska uprava Beograd, Stamparija Split, 1987 god.
4. Plan za ishrana vo JNA za obrok broj 1, 2 i 3 za mali sostavi, IU, Beograd, 1987 god.
5. С.Кочоски, ИНТЕНДАНТСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ основна логистичка функција, “МАГНАТ” - Скопје, 1998.год.
6. Scrimshow N.S., World – wide Importance of Protein Malnutrition and Toward its Prevention, American Journal of Public Health, II/1963.
7. Упатство за производство на леб и подготвување на пекарски производи, ИнУ, ССНО, Белград, 1974 год.
8. Uputstvo za pripremanje - kuvanje hrane i izradi suvih inproviziranih obroka u miru, InU-1,SSNO, Beograd, 1970 god.
9. Uputstvo za klanje stoke i preradu mesa u JNA u ratu, DSNO, InSl-66, Beograd, 1969 god.
10. Uputstvo za izradi hleba, klanje stoke i preradu mesa, DSNO, InS-4, 1958 god.

# ТЕХНИЧКОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО СИСТЕМ

**Панче ЛЕВКОВ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски" Скопје

**Апстракт:** *Глобалните светски трендови укажуваат дека на една идна армија ќе ѝ требаат многу повеќе информации за управување и извршување операции на којбило дел од земјата. Идната армија ќе мора да гледа во реално време, континуирано да се насочува, моментално да одлучува и да биде спремна за дејство за еден час или пократко.*
*За да одговориме на сите овие прашања потребен ни е еден моќен научен пристап. Тоа е системскиот пристап. Системскиот пристап дава можност да се доближат сите случувања на бојното поле до војникот. Основната дефиниција на системскиот пристап е сфаќањето на методот. Ова сфаќање се базира на една парадигма, секоја организација вклучувајќи ги и вооружените сили, да се еден вид на систем. Систем е интегрирана целина на луѓе, на производи и на процеси, погоден да обезбеди способност за исполнување на одредени потреби и цели.*

**Клучни зборови:** *систем, системски пристап, реално време.*

**Abstract:** *The global world's trends show to us that for one future Army more information will be needed to be managed and more to operate worldwide. The future Army must observe in a real time, orient continuosly, decide immediately and act in an hour or less.*
*To answer all these questions we need one powerful scientific approach. That is the systems approach. Systems approach can give the opportunity to grasp all dinamics of battlefield to the soldier. The basic defenition of the system approach is understanding the way. This understanding is based on a paradigm that everu organization including the Army forces, are one kind of a system. A system is an integrated composite of people, products, and processes, as applicable, that provides a capability to satisfy a stated need or objective.*

**Key words:** *system, systems approach, real time.*

## Вовед

Општата теорија за системите поаѓа од претпоставката дека природата и општеството т.е. светот како целина, се состои од множество на хетерогени елементи кои егзистираат меѓусебе поврзано и чинат одредени целини кои можат да се наречат множества.

Според ова теорија сите елементи кои егзистираат во целина како множества на еден или на друг начин се меѓусебе поврзани, влијаат еден врз друг, што во научната терминологија е познато под поимот меѓусебни интеракции. Така одреден број на сродни елементи, собрани во една целина, односно множество, со нивните интеракции сочинуваат систем.

Тоа значи дека системите претставуваат множества на сродни елементи што се наоѓаат во интеракција т.е множества што имаат определени својства какви што не мора да имааат нивните составни елементи.

Модел на систем со векторите на влез и на излез е прикажан на Сл.1.




**Сл.1 Модел на ситем: U(t) – вектор на влез во системот, I(t) – вектор на излез од системот, E(t) – вектор на трансформација на влезот во излез.**

## Карактеристики на техничкото обезбедување како систем

Техничкото обезбедување (ТОб)[1] како систем се развивал и се усовршувал во сите современи вооружени сили паралелно со воведувањето нови технички средства и со изнаоѓањето погодни организациски и техничко-технолошки облици за подобрување на поддршката на техничките системи во текот на нивниот живот. Притоа, обемот и содржината на ТОб и развиеноста на неговата организациско-формациска структура во мир и во војна се разликува кај одделни вооружени сили и зависи од нивната концепција за изградба, доктрината за употреба и материјалната основа.

Во основа, во сите вооружени сили ТОб содржи две функции (дејности) - снабдување со технички материјални средства и одржување на техничките материјални средства, кои во одделни вооружени сили се организираат и се реализираат со функциите на интегралната логистичка поддршка.

Во дефинирањето на ТОб како систем ќе се користиме со општата теорија на системите како научна методологија, која има за цел да ги открива заедничките основи и единствените концепциски рамки за проучување на различните, по содржина и облик системи.

Врз основа на општата теорија на системите, во логистичкиот систем можат да се согледаат, во зависност од критериумот на набљудување, голем

[1] Во понатамошниот текст за поимот "техничко обезбедување" ќе ја користеме кратенката "ТОб".

број на потсистеми. Така, како потсистеми на логистичкиот систем можат да се дефенираат основните функции на логистичкиот систем кои претставуваат множества на меѓусебно поврзани активности со кои најдобро се извршува една посебна, парцијална задача.[2] Овде, неминовно ни се наметнува прашањето дали ТОб ги исполнува, условно земено, критериумите за еден систем, врз основа на кои можеме така и да го дефенираме.

Понатамошната анализа ќе покаже дека ТОб како основна логистичка функција на логистичкиот систем ги има систе елементи на еден систем: цел, влез излез, структура, состојби и процес. Значи, ТОб има одредена цел за која се организира, постојат адекватни активности за нејзино остварување, има специфични елементи кои имаат меѓусебна зависност, постои интеракција помеѓу елементите од системот како и со елементите од другите системи, елементите чинат една структура која функционира оптимално и сл.

Теоријата на системите укажува на различни поделби на системите во зависност од тоа каков е аспектот на набљудување. Набљудувајки го ТОб како систем од различни акспекти можеме да го класифицираме како:

а) *реален*

ТОб е реален систем бидејки е реално-објективен (физички постои) и како таков може да биде опишан со човечкиот говор.

б) *вештачки*

ТОб како систем го создал човекот во чие оформување тој вградил одредени цели очекувајки тие цели перманентно да се остваруваат со правилно функционирање на системот.

в) *отворен*

ТОб е отворен систем, бидејќи е под постојана интеракција со окружувањето. Тој има отворени влезови за влијание од окружувањето, а исто така и преку своите излези дејствува врз окружувањето.

Ако ТОб е во толкава мера отворен систем што влезот и излезот се во голема зависност од околината, со своите интерни инструменти не е во состојба да го регулира своето функционирање и да ја одржува својата внатрешна кохезија, тогаш тој неминовно ќе се стреми кон распаѓање.

Исто така, тоа ќе се случи ако ТОб сосема се затвори во себе, ако го запостави надворешното влијание, ако исклучително се посвети на своите интерни проблеми, ако не го истражува окружувањето, односно ако не прима информации од него.

При тоа е особено важно да се знае зоната на отвореност со која системот ќе постигне најдобри резултати. Тоа е оптималната зона на отвореност која е променлива во текот на времето.

---

[2] Сокле Кочоски, *Воена логистика*, Магнат, Скопје,1997, стр.31

г) *сложен*

Сложеноста на системот ТОб произлегува од неговиот голем број на елементи и сложената структура на врски помеѓу нив. Системот ТОб се состои од два потсистема:

- систем за техничко снабдување и
- систем за техничко одржување.

д) *стохастички*

Системот ТОб е стохастички бидејќи неговото однесување однапред не може да се предвиди, туку само да се процени. Неговите елементи можат да имаат најразлични состојби во текот на функционирањето.

ѓ) *динамичен*

Динамичноста на системот ТОб произлегува од променливоста на неговата состојба со текот на времето. Еволуционите промени настануваат во рамките на развојниот процес. ТОб е во постојана промена на својата структура (изумирање на едни и создавање други елементи на системот). Состојбата со текот на времето се менува поради управувањето, или поради влијанието на неговата околина, а управувањето дејствува со желба да ја задржи првобитната состојба. Значи, ТОб е систем кој има потреба од управување.

е) *нелинеарен*

ТОб е нелинеарен систем од причина што врската меѓу влезот и излезот не може да се претстави со линеарен оператор.

ж) *хиерархиски*

Хиерархиската карактеристика на системот ТОб произлегува од подредените и од надредените односи на елементите кои управуваат, односно постои управување на највисок ниво, средно ниво и најниско ниво.

з) *организациски*

За нас е особено важна ова одреденост на ТОб, од причина што како организациски систем ќе го разгледуваме како комбинација на биолошки (човек) и технички (средства) систем.

Како организациски систем тој има одредени цели, кои можат да бидат остварени само преку управување. За еден организациски систем управувањето е прашање на неговата егзистенција.

ѕ) *самоорганизациски*

ТОб е самоорганизациски систем, бидејќи со влијание на средината преку влезните и излезните информации, доаѓа до промена на неговата структура и функционирање, и тоа така, што системот од една лабилна позиција се сведува до состојба на рамнотежа.

## Окружување на системот техничко обезбедување

Кусо речено под окружување на еден систем може да се смета сé она што е надвор од системот. Меѓутоа, иако ова не е неточно, сепак е многу

широко, од причина што тоа би значело сé што е надвор од системот и целата вселена т.е сé она што е бесконечно.

Овде под окружување ќе го сметаме оној дел од вселената чии промени влијат на системот, односно на кого влијаат промените во системот.

Одовде произлегува дека окружението е релативен поим, бидејќи во даден момент некои елементи од вистинското окружување на еден систем можат да бидат негово окружување, а во друг момент да не бидат, што зависи од тоа дали таквите елементи имаат влијание врз системот и обратно, што пак зависи од кој аспект се гледа.

Од општата теорија на системите е познато дека секој систем е истовремено елемент на некој повисок систем и обратно, секој елемент е истовремено систем во однос на своите елементи, односно пониските елементи.[3]

Врз основа на горе кажаното можеме да ја одредиме локацијата на системот на ТОб иако рековме дека тоа е релативен поим (Сл.2).

Од сликата може да се види дека ТОб е потсистем на логистичкиот систем, односно негов елемент. Логистичкиот систем пак е потсистем на системот на вооружените сили, а овој е потсистем на системот на одбраната, односно потсистем на глобалниот општествен систем.




**Сл.2 Локацијата на системот ТОб**

[3] *Правилото за техничка служба во АРМ* (1997), системот ТОб го дефенира како потсистем на логистичкото обезбедување.

Системот на ТОб како најблиско окружување го има логистичкиот систем. Ова окружување има и најголемо влијание на неговото функционирање, бидејќи во исто време тој е и елемент на системот на ЛОб.

Бидејќи овде станува збор за реални системи, кои ги создал човекот, кои постојат во реалниот свет, сите тие се изложени на влијанието на факторите време и простор - фактори на воооружената борба.

## Влез и излез во/од системот техничко обезбедување

На однесувањето на системот, односно на процесите што се случуваат во него, во општ случај, влијаат многу фактори, како надворешни така и внатрешни. Надворешните фактори кои суштествено влијаат врз промената на состојбата на системот се нарекуваат влезни величини или едноставно влез.

Влезни величини се надворешните дејства во системот. Влезови во системот се оние елементи во системот кои примиле влезни дејства од надворешните фактори.

Излезни величини се дејствата на системот на околната средина.Тие во околната средина го покажуваат однесувањето на системот во однос на поставениот програм на самиот систем.

Влезните и излезните големини се функција условена од времето, односно тие се менуваат со текот на времето. Влезните и излезните големини поради многубројноста посебно сочинуваат *вектор* на влезот и *вектор* на излезот. Определен збир на вектори секогаш постои на влезот и на излезот. Овој збир се вика *простор* на влезот, односно излезот. Векторите на влезот можат да се сметаат за импулси, а векторите на излезот за реакција на системот.

Векторот на излезот на ТОб најчесто завршува комплетно во рамките на системот на вооружените сили, а само во ретки ситуации кога ТОб дава услуги надвор од системот на вооружените сили тоа не е така.

Со реализација на својот излез ТОб допринесува да се реализира излезот на логистичкиот систем, односно системот на вооружените сили. Компонентите на векторот на излезот кај ТОб имаат различни појавни облици. Како основни облици можат да се наведат следните:

- функционирање на борбените средства кои технички се обезбедуваат (снабдување и одржување), односно работни и неработни состојби;
- дел од задачата на логистичкиот систем која се реализира од допринесувањето на ТОб и
- активности кои ги изведува ТОб: задоволување на барањата за извршители, резервни делови, средства за снабдување и средства за работа на ТОб.

Ниеден од овие излези не ја сочинува вкупната содржина на излезниот вектор на ТОб.

Компонентите на векторот на влезот на ТОб доаѓаат од логистичкиот систем и неговото окружување. Основни појавни облици на овие компоненти се следните[4] :

- резервни делови и материјал за одржување;
- средства за снабдување на борбените средства;
- работа на извршителите на ТОб;
- барања за работа;
- барања за резервни делови;
- барања за средства за снабдување;
- барања за средства за работа на ТОб;
- влијанието на логистичката функција;
- влијание на другите функции во логистичкиот систем;
- влијанието на окружувањето на логистичкиот систем и
- целите на ТОб

## Фактори кои влијаат врз функционирањето на системот техничко обезбедување

На физиономијата, организацијата и функционирањето на системот на техничкото обезбедување влијаат фактори на окружувањето (околината) и фактори кои настануваат во самиот систем.

Од факторите на окружување пред сé треба да се истакнат карактеристиките на оштпествениот систем и неговиот развој, усвоениот модел на системот на одбрана, развојот на вооружените сили, доктрината и концепцијата на развојот на ЛОб.

Факторите кои настануваат внатре во самиот систем, произлегуваат од неговиот сопствен развој, од состојбата на техниката и технологијата, од задачите кои треба да ги извршува и сл.

Меѓу најзначајните фактори кои ја детерменираат физономијата, организацијата и функционирањето на системот за ТОб се следните:

- вооружената борба;
- моделот на системот на одбрана;
- развојот и модернизацијата на вооружените сили;
- карактеристиките на човечкиот фактор;
- специфичноста на борбената техника и
- состојбата и проблемите на техниката во вооружените сили.

[4] Safet Brdarevic, *Uspjesnost odrzavanja*. Beograd, "OMO", 1988 година.

## Состојба на системот техничко обезбедување

Состојбата на системот може да се прикаже како вектор кој има одреден број компоненти. Колку попрецизно ќе се дефенираат овие параметри, толку повеќе информации ќе се има за состојбата на системот. Состојбата на ТОб ги прикажува процесите кои се одвиваат во него, на база на кои можеме да го предвидиме неговото идно однесување, па дури и да се управува со неговото однесување.

Во системот на ТОб како параметри на векторот на состојбата на системот се состојбите на:

- средствата кои се одржуваат,
- средствата кои се снабдуваат,
- персоналот во ТОб,
- средствата за работа на ТОб и
- резервите.

Можните состојби на системот зависат од бројот на елементите и од бројот на врските. Ако со N го обележиме бројот на состојбите на системот, со н бројот на елементите во системот, а со к бројот на нивните врски, тогаш бројот на можните состојби на системот ќе го пресметаме на следниот начин.[5]

Прво ќе го пресметаме бројот на врските преку формулата

$$k = n(n-1)$$

Со оглед на тоа дека секоја врска остварува (реализира) најмалку две состојби, тоа значи дека во системот со н елементи можат да настапат следните можни состојби:

$$N = 2^k = 2^{n(n-1)}$$

Како што веќе предходно беше кажано овој број на можни состојби можат да настапат во одредени временски периоди или во дадени временски процеси, што значи дека состојбата на системот е функција од времето, односно се менува со текот на времето.

## Параметри

Параметри на системот на ТОб се големини (велечини) што се карактеристични за системот и кои во текот на процесите што се одвиваат во системот не се менуваат, или се менуваат многу бавно во однос на брзините на

[5] Димитрија Новачевски, *Основи на теоријата за системите на информации*, Скопје, Наша книга, 1987 година.

менувањето на состојбите[6]. Параметрите ги карактеризираат инхерентните физички, хемиски, биолошки, економски и други својства на системот.

Состојбата на системот ги опишува процесите во системот, а параметрите на системот го опишуваат самиот систем. Параметрите, најчесто се константни, иако можат и да се менуваат во текот на времето.

Во системот на ТОб како параметри можат да се издвојат бројот на војниците, бројот на старешините, бројот на граѓанските лица ( или пак сите вработени), бројот на одделни технички материјални средства, резервите и капацитетите и др.

Во определен временски период овие параметри се константни и во тој период тие не се менуваат или пак се менуваат сосема малку, па можеме таквите промени да ги занемариме.

Параметрите на системот на ТОб се основни генералии за системот и како што нагласивме тие во определен временски период на разгледување се константни.

Меѓутоа, кога системот на ТОб се разгледува за подолг временски период, или разгледувањето се врши во борбени услови, овие параметри се променливи во текот на времето. Во првиот случај, со одредени среднорочни планови ги определуваме параметрите на системот, а во вториот случај вршиме прогнозирање на вредностите на параметрите.

## Нарушувања

За кибернетичките системи во кој спаѓа и системот на ТОб е карактеристично дека можат да се претстават со два дела во себе: дел кој управува и дел што е управуван.

Нарушувањата кај ваквите системи се такви големини во управуваниот дел, кои влијаат системот да функционира во непожелна насока. Практично станува збор за неконтролирани влезни големини кои во поголем дел се од надворешни извори. Во општи теориски согледувања, тие можат да се јават и како последица од внатрешното функционирање, односно да бидат од внатрешни извори. Тоа се сите оние дејствувања чие влијание не е во рамките на управувачките процеси, односно нарушувањата дејствуваат надвор од управувачките задачи. Внатрешните нарушувања настануваат како последица на промена на параметрите на системот т.е. поради промените на особините на неговите елементи поради долго работење. Како такви тие се непожелни и негативно влијаат врз функционирањето на системот. Тие се со стохастички карактер, па и нивното дејствување и последиците се непознати.

[6] Тодор Кралев, *Теорија на системите на информациите и на информативните системи,* Скопје, НИО ”Студентски збор”,1984.

## Однесување

Однесувањето на системот на ТОб ќе го дефенираме како збир на состојби кои следат една по друга во текот на времето.

Однесувањето на системот е утврдено од функционалната поврзаност помеѓу влезот и излезот на системот. Таа поврзаност ја изразуваат трансформациите што настануваат во системот, додека пак тие зависат од функционалните својства на системот. Од друга страна пак, функционалното својтво на системот е способност, која произлегува од неговиот внатрешен ред, на уредени влезни состојби да им доделува излезни состојби на точно одреден начин, кој е карактеристичен за дадениот систем.

Бидејќи системот е поврзан со окружувањето, познавањето на зависноста меѓу однесувањето на системот и однесувањето на окружувањето е од големо значење за предвидување и одредување на начинот на однесување на системот во иднина. Ова всушност значи познавање на законите на движењето и развојот на системот, што е од голема важност при управувањето со системот. Ако за некој систем се знае неговото однесување, и ако од неговите можни однесувања може да се предизвика некое однесување, за него велиме дека е систем со кој може да се управува.

Според степенот на сигурноста со кој може да се предвиди начинот на однесувањето на системот, системите се делат на:

- системи со детерминистичко и
- системи со стохастичко однесување.

Кај системите со детерминистичко однесување со сигурност може да се предвиди како ќе се однесува, под услов да се познати влезните состојби и начинот на неговата активност.

Стохастичко однесување имаат системите чии излезни состојби или начин на однесување не се еднозначно одредени од влезните состојби во даденото време или некое минато време, туку тие излезни состојби се појавуваат случајно.

Системот на ТОб е стохастички систем, поради што излезните состоби можеме да ги утврдиме само со статистичка зависност од влезните состојби. Тоа значи дека можеме да утврдиме само некоја веројатност на излезните состојби, во зависност од дадени влезни акции на системот. Ова значи дека можат да се предвидат само одделни излезни состојби што ќе се случат, или може да се предвиди начинот на однесување на системот од дадениот збир на можни начини на однесувања. Така, и покрај познавањето на влезните состојби и начинот на акциите на системот, остануваат неизвесни излезните состојби и самиот начин на однесување.

## Стабилност

Како што веќе до сега беше кажано, врз системот, односно врз неговото функционирање, во општи согледувања дејствуваат многубројни внатрешни

и надворешни фактори. Дејствувањето на овие фактори доведува до промени во состојбата на системот. Исто така, се менува и однесувањето, односно функционирањето на системот.

Некои системи имаат можност да му се спротивстваувуаат на дејствувањето на факторите кои се насочени да го нарушат нивното нормално функционирање. Овие системи имаат можност по дејствувањето на факторите, да се вратат во првобитната положба. Таквите системи се нарекуваат *стабилни системи.*

Кај динамичките системи во кои спаѓа и системот за ТОб, управувањето е она, што треба да го одржи системот во определена рамнотежна положба, иако врз него дејствуваат надворешни и внатрешни нарушувања кои го вадат од урамнотежена положба. Во таков случај, основна управувачка задача е да се обезбеди, на мало надворешно нарушување, да одговара мало поместување на урамнотежена состојба, и понатаму, во текот на времето, по нарушувањето системот да се врати во урамнотежна состојба. Динамичкиот систем кој ги поседува овие својства се нарекува стабилен систем, а состојбата стабилна.

Нарушувањата можат да бида со таква јачина, така што да системот по излегувањето од урамнотежната состојба не може да се врати во првобитната состојба. Во таков случај системот или сосема ќе биде уништен, или ќе се најде во нова положба (состојба), која ќе се разликува од првобитната, или ќе се претвори во нов систем.

Поимот стабилност е од особено значење за системот на ТОб. Иако системот на ТОб, како и другите динамички , односно организациски системи, практично не се наоѓа во стабилна урамнотежена состојба, туку во преоден режим, сепак, стабилноста игра многу голема улога.

Практично, севкупната деловна политика на системот ТОб е насочена кон такво функционирање кое треба да ги елиминира надворешните и внатрешните влијанија што негативно влијаат врз стабилноста. Промената на борбената ситуација, загуби на ТМС и жива сила, неисправност на ТМС, уништување на одделни елементи на системот и сл. Тоа се сé нарушувања кои системот на ТОб го "вадат" од определена положба во која се наоѓа. Ако овие нарушувања се мали (релативно), тогаш системот на ТОб има можност да им се спротивстави.

На пример, ако дојде до прекин во снабдувањето со гориво, и ако тој прекин е мал (5 дена), тогаш системот на ТОб има можност да работи и понатаму нормално трошејќи ги своите резерви кои се димензионирани за повеќе од 5 дена (на пример 15 дена). Но, ако ова нарушување (прекинот со снабдување со гориво) потрае повеќе од 15 дена, тогаш системот на ТОб веќе не е во можност да работи (функционира). Таквиот систем повеќе не може да ја извршува основната задача за која и постои, па поради тоа е осуден на уништување.

## Повратна врска

Поимот повратна врска е еден од основните поими во кибернетиката и во теоријата на динамичките системи во кои го вброивме и системот на ТОб.

Кибернетичките системи (системите со управување) преку своите влезни и излезни компоненти се во непосредна врска со околината, правејќи при тоа, обично, поголема органски поврзана целина - систем. Ваквиот однос на системот и неговата околина е предуслов за функционирање на системот.

Функционирањето на системот секогаш е орентирано кон достигнување на некоја цел, од каде произлегува и неговата целесообразност. Целесообразноста на системот може да се реализира само со управување. Само идеализираниот систем (систем кој е сосема изолиран од внатрешните и надворешните промени) може да функционира без управување. Во реалниот свет таков систем не постои.

Значи, реалниот систем мора да земе предвид дека функционирањето номинално ќе биде постојано, под влијание на надворешни и на внатрешни пречки , што за последица ќе има излезот да не е она што треба да биде. Ова условува да мора да постои врска помеѓу влезот и излезот која ќе го регулира функционирањето на системот. Врската меѓу влезот и излезот се вика *повратна врска*..

Какво е значењето на повратната врска за системот за ТОб може да се согледа ако се замисли и се анализира што ќе се случи ако повратната врска реагира со задоцнување, односно ако поради "тромавоста" временската константа е поголема од она што значи нејзина дефенирана големина.

На пример, ако благовремено не пристигнат повратни информации за новите реони на дотур на техничките материјални средства, за количините кои треба да се дотурат, и времето на дотур и целесообрасноста на системот ќе бидат доведени во прашање. Ако повратната врска сосема затаи, системот ќе престане со работа, односно таквиот систем веќе не е целесообразен и е подложен на уништување.

Одовде, неминовно се извлекува заклучок дека повратната врска мора да биде со таква временска константа која нема да ја доведе во прашање целесообразноста на системот.

## Ентропија

Поимот ентропија во кибернетиката и во општата теорија на системите како мерка за несигурноста и недетерминираноста на системите го вовел создавачот на кибернетиката Норберт Винер.

Во кибернетиката и теоријата на системите ентропијата е мерка на неорганизираност на некој систем, т.е. го изразува тежнеењето на системот

со текот на времето да помине во состојба на потполна неорганизираност. Голема ентропија значи мала организираност на системот и обратно, мала ентропија значи голема организираност на системот.[7]

Спротивен на поимот ентропија е поимот "организација". Додека ентропијата е мерка за дезорганизација, отсуство на ред во системот, организацијата се јавува како противтежа, како поим на негативна ентропија или негентропија, односно како мерка на редот и организираноста. Математички, изразено, негентропијата е еднаква на ентропија со спротивен предзнак (значи со +).

Степенот на средeноста на еден систем се пресметува по формулата на Клод Шенон:

$$R = 1 - \frac{H}{H_{max}}$$

$R$ - степен на средeноста,
$H$ - ентропија на системот,
$H_{max}$ -максимална ентропија на системот.

Од формулата може да се види дека вредноста $R$ може да се најде меѓу нула и единица, и тоа;

0 за систем кој се наоѓа во целосен неред,

1 за систем кој е целосно среден и чија ентропија е еднаква на нула.

Системите се бранат од ентропијата или од намалувањето на степенот на средeноста со црпење на материја, енергија и информации од своето окружување. Всушност ова се прави преку процесот на управување. Бидејќи управувањето на системите се остварува со донесување одлуки за корективно дејство на функционирањето на системот врз база на информации, тоа значи дека само врз основа на информациите даден систем може да се бори против дезорганизацијата и хаосот односно против ентропијата.

Ова, сведено на системот ТОб, би значило дека преку информациите може да се постигне поголем степен на организираност, кој пак би довел до поголема ефикасност во функционирањето. Поголемиот степен на организираност кај системот ТОб би се манифестирал со:

- привремено забавување на процесот кој доведува до зголемување на ентропијата;

[7] Подетално за поимот Ентропија види: Тодор Кралев, *Теорија на системите на информациите и на информативните системи*, Скопје, НИО "Студентски збор", 1984.

- извесно време и запирање на тој процес, и
- намалување на ентропијата кај системот.

Како што се гледа од изложеното постои функционална врска помеѓу ентропијата и степенот на средeноста, односно ефикасноста во функционирањето на системот.

Ентропијата во теоријата на системите се користи како мерка за различни цели. Кај системот на ТОб ентропијата можеме да ја користиме како мерка за оцена на способноста на системот за извршување на одредени функции. Ако нивото на ентропијата е високо, системот ќе биде неспособен за функционирање и како таков е некорисен, дури е паразит за окружувањето, бидејќи користи енергија без давање корисни ефекти. Во овој случај може да се дозволи ентропијата да расте до одредени граници кога мора да се преземат одредени организациски мерки.

## Ефикасност

Системот на ТОб како што досега веќе рековме е организациски систем и како таков е формиран, за да преку своето функционирање постигнува одредени цели.

Ефикасноста на системот на ТОб можеме да ја дефинираме како показател за постигнување на целите на системот во одредено време, за услови на околина и при одредени трошоци.

Ефикасноста на ТОб е комплексен однос на резултатите на ТОб и вложувањата во него. Поради стохастичноста на појавите во системот на ТОб одределувањето на ефективноста претставува доста сложен процес кој бара посебна анализа која излегува од границите на овој труд.

## Заклучок

Во дефинирањето на ТОб како систем ја користевме општата теорија на системите, како научна методологија која има за цел да ги открива заедничките основи и единствените концепциски рамки за проучување на различните, по содржина и облик системи. Системскиот пристап ни дава можност стохастичните појави во еден организациски систем каков што е ТОб полесно да ги резбереме. Дефинирајќи го ТОб како организациски систем, односно комбинација на луѓе и на средства, ние можеме да заклучиме дека неговите цели можат да бидат остварени само преку управување (тоа е карактеристика на сите организациски системи). За секој организациски систем управувањето е прашање на неговата егзистенција.

Системскиот пристап ни овозможува да ја дефинираме ефикасноста на системот ТОб, како показател за постигнување на целите на системот во одредено време, околина и трошоци.

**Кратенки употребувани во трудот:**
ТОб - Техничко обезбедување

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. Кочоски Сокле. - *Воена логистика. Основи на логистичкото обезбедување на армијата. Скопје,* "МАГНАТ", 1997 година.
2. *Правило за техничката служба во Армијата на република Македонија*, МО на РМ, Скопје, 1997 година.
3. Brdarevic Safet. - *Uspjesnost odrzavanja*. Beograd, "OMO", 1988 godina
4. Новачевски Димитрија. - *Основи на теоријата за системите на информации.* Скопје, Наша книга, 1987 година.
5. Кралев Тодор. - *Теорија на системите на информациите и на информативните системи*. Скопје, НИО "Студентски збор", 1984 година.

# ЛОГИСТИЧКИ МОСТОВИ

**Зоран ИВАНОВСКИ**
Воена Академија "Генерал Михаило Апостолски"-Скопје

**Апстракт:** *Логистичкото обезбедување, користејќи ги фундаменталните елементи на логистиката, како што се потребите, набавките (снабдувањето) и дистрибуцијата, како и базните аспекти на командувањето: организација, планирање, реализација и контрола, претставува мост помеѓу економскиот систем на државата и актуелните операции на борбените сили.*
*Логистиката е уметност, наука, процес. Логистичкото обезбедување е во исто време економски елемент на воените операции и воен елемент на националната економија.*
*Основна цел на логистиката претставува создавање и одржување на поддршката на борбените сили. Тоа е само една од многуте дефиниции на логистиката. Неопходно е на логистиката да ѝ се пријде од различни точки на гледање, со цел нејзино потполно разбирање и детерминирање.*
*Логистиката претставува врска помеѓу воениот потенцијал на државата и вооружените сили. Воениот потенцијал се изразува преку можноста за користење на економски и на индустриски потенцијали на државата.*
*Индустриската мобилизација претставува масивен логистички процес.*

**Клучни зборови:** *логистика, поддршка, снабдување, воен потенцијал, операции.*

**Abstract:** *The logistic process using fundamental elements of logistics: requirements, procurement, distribution and the basic aspects of command: organization, planning, execution and supervision, forms a bridge between economic system of the nation and the actual operations of the combat forces.*
*Logistics is: an art, a science, a process. The logistics process is at one and the same time the economic element of our military operations and the military element of our economy.*
*The objective of a logistic effort is the creation and sustained support of combat forces. This is one of many different definitions of logistics. In order to undrestood logistics it must be approached and described from various points of view.*
*Logistics represents a link between war-making capability of the nation which is frequently called "war potential" and armed forces. War potential is measured by its ability to mobilize and to employ its economic and industrial resources. This industrial mobilization is a massive logistic process.*

**Key words:** *logistics, support, supply, war potential, operations.*

## Вовед

Тргнувајќи од фактот дека логистиката е таа, која најчесто го решава победникот во војната и го диктира темпото и интензитетот на воените операции, станува јасно дека се работи за исклучително важна компонента на воената вештина. Нејзиното значење претставува причина за постојано лоцирање на логистиката во фокусот на научниот интерес, со цел обезбедување на квалитетна, континуирана поддршка на вооружените сили, како и оптимално и рационално користење на ресурсите на националната економија за потребите на одбраната. Правилно конципирање на логистичкиот систем и неговите функции, решавачки влијае врз ефикасноста на системот за безбедност, а ова прашање станува дотолку поважно во периодот, кога Армијата се наоѓа пред значајни промени и трансформации, со цел приближување на стандардите, на процедурите и на организацијата на колективниот систем за безбедност-НАТО.

За водењето современи војни, карактеристично е трошењето на големи количества материјали, средства и други ресурси на државите. Ова се јавува како резултат на развојот на материјалната база на општеството и на нејзиното влијание врз карактерот и физиономијата на современата војна. Денес е повеќе од јасно дека за остварување на победа во војна, е потребно максимално ангажирање на сите морални и материјални сили и на сите извори на општеството. Мобилизацијата на економските потенцијали на државата и нивното ангажирање за потребите на одбраната, претставува масивен логистички процес. Логистичкото обезбедување претставува мост помеѓу економскиот систем на државата и вооружените сили, преку кој директно се интегрираат цивилната и воената компонента на државата. Логистичкото обезбедување е во исто време економски елемент на воените операции и воен елемент на националната економија.

## Дефинирање на целите, на задачите и на функциите на логистиката

Основна цел на логистиката претставува создавањето и одржувањето на поддршката на борбените сили. Без оглед на бројната состојба, обученоста на војниците и опременоста на армијата, логистиката е таа од која зависи функционирањето и употребата на вооружените сили. Логистиката претставува основна движечка сила на современите армии.

Ваквото толкување на логистиката, треба да се разбере единствено како вовед во презентација и во интерпретација на многубројни толкувања на логистиката. Споменатата дефиниција ја истакнува воената компонента на логистиката, односно истата претставува израз на воено гледање. Сепак, не треба да се заборавaат цивилните основи на логистиката, зошто впрочем, во сите демократски земји, постои цивилна команда и контрола врз националната одбрана.

И покрај многубројните подобрувања на логистичките концепти и процедури, направени во последните десетина години, многу од нерешените воени проблеми сепак се логистички. Сѐ уште постојат разлики и

контрадикторности во логистичките системи, во процедурите и во задачите. Додека одредени недостатоци се резултат на субјективни слабости на логистичките органи, предизвикани од неуспехот соодветно да се применат знаењата и искуствата од оваа област, постојат и многу објективни ограничувања, што се должи пред сé на непотполно познавање на уметноста и на науката наречена логистика.

Една од пречките кои стојат пред нас е и самото значење на зборот логистика, како и одредување на вистинското место на логистиката во воената организација и планирањето. Ваквите проблеми се должат на фактот што логистиката има неколку различни аспекти, а при тоа секој аспект различно ја дефинира и ја операционализира логистиката.

Во апстрактна смисла, зборот “логистика”, како и другите апстракции: “стратегија”, “тактика”, “економика” и “политика” немаат единствена, едноставна и главна дефиниција. До Втората светска војна, терминот логистика најчесто се користеше за цивилните активности. Така логистиката првенствено се дефинираше како процес на планирање и на обезбедување стоки и услуги. Во тој период се јавуваат и други толкувања на логистиката. Под терминот меѓународна логистика се дефинира процес на планирање и на обезбедување на стоки, на објекти и на услуги за поддршка на вооружените сили и цивилната економија, на меѓународно ниво. Под поимот национална логистика се подразбира процес на планирање и на обезбедување стоки и услуги за поддршка на националните вооружени сили и на меѓународните обврски и барања. Познати се и дефинициите на цивилната и на воената логистика. Цивилната логистика е процес на планирање и на обезбедување стоки и услуги за поддршка на цивилната економија, додека воената логистика треба да го направи истото тоа, но за потребите на вооружените сили. [1]

Според Здружението на логистичарите на САД, логистиката ја опфаќа вештината на науката за управување, инженерски услуги и технички активности што се однесуваат на техничките барања, на проектирањето и на развојот, на снабдувањето и обезбедување ресурси за одржување на техничките материјални средства, со цел да им се даде ефикасна поддршка на плановите и на операциите.

Логистичкото обезбедување различно е дефинирано и поставено во современите светски армии, меѓутоа, сепак тоа мора да обезбеди сé што е потребно за нормално функционирање на вооружените сили и за извршување на поставените задачи.

Според д-р С. Кочоски под поимот “воена логистика” се подразбира военогеогравски простор, со луѓето и со материјалниот потенцијал, оспособен

[1] Henry E. Eccles, Logistics in the national defense, US Naval War College, стр. 45

за материјално обезбедување и здравствено згрижување на армијата во мир за живот, за стопански и други активности на населението во војна, додека логистичкото обезбедување на вооружените сили претставува збир на активности, мерки и постапки на единиците - установите на армијата, и на државните органи, на претпријатијата и на граѓаните, кои со организирано користење на материјалните извори, на производствено - услужните и здравствените капацитети на армијата, во мир ќе ѝ обезбедат поволни услови за живот, за работа и за подготовка во вооружена борба.[2]

Во САД, целокупната поддршка на воружените сили се организира преку концептот на борбената сервисна поддршка. Главна цел на системот на борбена сервисна поддршка е да се одржуваат и да се снабдуваат единиците и нивните борбени системи и истата претставува интегрален дел на борбените сили на сите ешалони. Борбената сервисна поддршка ја сочинуваат три компоненти: логистичката поддршка, персоналната поддршка и санитетската поддршка. Под логистичка поддршка се подразбира процес на обезбедување на соодветни материјални средства и на услуги на армијата, за да се осигура успешно извршување на поставените задачи.

Покрај разликите во дефинирањето, постојат разлики и во поглед на разбирањето на функциите на логистиката. Така, според д-р С. Кочоски основни логистички функции (од кои дел се прифатени и во нашата практика во АРМ) се: обезбедување логистички кадар, интендантското обезбедување, санитетското обезбедување, ветеринарното обезбедување, воеhistoто производство, градежното обезбедување, техничкото обезбедување, обезбедувањето транспорт и сообраќајот, обезбедување и обработка на податоци и раководење, командување, управување и контрола на логистичките функции. Основни логистички функции во АРМ се техничкото, интендантското, санитетското, ветеринарното, сообраќајното, финансиското и градежното обезбедување.[3]

За основни дејности од доменот на воената логистика, односно логистичкото обезбедување, имајќи ги предвид нашите услови, состојби и видувања, може да се сметаат следниве: снабдување, одржување и поправка, исхрана, водоснабдување, здравствено згрижување, ветеринарна заштита, сообраќај и транспорт, градежништво и финансирање, а не се исклучува земањето предвид и на други дејности.[4]

Од друга страна, логистичката поддршка на вооружените сили на САД се реализира преку следните четири функционални области: снабдување,

[2] Сокле Кочоски, Воена логистика- основи на логистичкото обезбедување на армијата, Магнат, Скопје, 1997, стр.38

[3] Исто, стр.39

[4] Исто, стр.39

одржување, теренски услуги и транспорт. Персоналната поддршка, како компонента на системот за борбена сервисна поддршка, ги опфаќа следните функции: персонални и административни услуги, капеланството, правни услуги, финансиски услуги, поштенски услуги и згрижување на воени заробеници, додека санитетската поддршка ги опфаќа третманот, евакуацијата, снабдувањето со санитетски материјал и превентивната медицина.

Како основни логистички дејности во вооружените сили на САД се споменуваат: снабдувањето со муниција, снабдувањето со гориво, поправки**,** транспорт, заштита на системот и персоналот за борбена сервисна поддршка и поддршка на војникот**,** под која се подразбира исхрана, снабдување со оброци, облекување и обезбедување на индивидуална опрема.

Евидентно е дека постојат разлики во поимното детерминирање и одредување на функциите на логистиката, односно таа сé уште е во процес на развој, така што на поимот "логистика", мора да му се приоѓа во зависност од местото каде и за кои цели се појавува, со сите специфични облици и содржини од својата конкретна околина.

Заради таквата неодреденост, неопходно е на логистиката да ѝ се пријде од различни точки на гледање, со цел нејзино потполно разбирање и детерминирање.

## Логистичката структура и финансискиот менаџмент

И покрај проблемите околу одредување на единствена прецизна дефиниција, можно е да се препознае дефинитивната структура на логистиката. Секој логистички проблем има четири основни категории, три фундаментални елементи и три базични аспекти.[5]

Тргнувајќи од фактот дека логистиката претставува обезбедување на средства за поддршка на воените операции, можеме да констатираме дека постојат четири категории на "средства", со кои логистиката мора да ги обезбедува вооружените сили, и тоа: луѓе, материјали, објекти и услуги. Обезбедувањето на споменатите "средства" се врши врз основа на три фундаментални елементи: потреби, набавки (снабдување) и дистрибуција. Тоа значи дека, без оглед на потребите или на нивото на командување, секој воен командант мора да се запраша: прво, какви му се логистичките потреби за соодветно ангажирање на единиците и одржување на операциите; второ, каде, како и кога треба да се набават (обезбедат) логистичките средства и трето, како треба да се дистрибуираат логистичките средства до потчинетите единици, со цел да се поддржат единиците за нивна полна борбена ефикасност.

[5] Henry E. Eccles, Logistics in the national defense, US Naval War College, стр. 46

Детерминирањето на потребите, на набавките и на дистрибуцијата на материјално-техничките средства и услуги, претставува процес на менаџмент и командување, кој се реализира преку четири базични аспекти на логистиката, односно преку активностите на: организацијата, планирањето, реализацијата и контролата на логистичкото обезбедување.

Споменатите категории, елементи и аспекти претставуваат основа на логистиката, без оглед на нивото или на областа на командување, без разлика дали станува збор за воен, за цивилен или за комбиниран менаџмент и командување. Тие се присутни во сите логистички проблеми и мора да се операционализираат во согласност со природата и со условите на секоја ситуација. [6]

Логистичкото обезбедување, користејќи ги фундаменталните елементи на логистиката, како што се: потребите, набавките (снабдувањето) и дистрибуцијата, како и базните аспекти на командувањето: организација, планирање, реализација и контрола, претставува мост помеѓу економскиот систем на државата и актуелните операции на борбените сили.

Логистиката е уметност, наука, процес. Логистичкото обезбедување е во исто време економски елемент на воените операции и воен елемент на националната економија. Квалитетното програмирање и финансискиот менаџмент, треба да бидат основа на логистичкото обезбедување.

Самото споменување на поимите набавка (снабдување) и дистрибуција тесно кореспондира со прашањето на парите, односно се наметнува прашањето за местото на парите во општиот поим на логистиката. Од гледна точка на “чистата” логистиката, парите се неопходни “само” за обезбедување на луѓе, на материјално-технички средства, на објекти и на услуги. Но сепак, од практична гледна точка на “применета” логистика, парите се многу значаен фактор.

Тргнувајќи од фактот дека современите економски системи се базираат на употреба на парите, финансискиот менаџмент претставува витален елемент на секоја националната економија. Финансиите имаат извонредно значајно влијание врз односите помеѓу економските, политичките и воени фактори. Финансиските ограничувања ја лимитираат големината на силите кои можат да бидат создадени и одржувани во услови на мир. Финансиските средства се користат од страна на менаџментот за ограничување на силата и на контролата на операциите. Финансиите се суштински дел на логистиката, а методите на финансиска контрола претставуваат ефикасно средство за мерење на релативната ефикасност на логистичкото обезбедување.

Оттука, квалитетниот финансиски менаџмент мора да биде присутен во целокупната логистичка структура. Од друга страна, финансискиот аспект не

[6] The Lifeblood of War: Logistics in Armed Conflict

смее да влијае на борбената способност на вооружените сили, во обем со кој се загрозува националната безбедност. Критериумите со кои се оценува логистичкиот систем, мора да ги имаат предвид економските и борбените фактори. Така, во услови на војна или други загрозувања на државата, кога се доведува во прашање опстанокот на државата, парите добиваат секундарно значење. Тогаш се наметнува потребата од ангажирање на целокупниот “воен потенцијал” на државата.

Разбирањето на основните логистички принципи во услови на мир или војна, претставува неопходен услов за обезбедување на максимална борбена ефикасност, во контекст на поставените ограничувања. Тоа претставува вистина, без оглед на тоа, дали станува збор за ограничувања во пари или за останати фактори како што се: луѓето, материјално-техничките средства, услугите, објектите и времето. Со потполно разбирање на значењето и на фунционирањето на логистиката се намалуваат ограничувањата на борбената готовост на вооружените сили, што не значи намалување на одговорноста на воените авторитети за ефикасно и за економично располагање со ресурсите.

## Мобилизација на воените потенцијали

Проблемот на воениот потенцијал, станува актуелен од моментот кога за остварување на победа во војна, станува потребно максималното ангажирање на сите морални и материјални сили и извори на општеството. Воениот потенцијал, во смисла на категорија во воената наука, настанал како неизбежна последица на сеопфатна (тотална и универзална) војна. Воениот потенцијал може да се дефинира како сеопфатност на мерливи и немерливи фактори на општествената база и надградба, кои ја одредуваат силата и способноста на државата или коалиција на земји во вооружена борба. Воениот потенцијал не претставува само прост збир на споменатите елементи, туку нивно дијалектичко единство.

Секоја земја според своите услови, можности и извори, ги активира на различен начин и во нееднаков степен основните фактори и елементи на воениот потенцијал. Примарна задача на националната или на коалиционата стратегија е целисходно, пропорционално и хармонично активирање на сите или на поголем дел од факторите или елементите на воениот потенцијал и нивно најдобро можно прилагодување, заради остварување на целта. Изборот на факторите и елементите кои се активираат и степенот на нивниот интензитет зависи од повеќе услови, како што се: општествено-економското уредување, физиономијата на војната, карактеристиките на противникот, големината, интензитетот на воениот удар и др.

Во рамките на воениот потенцијал, стопанството зазема истакнато место. Ова се должи на развојот на техниката и на индустриска примена на научни и

технолошки достигнувања. Техниката влијае врз физиономијата на вооружените сили. Така, порано во историјата, на еден војник доаѓаше од 5-50 килограми на воен материјал (меч, штит, копје, стрела, лак, оклоп и сл.), додека денес, во просек, на еден војник во војната, доаѓаат десетици илјади килограми оружје, муниција, возила и други материјали. Во сите војни од 17 и 18 век, расходите за воен материјал, изнесуваа одвај од 11-15% од вкупните воени расходи, додека преку 80% отпаѓаа на издржување на персоналниот состав на вооружените сили. Денес е сосема спротивен случај. Материјалните расходи на армиите се повеќе од четири пати поголеми од личните расходи во услови на мир, додека во војна, кога се трошат големи количества на материјал, тој однос станува уште поголем. Ова се јавува како резултат на развојот на материјалната база на општеството и на нејзиното влијание врз карактерот и физиономијата на современата војна. Доколку некоја земја е на повисоко ниво на стопански развој, а особено на индустријски развој, ваквата тенденција е уште поизразена. Стопанството на една земја, ја детерминира општата состојба и сила на државата. Резервите на човечки и на материјални сили претставуваат основа на воениот потенцијал на секоја земја. Воениот потенцијал на земјата или коалицијата на државите е дотолку поголем, доколку при избивање на војната има повеќе стопански и други сили и средства кои можат веднаш да се употребат и доколку е пократко времето за мобилизација на сите важни економски и други извори. Стопанските можности и воената сила на земјата тесно се поврзани, особено откога дојде до потполна интеграција на стопанството и на војната.

Воениот потенцијал зависи од можноста за мобилизирање и за ангажирање на економските и на индустриските ресурси на државата. Индустриската мобилизација претставува масивен логистички процес. За целосно согледување на релевантните аспекти на односот национална економија-вооружени сили, можеме да искористиме две дефиниции за логистиката. Според првата, цивилната логистика претставува мобилизација на цивилните индустриски капацитети на националната економија за поддршка на вооружените сили. Според втората, воена логистика значи снабдување на вооружените сили со луѓе, со материјално-технички средства и со услуги.

Мораме да истакнеме дека економските и индустриски ресурси не се единствена компонента на воениот потенцијал. Студијата на воениот потенцијал детектира шест основни фактори. Тоа се: демографскиот фактор (жива сила); економскиот фактор, географскиот фактор; воениот фактор, факторот време и морално-политичкиот фактор. Активирањето на соодветните фактори и елементи на воениот потенцијал претставува основен стратешки проблем на раководството на една земја.

Субјектите на економската и на индустриската мобилизација директно го профилираат создавањето и поддршката на борбените сили. Евидентно е

дека целосниот ангажман на воениот потенцијал на државата значи комбинација на политички, на економски и на воени фактори, како и збир од стратегиски, логистички и тактички фактори.

Логистиката, де факто претставува мост помеѓу националната економија и операциите на вооружените сили, врска помеѓу потребите на одбраната и тнр. "базична национална економија". Имено, според Хенри Еклес "фундаменталните природни елементи"[7] како што се луѓето, природните богатства на земјата, релативната локација, климата, географскиот, топографскиот и хидрографскиот фактор, ја создаваат "базичната национална економија", која е составена од три основни меѓусебно условени компоненти. Во првата компонента влегуваат политичкиот и социјалниот систем, кои водени од мотивите и од интересите на луѓето, како и од постоечкиот систем на морални вредности, влијаат врз развојот и функционирањето на втората компонента. Во вториот дел на базичната национална економија влегуваат образованието, науката, организираните научни истражувања, законите, финансискиот и индустрискиот менаџмент, финансиските категории-парите и кредитот, квалификуван и неквалификуван труд, кои под влијание на интересите и на законите на пазарот влијаат врз финкционирањето на третата компонента. Третиот елемент, всушност претставува систем на земјоделство, индустрија, инвестиции, транспорт и дистрибуција, односно стопански систем на една земја, кој го создава бруто-домашниот производ. Бруто-домашниот производ е наменет за задоволување на цивилните и за потребите на одбраната. За потребите на одбраната можат да бидат опфатени следните категории: луѓе, материјално-технички средства, објекти, инфраструктура и услуги. Станува збор за категории чие обезбедување спаѓа во обврска на логистиката.

Создавањето и поддршката на тактичките сили на земјата, морето и воздухот, претставуваат фокус и цел на сите логистички напори. Логистиката ги користи капацитетите на националната економија за задоволување на потребите на вооружените сили, со што прави спој помеѓу стопанството и армијата.

Од друга страна, мора да се истакне и повратното влијание на одбраната врз економијата, каде воениот фактор и воените потреби делуваат стимулативно врз локалната економија врз развојот на одредени индустрии.

## Логистички мост

Државите се должни да обезбедат колективни, јавни вредности и услуги за граѓаните. Помеѓу тие интереси, ниту еден не е од толку витално значење како што е безбедноста и сигурноста од надворешни напади и домашната

[7] Henry E. Eccles, Logistics in the national defense, US Naval War College, стр. 54

нестабилност. Улогата на државата е доминантна во сите аспекти на воените подготовки, вклучувајќи го финансирањето на националната одбрана, производството на вооружување, развојот и растежот. Прашањето на одбраната треба да се разгледува како отворен систем, така што проблематиката на мобилизирање за одбраната и финансирањето не можат да се сметаат само како воено прашање, односно за остварување на поддршката на вооружените сили, неопходно е ангажирање на сите цивилни потенцијали. Станува збор за прашања кои кореспондираат со логистиката, преку којашто се остварува врската на цивилниот и на воениот сектор.

Државната интервенција во обласга на одбраната се остварува преку три сегменти: прво, таа ги мобилизира ресурсите во општеството; второ, ја организира и на поддржува продукцијата на вооружување и опремата и трето, го прати научното истражување и развојот на новите технологии кои ја зголемуваат воената моќ на вооружените сили. Државата се потпира на индивидуи, фирми и помош од странство за финансирање и снабдување на нејзините вооружени сили.

Во контекст на одбраната, националната економија може да се разгледува од неколку аспекти. Прво, економијата претставува материјално-техничка база на воената моќ на државата, која не може да се постигне без високо ниво на развиеност на економиката. Второ, економијата, во врска со тоа се појавува и како ограничувачки фактор, односно, нивото на вооружените сили, нивниот состав, структурата, опременоста со вооружување и со воена техника се определени од економските можности на земјата. Трето, од економските услови зависи и водењето на војната, со што во крајна линија тие претставуват и основен фактор кој го определува и развојот на воената вештина-стратегија, на оперативната вештина, на тактиката и начинот на водење војна во целост. Четврто, интересите на безбедноста на земјата поставуваат и свои барања пред економијата, т.е. се исполнува обратно влијание на стратегијата и целокупниот воен сектор врз економиката. Поради тоа, националната економија се развива под влијание на стратегиски барања, како што се: издржување на вооружените сили, производство на вооружувањето и др., кои се “чисти” логистички прашања.

Стратегиската употреба на вооружените сили во војната и нивната способност да ги извршуваат поставените задачи, директно зависат од нивото на опременоста со вооружување и од борбената техника, како и од обезбеденоста со други материјални средства, односно, во крајна линија, од развиеноста на економијата, на науката и на техниката на државата. Сепак, мора да се потенцира исклучителното значење на логистиката, која мора да ги истакне потребите на одбраната пред економијата, а од друга страна, потребните средства да им ги обезбеди на единиците во вистинско време, на вистинско место и со потребен квалитет.

## Заклучок

Апстрактните дефиниции, теории и принципи, сепак не овозможуваат една држава да се подготвува за борба и за победа во војна. Тие единствено му помагаат на човекот да ги разбере проблемите на војната, како и да ги види начините за нивно решавање. Практичната реализација на логистичките функции и задачи е таа која овозможува остварување на националните безбедносни интереси на државата. Практичната апликација на логистичките знаења и искуства претставува повеќе уметност отколку наука.

Имено, подготовките за војна, како и за нормално секојдневно функционирање на вооружените сили, ја наметнуваат потребата од дефинирање на практични задачи за дел од вооружените сили кој треба да се грижи за логистичката поддршка, односно за поставување на нивна соодветна организација и соодветни луѓе кои ќе ги реализираат задачите. За таа цел, во рамките на Министерствата за одбрана и армиите се создаваат организациски единици со специфична задача за реализација на логистичкото обезбедување на вооружените сили. Изнаоѓањето на оптимални логистички решенија, претставува еден од важните елементи за постигнување на висок морал и поголема ефикасност на единиците. Заради тоа од витален интерес е ангажирањето на соодветен логистички кадар, фактор со голема важност и од економска и од финансиска гледна точка, зашто од правилната работа во оваа активност зависи економичното користење на материјалните ресурси на армијата и воопшто на државата.

Секоја земја според своите услови, можности и извори, ги активира на различен начин и во нееднаков степен основните фактори и елементи на воениот потенцијал. Примарна задача на националната стратегија мора да биде целисходно, пропорционално и хармонично активирање на сите фактори или на поголем дел од факторите или на елементите на воениот потенцијал и нивно оптимално ангажирање за потребите на одбраната, коешто е можно единствено преку операционализација на функциите на еден квалитетен систем на логистичко обезбедување.

### ЛИТЕРАТУРА:


**1.** Henry E. Eccles, Logistics in the national defense, US Naval War College,
**2.** Martin van Creveld, Supplying War, Cambridge Universitu Press, 1977,
**3.** The Lifeblood of War: Logistics in Armed Conflict
**4.** Charles Perrow, Normal Accidents: Living with Hihg-Risks Technology, New York, Basic Books, 1984
**5.** Murray Williamson, “Innovation: Past and Future”, Joint Forces
**6.** Joint Vision 2010
**7.** Сокле Кочоски, Воена логистика основи на логистичкото обезбедување на армијата, Магнат, Скопје, 1997

# ПОЗНАЧАЈНИ ВОЕНОГЕОГРАФСКИ ОБЕЛЕЖЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ДЕЛ ОД ОПШТИНИТЕ ВО ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Јове ТАЛЕВСКИ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски"- Скопје
**Тони МИЛЕСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбрана - Скопје

**Апстракт:** *Во овој труд се обработени одредени военогеографски обележја на населението во општините кои се наоѓаат во западниот дел на Република Македонија и целосно или со одреден дел од своите територии припаѓаат во граничното подрачје. Податоците се презентирани и анализирани посебно за секое населено место, а потоа и вкупно за секоја општина и тоа според податоци од пописите на населението за 1961, за 1981 и за 1994 година. Иако постојат податоци за населението во Република Македонија, недостасуваат конкретни анализи на населението по општини според постојната територијална поделба. Таквите анализи од различни аспекти, вклучувајќи ги и военогеографските проценки на населението се од посебно значење. Податоците за 1961 и 1981 година се групирани по општини врз основа на населените места коишто сега припаѓаат во наведените општини, а во анализираните години биле во состав на други општини.*

**Клучни зборови**: *население, етногеографски карактеристики, општина, попис на население.*

**Abstract:** *This study elaborates on the separately military-geographic geographic characteristics of the population of the municipalities from the western part of the Republic of Macedonia, whose territories partially or completely belong to the border area. The data has been presented and analyzed both separately for each populated area, and altogether for each municipality, according to the information from the census in 1961, 1981 and 1994. Although there is information about the population of the Republic of Macedonia, what lacks is a concrete analysis concerning the statistics about the movement and the ethnic structure of the population in the municipalities, according to the existing territorial division. The analyses of the population from diferent aspects including the military and geographic are very important.. The data on 1961 and 1981 is classified for each municipality on the basis of the populated areas that currently belong to the previously mentioned municipalities, but in the analyzed years were parts of other municipalities.*

**Key words:** *Population, ethnic and geographic characteristics, municipality, census.*

## Вовед

Човекот, односно живата сила претставува еден од четирите основни фактори на војната. Од аспект на воената географија основен фундамент на воениот потенцијал е населението. При проучувањето на населението на конкретен простор од военогеографски аспект се анализираат податоците за динамиката, за структурата и за географската разместеност на населението. Таквите анализи се во корелација со димензионирањето на вооружените сили во даден простор, односно држава. Значи, бројноста на вооружените сили зависи од бројната состојба на населението.

Населението се дефинира како збир на сите луѓе кои живеат во одреден простор, кои меѓусебно се поврзани и функционално организирани, при што го сочинуваат човековото општество. Населението е предмет на проучување на социјалната географија која преставува наука за облиците на просторната организација и за просторно-релевантните процеси кои произлегуваат од основните животни функции на човековото општество.

Разместеноста на населението во просторот е нерамномерна. Зависно од природниот прираст и миграционите преразместувања на населението се менува и густината на населеност. Во рамките на одделни региони и држави, како и на ниво на светот воопшто, динамиката на населението ја диктира природниот прираст. Денес постојат простори со природен прираст над 20 промили, а и такви каде истиот се движи околу 5 промили.

Многу значајно е проучувањето на карактеристиките на наслението во граничните подрачја, бидејќи тие претставуваат специфични простори за научни истражувања. Основната нивна специфика е тоа што тие се први непосредни контактни простори со териториите на соседните држави.

Иако специфични, тешко може да се разгледуваат како заокружени целини, затоа што се релативно тесни земјишни простори до 10 км долж границите што припаѓаат на други просторни целини во длабочина на државната територија. Од тие причини многу е тешко да се прават разграничувања во демографска, во економска, во стратегиска и во било која друга смисла, што е тоа што припаѓа на граничното подрачје и претставува само негова карактеристика, а што припаѓа на поширокиот простор, кој е заокружена целина, а граничното-подрачје само еден дел од таа целина. Според тоа, во овој труд се анализирани податоци за бројното движење и за етничката структура на населението во општините кои што целосно или само со одреден дел од својата територија припаѓаат на западното гранично подрачје.

## 1. Просторни карактеристики на западното гранично подрачје

Граничното подрачје претставува дел од територијата на Република Македонија на копно, на реките и на езерата вон граничниот појас во длабина до 10 км.

Димензиите на граничното подрачје, односно длабината ја определува секоја држава, а врз основа на карактеристиките и големината на државната територија. Во некои држави, статус на гранични населби имаат сите населби коишто се наоѓаат на оддалеченост од 20 км од граничната линија, а во други држави пак и населбите коишто се наоѓаат до 40 и повеќе километри оддалеченост од граничната линија.

Со оглед на тоа што граничниот појас и граничното подрачје претставуваат елементи на државната граница, а според дефиницијата под граничен појас се подразбира дел од територијата на Република Македонија на копно, на реките и на езерата вон граничниот појас во длабина до 100 метри по должината на граничната линија, проширувањето на граничниот појас не се врши на сметка на граничното подрачје. Оттука, бидејќи има проширување на граничниот појас на западната граница, на одредени делови граничното подрачје се протега во поголема длабочина од 10 километри од граничната линија.

Западното гранично подрачје со своите релјефни, геолошки, климатски, хидрографски, вегетациски, демографски и други специфики претставува предмет на анализирање од различни аспекти за различни потреби.

Во западното гранично подрачје, целосно или со одреден дел од својата територија, а според територијалната поделба на Р. Македонија од 1999 година влегуваат вкупно единаесет општини и тоа: Маврови Анови со површина од 445 км$^2$; Ростуше со 371 км$^2$; Дебар со 85 км$^2$; Центар Жупа со 111 км$^2$; Луково со 198 км$^2$; Лабуниште со 57 км$^2$; Вевчани со 35,5 км$^2$; Велешта со 23 км$^2$; Струга[1] со 136 км$^2$; Охрид со 203 км$^2$ и Ресен со површина од 739 км$^2$. Вкупната површина[2] на овие општини изнесува 2403,5 км$^2$. Имајќи ја предвид површината на западното гранично подрачје која изнесува 1156,6 км$^2$ , може да се констатира дека 1246,9 км$^2$ или 51,9 % од територијата на општините се наоѓа надвор од граничното подрачје. Во наведените општини според пописот од 1994 година живееле вкупно 162.034 жители од различни националности.

## 2. Бројно движење и етнички карктеристики на населението во западното гранично подрачје[3]

### 2.1. Општина Маврови Анови

Општината Маврови Анови во пописната **1961 година** броела вкупно дваесет и пет населени места. Истата година во општината живееле вкупно 4966 жители. Најголемиот дел од нив биле Македонци со вкупно 2695 жители

---

[1] Податоците за површините на општините Струга, Охрид и Ресен се однесуваат само на копнениот дел, без површините на езерата.

[2] Површините на општините се според М. Панов, В. Поповски "Општините во Република Македонија", А.Д. Мисла, 1998 Скопје.

[3] Податоците за бројното движење и етничките карактеристики на населението во општините кои целосно или делумно му припаѓаат на западното гранично подрачје се оформени според официјалните податоци на ЗСРМ за 1961, за 1981 и за 1994 година. Во пописните обрасци за пописот на населението во 1961 година се застапени следните графи: Срби, Хрвати, Словенци, Македонци, Црногорци, муслимани, Југословени и неопределени, Албанци Власи, Турци, Цигани, и останати народности. Во пописните обрасци за пописот на населението во 1981 година се застапени следните графи: Црногорци, Хрвати, Македонци, Муслимани, Словенци, Срби, Албанци, Австријци, Бугари, Чеси, Грци, Италијани, Евреи, Унгарци, Германци, Полјаци, Роми, Романци, Руси, Словаци, Турци, Украинци, Власи, Југословени и останати, не се изјасниле.

или 54,3% од целото население. Потоа следуваат Албанците со 1975 жители или 39,8%, Турците со 249 жители или 5%, Србите со 29 жители или 0,6%, додека како други националности во 1961 година се изјасниле 18 жители или 0,36%.

Македонците како најбројно население биле евидентирани во следните населени места: Беличица, Богдево, Бродец, Волковија, Врбен, Дуф, Кичиница, Кракорница, Леуново, Маврови Анови, Маврово, Никифорово, Ново Село и Сретково. Од нив само со македонско население биле Кичиница, Маврово и Ново Село. Албанското население доминирало во Бибај, Грекај, Жужње, Нивиште, Нистрово, Ничпур, Орќуше, Рибница, Сенце, Тануше и Церово. Само со албанско население било населено селото Грекај. Турците биле застапени во дванаесет населени места, Србите во осум, додека Роми и Власи не биле евидентирани.

Во **1981 година** во општината Маврови Анови живееле вкупно 2687 жители, односно бројот на населението во споредба со 1961 година се намалил за 2279 жители или за 45,9%. Како Македонци се изјасниле 1077 жители или 40,1%. Албанците биле застапени со 1537 жители, што претставува 57,2% од вкупното население. Дваесет и три жители се изјасниле како Турци или 0,85%, осум или 0,3% како Срби, а 42 жители или 1,6% се изјасниле како други или не се изјасниле за својата национална припадност.

Со доминантно македонско население биле евидентирани следните населени места: Беличица, Бродец, Врбен, Кракорница, Леуново, Маврови Анови, Маврово, Никифорово, Ново Село, Сретково и Церово. Од нив само со македонско население биле Беличица, Никифорово, Ново Село, Сретково и Церово. Албанците доминирале во Бибај, Богдево, Волковија, Грекај, Дуф, Жужње, Нивиште, Нистрово, Ничпур, Орќуше, Рибница, Сенце и Тануше. Само со албанско население биле населени Грекај, Жужње и Нивиште. Турците биле застапени само во Маврови Анови и Нистрово, Србите во Леуново, Маврови Анови и Рибница. Роми и Власи исто како и во пописната 1961 година не биле евидентирани.

Според податоците од пописната **1994 година**[4] во општината Маврови Анови живееле вкупно 1349 жители, односно во споредба со 1961 година населението се намалило за 3617 жители или за 72,8%. Во споредба со 1981 година бројот на жителите се намалил за 1338 или 49,8%.

---

[4] Во 1994 година е извршено повторно попишување на населението во Република Македонија, бидејќи дел од населението од албанска националност не учествуваше во пописот од 1991 година. Пописот во 1994 година е извршен по нешто изменета методологија, а се разликува и дефиницијата за вкупно население. Така, според новата методологија бројот на населението во РМ изнесува 1 945 932 жители. Меѓутоа, кога се вршат споредувања со податоците од претходните пописни години за вкупно население во РМ се зема бројката од 2 075 196 жители. Во оваа бројка се вклучуваат и лицата што живеат во странство подолго од една година, а се исклучуваат лицата со одобрен престој присутни во РМ помалку од една година, бегалци, хуманитарно згрижени и други лица.

Најбројни биле Македонците со 709 жители или со 52,5%, потоа Албанците со 600 жители или 44,5% од вкупното население. Следуваат Турците со 16 жители или 1,9%, Ромите со 9 жители или 0,66%, Србите со 8 жители или 0,6%, додека како други националности се изјасниле 7 жители или 0,5%.

Македонците доминирале во Беличица, Бродец, Врбен, Кракорница, Леуново, Маврови Анови, Маврово, Никифорово, Ново Село, Сретково и Церово, од кои како македонски населби биле Беличица, Бродец, Кракорница, Никифорово, Ново Село, Стретково и Церово. Со албанско мнозинско население биле следните населени места: Бибај, Богдево, Волковија, Грекај, Дуф, Жужње, Нистрово, Ничпур, Орќуше, Рибница, Сенце и Тануше. Од наведените населени места само со албанско население биле Богдево, Грекај, Жужње, Нистрово, Орќуше, Рибница и Тануше. Турците исто како и Ромите биле застапени само во Маврови Анови, додека Србите само во Леуново, Маврови Анови и Маврово.

Врз основа на изнесените податоци може да се заклучи дека вкупниот број на население во општината Маврови Анови, во анализираниот период од 1961 до 1994 година се намалил од 4966 на 1349 жители, односно за 72,8%. Македонците се намалиле од 2695 во 1961 година на 709 во 1994 или за 73,7%. Албанците исто така се намалиле од 1975 во 1961 година на 600 во 1994 година или за 69,3%. Трендот на намалување е присутен и кај турското население и тоа од 249 во 1961 година на 16 жители во 1994 година или за 93,6%.

### 2.2. Општина Ростуше

Во 21[5] населено место во општината Ростуше во **1961 година** живееле вкупно 9689 жители. Најголемиот дел го сочинувале Турците, потоа следат Македонците и Албанците, а во помал број се застапени и другите националности. Според податоците за оваа пописна година Турците биле застапени со 5307 жители, што претставува 57,8 % од вкупниот број на населението во оваа општина. Македонци биле 3585, или 37% од вкупното население во оваа општина. Албанците биле застапени со 701 жител, или 7,2 %. Срби биле 34 жители, или 0,35%, со други националности (Хрвати 12, Црногорци 17, Муслимани 17, Југословени 8) биле 54 жители, или 0,6 %, додека 8 жители, или 0,08% не се изјасниле за својата национална припадност. Македонците како најбројно население биле во следниве населени места: Битуше, Ростуше, Галичник, Селце, Тресонче, Лазарополе и Гари, а селата Росоки и Осој биле населени само со македонско население. Турците биле најбројни во Жировница, Видуше, Требиште, Велебрдо, Аџиевци, Јанче, Присојница, Скудриње, Могорче, а селото Болетин било населено само со турско население. Албанците како

[5] Во оваа бројка спаѓа и селото Сушица кое било раселено во 1961 година.

најбројно население биле само во селото Врбјани. Србите биле застапени во осум села.

Во **1981 година** во општината Ростуше живееле вкупно 9534 жители, што значи дека бројот на населението се намалил во однос на 1961 година за 155 жители, односно за 1,6%. Карактеристично е тоа што најголемиот дел од населението во оваа општина и тоа 5497 или 57,6 % се изјасниле како муслимани. Исто така, карактеристично е тоа што како Југословени се изјасниле 481 жител, односно 5% од вкупниот број на населението во оваа општина. Македонците биле застапени со 1823 жители, или со 19,1 %. Албанците биле застапени со 926 жители, што претставува 9,7% од вкупниот број на населението во оваа општина. Турците биле застапени со 736 жители, или 7,7%. Роми биле 15 жители, или 0,15%. Срби биле 11 жители, или 0,11%, додека 41 жител, или 0,43% не се изјасниле за својата национална припадност.

Македонците како најбројно население биле во следниве населени места: Битуше и Ростуше, а селата Галичник, Росоки, Тресонче, Осој, Лазарополе и Гари биле населени само со македонско население. Албанците како најбројно население биле во селото Врбјани. Србите биле застапени во три села. Муслиманите како најбројно население биле застапени во: Жировница(896), Видуше(137), Требиште(1031), Велебрдо (598), Аџиевци (166), Јанче (145), Присојница (227), Скудриње (1062) и Могорче (872). Турците биле застапени во 9 села, но ниту во едно не се доминантно население. Југословените во општината Ростуше во 1981 година биле застапени во 8 села со вкупно 481 жител.

Според податоците од пописот на населението во **1994 година** во општината Ростуше живееле вкупно 10366 жители, што значи дека бројот на населението во однос на 1961 година се зголемил за 677 жители, односно за 6,5%, а во однос на 1981 година се зголемил за 832 жители, или за 8,7%. Најбројни биле Македонците со 3264 жители, што претставува 31,5 % од вкупното население. Втори по бројност биле Турците со 3065 жители, или 29,5%, потоа следат Албанците со 1053 жители, или 10,2% од вкупното население. Особено интересен е податокот дека според податоците од пописот за оваа година 2904 жители, или 28% од вкупното население се декларирале како други националности, додека 80 жители, или 0,8% не се изјасниле за својата национална припадност.

Македонците како најбројно население биле во Жировница, Видуше, Битуше, Јанче, Могорче и Гари. Албанците биле најбројни во Врбјани. Турците биле најбројни во Ростуше и Скудриње. Во селата Требиште, Велебрдо, Аџиевци, и Присојница најголемиот дел од населението се евидентирани како други националности.

Врз основа на наведените податоци може да се констатира дека вкупниот број на населението во општината Ростуше во периодот од 1961 до 1994 година

се зголемил од 9689 на 10366 жители, односно за 7 %. Во овој период бројот на Македонците се намалил од 3585 во 1961 година на 3264 во 1994 година, или помалку за 9%. Исто така се намалил бројот и на Турците од 5307 на 3065, или помалку за 42,2%. Единствено бројот на Албанците се зголемил и тоа од 701 жител во 1961 година на 1053 жители во 1994 година, или повеќе за 352 жители, или за 50,2%.

Мошне интересна за проучување е појавата дека 62 жители од оваа општина во 1961 не се изјасниле за својата национална припадност или пак се изјасниле како други националности, додека во 1981 година 5497 жители се изјасниле како муслимани, 481 како Југословени, а 45 жители се изјасниле како други националности, или пак не се изјасниле за својата национална припадност. Во 1994 година, како други националности се изјасниле 2904 жители од оваа општина, а 80 жители не се изјасниле за својата национална припадност.

При споредувањето на податоците може да се констатира дека во 1961 година поголемиот дел од Македонците со муслиманска вероисповед се декларирале како Албанци, и одреден дел како Турци. Додека во 1981 година, поголемиот дел од Македонците муслимани се декларирале како муслимани, Југословени, Албанци и Турци. Веројатно дека во податоците од пописот на населението за 1994 година поголемиот дел од Македонците муслимани се декларирале како Македонци, а дел како други националности.

**2.3. Општина Дебар**

Во општината Дебар за пописната **1961 година** во вкупно 17 населени места биле евидентирани вкупно 9920 жители. Најголемиот дел од населението го сочинувале Албанците со вкупно 6465 жители, што претставува 65,2% од вкупното население во оваа општина. Потоа следат Македонците со 1573 жители или 15,9% од вкупното ннаселение, Турците биле застапени со 1237 жители, што претставува 12,5% од вкупно евидентираното неселение. Срби биле 72 жители или 0,72%, други националности ( Хрвати 17, Словенци 10, Црногорци 8, муслимани 20, Југословени 6) биле 61 жител, односно 0,6% од вкупното население, додека 512 жители или 5,2% не се изјасниле за својата национална припадност.

Македонците како најбројно население биле во следните населени места: Бањиште, Татар - Елевци и Рајчица. Од нив само селото Татар - Елевци било населено само со македонско население. Албанците биле најбројни во Спас, Хаме, Кривци, Селокуќи, Коњари, Дебар и Бомово. Единствено селото Кривци било населено само со албанско население. Турското население доминирало во следните населени места: Долно Косоврасти, Отишани и Цепиште. Србите биле застапени во осум населени места со вкупно 72 жители.

Анализирајќи ја пописната **1981 година** можат да се констатираат следните податоци. Во споменатата пописна година во општина Дебар биле попишани

вкупно 15822 жители, што значи дека бројот на населението во оваа година за разлика од 1961 се зголемил за 5902 жители или за 59,5%. Најголемиот дел од населението во оваа општина го сочинуваат Албанците. Нивниот број изнесува 9983 жители, или 63% од вкупниот број на населението во оваа општина. Следно по бројност е македонското население со 2014 жители или 12,7% од вкупното население во оваа општина. Како други националности се изјасниле 1532 жители, или 9,7% од вкупното население (Словенци 2, Црногорци 4, муслимани 1286, Југословени 148), додека 92 жители или 0,6% не се изјасниле за својата национална припадност. Впечатливо е дека бројот на муслиманите за разлика од 1961 година се зголемил од 20 на 1286 или повеќе за 1266 жители. Турците се застапени со 1226 жители, што претставува 7,7% од вкупното население во оваа општина, додека 1030 или 6,5% се евидентирани како Роми. Српското население е застапено само во Дебар и тоа со 37 жители или 0,2% од вкупното население.

Доминантно македонско население е евидентирано во следните населени места: Горно Косоврасти, Татар - Елевци, Рајчица и Џепиште. Од нив само селото Татар - Елевци е со чисто македонско население. Албанското население било најбројно во Бањиште, Спас, Хаме, Кривци, Селокуќи и Дебар. Во селото Кривци живеело само албанско население. Муслиманите биле застапени во осум населени места, (Г.Косоврасти - 8, Спас - 1, Хаме - 1, Д.Косоврасти - 206, Дебар - 628, Рајчица - 22, Отишани - 338 и Џепиште - 82) од кои како доминантно население биле во селото Отишани. Како Југословени се определиле 148 жители или 0,9% од вкупното население.

Според пописот од **1994 година** во општина Дебар живееле вкупно 17588 жители, што значи дека дека бројот на населението во однос на 1961 се зголемил за 7668, или за 77,3%, а во однос на 1981 се зголемил за 1766 или за 11,2%. Најбројно население биле Албанците со 10934 жители, односно 62,2% од вкупното население. Понатаму следуваат Македонците со 3309, односно 18,8% од вкупното население. Трети по бројност се Турците со 1937 жители, што претставува 11% од вкупното население. Ромите се застапени со 1103 жители или 6,3%. Како други националности според пописот од 1994 година се декларирале 270 жители или 1,5% од вкупното население во оваа општина. За својата национална припадност не се изјасниле 27 жители или 0,2%. Србите се евидентирани во Дебар и тоа 34 жители или 0,2%, додека Власите се застапени само со еден жител во Дебар.

Македонците како најбројно население биле во Горно Косоврасти, Долно Косоврасти, Рајчица, Отишани и Џепиште. Албанците доминирале во следните населени места: Бањиште, Спас, Хаме, Кривци, Селокуќи и Дебар, а само албанско население имало во Спас, Хаме, Кривци и Селокуќи. Турското население единствено доминирало во село Оџовци.

Во општината Дебар во периодот од 1961 - 1994 се забележува континуиран пораст на бројот на населението на поголемиот број од националностите.

Бројот на Македонците се зголемил од 1573 жители во 1961 година на 3309 жители во 1994 година, или повеќе за 1736 жители. Бројот на албанското население исто така се зголемил од 6465 во 1961 година на 10934 во 1994 година, или повеќе за 4469 жители. Турското население се зголемило од 1237 жители во 1961 година на 1931 жител во 1994 година, или повеќе за 700 жители. Карактеристично е тоа што како муслимани во 1961 година се изјасниле само 20 жители, во 1981 година 1286 жители. За 1994 година не се располага со податоци за муслимани, но како други националности се изјасниле 238 жители, а 32 жители не се изјасниле за својата национална припадност. Евидентен е порастот на бројот на ромско население, така што во 1961 година не биле застапени во оваа општина, а во 1994 година се регистрирани 1103 жители. Бројот на Србите во оваа општина се намалил од 72 жители во 1961 година на 34 жители во 1994 година.

**2.4. Општина Центар Жупа**

Во вкупно 21 населено место во општината Центар Жупа, во **1961 година** живееле вкупно 4398 жители. Најголемиот дел од населението го сочинувале Турците со 3400 жители или 77,3% од вкупниот број на населението. Понатаму следат Македонците со 552 жители. Нивниот процент од вкупниот број на населението во оваа општина изнесува 12,6%. Албанците биле застапени со 440 жители, што претставува 10% од вкупниот број на населението. Србите егзистирале во две населени места, и тоа по еден жител во Горно Мелничани и Голем Папрадник. Додека со други националности биле четири жители.

Македонците како најбројно население биле во Г.Мелничани, Д.Мелничани и Пареши, а селата Д.Мелничани и Пареши биле населени само со македонско население. Турците доминирале во Горенци, Броштица, Баланци, Г.Папрадник, М.Папрадник, Житинани, Праленик, Брештани, Осолница, Коџаџик, Новак, Елевци и Долгаш. Само со Турско население биле населени Праленик, Коџаџик, Новак, Елевци и Долгаш. Во селото Евла живееле само двајца жители од албанска националност.

Во **1981 година** во општината Центар Жупа живееле вкупно 5356 жители, што претставува зголемување на населението во однос на 1961 година за 985 жители или за 22,4%. Најголемиот дел од населението го сочинувале Турците со вкупно 3849 жители, што претставува 71,9% од вкупното население. Следува населението кое се изјаснило како други националности, односно 990 жители или 18,5% од вкуното население. Од другите националности најмногу биле застапени Муслиманите со 979 жители кои живееле во девет населени места. Југословените биле застапени со 4 жители и тоа во селото Баланци. Седум жители од оваа општина не се изјасниле за својата национална припадност. Според својата бројност следуваат Албанците со вкупно 319 жители или 6% од

вкупниот број на населението во оваа општина. Македонското население било застапено во шест населени места со 198 жители, што претставува 3,7% од вкупното население.

Македонците како најбројно население биле евидентирани само во Долно Мелничани кое воедно е населено само со македонско население. Албанците живееле само во четири населени места од кои како најбројни биле единствено во Баланци. Турците биле најбројни во Горенци, Броштица, Бајрамовци, Г.Папрадник, М.Папрадник, Житинани, Праленик, Брештани, Осолница, Коџаџик, Новак, Елевци, Долгаш и Црнобоци. Од наведените населени места само со Турско население биле Праленик, Брештани, Осолница, Коџаџик, Елевци и Долгаш.

Според податоците од пописот во **1994 година** во општината Центар Жупа живееле вкупно 6200 жители, односно бројот на населението во однос на 1961 година се зголемил за 1802 жители или за 41%, а во однос на 1981 за 844 или за 15,8%. Доминантно било турското население со вкупно 4592 жители, што претставува 74% од вкупното население. Второ по бројност било македонското со 1088 жители или 17,5% од вкупно евидентираното население. Следуваат Албанците со 372 жители, односно 6% од вкупното население. Во графата за други националности биле евидентирани вкупно 144 жители или 2,3% од вкупното население, од кои 29 жители не се изјасниле за својата национална припадност.

Македонското население било диминантно во Д. Мелничани и Броштица. Селото Д. Мелничани било населено само со македонско население. Албанците биле најбројни само во Баланци. Турското население доминирало во Горенци, Бајрамовци, Г.Папрадник, М.Папрадник, Центар Жупа, Житинани, Праленик, Брештани, Коџаџик, Новак, Елевци, Долгаш и Црнобоци, а само турско население живеело во Праленик, Брештани, Коџаџик, Елевци и Црнобоци.

Во општината Центар Жупа се забележуваат поголеми разлики во бројот на македонското население по пописни години. Така, Македонците во 1961 година во оваа општина биле застапени со 552 жители, нивниот број се намалил на 198 во 1981 година, а во 1994 година се зголемил на 1088 жители. Впечатливо е намалување на бројот на македонското население од 1961 до 1981 година(помалку за 354 жители) и мошне голем пораст во периодот 1981-1994 година(повеќе за 890 жители). За разлика од бројот на македонското население, кај албанското население се забележуваат помали осцилации. Бројот на турското население во периодот 1961-1994 година бележи континуиран пораст. Така во 1961 година Турците броеле 3400 жители, во 1981 година 3849, а во 1994 година 4592 жители.

### 2.5. Општина Луково

Во вкупно 16 населени места во **1961 година** во општината Луково живееле вкупно 6253 жители. Од нив 6150 или 98,4% се евидентирани како

Македонци. Останатите националности биле застапени во многу помал број. Така Срби биле регистрирани 63 или 1%, Албанци 5 или 0,07%, Турци 3 или 0,04%, додека како други националности се определиле 32 жители или 0,5% од вкупното население во општината Луково.

Сите населени места во општината Луково во 1961 година биле со доминантно македонско население, а само со Македонци биле населени Буринец и Пискупштина. Петте жители со албанска националност биле населени во Јабланица (1), Лакаица (3) и Р́жаново (1). Турци имало во две населени места, додека Србите населувале десет населби во оваа општина. Роми и Власи не се евидентирани.

Општината Луково во пописната **1981 година** броела вкупно 3005 жители. Тоа значи дека населението во споредба со 1961 година се намалило за 3248 жители или 51,94%. Македонци имало 2994 жители или 99,63%. Албанците броеле 5 жители или 0,16%, додека од другите националности имало само еден Влав и еден Србин. Како други националности се изјасниле четворица жители или 0,13% од вкупното население.

Во сите населби исто како во 1961 година и во 1981 година доминирало македонското население. Само со Македонци биле населени следните населби: Брчево, Буринец, Глобочица, Дренок, Збажди, Лакаица, Модрич и Присовјани. Албанците биле евидентирани во три населени места. Еден Влав живеел во Луково, а еден Србин во Нерези. Население со турска и ромска националност не било евидентирано.

Со оглед на податоците за **1994 година** може да се констатира дека трендот на намалување на населението продолжува. Вкупниот број на населението изнесувал 1932 жители. Во споредба со 1961 година тоа значи намалување за 4321 жител или 69,1%, а во споредба со 1981 за 1073 жители или 55,5%. Македонци имало 1919 или 99,3% од вкупното население. Како други националности имало 15 жители и тоа 5 Турци или 0,25%, Роми 5, еден Србин, додека како други се изјасниле 2 или 0,1%.

Таму каде што било евидентирано населението, доминирала македонската националност, додека само со македонско население биле населени Брчево, Дренок, Збажди, Лакаица, Модрич, Нерези, Пискупштина, Присовјани и Селци. Петте Турци биле регистрирани во Јабланица, додека петте Роми во Луково. Еден Србин живеел во Луково. Албанци и Власи не биле евидентирани во општината Луково.

Според податоците за анализираниот период може да се заклучи дека населението во општината Луково се намалило од 6253 на 1932 жители или за 4321, односно 69,1%. Македонците се намалиле од 6150 во 1961 година на 1919 во 1994 или за 4231 жител. Албанците од пет жители во 1961 во 1994 не биле евидентирани во општината Луково. Турците се зголемиле за двајца жители,

односно од 3 во 1961 на 5 во 1994 година. Србите од 63 во 1961 година се намалиле на само еден жител во 1994 година.

**2.6. Општина Лабуништа**

Во општината Лабуниште во пописната **1961 година**, во вкупно четири населени места живееле вкупно 5278 жители. Доминантно било македонското население со вкупно 4131 жител или 78,3% од вкупното население. Албанците биле застапени со 329 жители или 6,23%. Турската популација броела вкупно 659 жители или 12,5%, со српска националност имало 9 жители или 0,2%, додека како други се изјасниле 87 жители или 1,64% од вкупното население.

Во сите четири населени места во општината Лабуништа, Македонците доминирале, а единствено во Ташмаруништа живеело само македонско население.

Во **1981 година**, во општината Лабуништа биле регистрирани вкупно 7397 жители или во споредба со 1961 година повеќе за 2119 жители, односно за 40,14%. Македонците биле застапени со 6871 жител или 92,9%. Албанци биле евидентирани 222 жители или 3% од вкупното население. Турци имало 129 жители или 1,74%, додека Роми, Власи и Срби не биле евидентирани во оваа пописна година. Како други националности биле регистрирани 175 жители или 2,4%.

Исто како во 1961 година и во 1981 година, Македонците доминирале во сите четири населени места, а Ташмариништа било населено само со македонско население.

Според податоците од пописот во **1994 година** во општината Лабуништа живееле вкупно 9312 жители што во споредба со 1961 година претставува зголемување од 4034 жители или 76,4%, а во однос на 1981 година зголемување од 1915 жители, односно 25,9%. Најбројно било македонското население со 3583 жители или 38,5% од вкупното население. Следуваат Турците со 2334 жители или 25,1%, потоа Албанците со 1936 жители или 21%. Срби имало 0,04% или 4 жители, додека како други националности се изјасниле 15,6% или 1455 жители.

Македонското наслеление доминирало во три населени места и тоа, Бороец, Подгорци и Ташмаруништа. Од нив само Ташмаруништа било населено единствено со Македонци. Турците како доминантно население биле евидентирани во Лабуништа.

Според податоците од пописите во 1961, во 1981 и во 1994 година може да се заклучи дека населението во општина Лабуништа од 1961 до 1994 година се зголемило за 4034 жители или 76,4%. Македонското население од 1961 до 1981 година бележи зголемување за 2740 жители или за 66,32%, а од 1981 до 1994 година бележи пад за 3288 жители или за 47,8%. Бројот на Албанците од 1961 до 1994 пораснал од 392 на 1936 жители или за 1544, односно повеќе за околу 4 пати. Турското население од 1961 до 1981 година се намалило за 530 жители,

или за 80,4%, додека од 1981 до 1994 се зголемило за 2205 жители, односно повеќе за околу 17 пати.

**2.7. Општина Вевчани**

Општината Вевчани има само едно населено место. Во пописната **1961 година** имало 2706 жители. Од нив 2672 жители или 98,7% биле Македонци. Двајца жители се изјасниле како Срби, додека 32 или 1,2% како други националности. Албанци, Турци, Роми и Власи не биле евидентирани.

Во **1981 година,** бројот на жителите во општината Вевчани се намалил од 2706 на 2574 или за 132 жители, односно за 4,9%. Од вкупното население 2558 жители биле Македонци или 99,4%. Имало еден Албанец, 4 Срби и 11 жители со друга национална припадност.

Со пописот од **1994 година,** бројот на населението во општината Вевчани изнесувал 2448 жители. Во споредба со 1961 година населението се намалило за 278 жители или за 10,3%, додека во споредба со 1981 за 1,01% или 26 жители. Македонци биле евидентирани 2438 жители или 99,6%. Власите биле застапени со 3 жители, Србите со 1, додека како други националности се изјасниле 6 жители.

Според податоците од пописите населението се намалило од 2706 жители во 1961 година на 2448 во 1994 или за 258 жители, односно 9,5%. Македонците во анализираниот период се намалиле за 234 жители или за 8,75%.

**2.8. Општина Велешта**

Во четири населени места во општината Велешта според податоците од пописот во **1961 година**, живееле вкупно 3991 жител. Доминантно било албанското население со 3949 жители или 99 % од вкупното население. Како Македонци се изјасниле само 13 жители, односно 0,32 %. Турците биле застапени со 5 жители во 2 населени места (Велешта и Долно Татеши), а Србите со 6 жители во истите 2 населени места. Како други се изјасниле 18 жители, односно 0,45% од вкупното население.

Во **1981 година**, во оваа општина живееле вкупно 5923 жители, или повеќе за 1932 односно 48,4 % во споредба со 1961 година. Албанци биле 5892 жители, односно 99,5 %, потоа 4 Македонци, 4 Турци, 1 Србин и 22 жители со друга националност.

Бројот на населението во оваа општина во **1994 година** се зголемил на 6917, односно повеќе за 2926 или 73,3 % во однос на 1961 година, во однос на 1981 година за 994 жители односно за 16,8 %. Албанци биле 6903 или 99,8%, 2 Срби и 12 жители со друга националност.

Од наведените податоци евидентно е дека во оваа општина доминира албанското население, а вкупниот број се зголемил за 2926 или за 73,3 %, односно бројот на Албанците се зголемил за 75 %. Според пописот од 1994 година Македонците и Турците не се застапени во оваа општина.

**2.9. Општина Струга**

Во осумнаесет населби во општината Струга во пописната **1961 година** живееле вкупно 19778 жители. Најбројни биле Македонците со вкупно 11526 жители, односно 58,3% од вкупното население. Следуваат Албанците со 5938 жители или 30%, Турците со вкупно 1101 жители или 5,56%, Србите со 76 жители, односно 0,4%, додека како други се определиле 1137 жители или 5,74% од целокупното население.

Населени места во кои доминирало Македонското население биле следните: Бицево, Вишни, Враниште, Драслајца, Ложани, Мали Влај, Мислешево, Мороишта, Октиси, Радожда и Струга. Од нив само со македонско население било населено Враниште. Доминантно албанско население било евидентирано во Заграчани, Калишта, Радолишта и Франгово. Само со албанско население била населбата Заграчани. Турците живееле во пет населени места, Србите во дванаесет, додека Роми и Власи во оваа општина не биле евидентирани. Карактеристично за општината Струга во оваа пописна година е тоа што во две населени места, Горна и Долна Белица доминирало население кое се изјаснило како други националности.

Во општионата Струга во пописната **1981 година** во осумнаесет населени места живееле вкупно 32286 жители, што во споредба со 1961 година претставува зголемување за 12508 жители или 63,24%. Македонците броеле вкупно 18347, односно 56,8% од вкупното население. Како Албанци се изјасниле вкупно 11590 жители или 35,9%. 833 жители или 2,6% се изјасниле како Турци, 421 или 1,3% како Роми, 432, односно 1,33% се изјасниле како Власи, Срби имало 93 жители или 0,3%, додека како други националности биле евидентирани 570 жители или 1,8% од вкупното население.

Македонците како најбројно население доминирале во следните населени места: Вишни, Враниште, Драслајца, Ложани, Мали Влај, Мислешево, Мороишта, Октиси, Радожда и Струга. Само со македонско население биле населени Вишни и Мали Влај. Албанците доминирале во Бицево, Долна Белица, Заграчани, Калишта, Радолишта, Франгово и Шум. Турци биле евидентирани во две населби, Роми во една, Власи во три и Срби во седум населени места.

Општината Струга, според податоците од пописната **1994 година** имала вкупно 35509 жители. Во споредба со 1961 година наслението се зголемило за 15731 жител или 79,53%, а во споредба со 1981 година за 3223 жители или 10%.

Во 1994 година Македонците биле најбројни со вкупно 19907 жители или 55,5%, потоа следуваат Албанците со вкупно 13006 жители, односно 36,6%, Турците со 998 жители или 2,8%, Власите со 545 жители или 1,53%, Србите со вкупно 124 жители или 0,34% и Ромите со 115 жители или 0,32% од вкупното население. Како други националности биле евидентирани вкупно 814 жители или 2,3%.

Македонското насление било најбројно во Вишни, Враниште, Драслајца, Ложани, Мали Влај, Мислешево, Мороишта, Октиси, Радожда и Струга, од кои само со македонско население биле населени Вишни, Ложани и Мали Влај. Со албанско доминантно насление биле следните населби: Бицево, Долна Белица, Заграчани, Калишта, Радолишта, Франгово и Шум. Само албанско насление било евидентирано во Заграчани, Франгово и Шум. Турци имало во пет населени места, Роми во две, Власи во шест, од кои во Горна Белица биле доминантно население, додека Србите во девет населби.

Компарирајќи ги податоците од пописите може да се констатира дека наслението во општината Струга од 1961 до 1994 се зголемува за 15731 жител, односно за 79,53%. Македонците се зголемиле од 11526 во 1961 година на 19907 жители во 1994 година или за 8381 жител, односно за 72,7%. Албанците се зголемиле од 5938 жители во 1961 на 13006 жители во 1994 година или за 7068, односно за 11,9%. Турците бележат благо намалување и тоа од 1101 во 1961 година на 998 жители во 1994 или за 103 жители, односно за 9,35%. Србите се зголемиле за 48 жители, или за 63,2%. Власите не биле евидентирани во 1961 година, а во 1994 биле застапени со 545 жители. Исто така и Ромите во 1961 година не биле евидентирани, а во 1994 година биле застапени со 115 жители.

**2.10. Општина Охрид**

Во општината Охрид, во пописната **1961 година**, во вкупно 21 населба[6] живееле 24871 жители. Доминирало македонското население со вкупно 19563 жители или 78,65% од вкупното население. Албанското население било застапено со 1880 жители или 7,55%. Турци имало вкупно 2590, односно 10,4%, Србите броеле 392 жители или 1,6%, додека како други националности имало 446 жители или 1,8% од вкупното население. Влашко и ромско население во оваа пописна година не било евидентирано.

Во оваа општина во сите населени места во 1961 година доминирало македонското население, додека само со македонско насление биле населени Велестово, Долно Лакочереј, Елшани, Орман, Рамне, Трпејца и Шипокно.

Во **1981 година** во општината Охрид биле евидентирани вкупно 50535 жители или во споредба со бројот на жителите од 1961 година повеќе за 25664 жители, односно за 103,2%. Македонците биле застапени со 40905 жители или 80,9%. Албанци биле регистрирани 3379 жители, односно 6,7%. Турското население броело вкупно 2688 жители или 5,31%, Роми имало 512 или 1%, Власи 266 или 0,5%, Срби 458 или 0,9%, додека како други националности се изјасниле вкупно 2327 жители или 4,62% од вкупното население.

[6] Од вкупно 21 населба во општината Охрид само 15 имале население во трите пописни години (1961, 1981, 1994)

Исто како и во 1961 и во оваа година македонското население доминирало во сите населени места, додека само со македонско население биле населени Орман, Рамне, Трпејца и Шипокно.

Пописните листи од **1994 година** покажуваат дека во општината Охрид живееле вкупно 52732 жители, што во споредба со 1961 година претставува зголемување на населението за 27861 жител или за 112%, а во споредба со 1981 година за 2197, односно за 4,34%. Доминирало македонското население со вкупно 44672 жители или 84,7%. Следуваат Албанците со 2706 жители или 5,13%, потоа Турците со 2353 жители или 4,5%, Србите со 409 или 0,8%, Власите со 0,5% или 252 жители и Ромите со 48 жители или 0,1%. Како други националности се изјасниле 2292 жители, односно 4,34% од вкупното население.

Исто како и во пописите од 1961 и 1981 година и во 1994 година, македонското население доминирало во сите населени места, додека само со македонско население биле населени Орман и Трпејца.

Според податоците од трите пописи може да се констатира дека населението во општината Охрид од 1961 година до 1994 година се зголемило за 27861 жители или за 112%. Македонското население во анализираниот период бележи зголемување од 19563 жители во 1961 година на 44672 жители во 1994 или повеќе за 25109 жители, односно повеќе за 128,3%. Бројот на Албанците од 1961 до 1994 година пораснал за 826 жители или за 43,9%. Турското население бележи опаѓање, и тоа од 2590 во 1961 година на 2353 во 1994 година или за 237 жители, односно за 9,15%. Бројот на населението кое припаѓа на други националности се зголемило од 446 во 1961 година на 2292 во 1994 година или за 1846 жители, односно повеќе за околу 4 пати, или во за 413,9%.

**2.11. Општина Ресен**

Во пописната **1961 година** општината Ресен биле евидентирани вкупно 23730 жители во 44 населени места. Најбројно било македонското население со вкупно 17658 или 74,4% од вкупно регистрираното население. Турците биле застапени со 3199 жители или 13,5%, следуваат Албанците со 2343 жители, односно 9,9%, Власи имало 297 жители или 1,25%, додека Србите биле претставени со 0,45% од вкупното население или со вкупно 107 жители. Во оваа пописна година Роми не биле евидентирани, додека како други националности се регистрирани 126 жители или 0,53%.

Македонското население доминирало во Асамати, Болно, Брајчино, Волкодери, Горно Дупени, Горно Крушје, Долна Бела Црква, Долно Дупени, Долно Перово, Дрмени, Евла, Езерани, Златари, Избишта, Илино, Јанковец, Коњско, Кривени, Курбиново, Лева Река, Лескоец, Љубојно, Отешево, Петрино, Подмочани, Подмочани, Покрвеник, Прељубље, Претор, Рајца, Ресен, Сливница, Сопотско, Стење, Стипона, Царев Двор, Штрбово и Шурленци. Од на-

ведените населби само со македонско население биле населени следните населени места: Волкодери, Горно Дупени, Горно Крушје, Долно Перово, Евла, Златари, Избишта, Илино, Коњско, Курбиново, Лева Река, Лескоец, Петрино, Прељубље, Рајца, Сливница, Стипона и Шурленци.

Албанското население доминирало во Арвати, Крани и Наколец. Турците биле најбројни во Горна Бела Црква, Грнчари и Лавци, додека Власите биле доминантни во Козјак. Србите биле застапени во шестнаесет населени места.

Според податоците од пописот спроведен во **1981 година** во општината Ресен живееле вкупно 25360 жители. Во споредба со 1961 година наслението се зголемило за 1630 или за 6,9%. Македонците биле застапени со 17574, односно со 69,3% од вкупното население. Албанци биле регистрирани 3689 жители или 14,54%, Турци 3180, односно 12,53%, Роми имало 39 или 0,15%, Власите биле 0,1% или 20 жители, додека Срби имало 94 жители или 0,4%. Како други националности се изјасниле 764 жители или 3,01% од вкупното население.

Македонците биле најбројни во Болно, Брајчино, Волкодери, Горно Дупени, Горно Крушје, Долна Бела Црква, Долно Дупени, Долно Перово, Дрмени, Евла, Езерани, Златари, Избишта, Илино, Јанковец, Коњско, Кривени, Курбиново, Лева Река, Лескоец, Љубојно, Отешево, Подмочани, Покрвеник, Прељубље, Претор, Рајца, Ресен, Сливница, Сопотско, Стење, Стипона, Царев Двор, Штрбово и Шурленци. Само со македонско население биле следните населби: Волкодери, Горно Крушје, Илино, Коњско, Курбиново, Лескоец, Отешево, Прељубље и Стипона.

Доминантно албанско население имало во Арвати, Асамати, Горна Бела Црква, Грнчари, Крани и Наколец. Турците доминирале во Козјак и Лавци. Роми имало само во Ресен (39), Власи во четири населени места, додека Срби имало во 20 населени места.

Во **1994 година** општината Ресен броела вкупно 17681 жители, што во споредба со 1961 година претставува намалување за 6049 или 25,5%, а во споредба со 1981 година намалување за 30,3% или за 7679 жители.

Најбројни биле Македонците со вкупно 13453 жители, односно 76,1% од вкупното население. Следуваат Турците со 1879 жители или 10,6%, Албанците со 1729 или 9,8%, Ромите со 112 жители или 0,63%, Србите биле застапени со 81 жител, односно 0,45% и Власите со 0,2% или 32 жители. Како други националности се изјасниле 395 жители или 2,23% од вкупното население.

Доминантно македонско население било евидентирано во следните населби: Болно, Брајчино, Волкодери, Горно Дупени, Горно Крушје, Долна Бела Црква, Долно Дупени, Долно Перово, Дрмени, Евла, Езерани, Златари, Избишта, Јанковец, Коњско, Кривени, Курбиново, Лева Река, Лескоец, Љубојно, Подмочани, Покрвеник, Прељубље, Претор, Рајца, Ресен, Сливница, Сопотско,

Стење, Царев Двор, Штрбово и Шурленци, додека само со македонско население биле населени Волкодери, Горно Дупени, Горно Крушје, Долно Перово, Евла, Езерани, Коњско, Кривени, Курбиново, Лескоец, Покрвеник, Прељубље, Рајца и Сливница. Со Албанско мнозинско население биле Арвати, Асамати, Горна Бела Црква, Грнчари, Крани и Наколец. Турците доминирале во Козјак и Лавци. Роми имало во две населени места, Власи во пет, додека Србите биле застапени во единаесет населби.

Според презентираните податоци може да се констатира дека вкупното население во општината Ресен во периодот од 1961 до 1981 година се зголемил од 23730 на 25360 жители или за 1630 или за 6,9%, а од 1981 до 1994 се намалил за 7679 жители, односно за 30,3%. Во анализираниот период македонското население се намалило за 4205 жители или за 23,8%. Албанското население во периодот од 1961 до 1981 бележи зголемување за 1346 жители или за 57,4%, додека во периодот од 1981 до 1994 се намалило за 1960 жители или за 53,1%. Турците во периодот од 1961 до 1994 година се намалиле за 1320 жители, односно 41,26%.

## Заклучок

Врз основа на презентираните податоци, може да се констатира дека во одредени општини е присутна концентрација на население од ист национален состав, како и бројно намалување на населението со македонска националност.

Според анализата на бројното движење и етногеографските карактеристики на населението во наведените општини, евидентно е дека во периодот од 1961 - 1994 година, настанале демографски промени во граничното подрачје кои се многу значајани од геостратегиски аспект. Од една страна процесите на раселување и стареење на населението доведоа до драстично опаѓање на бројот на населението и до раселување на многу селски населби, а во некои и до целосно демографско празнење, додека на друга страна во некои населби се создадени големи концентрации на население од ист етнички состав.

Релативно малата густина на населението во одредени општини, односно намалувањето на бројот на населението има мошне негативно геостратегиско влијание од повеќе аспекти.

Континуираниот пораст на бројот на населението од ист етнички состав во западното гранично подрачје доведува до создавање на посебен тип на гранично подрачје заради специфичните општествено-економски карактеристики, заради историскиот развиток и заради современите општествени процеси. Таквите појави бараат покомплексно проучување, бидејќи истите не само што претставуваат многу значаен фактор од геостратегиски аспект и од аспект на развојот на општините во граничните подрачја, туку од нив зависи и територијалниот интегритет на државата.

Зголемувањето на бројот на Албанците во одредени општини и нивна концентрација, од друга страна намалување на бројот на Македонците е карактеристично за повеќе населени места, како на пример: Калишта, Долна Белица, Бицево и др.

Покрај тоа што концентрацијата на населението од албанска националност е голема во одредени населби, особено е карактеристично кај населбите коишто се наоѓаат во непосредна близина на граничната линија, на пример: Тануше, Бањиште, Спас, Селокуќи, Заграчани, Калишта, Франгово.

Наведената состојба со етничкиот состав на населението во населбите кои се во непосредна близина на граничната линија, веројатно влијаела и врз илегалното преминување на лица од соседна Албанија заради недозволена трговија со стоки и со оружје во изминатиот период, односно врз системот на обезбедувањето на државната граница.

Причините за намалувањето на македонското население се релативно нискиот природен прираст, а особено миграциите. Исто така во анализираниот период воопшто не се водело сметка за популационата политика и за решавање на прашањето на Македонците муслимани. Како најкарактеристичен пример можат да послужат осцилациите на бројот на населението во општина Лабуништа. Имено, Турците во оваа општина во 1961 година биле застапени со 659 жители, во 1981 со 129, а во 1994 година со 2334 жители. Албанците со 392 жители во 1961, со 222 во 1981 и со 1936 жители во 1994 година. Македонците со 4131 жител во 1961 година, со 6871 во 1981 и со 3583 во 1994 година. Исто така, како други националности во оваа општина во 1961 година се изјасниле 87 жители, во 1981 година 175, а во 1994 година 1455 жители.

Специфично е и тоа што според пописните години, постојат големи разлики во бројот на Власите и на Ромите. Пример, во општината Струга, во 1961 година Власи и Роми не биле евидентирани, а во 1994 година биле евидентирани 545 Власи и 115 Роми.

Изнесените военогеографски карактеристики на населението се мошне значајни и за регрутниот контингент и за изведувањето на мобилизацијата на резервниот состав на АРМ во одредени општини.

Имајќи предвид дека со текот на времето се случуваат извесни промени во военогеографските карактеристики на населението, резултатите од овој труд треба да претставуваат солидна основа за детално проучување на населението во наведениот простор од повеќе аспекти. Исто така, изведувањето на заклучоци и укажувањето на одредени состојби и нивното анализирање од стратегиски аспект е во функција на одбраната на РМ од евентуалниот агресор.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. Панов, М., Поповски, В., "Општините во Република Македонија", А.Д. Мисла, 1998 Скопје
2. Панов, М., "Селата во Република Македонија 1", НИО "Студентски збор", Скопје, 1993
3. Панов, М., "Селата во Република Македонија 2", НИО "Студентски збор", Скопје, 1993
4. Талевски, Ј., "Границите на Република Македонија", Апекс, 1997, Битола
5. Талевски Ј, Милески Т, "Етногеографски карактеристики на населението во општините Ростуше, Дебар и Центар Жупа", Зборник од II конгрес на географите од Република Македонија одржан во Охрид од 03-05.11.2000 година.

6. ЗСРМ, Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност, по населени места. Документација од Пописот во 1994 година, Скопје.
7. РЗС, Население според народност во СРМ, документација од Пописот во 1981 година, Скопје.
8. РЗС, Население според народност и населби во СРМ, документација од Пописот во 1961 година, Скопје.
9. "Топографска карта 1: 200 000", и "Карта на териотријална поделба на Република Македонија".

# СОВРЕМЕНА ВОЈНА

**Оливер БАКРЕСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбрана - Скопје

**Апстракт:** *Современите војни претставуваат тотални, интензивни и разорни појави. Во нив се ангажираат расположивите човечки потенцијали и целокупните материјално-технички ресурси. Тие се водат во сите временски услови и немаат просторни ограничувања. Низ една кратка историска ретроспектива, трудот прави осврт на почетоците на војната како зло и како појава која го следи човештвото од неговото постоење до денес. Со развојот на државите, но и како резултат на развојот на цивилизациите се наметнува императивот кај определени држави да остваруваат супериорност и доминација над другите држави.*
*Тоа доведе до интензивирање на производството на новите видови оружја како последица на техничко-технолошките достигнувања. Во услови на современа војна, станува невозможно да се контролираат и да се насочуваат современите технолошки системи без соодветна поддршка од компјутерските системи. Поради тоа, еден дел од вниманието во трудот е насочено кон револуционерните промени во однос на воената технологија како и кон можната физиономија за некоја идна војна, која ќе биде детерминирана од научно-технолошкиот прогрес.*

**Клучни зборови:** *војна, технолошка доминација, сајбер- војна*

**Abstract:** *Contemporary wars represent comprehensive, intensive and destructuve phenomena. All the available human potentials as well as the materially-technical resources are employed in them. They are waging in all weather conditions and have no spatial limitations. Through a short historic retrospective, the study firstly elaborates the beginnings of the war as an evil and a phenomenon which follows the mankind from its existance up to now. Development of the countries as well as civilisations impose the imperative on certain countries to accomplish superiority and domination over other countries. It brought to intensifying of the manufacture of new types of weapons as a consequence to the thenical and technological achievements. In conditions of a contemporary war, it is impossible to control and direct modern technological systems without adequate support of the computer systems. Therefore, one part of the study stresses the revolutionary changes in respect of the war technology as well as the possible physiognomy for some future war which would be determined by the scientific-technical progress.*

**Key words:** *war, technological domination, cyber warfare.*

*"Сега трубата повторно не повикува, но тоа не е повик да се земе оружје во рака, иако ни треба оружје, тоа не е повик за битка, иако ние сме подготвени, тоа е повик да се носи товарот на долга мрачна борба-борба против заедничките непријатели на човекот-тиранијата, сиромаштијата, болеста и самата војна."*

**Џон Ф. Кенеди**

## 1. Војната како општествена појава

Војната како крајно деструктивна и девијантна општествена појава, со својот драматичен тек, остава тешки последици врз луѓето и врз материјалните вредности и таа отсекогаш претставувала предмет на интересирање на луѓето во сите епохи на цивилизацијата.

Ако се направи ретроспектива на историскиот развој на нашата цивилизација, може да се види дека војната е постојан придружник на човештвото и тоа од неговото постоење, па сé до ден денес. Сепак, може да се констатира дека целите за нејзиното постоење остануваат исти, само се различни начините на манифестирање на воените судири, како и средствата за реализирање на истите.

Уште од најстари времиња постоеле обиди да се откријат причините кои доведуваат до појава на војните. Истовремено, со тоа се правеле и првите чекори за дефинирање на војната.

Науката смета дека досега се водени околу 14.700 војни во кои загинале околу три милијарди и 600 милиони луѓе.[1] За димензиите на оваа појава можат да послужат повеќе индикатори.* Различни теоретичари различно ја дефинирале војната.

Во првите дефиниции за војната се потврдува нејзината општествена улога и нејзината исклучителна важност во животот на луѓето.

Обиди за дефинирање на војната се сретнуваат во расправиите на старите грчки филозофи, како и во древна Кина. Истакнатиот воен мислител на древна Кина, Сун-Цу-Ву меѓу другото забележал дека "војната е големо државно дело од која зависи судбината на државата, нејзиниот живот и нејзината смрт".[2]

---

[1] В. Ѓорески, *Сите војски на светот*, Нип Ѓурѓа, Скопје, 1995, 10

* Според некои извори, во минатиот век се водени над 270 војни од кои две светски, што значи 2-3 војни годишно. Само по Втората светска војна се водени над 150 војни или 3-4 војни годишно, во кои биле ангажирани над 6 милиони војници, во војните биле вмешани околу 50 држави, а жртвите ја надминале бројката од 22 милиони.

[2] Сун Цу Ву, *Вештина на војувањето,* Штрк, Скопје, 1996, 11-12

Некои теоретичари ја сметаат оваа дефиниција како прва и најстара дефиниција за војната.

Едно од определувањата за војната кое се смета за релевантно е она на Клаузевиц. Овој пруски генерал, војната ја дефинирал како акт на насилство што има за цел да го принуди противникот на исполнување на волјата на спротивната страна. Понатаму, тој потенцира дека "војната е политички акт, орудие на политиката, продолжение на политичкиот однос, но со други средства" или "војната не е ништо друго туку државна политика продолжена со други средства".[3]

Исто така, таа е дефинирана како "акт на насилство кое има за цел противникот да се принуди да ја изврши нашата волја".[4]

Секако дека овие дефиниции се само мал дел од повеќебројните дефиниции за војната.

Војната мора да се сфати како мошне комплексна појава во која се испреплетуваат насилството, разумот и политичката волја, при што истата повеќекратно ја менува својата природа, во секој конкретен случај.

Во нашата литература постојат бројни дефиниции за војната. Таа често се дефинира како тотален, комплексен и интензивен општествен судир меѓу државите, военополитичките сојузи, или различни општествени сили во рамките на една држава, во која врз основа на длабоки политички, економски, национални, верски и други спротивставености, масовно и организирано се применува оружено насилство и истовремено се води борба и во сите други сфери на човековото живеење, со цел да се остварат политички, економски, национални, верски и некои други интереси.[5]

Ако се погледнат аргументите со карактеристиките на сегашните, а особено прогнозите за идните војни, може да се заклучи дека сé поголемата глобализација на изворите на загрозување создава проблеми и ја наметнува неможноста тие просторно да се ограничат и временски да се димензионираат. Иако политиката на една држава ја сметаме за најмоќното оружје и единствено способно да најде конечно решение за сите современи оптоварувања на човештвото, на крај памет не им доаѓа на државите да се откажат од војната како средство за реализирање на нивните цели.

Денешната претстава за современата војна речиси не кореспондира со класичната дефиниција за војната. Таа денес се темели на сателитски комуникации, кибернетски модели на раководење, штабови составени од повеќе стотици луѓе, кои на војсководителот му овозможуваат со притискање на

---

[3] К. Клаузевиц, *О рату*, Војно дело, Белград, 1951, 35

[4] Исто., 35

[5] С. Димишковски, *Војна, војска и политика*, НИП Глобус, Скопје, 1994, 62

светкавите копчиња, таква огнена моќ, која ни самиот тој не е во состојба да ја прифати.[6]

Но како да нема крај на оваа појава. Арсеналот на оружјата за присила и уништување секојдневно расте, а волјата за моќ, како што ќе рече Ниче, како да нема граници.

Човекот сé повеќе е опседнат со идејата за создавање на помоќни и поразорни оружја, огромен дел од творечката моќ е насочен во таа насока, а најсовршените пронајдоци и технологии се ставаат на располагање за постигнување на таа цел.

Познато е дека од Француската револуција па наваму војните се именуваат како современи војни (некои тоа го велат за војните водени по Втората светска војна), бидејќи стануваат речиси неограничени во ангажираните сили и средства.

Војните водени по Втората светска војна, тие кои се водат и оние кои би се воделе во иднина, поради своите специфичности по кои се разликуваат од војните водени пред Втората светска војна го имаат атрибутот на современа војна.

Со цел да се утврди, кои се причините кои условуваат водење на војни од завршувањето на Втората светска војна, па сé до распаѓањето на реалсоцијализмот, потоа појавата на војната во актуелната констелација на меѓународните односи и за да се утврдат причините што ќе доведат до појава на војни во блиска иднина, потребно е да се согледа меѓузависноста и заедничките карактеристики кои се евидентни за сите нив.

Војната во Заливот во 1991 година и интервенцијата на НАТО врз СРЈ во 1999 година, ја отсликуваат можната физиономија за некоја идна војна, а нивните карактеристики претставуваат вистински револуционерни промени во однос на вооружувањето, воените доктрини, нивната организација и др.

За многумина, војната во Заливот во 1991 год, претставува значајна пресвртница во современите војни. Во оваа војна се користени т.н. умни оружја за кои јавноста малку знае како тие всушност функционираат.

Иако човекот и неговите неуспеси ќе останат во центарот на војната и конфликтот, единствената комбинација на фактори ќе придонесе да се забрзаат да се разобличат настаните кои доведуваат до појава на војната.

Војните кои се водат денес, во голема мера се разликуваат од оние кои се водени во минатото. Тоа е резултат на научно-технолошкиот прогрес кој остава силни импликации врз истите.

## 2. Технолошка доминација

Живееме во време кое помеѓу останатото, се карактеризира и со динамичен развој на технологијата.

---

[6] В. Ѓорески, *Сите војски на светот*, Нип Ѓурѓа, Скопје, 1995, 12

Технолошките иновации не се само екстензивни по обемот и брзината на простирање, туку тие се и далекусежни по своите чисти човечки вредносни импликации.[7]

Денес, на самиот почеток на 21-от век, се чини дека воената технологија и стратегија навистина го достигнале својот врв на развојот. Често се доведуваме во морална дилема-дали ова е сé што може технологијата да му го понуди на човештвото?

Научно-технолошкиот развој постојано создава такви контраверзии во севкупното човеково живеење, што од една страна, технолошката револуција стана основен критериум на степенот на развојот на материјалните сили на општеството, а од друга страна, создаде таква хипертрофија на уништувачката моќ на современата воена сила што се заканува засекогаш да го уништи човечкиот род.[8]

Повеќето од сознанијата кои ни стојат на располагање, ни говорат дека директна причина за конфронтација, за конфликт или за војна ќе биде недостатокот од разни ресурси. Напорите да се стигне до критичните ресурси ќе предизвикаат локални и регионални конфликти, со можност да ескалираат во поголеми судири.

Во времето во кое живееме, дострелите на научно-техничкиот и технолошкиот развој ја определуваат општествено-економската положба на секоја земја, па оттука и сé почесто и сé помасовно се истражува овој феномен и тоа од сите аспекти: економски, политички и воени.

Со оглед на огромното влијание што техничкиот прогрес го има врз забрзувањето на стопанскиот развој, кон којшто се стремат сите земји во светот, денеска еден од најактуелните проблеми на човештвото е секако изнаоѓање на најоптималните комбинации на факторите на развојот, при што правилно ќе се оцени местото и улогата на техниката и на технологијата, домашна и увозна, како највлијателен развоен фактор, а притоа да се предизвикаат најмалку проблеми од политички, од економски, од социјален и од одбранбено-заштитен карактер.

Концетрацијата на економската и на технолошката моќ во светот е основа за доминација, а според некои аналитичари и основа за водење на технолошка војна против која било земја, доколку за тоа се донесе политичка или воена одлука. Така, одредени држави во современиот свет се соочуваат со можноста, но и со реалноста, од водење технолошка војна помеѓу државите.[9]

---

[7] *Kosmos-sovremena tehnologija i odbrana,* Institut za strategijska istraživanja, Beograd, 1986, 69

[8] З.Нацев и Р.Начевски, *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово, 2000, 135

[9] Т. Гоцевски, *Економика на одбраната,* Универзитетска печатница "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1996, 94

Денеска, високоразвиените земји сé повеќе ги користат резултатите од научно-техничкиот прогрес, за обезбедување на доминантна позиција во светот и тоа на сите полиња. Техничко-технолошката моќ денес освен за економска, сé почесто се употребува и за политичка и за воена превласт. Тие тоа го постигнуваат извезувајќи веќе застарена технологија, или само одделни делови од посовремената технологија. На тој начин високоразвиените земји ја задржуваат превласта во врвната технологија, ги ставаат во суровинска, во енергетска, во организациона и во слична зависност земјите-увознички, ја загрозуваат нивната животна средини и за подолг временски период ги ставаат во подредена положба.[10]

Дури и самата трка во вооружувањето не претставува ништо друго туку технолошка војна, односно борба за технолошка надмоќ. Така, високоразвиените држави преку трката во вооружувањето, сакаат технолошки да ја остават соперничката земја зад себе, но со тоа и економски да ја исцрпат, бидејќи високата технологија бара и огромни вложувања.

Преку ваквиот настап, развиените земји обезбедуваат и воена превласт, па затоа во последно време се избегнуваат класичните воени судири, а сé повеќе се применува т.н. технолошка агресија.

Таа од ден на ден станува сé поатрактивна и поприфатлива, бидејќи се одвива во мир и во основа е невидлива, барем не во почетната фаза.

Поради тоа денес се смета дека технолошката агресија е најприфатлива форма за остварување на политички и воени цели, бидејќи не се применува класична сила која се осудува од меѓународната јавност, а сепак се постигнуваат поставените цели.

Технолошката моќ во современи услови не се исполнува само преку развиеноста на военоиндустрискиот комплекс, односно развиеноста на нуклеарната, на ракетната, на неутронската или на ласерската техника, туку се повеќе комбинирано со цивилното производство, изразено преку степенот на автоматизација и кибернетизацијата на процесите, на микропроцесорите, на компјутеризацијата итн.

**2.1 Физиономија на идните војни поддржани со новата технологија**

Големата разурнувачка моќ на новите видови оружје, практично може да доведе до тотално уништување на целокупната егзистенција на нашата планета.

Застарените форми на агресија, денеска му го отстапија местото на современиот империјализам на мултинационалните компании, кои преку специјална војна и посредното настапување, а користејќи ги научно-технолошките достигнувања, обезбедуваат соодветна доминација над неразвиените

[10] Исто., 92

земји и земјите во развој, по обем и структура каква ќе ја определат воено-политичките кругови на тие земји.

Растечката индустрија и државите, ќе настојуваат да ги задржат традиционалните форми на војување, но конвенционалните војни ќе бидат дополнети со нови хибридни форми на конфликт.

Новиот век ќе донесе нови оружја, а некои од овие оружја ќе донесат морална дилема. Откритијата во комплексните студии, компјутеризацијата и комуникацијата, дозволуваат да се создаде т.н. "оружје за емитување", кое може трајно да го измени човековото однесување без причинување штети. Другите нови оружја ќе бараат од војската да ја прошири својата улога, а водачите кои ќе ги предводат операциите треба да се приспособат на новите технолошки иновации и предностите кои ги нудат тие. На денешниот војсководец не му преостанува ништо друго туку, откако силните модерни машини и штабови ќе му понудат повеќе решенија, тој да одбере само едно - да притисне едно од копчињата и да ѝ стави крај на дадената задача.

Денес станува невозможно да се контролираат и да се насочуваат современите технолошки системи без соодветна поддршка од компјутерските системи. Најголемите технички системи се раководени со помош на компјутерската технологија, без која тешко би можела техниката да ја оствари својата супериорност.*

Оттука, можеме да заклучиме дека одбранбено-заштитните и безбедносните системи не можат да го замислат своето постоење и остварување на своите функции без користење на најсовремена технологија.

## 3. Еден друг вид на војна

Живееме во време кога информатичките активности се движат по дигитален и по електронски пат, покажувајќи со своите можности дека сѐ повеќе ја заменуваат традицијата на пишаните досиеа. Сето тоа е производ на едукациските активности, бројните долготрајни истражувања, инженерските дизајни и индустрискиот процес, како и на сѐ поусовршените перформанси на современите медиуми. Исто така, тенденцијата на движење на печатената страна кон сајбер-просторот, претставува научна активност, вклучувајќи и многу

* Може со сигурност да се констатира дека сѐ почесто сме сведоци на употребата од "интелегентни" ракети, авироботи, до крајно софистицирани компјутерски системи.

Роботизираните воени орудија, во следните десет години би можеле да станат реалност. Идејата е да се креира беспилотно летало што ќе има енормно голема огнена моќ, а во исто време ќе има големи маневарски способности кои ќе му овозможат да го избегне проектилот. Самиот контролен центар би требало да биде всушност конзола за виртуелна реалност, а комуникацијата би се изведувала преку сателитска врска заштитена од непријателски упади и попречувања. Ова е идеја која треба да се реализира во перспектива.

комерцијални бизнис финансиски трансакции, операции на влади на сите нивоа, политички активности, како и јавни и приватни општествени интеракции.

Кога пред триесет години беше воведен концептот кибернетика, никој не можеше да замисли дека овој збор ќе стане примарна компонента на голем број важни дефиниции: сајбер-општество, сајбер-економија, сајбер-политика, сајбер-војна. Може да се каже дека овој термин означува проекти на информатичката инфраструктура кои настојуваат да развијат крајни општи системи за праќање и примање на информации за разни политички теми кои ќе функционират преку главни електронски мрежи, како што се Интернет протоколите.[11]

До пред еден извесен период, монетарниот капитал беше најголем израз на моќта. Денес, тоа е сајбер-информацијата.

Сајбер-информациите доведоа до сајбер-револуција и до информатичко општество. Трката за информации и за комуникациски технологии започна заедно со светската либерализација и слободната циркулација на стока и производи.[12]

Слободните информатички мрежи претставуваат најголема атракција на новиот милениум. Тие се најголемиот подарок што човекот си го подарил себеси, но и еден нов вид опасност и предизвик на новото време.

Аналитичарите ќе забележат: да се уфрли погрешен податок, да се украде, да се промени или да се уништи податок или податоци, па дури и цела програма, да се прекине, да се манипулира или контролира со системските перформанси, се основите на стратегиите на војните од новиот век.

Новите технологиии ќе им овозможат на водечките светски сили, некои од средствата да тргнат во неодложни задачи, како што е одржување на конкуренцијата.

САД и Јапонија имаат водечко место во унапредувањето на комуникациската технологија и во истражувањето на нејзините можни примени.

Влегуваме во ера на електронска демократија, во која компјутерската технологија на граѓанинот му овозможува поголемо учество во демократските процеси и доведува до зголемена комуникација.

**3.1 Што ја прави сајбер-војната различна од другиот тип на војна?**

Дваесет и првиот век е век на најнови генерации на оружје, кое ќе им овозможи на големите држави да ја наметнат својата глобална доктрина на сила.

Поаѓајќи од практиката, луѓето кои го истражуваат овој проблем ќе забележат, уникатно и суштествено при дефинирањето на овој нов специфичен вид војна, различен од досегашните и карактеристичен за времето кое доаѓа:

---

[11] N.D.A.Arvanites, *Geopolitika i Balkan,* Balkanska Asocijacija za Krivično Pravo, Beograd, 2000, 7

[12] Исто., 9

◆ *Во комбинација со информатичката војна, сајбер-војната е релативно евтина.*

За разлика од традиционалните воени технологии, информатичките оружја не бараат широки финансиски ресурси или државни спонзорства. Компјутерските експертизи и пристапот до главните мрежи претставува единствен предуслов за нејзина реализација.

◆ *Границите се срушени во сајбер-просторот.*

Географските граници, како и оние помеѓу нациите имаат тенденција да се изгубат во хаотичниот и во рапидно развојниот свет во сајбер-просторот.

◆ *Постојат безброј можности да се манипулира со способноста и со начинот на перцепирање на информациите во сајбер-просторот.*

Со цел обезбедување на постојана политичка поддршка, многу политички групи и невладини организации ги користат можностите кои им ги нуди Интернет-мрежата. Бројот на можности постојано се зголемува бидејќи секој податок за кој било настан може да биде изманипулиран со помош на сé понова мултимедиска технологија.

◆ *Компјутерската војна нема линија на фронтот.*

Потенцијалното бојно поле е насекаде каде што егзистираат компјутерски системи со дозволен пристап на Интернет-мрежата. Постоечките трендови сугерираат дека во иднина светската економија ќе се заснова на интерконектираните мрежни контролни системи за какви било потреби на современото живеење.

◆ *Ранливоста на овие системи е многу тешко разбирлива.*[13]

Се поставува прашањето за потенцијалните напаѓачи во еден ваков вид на војна.

Оттука, изворите поврзани со нацијата или со други групи кои се трудат да ѝ направат штета на војската, на економијата, или на општеството на друга нација се големи, но далеку помали од оние кои бараат пристап и користење на големите вооружени сили. Природата на овој вид војна овозможува подготовките и активностите да останат незабележани. Нападите во сајбер-просторот монтирани од различни актери се неделиви еден од друг, како што се оние од домашни или од надворешни креатори.

Реализаторите на сајбер-нападот се релативно малку: еден или неколку компјутерски експерти со терминали додадени на светската мрежа, кои можат да направат загрижувачки штети.

Опасноста од сé повеќе и сé посериозни опасности во сајбер-просторот алармно се мултиплицира. Статистиката го потврдува овој став.

[13] D&D. Vicanović, *Imperija zla*, No limit books, Beograd, 1999, 352

Сајбер-напад чиј резултат е разорување на виртуелниот воен логистички систем или телекомуникациската мрежа на една држава од која зависи тој систем, за време на критичен период, како на пр. за време на кампања, може да предизвика загрозување на мирот и на безбедноста, како и загрозување на егзистенцијата на државата која е цел на нападот.

Во рамките на објаснувањето на елементите на стратегијата за сајбер-безбедност, Хиндли и Андерсон сметаат дека: "исто како што водечките градови ја гледаат нивната локална енклава (бизнис, универзитет, истражување, организација, владини агенции) под своја протекција, најмалку како сегашност, потпирањето на достапен компјутерски безбеден софтвер и соодветна заштита (безбедносни стратегии кои го контролираат електронскиот пристап од надвор, но дозволен за внатрешните корисници, кои по претпоставка се доверливи и можат да патуваат низ информациските патишта и тешко проодните патишта со релативна слобода) ќе бараат потпора од водечките светски сили". Но тоа се малку повеќе од мерливи проблеми.

Сајбер-војната не значи анулирање на човечки загуби. Ако таа едноставно значи соочување со Веб-страница, тоа не значи делување само врз една компанија или врз сопственикот на таа Веб страница. И покрај тоа што таа е уништувач на податоци, сепак крајната цел може да значи смрт.*

Потребите на човештвото во кои се вклучени и воените стратегии произведуваат чуда во технологијата. Начинот тоа да се реализира е да се соберат група мудри, добро обучени луѓе кои се концентрираат на една заедничка цел за која е потребно концентрација, организација и пари.

Резултат на една таква активност е и Интернет-мрежата.

Со Интернет, постојано се менува начинот на човечката комуникација, но сепак сé уште останува отворено прашањето: Дали Интернетот може и дали сé уште ја врши функцијата за којашто беше создаден*.

Во поново време се поприсутен е проблемот “сајбер-криминал”. Повеќе фактори го прават овој тип криминал да биде еден од најневообичаените.

Прекршителите на сајбер-законот користат високоразвиени техники и методи на традиционалниот криминал, кој им помага да развијат нов тип т.н. “софистициран криминал”. Тие користат компјутер за да ја напуштат државата и да ги поминат националните граници по електронски пат, што значително ја отежнува истрагата за нивните дела, уште повеќе што евиденцијата за овие

---

* Хакерите можат да добијат пристап до нуклеарниот естаблишмент, што всушност и се случи во Баба атомскиот истражувачки центар - **Bhabha Atomic Research Centre (БАРЦ)** пред неколку години, кога освен упадот во контролата на воздушниот сообраќај што безмалку доведе до пад на патнички авион, хакерите си дозволија упад во компјутерскиот систем на БАРЦ.

* http: //www.sgrm.com/art 11.htm

кривични дела не е физичка, ниту психичка, туку е нешто повеќе од електронски импулси и програмски кодови.

## 4. Последици од современите војни

Последиците од современите војни, покрај ненадоместливите загуби во човечки животи, со сета своја трагичност се присутни и во севкупната материјална сфера на човечкото живеење. Покрај материјалните штети, очигледни се и бројни штетни последици кои се условени од енормниот одлив на материјални средства и др. потенцијали кои човекот наместо да ги користи за побрз развој на материјалната и на духовната благосостојба, ги наменува за изградба, за организација и за функционирање на националните одбранбени системи. После завршувањето на Втората светска војна, издвојувањата за потребите на вооружените сили не само што не се намалени туку тие перманентно се во постојан пораст. Доколку средствата кои се издвојуваат за усовршување и за создавање на нови видови оружје се пренасочат за други цели, тогаш со сигурност ќе може да се потенцира дека општата благосостојба на човекот ќе се зголеми повеќекратно. Во таа смисла, Мартин Лутер Кинг во една пригода ќе рече: "Трагична конфузија е што САД трошат 500.000 долари за секој убиен непријателски војник, а само 53 долари годишно за жртвите на сиромаштијата."

Последици од директната примена на уништувачката моќ на воената сила се: уништување на флората и фауната, загадување на воздухот итн. Покрај тоа, при процесот на производство на воена опрема и средства за уништување доаѓа до уништување и до загадување на копнените и на водените површини, на воздухот, потоа уништување на озонската обвивка (т.е. доаѓа до појава на озонска дупка), загадување на подводните површини и сл. Оттука заштитата на екосистемот и постигнувањето на глобалната сигурност (безбедност) ќе бидат двата основни критериуми за однесувањето на луѓето, на народите и на земјите во перспектива.

За жал, може да се заклучи дека денес и покрај напорите за мирно решавање на споровите помеѓу државите, сé почесто се посега по оружјето т.е. се применува сила во решавањето на отворените прашања, која сама по себе носи разурнувања, масовни егзодуси, жртви и сл.

## Заклучок

Во споредба со досегашните искуства, идните воени и насилни конфликти, ќе бидат резултат на немоќта на владите да функционираат како делотворни системи за да одговорат на новите предизвици.

Ако се направи споредба на војните кои се водат денес, со оние кои се воделе во минатото, ќе видиме дека генерално, целта за која се водат војните и понатаму

останува иста, разлика се јавува само во начинот на кој се реализира истата.

Научно-техничкиот и технолошкиот развој и револуционерните промени, предизвикаа да се промени физиономијата на самата војна.

Цената на модерната воена технологија ги спречува малите и сиромашни земји да стекнат доволно моќни самоодбранбени воени капацитети за да ги одбијат силните напаѓачи. Модерната воена опрема и оружјето се премногу скапи, а цените се диспропорционално високи за овие земји. Ако ги купат нив, земјите се доведуваат во ситуација сериозно да го загрозат својот економски развој. Но ако ги добијат како подарок, овие земји ризикуваат да потпаднат под хегемонија на дарителот.

Во таа насока, значаен придонес има и информатичката револуција која му даде нов правец на новото време. Нејзиниот напредок од една страна значи подобрување на начинот на живеење, но од друга страна нејзината злоупотреба може да предизвика големи потреси во светот.

Оттука, државите со цел да ја избегнат опасноста од сајбер-деструкција развиваат соодветни механизми за заштита.

Сајбер-војната досега го имаше атрибутот на футуристичка, затоа што малку е пишувано за неа, при што главно доминираат парцијални и пред сé прагматични решенија. Времето кое е пред нас е детерминирано токму од современиот начин на војување, а за Република Македонија е потребно да се адаптира кон новите предизвици, за да биде во ситуација полесно да им се спротистави на истите.

Република Македонија се стреми да оди во чекор со новите предизвици, па затоа е заинтересирана да развива соодветни механизми за заштита од овие појави кои почнуваат да наликуваат на секојдневие.

Поради скромните ресурси, Република Македонија не е во можност да го следи научно-техничкиот и технолошкиот развој, но секако дека тоа не значи дека таа не треба да се подготвува и да презема соодветни мерки кои ќе значат наше приближување кон овој развој. Во услови на лимитиран технолошки развој, треба да се работи на интензивирање на напорите за надминување на состојбата во која би можела да се најде нашата држава, како одраз на современите тенденции во таа насока.

До средината на овој век, ако не и порано, најважната мисија на нашите воени сили ќе биде зачувување на нашиот начин на живот.

Сите настани и случувања во светот се резултат на човековото постоење. Човекот е оној кој постојано создава, гради, уништува и урива. Човекот е оној кој ги создава, но и оној кој ги спречува катастрофите кои секојдневно, полека и сигурно го водат светот во пропаст. Затоа човекот и неговиот творечки потенцијал треба да бидат насочени кон создавање на благосостојба и кон просперитет на човештвото. На крајот, не ни преостанува ништо друго, освен да му помогнеме во неговите напори.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. Aviation Week & Space Tecnology 1999 Aerospace Source Book, A Publication of the McCraw-Hill Companies, January 11, 1999, Vol.150, No 2
2. Alvin & Heidi Toffler, *War and Antiwar: Survival at the Dawn of the 21st Century* Boston: Little, Brown & Co., 1993

3. Blanchard Oliver, *The Economics of Post-Communist Transition,* Clarendon Press, Oxford, 1997
4. B. Carolyn Marvin, *Information and History*; Slack J.D. and Feyes F. (eds.), *The Ideology of Information Age*, Ablex Norwood, N.J. 1987
5. "Computer Used to Steal Cash," Lansing State Journal, February 5, 1995
6. D&D. Vicanović, *Imperija zla*, No limit books, Beograd, 1999
7. Гоцевски Т., *Современи тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово, 1997
8. Гоцевски Т., *Економика на одбраната,* Универзитетска печатница "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1996
9. Димишковски С., *Војна, војска и политика*, НИП: Глобус, Скопје, 1994
10. Ѓорески В., *Сите војски на светот*, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1995
11. Rosener J., Cyberlaw (America Online) April, 1994
12. Rosener J., CyberLaw (America Online), October, 1995
13. Клаузевиц К., *О рату*, Војно ВИЗ, Белград, 1951
14. *Kosmos-sovremena tehnologija i odbrana,* Institut za strategijska istraživanja, Beograd, 1986
15. Нацев З., *Доктрина теоретски основи и Стратегија на националната одбрана*, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1998
16. Нацев З. и Начевски Р., *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово, 2000
17. N.D.A. Arvanites, *Geopolitika i Balkan,* Balkanska Asocijacija za Krivično Pravo, Beograd, 2000
18. Сун Цу, *Вештина на војувањето*, Штрк, Скопје, 1996
19. SIPRI Yearbook 2000, *Armaments, Disarmament and International Security,* SIPRI Stockholm International Peace Research Institute, Oxford University Press 2000
20. Фити Т., *Технолошки неоколонијализам*, НИО "Студентски збор", Скопје, 1984
21. Харт М., *100 највлијателни луѓе во историјата*, Детска радост, Скопје, 1998
22. U.N. Commission on Crime and Criminal Justice, United Nations Manual on the Prevention and Control of Computer-related Crime New York: United Nations, 1995
23. Westing H. Arthur, *Cultural Norms, War and the Environment,* Stockholm International Peace Research Institute, Oxford University Press, 1988
24. Waley A., *Three Ways of Thought in Ancient China* New York: Doubleday, 1939
25. http: //www.sgrm.com

## ПРИКАЗ

кон книгата "**Безбедност, одбрана, мир**" од д-р Јордан СПАСЕСКИ и д-р Пере АСЛИМОВСКИ (Факултет за туризам и угостителство- Охрид, Охрид, 2000)

**д-р Трпе СТОЈАНОВСКИ**
Министерство за внатрешни работи на Република Македонија &
Факултет за безбедност, Скопје

д-р Јордан Спасески и д-р Пере Аслимоски се автори на трудот "Безбедност,одбрана,мир", кој неодамна излезе од печат. Насловот на трудот упатува едно релативнонова област во македонската научна литература, и тоа, покрај (не)единството на поимите во насловот, е првична провокација за љубопитниот читател. Како и да е , впечатокот по на книгата е комплетен и исполнет со импресии. Материјата е обработена во два дела во кои е препознатлив системскиот приод и прегледност на изложената материја, што упатува дека авторите имаат мултидимензионално познавање за оваа коплексна тема.

Првиот дел од трудот е насловен како "Безбедност" и претставува базична вредност во книгата. Во него посебно се обработени подрачјата безбедност, одбрана и мир. Во дефинирањето на поимите, авторите тргнуваат од постојаната литература и искуства на Балканот, умешно користејќи ги современите светски спознанија од оваа сфера, а сето тоа анализирано од аспект на позицијата на Република Македонија и македонските теориски и практични искуства. Во дефинирањето на поимот безбедност, авторите едновремено го утврдуваат и научниот приод кон овој поим, кој пред се се темели на економските, на филозофските, на социјалните и на други спознанија. Но исто така , интересен е приодот дека тие ја идентификуваат безбедноста и преку безбедносните појави и состојби и тоа го прават низ опсервации и анализи на поранешни и актуелни случувања на македонската почва и во регионот.

Говорејќи за факторите за деликвентно однесување, всушност отвораат интересно прашање - како се доаѓа до нарушување на безбедноста, за причините

и условите врзани со личноста, токму таа да се пројави и да стане нарушител на безбедноста. Ваквиот приод всушност само поттикнува на натамошни размислувања, бидејќи горната граница во оваа област и не може да се предвиди.

Во овој дел од трудот е опфатено интересно прашање: **Вредностите - предмет на безбедноста**. Пристапот тргнува од објаснување на вредностите како поим, вредностите кои се од интерес за Република Македонија, а потоа се прави синтеза со поимот безбедност (како објект на заштита). Натамошното операционализирање на поимот безбедност се занимава со трагање по одговори за тоа:

а) Дали постои загрозеност?

б) Во кој обем и кои се причините за тоа?

в) Дали може да се елиминира загрозеноста и со какви мерки спрема кого истите ќе бидаат преземени?(стр.37).

Во продолжение авторите се задржуваат на прашањата за загрозување на безбедноста и според направената систематизација тие се издвоени како: а)Природни непогоди; б)Техничко-технолошки процеси; в)Деликти како извор на загрозување, со натамошно операционализирање на загрозеноста што ја предизвикуваат кривичните дела, организираниот криминал, социопатолошките појави и др.

Во делот кој се однесува на безбедноста како појава, состојба или функција со право им се посветува значајно место на факторите и состојбите кои имаат влијание или на соодветен начин може да придонесат за слабеење или за нарушување на безбедносната состојба на Република Македонија. Тие се дел од еден актуелен процес во Македонија, особено по нејзиното осамостојување и заради тоа заслужуваат натамошно систематско следење и истражување. Придонесот на авторите е исклучително голем, особено презентираното богато аналитичко искуство, упатеноста во материјата и користењето на емпириски процерени сознанија.

Внимание заслужува и делот во кој авторите вршат продлабочена анализа на вкупните промени кои се извршени досега и оние кои во иднина ќе се случиваат во Република Македонија, од аспект на безбедносната функција во услови на парламентарна демократија. Нивната проценка е реална кога констатираат дека неизбежно ќе бидеме исправени пред многу нови прашања и дилеми на кои треба да се даде одговор. Така на пример, констатираат (стр.98), ако имаме предвид дека порано постоеше општествено-политички систем и нему иманентен безбедносно-заштитен систем, сега, бидејќи целосно е напуштен тој политички систем, се појавува прашањето: Што понатаму со досегашиот безбедносно - заштитен систем? За ова постојат четири варијанти:

1. Дали тој ќе се прилагодува според општествените промени?
2. Дали ќе се трансформира во некој друг вид?
3. Дали ќе се реконструира и како?

4. Дали ќе се наушти целосно и ќе се пристапи кон конституирање (градење) на нов безбедносен систем?

За да се одлучи којанод овие четири варијанти ќе биде прифатена, нужни се продлабочени анализи кои ќе помогнат да се дојде до релевантни факти, со вклучување на науката, врз чија основа би можело релевантно да се одлучува.

Залагање на авторите е, како што впрочем постои глобален став по ова прашање, дека безбедносните системи би требало да се организираат на три нивоа:

1. Безбедносен систем на држават, кој треба да ги решава националните безбедносни проблеми, а потоа, во соработка со други безбедносни системи, да решава конкретни безбедносни проблеми, кои добиваат меѓународен карактер;

2. Регионални колективни безбедносни системи во кои се организираат безбедносни функции во облик на меѓународна соработка на постојаните институции на националните земји, како облик на меѓународна соработка или преку формирање заеднички институции, за вршење безбедносни активности во регионот;

3. Колективен (глобален) безбедносен систем.

Република Македонија по нејзиното осамостојување се најде во исклучително сложена безбедносна состојба. Кога би ја анализирале загрозеноста на безбедноста на Република Македонија, во периодот од нејзиното осамостојување до денес, би можеле да кажеме дека најизразени беа, условно кажано, четири вида на загрозување:

1. Загрозувања кои можат да доведат во војна со која би било попречено создавање на самостојна и независна држава Македонија, заради претензиите на некои соседни спрема нашата држава и нејзиниот простор;

2. Загрозувања со класични видови криминалитет, деликвенција и социопатолошки појави кои се вообичаени за сите земји во светот, со тоа што во овој период во нашата земја е значително зголемен нивниот интензитет;

3. Загрозување со нови организирани видови  криминалитет кои имаат меѓународни димензии;

4. Загрозување со специфични видови деликти и деструкции кои имаат тенденција да го загрозат постоењето на македонската држава, односно да отворат процеси за нејзино распаѓање. Овој вид загрозување е карактеристичен за нашата земја и веројатно за многу мал број земји во светот(на пример Израел).

За читателот многу интересно и корисно може да биде разгледувањето и оценката на безбедносната состојба. Авторите се определуваат за приод преку кој методолошки ги идентификуваат проблемите кои ја загрозуваат безбедноста. На успешен начин, ова прашање го доведуваат во врска со случувањата во регионот, и пошироко, во Европа и во светот, сето тоа презентирано од аспект на сочувување на независноста и суверенитетот на Република Македонија, вис

а вис нејзините релации со државните и меѓународните организации. Можеби кулминација на содржините во трудот, претставува анализата на внатрешните фактори на загрозување на безбедноста. Во овој дел, авторите тргнуваат од националните малцинства во Република Македонија и од настојувањата на некои од нив за постојано стекнување нови права, но и истовремено како процес кој може да претставува загрозување или закана по безбедносната состојба во земјата. Тие успешно, аргументирано ги идентификуваат актуелните проблеми и се занимаваат со анализа на нивната можна прогресија, издигнувајќи се над можните шпекулации или застранувања.

Во продолжение, во насловот **Можни опасности за Република Македонија** авторите говорат за опасноста од бранот на транснационална криминализација, пред сé во земјите кои го напуштија претходниот општествено-политички систем и сега, сé уште трагајки по демократските стандарди, се соочуваат со трансфер на сопственоста, со невработеност и сиромаштија, со промена на формата на криминалитетот, кој од класичен преминува во насилнички, и со (не)праведна изолираност од развиените земји. Лошите аспекти од овие процеси, како и новите форми на социопатолошко однесување (дрогата) создаваат претстава за ограничена перспективност на младата генерација. Во тоа авторите идентификуваат можна опасност за македонското битие.

Во текстот **Стабилизирање на безбедноста во Република Македонија** тргнуваат од сфаќањето дека значајно место мора да ѝ се посвети на превенцијата, на негувањето, на хармонизирањето, на толеранцијата на меѓуетничките односи во земјата, а сето тоа преку почитување на уставните принципи и со афирмирање на меѓународните стандарди и документи и нивна примена во Република Македонија. Остварување на фундаменталните вредности е можно со истовремено афирмирање и имплементирање на владеењето на правото, како почетен и најважен принцип на современата, демократска држава.

Во поглавјето за одбраната се обработуваат теориските основи на силата, поимот и видовите сила. Посебно се занимава со објаснување на војната, воените интервенции, факторите на војната и вооружената борба. Во продолжение се обработува насловот **За мирот и ненасилството** као елементи за развој на цивилизацијата; пацифизмот; демилитаризацијата; Гандизмот; промените во Европа и во светот и нивниот одраз врз мирот и врз безбедноста; нерамномерниот економски развој и последиците од тоа врз мирот и безбедноста.

Делот завршува со насловот **МИРОТ КАКО ВРХОВНО ДОБРО**, и потоа со објаснување на релациите меѓу одбраната и мирот; војната и мирот; мирот како културна творба, загрозување на мирот; и одржување на мирот.

Вториот дел од трудот има наслов **Безбедноста, одбраната и мирот во функција на заштита на културното наследство и развојот на туризмот** од 229-361 стр. Материјата е систематизирана во три глави со поднаслови.

Карактеристично е дека во овој дел, всушност е посебен дел од трудот кој се аплицира на општите поставки презентирани во првиот дел, а се разгледуваат прашања од областа на заштитата на културното наследство и релациите меѓу безбедноста и туризмот.

Оваа тема е значајна за Република Македонија најмалку од два аспекта. Република Македонија има богато културно наследство, меѓутоа неговата заштита не кореспондира со неговото значење. Во минатото тоа биле војните кои се случувале на просторите на Република Македонија, а во поново време тоа се заканите од криминални дејствиа, разрушување, разграбување, недоволна развиена култура спрема ова наследство и др. Заштитата на културното наследство се разработува преку анализа на меѓународните документи за заштита на културното наследство, со афирмирање на меѓународните инструменти за заштита.

Втората глава со наслов **Безбедноста и одбраната во функција на унапредување на туризмот** тргнува од поставката дека Република Македонија и градот Охрид во развојот на туризмот гледаат перспектива за современо живеење, што истовремено треба да биде генератор за развој на Републиката во повеќе значајни гранки. Прашањето се разгледува низ тезата дека безбедноста на земјата и во регионот, правопропорционално влијае врз туризмот, што е всушност мотото и на третата, последната глава од трудот.

***

Сумирајќи ги впечатоците од трртудот, недвосмислено се наметнува заклучокот дека овој труд ги надминува рамките на учебник. Како што вели професор Арнаудовски во неговата рецензија на книгата и културологијата. Го отвора проблемот на неговата заштита, проблем на кој досега не му се посветувало доволно внимание. Пристапот на авторите ќе отвори нови простори за истражување и во оваа област...

**"*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*"**, теоретско списание
Министерство за одбрана, "Орце Николов" б.б., Скопје

# УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

**"*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*"** (во понатамошниот текст Списание) е теоретско списание кое по правило излегува двапати годишно. Во списанието се објавуваат:

-оригинални стручни трудови: научно стручни трудови, прикази на книги, куси соопштенија и др.

-континуирано или повремено во Списанието се објавува и библиографија, календари на научни манифестации во земјата и странство, позначајни датуми, рекламирање на фирми и претпријатија и др.

**Оригиналните стручни трудови** ги содржат резултатите на сопствените дотогаш необјавени научни истражувања кои претставуваат заокружена целина. Прифаќањето на оригинална научна статија во Списанието ги обврзува авторите да не ги објавуваат и во други списанија.

**Научно-стручните трудови** известуваат за корисни сознанија кои што помагаат во ширењето на знаењата и прилагодувањето на изворните истражувања кон потребите на науката и практиката.

**Прикази на книги** претставуваат концизни прикази на книги и сознанија до кои што дошле авторите во определена научна област, за која компетентноста на авторите во приказите е потврдена преку публикувањето - објавувањето на книгите.

**Куси соопштенија** содржат резултати на помали, но завршени научни истражувања.

**Доминантните рубрики на Списанието се:**

1. Општо теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната;
2. Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓуанароден ангажман во областа на одбраната;
3. Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема;
4. Други рубрики од областа на безбедноста, одбраната и заштитата; и
5. Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната.

# ПОДГОТОВКА НА РАКОПИСОТ

Ракописот треба да се доставува во **еден отчукан примерок** на ласерски печатар, без проред, на двете страни на хартијата, со формат Б5 и на дискета, за да се олесни печатењето на Списанието. Страниците и прилозите треба да бидат нумерирани.

Трудовите треба да бидат напишани на македонски или на англиски јазик, а на авторите им се препорачува апстрактот на трудовите, приказите и кусите соопштенија да ги пишуваат и на Англиски јазик.

Трудовите што не се земаат во печатење им се враќаат на авторите со образложувања.

При подготвувањето на ракописот задолжителна е употреба на Меѓународниот систем на единици (SI).

**Ракописот треба да содржи:** наслов, автори, институција, апстракт, клучни зборови, вовед, содржина на трудот, заклучок и литература.

**Наслов:** големина на масни **(Bold)** букви, 14 points, RG-MAC C Times, центрирано. Насловот на трудот треба да биде кус, но да дава верен одраз на содржините и по можност да содржи што повеќе клучни зборови од опфатената проблематика.

Еден празен ред.

**Автори:** име и презиме, мали масни **(Bold)** букви, 11 points, RG-MAC C Times, центрирано.

Два празни реда.

**Институција:** ракописни букви, 11 points, RG-MAC C Times, центрирано.

Два празни реда.

**Апстракт:** прво на македонски јазик, 11 points, RG-MAC C Times, а потоа и на англиски јазик, 11 points, Times New Roman, единечен проред. Содржината на апстрактот треба да е суштинска и независна целина.

Еден празен ред.

**Клучни зборови:** максимум до 5 збора, 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред.

**Вовед:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Во воведниот дел треба накусо да се наведе само најважното од поранешните истражувања поврзано со обработуваната проблематика, а потоа да се објасни целта и важноста на работата - истражувањето.

Еден празен ред.

**Содржина на трудот:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Содржината на трудот треба да ги опфати теоретските основи, експерименталниот дел и резултатите до кои што се дошло.

Трудовите кои што се однесуваат на теоретски истражувања, наместо експериментален дел, треба да имаат поглавје **теоретски основи**, во кои ќе бидат изнесени подробностите за проверка на наведените резултати.

Експерименталниот дел треба да биде издвоен и да содржи податоци за употребуваните материјали и опис на применетите принципи и методи на начин кој што ќе овозможи репродуцирање на постапките, но без детално опишување на веќе познатото.

Резултатите до кои се дошло и дискусијата треба да бидат дадени во едно поглавје. Дискусијата треба да содржи анализа на резултатите и заклучоците кои што можат да се извлечат.

Еден празен ред.

**Заклучок:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Заклучокот треба да претставува кусо резиме од трудот, а да ги опфати и резултатите до кои се дошло со истражувањето.

Еден празен ред.

**Литература:** 11 points, RG-MAC C Times, цитирана според светските стандарди. Литературата се наведува во посебно поглавје при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој што се појавуваат како во фус нотите во текстот.

**Маргини:** - Б5 формат, трудовите отчукани на непровидна хартија од канцелариски формат А4 со работен простор:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - горна: 5 см | | - Top: | 1.89" | | 4,8 cm |
| - долна: 5 см | или Page Setup компјутерски | - Botoom: | 1.89" | или | 4,8 cm |
| - лева: 4 см | параметри во инчи (inch) | - Left: | 1.58" | во см | 4 cm |
| - десна: 4 см | | - Right: | 1.58" | | 4 cm |
| | | - Gutter: | 0" | | 0 cm |

**Печатар:** ласерски принтер.

**Примените ракописи** уредувачкиот одбор ги испраќа на рецензенти. Рецензентите и авторите остануваат анонимни. Рецензираните трудови, заедно со евентуалните забелешки и мислења на уредувачкиот одбор, се доставуваат до авторите. Тие се должни, најмногу во рок од 15 дена, да ги извршат неопходните корекции.

**Категоријата на трудот** ја предлага авторот, но уредувачкиот одбор ја донесува дефинитивната одлука врз основа на мислењата на рецензентите.

**Пробните отпечатоци** по потреба им се испраќаат на авторите заради корегирање на печатарските грешки, а не за измена на текстот. Евентуалните нови сознанија можат да се дадат само како куса

белешка после текстот. Коригираните пробни отпечатоци треба да се вратат на редакцијата во рок од 2 (два) дена.

Брзината на објавувањето на трудот, покрај останатото, зависи и од придржувањето кон ова упатство.

**Трудот** се доставува отпечатен според горенаведените пропозиции и на дискета.

**Рокови за испраќање на трудовите:** 30.04. и 31.10. во тековната година на

АДРЕСА: 1. ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
проф. д-р Трајан Гоцевски, главен и одговорен уредник или
2. ВОЕНА АКАДЕМИЈА НА РМ - СКОПЈЕ
доцент д-р Сокле Кочоски, полковник, заменик главен уредник

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
***НА СПИСАНИЕТО***
***"Современа македонска одбрана"***

СК/СК
***Скопје, 23.12.1999 година***